РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ВО СКОПЈЕ

# БИЛТЕН

НА
УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ВО СКОПЈЕ

Билтен број 996
Скопје, 15 ноември 2010 година

## Содржина на Билтен број 996 од 15 ноември 2010 година


**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Машинскиот факултет во Скопје (**Ердинч Ракоповски, Влатко Стојанов, Горан Ѓорѓиев, Нико Берберу, Тони Панов, Марија Сејменова-Гичевска, Панда Попордапоска**)....................1

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје (**Цано Јошевски, Сања Витанова, Елена Јанева, Пецо Стојановски, Зоран Ивановски, Виктор Митревски, Јован Костоски, Виктор Допски, Игор Георгиев, Спасе Петкоски, Биљана Ристеска, Горан Јандреоски**)....................2-3

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје (**Александар Николовски, Маја Арсовска, Ивана Стаматовска, Галена Даниловска, Златко Алексов**)....................4

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на ракописот **Менаџмент на малиот бизнис (петто издание)**, од **проф. д-р Бобек Шуклев**, пријавен на Економскиот факултет во Скопје....................5-8

**ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Фармацевтскиот факултет во Скопје (**Марија Карапанџова**)....................9

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ"**

1. Рецензија на докторската дисертација **Наративните стратегии во романот Една ноќ и две зори - Një natë dhe dy agime на Петро Марко**, изработена од **м-р Емине Шабани**, пријавена на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје....................10-15

**ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ**

1. Реферат за избор на еден наставник во сите звања по наставниот предмет флејта на Факултетот за музичка уметност во Скопје (**м-р Страшо Темков**)....................16-23
2. Реферат за избор на двајца наставници во сите наставно-научни звања по група наставни предмети од областа на теоријата на музиката со композиција, на Факултетот за музичка уметност во Скопје (**м-р Дарија Андовска, м-р Сони Петровски**)....................24-32
3. Реферат за избор на еден уметнички соработник на Факултетот за музичка уметност во Скопје (**м-р Сара Пројковска-Николовска**)....................33-35
4. Реферат за избор на еден наставник во сите звања по наставниот предмет пијано и за изведување пијано-придружба на наставните предмети методика на класичен балет со пијано-придружба, карактерни игри со пијано-придружба, историски игри со пијано-придружба и дуетен танц со пијано-придружба на Факултетот за музичка уметност во Скопје (**м-р Нина Костова-Јанevска**)....................36-42
5. Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по група наставни предмети од областа на теоријата на музиката со композиција и соло-пеење, на Факултетот за музичка уметност во Скопје (**д-р Горан Начевски**)....................43-48

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот факултет во Скопје (**Сања Методиевска, Данче Николовска Вратеовска, Мартина Златковска, Нада Тренчева, Ирена Атанасова, Наташа Тушкалоска, Гризелда Петковска, Јасна Ристовска, Верица Блажеска, Игор Бојковски, Исидора Стоилковска**)……………………………………………………………………..49-50

**ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област хемија на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (**д-р Зехра Хајрулаи-Муслиу**)……………………………………………………………………..51-62

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на ракописот **Производни системи-структура, анализи, проектирање** од **д-р Делчо Јовановски**)……………………………………………………………………..63-65
2. Рецензија на ракописот **Прирачник со задачи за производни системи (проектирање на производните системи)** од **д-р Роберт Миновски** и **м-р Бојан Јованоски**)……………..66-68

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ"**

1. Рецензија на докторската дисертација **Анализа на изразувањето несогласување во македонскиот и во англискиот јазик и импликациите за учењето на англискиот јазик кај македонските говорители**, изработена од **м-р Марија Кусевска**, пријавена на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје……………………………………..69-75

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Природно-математичкиот факултет во Скопје (**Никола Здравески, Фламур Мехмети**)……………76

**ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор/реизбор на еден асистент по предметите фармацевтска технологија 1, фармацевтска технологија 2, фармацефтска технологија 3, професионална практика на Фармацевтскиот факултет во Скопје (**м-р Маја Симоноска-Црцаревска**)……………………………………………………………………..77-84
2. Реферат за избор на еден помлад асистент по предметите фармацевтска технологија 1, фармацевтска технологија 2, фармацефтска технологија 3, биофармација на Фармацевтскиот факултет во Скопје (**Никола Гешковски**)……………………………..85-89
3. Рецензија на учебното помагало под наслов **Водич за практичната настава по општа и неорганска хемија**, подготвено од наставен кадар на Катедрата за неорганска хемија на Фармацевтскиот факултет во Скопје, наменет за студентите од студиската програма магистер по фармација……………………………………………………..90-92

**ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА**

1. Реферат за избор на научен соработник во Институтот за национална историја во Скопје (**д-р Александар Стојчев**)……………………………………………………..93-97

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ"**

1. Реферат за избор во звањето редовен професор на Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје (**д-р Марјан Марковиќ**)……………………………………………………..98-109
2. Реферат за избор во звањето редовен професор на Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје (**д-р Татјана Гочкова-Стојановска**)……………………………………………110-119

**ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје (**Ивана Соколовска, Наташа Трајчева Мојсовска, Симеон Ристевски, Солидар Сулејмани, Мемет Селмани**)……………………………………………………………………..120

**ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ "СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"**

1. Реферат за избор во наставно-научно звање-доцент по предметите: општа педагогија, методологија на истражувањето и комуникологија, за групите одделенска настава и предучилишно воспитание на албански наставен јазик на Педагошкиот факултет "Св. Климент Охридски" во Скопје **(д-р Флорина Шеху)**......121-139

**ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ**

1. Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по група наставни предмети од областа на диригирањето на Факултетот за музичка уметност во Скопје **(м-р Сашо Татарчевски)**......140-145

**ЗЕМЈОДЕЛСКИ ИНСТИТУТ**

1. Реферат за избор на вонреден професор во Одделението за градинарство на Земјоделскиот институт во Скопје **(д-р Рукие Агич)**......146-157

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на ракописот за учебник **Заштита на културното наследство**, од **д-р Зорица Салтировска**, пријавен на Филозофскиот факултет во Скопје......159-161

**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **HACCP-системот во функција на унапредување на туристичкиот сектор**, изработена од **м-р Весна Танчева**, пријавена на Економскиот институт во Скопје......162-171

**ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на еден вонреден професор по предметите биофармација, фармацевтска хемија на Фармацевтскиот факултет во Скопје **(д-р Кристина Младеновска)**......172-183

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник по предметите државно сметководство, сметководство на непрофитни организации, анализа на финансиски извештаи на Економскиот факултет во Скопје **(д-р Зоран Миовски)**......184-195

**ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања по групата предмети: вовед во хемиско инженерство, процесен менаџмент, индустриски менаџмент и дизајн на процесна опрема на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје **(д-р Дејан Димитровски)**......196-207

**ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА**

1. Реферат за избор на еден асистент по предметот биологија на клетка на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје **(м-р Игор Есмеров)**......208-212

**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Интегрален пристап кон оцената на атрибутите и индикаторите на возната површина**, изработена од **м-р Горан Мијоски**, пријавена на Градежниот факултет во Скопје......213-222

**ФАКУЛТЕТ ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА**

1. Рецензија на докторската дисертација **Канонички однос на антрополошките димензии, ситуационо-моторичките способности, психолошките особини и натпреварувачката ефикасност кај каратистите јуниори и сениори во БиХ**, изработена од **м-р Јасмин Мехиновиќ**, пријавена на Факултетот за физичка култура во Скопје......223-227

**ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област патолошка физиологија на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (**д-р Игор Улчар**)........228-235

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од областа на информатиката на Институтот за информатика при Природно-математичкиот факултет во Скопје (**д-р Горан Велинов**)........236-249

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област граѓанско материјално право на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје (**д-р Тина Пржеска**)........250-265

**ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ**

1. Реферат за избор на еден наставник во звање вонреден професор по група предмети од областа на филмска и тв-монтажа на Факултетот за драмски уметности во Скопје (**м-р Лазар Секуловски**)........266-271
2. Реферат за избор на еден асистент по предметот филмска и тв-монтажа на Факултетот за драмски уметности во Скопје (**м-р Владимир Павловски**)........272-274

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА**

1. Реферат за избор во звањето вонреден професор во научната област економика на земјоделството и развој на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје (**д-р Драги Димитриевски**)........275-284

**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. **Приговор** на рефератот за избор на наставник во сите наставно-научни звања од областа на детската и превентивна стоматологија на Стоматолошкиот факултет во Скопје, објавен во Билтен бр. 995 од 1.11.2010 година, поднесен од **д-р Златко Ѓорѓиев**........285-288
2. **Одговор** на Рецензентската комисија на приговорот на рефератот за избор на наставник во сите наставно-научни звања од областа на детската и превентивна стоматологија на Стоматолошкиот факултет во Скопје, објавен во Билтен бр. 995 од 1.11.2010 година........289-293
3. **Приговор** на рефератот за избор на наставник во сите наставно-научни звања од областа на детската и превентивна стоматологија на Стоматолошкиот факултет во Скопје, објавен во Билтен бр. 995 од 1.11.2010 година, поднесен од **д-р Ана Сотировска Ивановска**........294-297
4. **Одговор** на Рецензентската комисија на приговорот на рефератот за избор на наставник во сите наставно-научни звања од областа на детската и превентивна стоматологија на Стоматолошкиот факултет во Скопје, објавен во Билтен бр. 995 од 1.11.2010 година........298-302

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"**

1. Рецензија на книгата **Етика во новинарството**, од **д-р Дејан Донев**, пријавена на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје........303-306

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ"**

1. Рецензија на докторската дисертација **Ликот на Александар Македонски како интерактивен код на културите во македонската книжевност**, изработена од **м-р Ранко Младеновски**, пријавена на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје........307-310

# ПРЕГЛЕД

на пријавени теми за изработка на магистерски труд прифатени
од Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје
на седницата одржана на 28.10.2010 година

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Ердинч Ракоповски | Димензионирање на машински елементи од аспект на надежност | Вон. проф. д-р Петар Симоновски |
| Влатко Стојанов | Оптимирање на сончева постројка со концентратори во вид на параболично корито за производство на топлинска и електрична енергија | Проф. д-р Славе Арменски |
| Горан Ѓорѓиев | Влијание на технологиите за брикетирање врз енергетските параметри на брикети и пелети од биомаса | Проф. д-р Славе Арменски |
| Нико Берберу | Предности, бенифиции и имплементација на "SIX SIGMA (6σ)" - менаџмент, стратегија и иницијатива за подобрување на квалитетот, зголемување на продуктивноста, профитабилноста и конкурентноста во компаниите | Вон. проф. д-р Атанас Кочов |
| Панов Тони | Карактеристики на современите системи за кочење кај тешките возила и можности за контрола на нивната исправност при техничките прегледи | Проф. д-р Милан Ќосевски |
| Марија Сејменова-Гичевска | Менаџмент на знаење, предметно индексирање и класификација во функција на информациското пребарување | Вон. проф. д-р Валентина Гечевска |
| Панда Попорданоска | Определување на најповолни перформанси и анализа на однесувањето на композитни плочи за лична балистичка заштита | Проф. д-р Љубен Дудески |

Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Република Македонија, Машински факултет

Декан

Проф. д-р Атанас Кочов

**Република Македонија**
**Универзитет„Св. Кирил и Методиј" - Скопје**
**Факултет за електротехника и информациски технологии**

## Преглед

на прифатени теми за изработка на магистерски труд
на седницата на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии одржана на **27.10.2010 г.**

1. Студиска програма **Метрологија и менаџмент на квалитет**

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Цано Јошевски | Надградба на мерно-управувачките системи во термоелектраната РЕК Битола | An Upgrade of the Measuring Systems of Power Plant REK Bitola | Проф. д-р Цветан Гавровски |

2. Студиска програма **Електрични машини и автоматизација**

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Сања Витанова | Развој на методологија за компаративна анализа на различни видови електрични машини наменети за ветро-генераторски системи | Methodology development for comparative analysis of different types of electric machines for wind generation system | Вон. проф. д-р Влатко Стоилков |

3. Студиска програма **Комуникациски и информациски технологии**

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Елена Јанева | Анализа на DoS напади и противмерки кај IEEE 802.16 мрежи | Analysis of DoS Attacks and Countermeasures in IEEE 802.16 Networks | в.проф. д-р Александар Ристески |
| 2 | Пецо Стојановски | Анализа на DoS напади и противмерки кај IEEE 802.11 безжични локални мрежи | Analysis of DoS Attacks and Countermeasures in IEEE 802.11 Wireless LANs | в.проф. д-р Александар Ристески |

4. Студиска програма **Електроенергетика**

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Зоран Ивановски | Примена на програмскиот пакет WindPro 2.7 за проценка на енергетскиот потенцијал на ветерот на одредени локации во Република Македонија | Implementation of the software package Wind Pro 2.7 for estimation of the wind power potential of the specific locations in the Republic of Macedonia | Проф. д-р Арсен Арсенов |

5. Студиска програма **Софтверско инженерство**

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Виктор Митревски | Развој на современ WEB CMS и негова евалуација | Development and evaluation of a modern WEB CMS | Проф. д-р Дејан Ѓорѓевиќ |

6. Студиска програма **Интелигентни информациони системи**

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
| --- | --- | --- | --- | --- |
| 1 | Костовски Јован | Примена на контекстно-зависни услуги при управување со индустриски процеси | context-aware services in industrial process management | проф. д-р Владимир Трајковиќ |
| 2 | Димишкова Зорица | Колаборација на агенти со асимптотско учење во социјални мрежи | Application of asymptotic learning for agent collaboration within social networks | проф. д-р Владимир Трајковиќ |

7. Студиска програма **Обновливи извори**

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
| --- | --- | --- | --- | --- |
| 1 | Виктор Донски | Компаративна техноеко-номска евалуација на фотоволтаична и ветерна електрична централа | Comparative techno eco-nomical evaluation of photovoltaic and wind power plant | Проф. д-р Атанас Илиев |

8. Студиска програма **Проектен менаџмент**

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
| --- | --- | --- | --- | --- |
| 1 | Игор Георгиев | Развојни проекти за Енергетска Ефикасност во земјите на Европската Унија и можности за нивна примена во Република Македонија | Development projects for Energy Efficiency in the EU countries and possibilities for their application in the Republic of Macedonia | Проф. д-р Атанас Илиев |

9. Студиска програма **Електрична енергија и животна средина**

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
| --- | --- | --- | --- | --- |
| 1 | Спасе Петкоски | Биоефекти на електро-магнетните полиња, стандарди за ограничу-вање на изложеноста и методи на мерење | Bioeffects of electroma-gnetic energy, exposure limits and measurements | Проф. д-р Леонид Грчев |

10. Студиска програма **Метрологија и менаџмент на квалитет**

| ред бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
| --- | --- | --- | --- | --- |
| 1 | Биљана Ристеска | Мерења на виши хармо-ници и интерхармоници во електроенергетските мрежи со виртуелна инструментација | Measurement of Harmo-nics and Interharmonics in Electrical Networks with Virtual Instrumen-tation | Вон.проф. д-р Владимир Димчев |
| 2 | Горан Јандреоски | Мерни техники за мере-ње на коефициент на триење на полетно слет-ни патеки | Measurement techni-ques and Instrumen-tation for Measuring the Coefficient of friction on the Runway | Вон.проф. д-р Владимир Димчев |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Правен факултет "Јустинијан Први"
Бр. 03 - 1172
1 11 2018 год.
СКОПЈЕ

# ПРЕГЛЕД

на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Александар Николовски | Видови надлежности и функционирање на комисиите (одборите) во АД | проф.д-р Тито Беличанец |
| Маја Арсовска | Нематеријална штета настаната во сообраќајна несреќа | проф.д-р Тито Беличанец |
| Ивана Стаматовска | Посредување во осигурувањето-осигурителните брокерски работи, осигурителните брокери, осигурителните брокерски друштва и други застапници во осигурувањето | проф.д-р Тито Беличанец |
| Галена Даниловска | Права на корисници на медицински услуги во правото на Република Македонија и компаративното право | проф.д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска |
| Златко Алексов | Концептот на јавните набавки-основа за регулирање на деловните односи помеѓу јавниот сектор и бизнис заедницата | проф.д-р Тито Беличанец |

ДЕКАН

Проф.д-р Борче Давитковски

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА РАКОПИСОТ "МЕНАЏМЕНТ НА МАЛИОТ БИЗНИС (ПЕТТО ИЗДАНИЕ)" ОД АВТОРОТ ПРОФ. Д-Р БОБЕК ШУКЛЕВ

Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје ме определи за рецензент на учебникот „Менаџмент на малиот бизнис (петто издание)", од авторот д-р Бобек Шуклев, редовен професор на Економскиот факултет во Скопје.

По опстојното прегледување на ракописот, ми претставува задоволство, пред членовите на Наставно-научниот совет на Факултетот, да го презентирам следниов:

## ИЗВЕШТАЈ
на учебникот на проф. д-р Бобек ШУКЛЕВ
**"Менаџмент на малиот бизнис"**

Малите и средните претпријатија (МСП) го претставуваат највиталниот, најфлексибилниот и најдинамичниот сегмент на стопанските структури на современите економии. Најновите статистички индикатори потврдуваат дека денес, во земјите-членки на ОЕЦД. МСП учествуваат со 98% во вкупниот број на бизнис фирми и креираат помеѓу 60 до 80% од вкупната вработеност. Економската теорија, но и практиката, секојдневно нè уверуваат дека МСП даваат огромен придонес во сферата на вработувањето, во искористувањето на локалните извори на суровини и енергија, во зголемувањето на флексибилноста на економските структури и зголемувањето на нивната отпорност од рецесионите нарушувања, во иновациите и нивната апликација во економскиот живот, во развојот на претприемништвото и креирањето на конкурентен амбиент и воопшто во стабилноста и одржливоста на економскиот раст и развој на современите економии. Појавата на т.н. *нова економија* (економија базирана врз развојот на информационите и телекомуникациските технологии и врз се поголемото значење на модерните услуги во креирањето на вработеноста и бруто домашниот производ на современите економии), уште повеќе го потенцира значењето на малите и средните бизниси во економските процеси. Во овој контекст, сè побрзиот развој на интернет - базираната електронска трговија им отвора на МСП значајни можности за проширување на базата на купувачи, за влегување на пазарите на нови производи и за рационализирање на нивните бизниси. Водечката улога на малите бизниси во современите економски процеси мобилизира огромна маса на капитал во поддршката на нивниот динамичен раст и развој почнувајќи од т.н. 3 F пари (пари на основачите - founders. на фамилијата - family и на пријателите friends), бизнис-ангелите, преку формалниот

ризичен капитал, капиталот на комерцијалните банки и капиталот мобилизиран преку берзите. Малите бизниси им овозможија на одделни сегменти на популацијата (на жените, на етничките заедници), насекаде во светот, широко да се вклучат во претприемачкиот процес и активно да партиципираат во искористувањето на ресурсите и креирањето на растот. Оттаму, не е случајно што владите и бизнис-заедниците на сите современи економии (на развиените земји, на земјите во развој и сè повеќе на земјите во транзиција) го поттикнуваат растот и развојот на МСП со добро осмислени програми во кои фокусот е лоциран врз новите и софистицирани мерки и инструменти на поддршка на малите бизниси и на претприемништвото: неформален и формален ризичен капитал, мрежи на бизнис-ангели, бизнис-инкубатори, технолошки паркови, бизнис-мрежи, бизнис-линкови, консултантски фирми итн. Економските проблеми на малите претпријатија, сфатени во нивната комплексност (основањето, стартирањето на бизнисот, ризикот, планирањето, организацијата' иновациите и менаџментот), се специфични, а во одделни сегменти многу поразлични од оние на големите претпријатија.

Овие и бројни други проблеми од областа на менаџментот на малите бизниси систематски и опстојно се елаборирани во ракописот на проф. д-р Бобек Шуклев, „Менаџмент на малиот бизнис (петто издание)". Во суштина станува збор за модерен учебник од оваа област кој по својот обем, структура и методолошки пристап, целосно ги покрива наставните содржини на научната дисциплина менаџмент на малиот бизнис предвидена со наставниот план на Економскиот факултет во Скопје.

Материјата во трудот е структурирана во петнаесет глави, според следниов редослед:

- Глобални промени во малиот бизнис
- Карактерот на малиот бизнис
- Малите претпријатија и Е - бизнисот
- Организација на малото претпријатие
- Приоди на започнување со сопствен бизнис
- Фамилијарен бизнис
- Одборот на директори во фамилијарните бизниси
- Франшиза
- Планирање во малото претпријатие
- Изработка на успешен бизнис-план
- Успеси и неуспеси на малиот бизнис
- Општествена одговорност, етика и малите претпријатија
- Претприемништвото и малите претпријатија
- Жени-претприемачи
- Етнички бизниси.

**Петтото издание** на учебникот „Менаџмент на малиот бизнис" од проф. д-р Бобек Шуклев, во споредба со претходното, четвртото, инкорпорира две нови глави, битни промени, т.е. сосема нови содржни посветени на дигиталната економија, Е - трговијата, фамилијарниот бизнис, одборот на директори кај малите бизниси, франшизата, внатрешното претприемништво, жените-претприемачи и др., како и актуализирање на останатите глави и содржини на учебникот. Со овие промени учебникот добива нови квалитети и de facto претставува

комплетно изменето издание.

По опстојното читање па трудот, посебно сакаме да ги истакнеме следниве квалитативни белези на учебникот:

***Прво,*** учебникот, според неговата содржина, логичност и конзистентност во структурирањето на материјата, третманот на економските проблеми кои претставуваат diferentia specifuca на малите бизниси и нивната кореспонденција со достигнувањата на современата микроекономска теорија и практика, по ништо не се разликува од слични такви учебници од областа кои денес се објавуваат на универзитетите во развиените земји.

***Второ,*** некои од новите содржини на учебникот, нотирани претходно, *за првпат се опстојно третирани и елаборирани кај нас, со нагласено аналитички и модерен пристап,* што, без сомнение, може да се означи како посебен придонес па авторот во оваа област на менаџментот.

***Трето,*** низ текстот постојано провејува компарирањето на стандардните економски проблеми со кои се соочува секое претпријатие, како жив организам, во различните периоди од неговиот развој, со нивното специфично пројавување кај малите бизниси - специфично од аспект на чувствителноста на паталниот период, формите на организација на малите бизписи, ризикот, доминантните форми на финансирање на малите бизниси во различните фази на нивниот раст и развој, замките и неуспесите кои ги следат малите бизниси итн. Со ваков пристап, авторот. без сомнение, успеал да ги елаборира суштинските карактеристики на менаџментот на малите бизниси, што, во основа, е и генерална цел на оваа наставна дисциплина.

***Четврто,*** користена е обемна, современа и релевантна литература од англосаксонското говорно подрачје (учебници, студии, монографии, периодока), со што е овозможен модерен третман на проблематиката, со акцент на најновите тенденции и промени, онака како што е тоа вообичаено во современата економска наука од оваа област.

***Петто,*** без оглед на фактот што учебникот е профилиран за да ги покрие наставните содржини на наставната дисциплина менаџмент на малиот бизнис на Економскиот факултет во Скопје, неговата функција, употребна вредност, е далеку поширока. Имено, овој учебник корисно ќе им послужи и на студентите на другите факултети кои се занимаваат со изучување на проблемите на МСП и на претприемништвото, на претприемачите во земјата (моментално во Македонија активно работат околу 70.000 мали и средни бизниси), при што еден добар дел од сопствениците на мали бизниси, според своето образование, се луѓе надвор од економската струка, но и на носителите на економската политика кои треба да придонесат за креирање на поволен амбиент за развој на малите бизниси и претприемништвото.

***Шесто,*** техничката обработка и среденост на учебникот и прегледноста на материјата, особено засилена со содржините и целите на учењето исфрлени на почетокот на секоја глава и клучните термини на крајот на главите, практичните примери елаборирани низ текстот, речникот со куси дефиниции на најзначајните термини и индексите (предметни и по автори) поместени на крајот на учебникот, како и бројните илустрации на елаборираните прашања и процеси со графици,

табели и слики, се далеку од тоа да претставуваат само формално - техничка карактеристика на трудот. Напротив, тие на трудот му даваат особен квалитет, потенцирајќи ја неговата прегледност и олеснувајќи го совладувањето на материјата и разбирањето на целите, мисијата и содржините на научната дисциплина.

***Седмо,*** самиот факт што станува збор за петто издание, потврдува неколку работи: долгогодишна и континуирана преокупација на авторот со оваа проблематика, искористување на стекнатите искуства за квалитативно подобрување на учебникот преку додавање и разработка на нови содржини, изоставување на некои помалку релевантни содржини, подобрување на структурата и конзистентноста на изданието, следење на најновите текови на економската мисла во оваа област и сл.

Врз основа на изнесените оцени за квалитетот на трудот, ни причинува особено задоволство да му предложиме на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје да го одобри публикувањето на трудот ***„Менаџмент на малиот бизнис" (петто*** издание)", од авторот проф. д-р Бобек ШУКЛЕВ, и да овозможи негово користење како универзитетски учебник од научната дисциплина менаџмент на малиот бизнис.

Скопје, октомври 2010 год.

Рецензент
Акад. Таки Фити,с.р.

ПРЕГЛЕД

на пријавени и прифатени теми за изработка на **магистерски труд на**
Универзитет „ Св. Кирил и Методиј"во Скопје, **Фармацевтски факултет**

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Марија Караванџова | "Хемиски состав и антимикробна активност на етерично масло од молика (Prinus Peuce griseb., Pinaceae) | Проф. д-р Светлана Кулеванова |

# РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „НАРАТИВНИТЕ СТРАТЕГИИ ВО РОМАНОТ *ЕДНА НОЌ И ДВЕ ЗОРИ – NJË NATË DHE DY AGIME* НА ПЕТРО МАРКО", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ЕМИНЕ ШАБАНИ, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ" ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, на својата деветта редовна седница одржана на 14.9.2010 година, нè избра за Рецензентска комисија за оцена на докторскиот труд на м-р Емине Шабани под наслов: „Наративните стратегии во романот *Една ноќ и две зори – Një natë dhe dy agime* на Петро Марко". Рецензентската комисија во состав: д-р Зекирја Незири, редовен професор, ментор; д-р Авзи Мустафа, редовен професор; д-р Мирљинда Крифца, вонреден професор; д-р Мируше Хоџа, вонреден професор и д-р Агим Љека, доцент, во согласност со Правилникот за докторски студии, по разгледувањето на приложениот труд има чест на Наставно-научниот совет да му го поднесе следниов

# ИЗВЕШТАЈ

Докторскиот труд „Наративните стратегии во романот *Една ноќ и две зори – Një natë dhe dy agime* на Петро Марко" од м-р Емине Шабани оригинално и студиозно е промислен како монографска студија за еден роман на писателот Петро Марко. Изработениот труд и припаѓа на теоријата на литературата, односно на нејзината поддисциплина-теорија на нарацијата и се однесува на анализа на едно прозно дело – роман.

Структурата на трудот покажува дека авторката е свесна со кои задачи се соочува при контекстуализирање на релевантни научни фактори на теоријата на прозата, кои, теориски и апликативно, се образложуваат во пет поглавја, во кои поединечно расправа за прашања кои произлегуваат од самиот истражен објект на темата, т.е. од анализата на сите можни рамништа на книжевниот текст, како што се содржинско-фабулативното, актанското, фокализаторското, наративното и стилското, како и теориски прашања за уметноста на зборот и неговата функција во прозниот текст. Оттука станува јасно дека авторката застапува јасно обмислена концепција од која произлегува добро развиена стратегија за елаборирање на потребните научни основи за проучување на поставената цел. Така се создава солидна основа за расветлување и збогатување на досегашната литература од различни дисциплини на науката за книжевноста. Накусо, станува збор за анализа на прозен текст кој ќе овозможи продлабочувања на понатамошните истражувања во подрачјето на наратологијата. Тоа и овозможува на кандидатката својот научен интерес да го насочи кон истражување прашања од доменот на теориите на романот од 20 век, особено на теоријата на прозата и посебно на нарацијата, методолошките проблеми на анализата и др. Оттука произлегува потребата да се употреби позитивистичко-дескриптивниот и компаративно-структуралистичкиот метод, како едни од можните начини за истражување и проучување на посочените прашања и да се оформи во иден трудољубив и темелен истражувач.

Докторскиот труд на м-р Емине Шабани, покрај апстрактот (на македонски и англиски), воведот и заклучокот е составен од пет носечки поглавја кои опфаќаат 193 страници компјутерски прореден текст со по 28-30 реда по страница, а на крајот е сместена библиографијата (стр. 189-193), која е поделена на два дела (а) творечките дела на Петро Марко и (б) стручно-научната литература.

Во *воведниот дел* вниманието на авторката Шабани се концентрира на повеќе прашања: ги образложува поттикот и мотивите за истражување на поставената тема, истакнува дека нејзиниот предизвик да се нафати со проучувањето на еден роман е, пред се, релативно скромен придонес во истражувањето и проучувањето на албанската проза воопшто, и на прозното творештво на Петро Марко посебно. Понатаму дава краток опис на нејзиниот труд, кој се надополнува со објаснувањата за предметот на истражувањето и методот на проучувањето на апликативниот материјал; разгледувањето и определувањето на местото и улогата на Петро Марко во развитокот на албанската проза; а подробно се задржува во разработката на местото и значењето на романот *Една ноќ и две зори* во целокупниот прозен опус на Петро Марко, кадешто се откриваат и прашања од теоријата на текстуалноста и на филологијата, т.е. трансформацијата на текстот.

Во *првото поглавје* накусо ги анализира романите на Петро Марко, со што не запознава со творечката личност на писателот. Во неа се прави анализа на содржината на три романи: *Ноќта на Устика*, *Хаста ла виста*, *Последниот град*. Тука се проучуваат прашања поврзани со поетиката на градбата на моралната страна на личностите и дава општ осврт врз организирањето на нарацијата во романите на Петро Марко. Со овие воопштени карактеристики на прозниот опус на Петро Марко се дава приказ на научно заснованото објаснение за неговиот етапен развој во прозното творештво. Во овој дел на трудот авторката дава сопствен, забележителен придонес кон проучувањето на неговиот романескен опус, поткрепнувајќи ги своите погледи со прецизни поими, кои теориски се засновуваат во науката за книжевноста.

*Третото поглавје* е најобемното (стр. 26-101) и во него се обработуваат теориски прашања кои се однесуваат на основните композициски елементи на структурата на наративниот текст. Целта на истражувањето во ова поглавје се насочува кон создавање на јасна основа за понатамошен придонес во проширувањето на дискусиите во проучувањето на прозното творештво на Петро Марко. Авторката успева во тоа имајќи ја предвид околноста дека во албанската книжевнотеориска мисла таков вид студии се оскудни и станува збор за недоволно проучена проблематика, а нејзе и останува да ја елаборира и научно да ја проучи и протолкува во интердисциплинарен план. Особено значење на овој дел на трудот претставува воспоставувањето корелации со општата културологија и со другите научни области поврзани со неа. По ваквото согледување на предметот, авторката во реализирана форма ги претставува своите погледи кон составните агенси на наративниот текст; дискутира за постојните актуелни појави со културно теориски основи на проучувањето на оваа проблематика во прозното творештво и таму каде што ќе просуди дека е неопходно, ги развива и ги дополнува со сопствени предлози.

По прикажувањето на своето концепциско гледиште за развојните текови на книжевно-научните дисциплини, авторката му пристапува на проучувањето на следниве прашања во наведениот роман: фабулата (поимот за фабула); фабулата и сижето (3. 1); нејзината конструкција во свеста на читателот врз основа на вклучувањето во дискурс (3. 2 и 3. 3). Овој дел на трудот е поделен на пет основни подрачја во кои се истражуваат прашања од типот: кој ја раскажува нарацијата ('јас формата' или 'ег формата'). Во случајот на Петро Марко 'јас' формата е протагонист, соучесник на дејствието, а не наблудувач (3. 4 и 3. 5). Потоа следува проучувањето на двата пристапа кон фабулата: како начин на оформување на нарацијата во оригинален расказ; и како оформено раскажување на истата 'нарација' на сопствен начин (3. 6). Понатаму истражувањето се насочува кон проучување на соодносот и разидувањата помеѓу дејствието, фабулата и дискурсот, кои се оформуваат во три спротивни насоки: фабулата или раскажувањето како материјал кој се презентира (3. 7 и 3. 8). Посебно истражувачко внимание му се посветува на проучувањето на составните елементи на фабулативниот модел (3. 9); на типизацијата на личностите и на начинот на опишувањето на нивната трансформација (3. 10) од одредена точка на гледиштето условена од дискурсот (3. 12, 3. 13 и 3. 14); како и прашањето дека самата фабула претставува и обликување на дејствието (3. 15).

Кандидатката м-р Емине Шабани, во овој дел на трудот, посебно внимание му посветува на проучувањето на односите на раскажувачот кон раскажаниот текст, односно на фокализацијата на текстот (3. 16) и се нафаќа да објаснува прашања кои се однесуваат на наратологијата и филологијата, како што се: кој кому му раскажува. Се објаснуваат прашања кои го засегат соодносот помеѓу раскажувачот и читателот. Своето внимание го насочува кон проучување на прашањето на видовите на читателите (дали нараторот му се обраќа на имплицитниот или на идентификуваниот читател) и на прашања дали читателот е во состојба и по кои сигнификанти е во можност да го препознава раскажувачот, гласот кој го раскажува расказот (3. 17). Потоа следат прашања кои се поврзуваат со начинот на организирањето на нарацијата, меѓу кои е и прашањето кој раскажува и кога, потоа дали раскажавувњето се сместува во времето на траењето на дејствието и дали тоа се прикажува од позиција на перспектива или на ретроспектива и кој начин е поизразен (3. 18 и 3. 19). Се разбира дека во романот *Една ноќ и две зори* на Петро Марко се работи за издиференциран раскажувач кој ја говори нарацијата од две перспективи: ретроспективна и перспективна. Во овој дел на трудот се расветлуваат и прашања кои се однесуваат на полифоничноста на романот (Михаил Бахтин).

М-р Емине Шабани констатира дека романот *Една ноќ и две зори* на Петро Марко е дијалогичен роман, кој се организира и се претставува со помош на различни гласови и дискурси. Во него се раскажува судирот на општествените перспективи и на различните погледи на времето. Интересно е и потпоглавјето во кое се истражува раскажувачката техника, каде што се проучува начинот како се замислува и како се прикажува авторитетот и позицијата на раскажувачот, времето на раскажаното и времето на раскажувањето (3. 20), како и своевидната употреба на техникната на *suspens stors* како еден од можните начини на организацијата на нарацијата (3. 21). Се забележува дека кандидатката самостојно вршела истражување врз најновите теориски основи за наратологијата. Успешно ја применува проблематиката на проучување на прозен текст, поткрепнувајќи ја со примери од сопствените

истражувања во рамките на својот докторски труд. Авторката на извонреден начин ја покажува псособноста за воспоставување плодни релации помеѓу функционалните димензии на наратологијата и својата специфична цел поврзана со романот *Една ноќ и две зори* на Петро Марко.

Во *четвртото поглавје* на трудот предмет на истражување се перспективите на фокализацијата на личностите, односно се проучува актантскиот модел според познатото Бахтиново истражување и на Женетов-модел на фокализаторското истражување. Во неа кандидатката м-р Емине Шабани се задржува во објаснување на прашања од типот кој го следи дејствието и кој го условува дискурзивното вклучучување, т.е. дали нарацијата се гради од перспектива на сезнајниот раскажувач и дали е тоа градба како своевиден актански модел. Тоа го реализира во форма на еден сеопфатен и темелен приказ на дискусијата за можностите и границите на ваков вид истражување на прозно творештво.

По проучувањето на актантските односи, својата анализа кандидатката ја насочува кон истражување на начинот на претставувањето и на реализацијата на категоријата, позната во науката за книжевноста, како категорија на временска дистанца и брзина во романот *Една ноќ и две зори* на Петро Марко. Инаку, поглавјето се дели во четири потпоглавја во кои се расправа за функцијата (4. 1), фокусирањето и фокализирањето (4. 2), визијата (4. 3) и соодносот со читателот (4. 4) претставени во овој роман на Петро Марко. Во овој дел на трудот авторката дава сеопфатна анализа на факторите со кои се гради и со чија помош функционира актантството во прозното дело. Тоа и овозможува на кандидатката да врши сеопфатно истражување на актантските специфичности во овој роман (Греимасов модел).

Кандидатката подвлекува дека посочениве прашања во нарацијата на романот се градат од перспектива на ликот, што е еден своевиден поглед кон фиктивниот свет, во научната литература воопшто познато како *ер* раскажување, односно раскажување со истакнато лице. Теоријата на нарацијата смета дека да се ‘биде субјект’, значи агенсот да биде подреден на различни надворешни дискурзивни практики (социо-психолошката, јазичната). Со тоа е даден значаен придонес за понатамошното сеопфатно истражување и проучување на корелацијата меѓу актантското и сижејно-содржинското рамниште.

*Петтото поглавје* на трудот расправа и е поделено на две групи прашања кои се однесуваат на теоријата на текстот, на интерпретацијата и на интертекстот. Во нив посочува одредени прашања кои се залага да ги доведе во контекст на општествената и историската условеност на проучувањето на прозното творештво. Конкретно се задржува на прашања кои се поврзуваат со објаснувањето на идејата на романот (5. 1) и на нејзината практична проекција преку главниот лик (5. 2), кој истовремено ја сочинува основата за фиктивното синтактичко остварување (5. 4). Тука се вметнати и прашања кои се надоврзуваат со симболиката на насловот (5. 6), употребата на броевите во нив (5. 5), лајтмотивите како естетска категорија (5. 7), како и проблемите кои се надоврзуваат со историскиот и книжевниот контекст (5. 8), улогата и реализацијата на метатекстот (5. 9), и прашања кои се поврзуваат со интертекстот (5. 10). Така во проучувањето на наративните стратегии на Петро Марко во романот *Една ноќ и две зори*, со ова поглавје, авторката м-р Емине Шабани се залага да го објасни начелото дека расказот не ужива за животот,

туку покажува како тој функционира во конкретно прозно книжено дело. Со тоа, таа сака да подвлече дека раскажувањето придонесува да се открие идентитетот, кој авторот го прикажува во светот на љубовта и на личните односи, а не на јавното дејствување, што сака да докаже дека нарацијата во прозното дело претпоставува облик на општествена критика, која честопати се однесува и на националниот контекст.

*Шестото поглавје* е резервирано за проучување на поетиката на романот и нејзината градба како микро и макроструктура (6. 1), односот кон традицијата и на заложбата за создавање нов начин на изразување (6. 2), како и стилот и јазикот на изразувањето на фиктивната реалност (6. 5 и 6. 7). Конструкцијата на субјектот претпоставува дека субјектот треба да биде изграден во контекст на општествената условеност (6. 3), а тоа се односите на личностите спрема историските околности (6. 5), кои можат да бидат прифатени или одбиени (6. 4). Тука предмет на истражување пред сѐ се односите на субјектот спрема дискурзивните вклучувања, што значи дека се труди да објаснува прашања од доменот дали ликовите ја создаваат нивната судбина или се нејзини жртви, а тоа се прашања кои спаѓаат во делокругот на субјективитетот како **агенс** (колку и под кои услови 'јас' може да биде одговорен субјект кој сам ги бира своите постапки).

Прикажаните аспекти и резултати на оваа студија, која претставува успешна синтеза од емпириски и теориски пристап, авторката концизно ги резимира во своето *седмо поглавје,* во заклучокот.

Особен поттик на дисертацијата претставува корелацијата на тематските сличности и посебности, кои имаат особено значење при споредбено имплементирање врз конкретни прозни дела. Дисертацијата на поединечни места добива споредбен карактер, а тоа е присутно во деловите каде што се истражуваат сличностите и поединечностите во делата на Петро Марко и Ернест Хемингвеј. Нема посебно поглавје во кое се истражуваат овие споредбени прашања. Тие се вметнати во деловите за кои авторката мислела дека е потребно да се наведат. Во овие делови (3. 11, 3. 18, 3. 22), како и во деловите кои се однесуваат на текстологијата и филологијата, поистакнат е позитивистичко-дескриптивниот метод. Обработката на примерите од споредбен карактер доведува до нацрт-модел за проучување на сличностите и посебностите помеѓу двајцата автори. Тоа упатува кон потребата за применување инструментариум со чија помош лесно можат да се издвојат посебностите и разидувањата од една страна, заедничките и општите од друга, како и позајмувањата и влијанијата од трета страна.

Кандидатката м-р Емине Шабани кон изработената теза приложила список на научна литература, со кој покажува дека е во состојба умешно да ја употреби, да ја цитира, да ја коментира и да ја вклопува во својот труд за научно да ги објасни и поткрепи своите постапки. Во индексот на имиња стојат значајни домашни и странски авторитети и нивните дела во кои се поставуваат, истражуваат, проучуваат и објаснуваат прашања кои се тесно поврзани со поставената тема, а и прашања од поширок тематски видокруг. Така, за теориските прашања поврзани со уметноста на зборот и фикцијата се имињата на Т. Еглетон, Џ. Калер, М. Солар, А. Вангелов, К. Ќулавкова, В. Андоновски; за фокализацијата: Виктор Шкловски, Проп; за структурализмот: Ролан Барт, Клод Леви Строус, Владимир Бити; за ликовите: Греимасов антантен модел, С. Четмен; за нараторот и времето во раскажувачкиот текст: Ж. Женет, Ш. Римон-

Кенан; за интертекстуалноста: К. Ќулавкова, В. Андоновски, Е. Шелева, Л. Георгиевска, како и класиците на науката на книжевноста, односно на теоријата на прозата: Е. Ауербах, М. Бекет, В. Бут, Р. Велек, О. Ворен, Ф. Дадо, Р. Јакобсон, Ј. Кристева, Ј. Лотман, К. Л. Строс, Ц. Тодоров, К. Хамбургер. Несомнено од голема полза се и придонесот од нашата средина, како на Андоновски, Анчевски, Вангелов, Ќулавкова, Георгиевска–Јаковлевска Капушевска-Дракулевска, Радичевски, Христова, Србиновска, Стојменска-Елзесер, Шелева.

Поднесената теза за докторска дисертација студиозно и сериозно е образложена. Методот на проучувањето, теорискиот и апликативниот (оперативниот) материјал покажува дека пред себе имаме интересен научен труд од подрачјето на теоријата на нарацијата и интерпретацијата, односно на теорија на литературата, во кој релевантниот проблем, со помош на најновите сознанија од овој дел на теориската и историската наука за книжевноста е систематски проследен и обработен, како и студиозно истражен, проучен и документиран.

**Заклучок и предлог на Рецензентската комисија:**

Доставениот докторски труд за оцена на м-р Емине Шабани претставува методолошки извонредно конципирана научна студија која, со примена на современите научни истражувања на прозниот текст, претставува значаен придонес за понатамошниот развиток на книжевната наука кај нас. Намерата на авторката се состои во самостојно применување на ваков вид проучување кое во албанското книжевно-историско истражување добива пионерска емпириска услуга.

Врз основа на изложеното, Рецензентската комисија е на мислење дека изработениот проект на м-р Емине Шабани ги исполнува сите неопходни услови за сериозно научно истражување и проучување во форма на докторски труд. Во прилог на кажаното се фактите поврзани со значењето на придонесот на изработената тема за развојот на книжевната наука кај нас, особено на книжевната теорија, методологија и наратологија. Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје да **го прифати** нашиот извештај и на м-р Емине Шабани да и одреди термин за јавна одбрана.

Скопје, 25. 10. 2010 година

**Рецензентска комисија**

Д-р Зекирја Незири, редовен професор, с.р.

Д-р Авзи Мустафа, редовен професор, с.р.

Д-р Мирљинда Крифца, вонреден професор, с.р.

Д-р Мируше Хоџа, вонреден професор, с.р.

Д-р Агим Љека, доцент, с.р.

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ПО НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ ФЛЕЈТА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ-СКОПЈЕ

На конкурсот за избор на еден наставник во сите звања по наставниот предмет флејта на Факултетот за музичка уметност-Скопје, објавен на 18.9.2010 во дневните весници „Дневник“ и „Лајм“, се пријави кандидатот м-р Страшо Темков.

Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за музичка уметност-Скопје, на седницата одржана на 13.9.2010 година, донесе решение за формирање Рецензентска комисија за оцена на пријавените кандидати во состав: проф. м-р Гордана Јосифова - Неделковска, проф. м-р Билјана Јакимовска и вонр. проф. м-р Васо Ристов.

По увидот во доставените материјали, како и врз основа на личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

## БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

М-р Страшо Темков е роден 1966 година во Кавадарци. Музичкото образование го започнал во родното место, кадешто завршил основно музичко училиште. Средно музичко образование завршил во МБУЦ „Илија Николовски – Луј“, во класата на проф. Бети Станковска. Уште во тој период освоил повеќе републички и сојузни награди во рамките на СФРЈ и го имал првиот солистички настап со Македонската филхармонија. Студиите на ФМУ ги започнал во класата на проф. Никола Атанасов, а потоа ги продолжил во класата на проф. М.Азањац од Белград и проф. Бети Станковска. Магистрирал во Република Бугарија на ДМА „Панчо Владигеров“, во класата на реномираниот професор Лидија Ошафкова.

Од 1991 година, Страшо Темков е прв флејтист-солист на Македонската филхармонија, а воедно е и член на Македонскиот дувачки квинтет и на Ансамблот за современа музика „Св.Софија“. Како солист има реализирано повеќе рецитални програми и солистички настапи со Македонската филхармонија, Камерниот оркестар на Македонската филхармонија и Камерниот оркестар на Француско-американскиот музички колеџ. Настапувал на истакнати музички фестивали во нашата земја како Охридско лето, Скопско лето, Хераклејски вечери, Есенски музички свечености, Денови на македонската музика и др. Покрај солистичките настапи во Македонија, својата уметничка дејност ја проширува и со гостувања во Соединетите Американски Држави, во престижната сала „Карнеги хол“ (Њујорк), како и во Франција, Бугарија, Србија, Хрватска.

Член е на жири-комисиите на некои меѓународни натпревари како:

Петар Коњовиќ (Белград), Даворин Јенко (Белград), Фестивалот на флејтата „ТахирКуленовиќ" (Ваљево, Р.Србија), Охридски бисери (Охрид).

Од 2001 година, Страшо Темков е вонреден професор по флејта на ФМУ во Скопје.

**УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ**

Солистички настапи и гостувања:
- 6.3.2008 год., солистички концерт со Македонската филхармонија, премиерна изведба на концертот бр 2 - М.Арнолд ;
- 23.6.2008 год., фестивал „Охридско лето" - соло-настап со оркестарот „Синфониета" од Р.Бутарија ;
- 15.7.2009 год., Дом на култура-Кавадарци - ликовно музички перформанс (музички портрет на С.Темков) ;
- 27.3.2010 год., соло-настап - Денови на македонската музика (суита за флејта и клавир) - Вања Николовски ;
- 9.4.2010 год., „Кавадарци - град на културата" – гостин-солист на свеченото отворање.

Член на жири-комисија на меѓународни натпревари:
- 16 - 20.3.2008 год., Средби на флејтисти„Тахир Куленовиќ - Р.Србија ;
- 5 - 15.5.2009 год., Интернационаен натпревар „Петар Коњовиќ" - Белград, Р.Србија ;
- 4.10.2009 год., Шести интернационален натпревар „Даворин Јенко" - Р.Србија ;
- 16 - 20.6.2009 год., Охридски бисери – Охрид, Р.Македонија ;
- 8.5.2010 год., Интернационален натпревар „Петар Коњовиќ" -Белград, Р.Србија ;
- 3.4.2009 год., Државен натпревар-Скопје

Освоени награди од натпревари:
-3.4.2009 год., Државен натпревар-Скопје, М.Станковска, 6. Категорија - прва награда; Д.Јовчиќ, 6. категорија - втора награда; А.Тевдовска, 5. категорија - прва награда.

Рецитали и солистички настапи на студенти по флејта:
- 17.5.2008 год., концерт на класата во Кавадарци ;
- 26.5.2008 год., рецитал на К.Бачевска „Музика вива" ;
- 30.5.2008 год., рецитал „Гевгелиска пролет" на квартет флејти „Аулос" ;
- 12.12.2008 год., концерт на класа „Музика вива" ;
- 1.4.2009 год., концерт на класа „Музика вива" ;
- 19.5.2009 год., рецитал на квартет флејти „Аулос" ;
- 20.11.2009 год., рецитал на квартет флејти „Аулос" ;
- 25.11.2009 год. соло-настап на А.Катмерова со камерниот оркестар „Арко" ;
- 23.12.2009 год., концерт на класа „Музика вива" ;
- 17.03.2010 год., солисти: В.Аревски и М.Станковска со симфонискиот оркестар на ФМУ-Скопје ;

- 16.3.2010 год., соло-настап на К.Бачевска ;
- 4.5.2010 год., рецитал на М.Јакимовска во Даутпашин амам ;
- 27.5.2010 год., солист К.Бачевска со Македонска филхармонија ;
- 10.5.2010 год., настап на А.Тевдовска - концерт во чест на Р.Шуман ;
- 16.9.2010 год., рецитал на квартет флејти „Аулос" во Софија, Р.Бугарија (градска уметничка галерија).

## ПЕДАГОШКА ДЕЈНОСТ

Од 2001 година, м-р Страшо Темков се вклучува во образовниот процес на Факултетот за музичка уметност-Скопје како доцент по наставниот предмет флејта.

Активно и со голема посветеност учествува во наставниот процес за што сведочат големиот број активности на студентите во неговата класа, учество на концерти, рецитали, натпревари и сл.

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на увидот во доставените материјали, богатата музичко-уметничка активност на кандидатот и достигнатите педагошки резултати, ни претставува особена чест и задоволство на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за музичка уметност-Скопје да му предложиме да го избере м-р Страшо Темков за наставник по наставниот предмет флејта во звањето вонреден професор.

Рецензентска комисија,

Проф. м-р Гордана Јосифова Неделковска с.р.

Проф. м-р Билјана Јакимовска с.р.

Вонр. проф. м-р Васо Ристов с.р.

АНЕКС 2

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** **м-р Страшо Јордан Темков**

**Институција:** **Факултет за музичка уметност – Скопје**

**Научна област:** **флејта**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Назив на активноста:<br>**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | Поени |
|---|---|
| Настава на прв циклус студии по предметот флејта<br>2 студента (2+0), 2001/2 | 4,8 |
| Настава на прв циклус студии по предметот флејта<br>3 студенти (2+0), 2002/3 | 7,2 |
| Настава на прв циклус студии по предметот флејта<br>3 студенти (2+0), 2003/4 | 7,2 |
| Настава на прв циклус студии по предметот флејта<br>4 студенти (2+0), 2004/5 | 9,6 |
| Настава на прв циклус студии по предметот флејта<br>5студенти (2+0), 2005/6 | 12,0 |
| Настава на прв циклус студии по предметот флејта<br>6 студенти (2+0), 2006/7 | 14,4 |
| Настава на прв циклус студии по предметот флејта<br>7 студенти (2+0), 2007/8 | 16,8 |
| Настава на прв циклус студии по предметот флејта<br>8 студенти (2+0), 2008/9 | 19,2 |
| Настава на прв циклус студии по предметот флејта<br>6 студенти (2+0), 2009/10 | 14,4 |
| Групна настава на прв циклус студии по предметот оркестарски делници<br>8 студенти (1+0), 2005/6 | 1,2 |
| Групна настава на прв циклус студии по предметот оркестарски делници<br>8 студенти (1+0), 2006/7 | 1,2 |
| Групна настава на прв циклус студии по предметот оркестарски делници<br>11 студенти (1+0), 2007/8 | 1,2 |
| Групна настава на прв циклус студии по предметот оркестарски делници | 1,2 |

| | |
|---|---|
| 11 студенти (1+0), 2008/9 | |
| Групна настава на прв циклус студии по предметот оркестарски делници<br>9 студенти (1+0), 2009/10 | 1,2 |
| Настава на втор циклус студиии по предметот флејта<br>2 студента 2006/7 | 6,8 |
| Настава на втор циклус студиии по предметот флејта<br>1 студент 2007/8 | 3,4 |
| Настава на втор циклус студиии по предметот флејта<br>2 студента 2009/10 | 6 |
| **Ментор на дипломска работа** | |
| 2005 1 дипломец | 0,2 |
| 2006 1 дипломец | 0,2 |
| 2007 1 дипломец | 0,2 |
| 2008 1 дипломец | 0,2 |
| 2009 2 дипломци | 0,4 |
| 2010 2 дипломци | 0,4 |
| **Вкупно** | **129,4** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Одбранет магистерски труд на Државната музичка академија во Софија, Р.Бугарија | 4 |
| 2. | Ментор на пет студенти на втор циклус студии | 5 |
| 3. | Одржан семинар по флејта во средното музичко училиште "Живорад Грбиќ" - Ваљево, 2007 | 3 |
| | **Вкупно** | **12** |

## СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: Некои од јавно изведените настапи како солист | Поени |
|---|---|---|
| 1. | 1993, солистички концерт со Македонската филхармонија на отворањето на Скопско лето | 8 |
| 2. | 1995, солистички концерт со камерниот оркестар на Македонската филхармонија на Штипско лето | 8 |
| 3. | Солистички концерт со Македонската филхармонија во Скопје и Кавадарци | 8 |
| 4. | Солистички концерт со камерниот оркестар на Македонската филхармонија во Битола, Тетово и Скопје | 8 |

| | | |
|---|---|---|
| 5. | 2000, солистички концерт со камерниот оркестар на Македонската филхармонија (француско-македонска музичка вечер) | 8 |
| 6. | 2000, рецитал на Македонскиот дувачки квинтет, Салон 19.19 | 8 |
| 7. | 2000, солистички концерт со француско-американскиот камерен оркестар („Карнеги хол") Њујорк, САД | 8 |
| 8. | 2001, солистички концерт со Македонската филхармонија на отворањето на Скопско лето | 8 |
| 9. | 2001, рецитал во салон 19.19 | 8 |
| 10. | 21.11.2003, рецитал со Македонскиот дувачки квинтет | 8 |
| 11. | 29.12.2004, солистички концерт со камерниот оркестар на Македонската филхармонија, Нимус – Ниш, Р.Србија | 8 |
| 12. | 22.1.2005, рецитал во Кочани | 8 |
| 13. | 9.11.2005, јубилеен концерт (10 години Македонски дувачки квинтет) | 8 |
| 14. | 24.10.2006, рецитал со Македонскиот дувачки квинтет „Интрфест" - Битола | 8 |
| 15. | 16.11.2006, рецитал во Гевгелија - "Музичка есен" | 8 |
| 16. | 27.6.2010, солистички настап на денови на М.М | 8 |
| 17. | 6.3.2006, солистички концерт со Македонската филхармонија, прва изведба во Македонија на конц. Бр.2 од М.Арнолд | 8 |
| 18. | 2002, издавање и промоција на првото ЦД во Музеј на град Скопје | 8 |
| | **Вкупно:** | **144** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: **Учество во работата на комисии за државни и меѓународни натпревари по флејта** | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Член на жири-комисија (Државен натпревар за дувачи-Скопје, 2003 година) | 1 |
| 2. | Член на жири-комисија (Државен натпревар за дувачи-Скопје, 2006 година) | 1 |
| 3. | Член на жири-комисија (Државен натпревар за дувачи-Скопје, 2009 година) | 1 |
| 4. | Претседател на жири-комисијата на Меѓународниот натпревар по флејта „Даворин Јенко" - Р.Србија, Белград 2006 | 2 |
| 5. | Член на жири-комисија, Средби на флејтисти „Тахир Куленовиќ",Ваљево, Р.Србија, 2007 | 2 |
| 6. | Член на жири-комисијата на интернационалниот натпревар за млади музичари „Охридски бисери", 2007 | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| 7. | Прдседател на жири-комисијата на меѓународниот натпревар по флејта „Даворин Јенко" Р.Србија, Белград, 2009 | 2 |
| 8. | Член на жири-комисија, средби на флејтисти „Тахир Куленовиќ", Ваљево, Р.Србија, 2008 | 2 |
| 9. | Председател на жири-комисијата на меѓународниот натпревар за млади музичари „Петар Коњовиќ", Р.Србија, Белград, 2008 | 2 |
| 10. | Член на жири-комисија, средби на флејтисти „Тахир Коленовиќ", Ваљево, Р.Србија, 2009 | 2 |
| 11. | Член на жири-комисијата на Интернационалниот натпревар за млади музичари „Охридски бисери", 2009 | 2 |
| 12. | Председател на жири-комисијата на Меѓународниот натпревар за млади музичари „Петар Коњовиќ", Р.Србија, Белград, 2010 | 2 |
| 13. | Член на жири-комисија на средби на флејтисти „Тахир Коленовиќ", Ваљево, Р.Србија, 2006 | 2 |
| 14. | Член на жири-комисијата на 6. Интернационален натпревар „Даворин Јенко", Р.Србија, 2009 | 2 |
| | **Учество на меѓународни симпозиуми - семинари** | |
| 1. | Учесник на Семинарот за камерна музика во Дубровник, Р.Хрватска, 2003 | 1 |
| 2. | Активен учесник на Семинар за барокна и современа музика во Дубровник, Р.Хрватска, 2004 | 1 |
| 3. | Учесник на Семинар за барокна музика во Р.Бугарија, Патрик Галоа (Франција) и Алекс Мањен (Швајцарија) | 1 |
| | **Дејности од поширок интерес** | |
| 1. | Претседател на комисија за распределба на средства од национален интерес за музичко-сценска дејност при Министерството за култура на Р. Македонија | 4 |
| 2. | В.д. директор на Националната институција Македонска филхармонија | |
| 3. | Од 1998/9 магистратура на државната музичка академија „Панчо Владигеров" во Софија, Р.Бугарија | |
| | **Вкупно** | **32** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | 129,4 |
| НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 12 |
| СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ | 144 |
| СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ | 32 |
| **Вкупно** | **317,4** |

Рецензентска комисија,

Проф. м-р Гордана Јосифова Неделковска с.р.

Проф. м-р Билјана Јакимовска с.р.

Вонр. проф. м-р Васо Ристов с.р.

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА ДВАЈЦА НАСТАВНИЦИ ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА НАСТАВНИ ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА ТЕОРИЈАТА НА МУЗИКАТА СО КОМПОЗИЦИЈА, НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ – СКОПЈЕ

На конкурсот за избор на двајца наставници во сите наставно-научни звања по група наставни предмети од областа на теоријата на музиката со композиција на Факултетот за музичка уметност – Скопје, објавен во дневните весници „Дневник" и „Lajm" на 18.9.2010 година, се пријавија кандидатите м-р Дарија Андовска и м-р Сони Петровски.

Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за музичка уметност-Скопје, на седницата одржана на ден 22.9.2010 година, за членови на Рецензентската комисија за оцена на пријавените кандидати едногласно ги избра проф.Живојин Глишиќ, проф.д-р Томе Манчев и вонр.проф.м-р Јана Андреевска – Димитровска.

Врз основа на доставените материјали, како и врз основа на личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

## БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

**а) Дарија Андовска**

Кандидатката Дарија Андовска е родена 1979 година, во Скопје. Основно и средно музичко училиште како најдобар ученик во МБУЦ „Илија Николовски-Луј" завршила во Скопје. Во 2002 година дипломирала композиција на Факултетот за музичка уметност во Скопје, во класата на проф. Гоце Коларовски, кај кого и продолжила на магистерски студии. Од 2007 до 2009 година ги следела и со успех ги завршила магистерските студии на Цириршката висока школа за уметност во Швајцарија (современа композиција во класата на проф. Изабел Мундри, со супспецијалност за филмска музика и продукција во класата на Доменико Ферари и Андре Белмон).

Значаен дел во нејзиното образование како композитор и автор на мултимедијални проекти заземаат бројни работилници и мастер-класови во Охрид (1998-2002), Ст. Петербург, Русија (2000), Дрезден, Германија (2002-2005), Штутгарт - Schloss Solitude, Германија (2005), Berlinale Talent Campus - Берлин, Германија (2004, 2005, 2006); Цирих, Швајцарија (2007, 2008); Soloturn, Solothurner Filmtage- Швајцарија (2008, 2009); Фрајбург, MATRIX09-Германија (2009); Görlitz, Zgorzelec, Meeting point Messiaen- Германија - Полска. (2009) со значајни европски и светски композиторски имиња како K.Schwon, A. Shchetinsky, A. Radvilovitch, J. Woolrich, E. Gaudibert, K. H. Stahmer, M. Eggert, S. M. Slonimsky, A. Kasparov, A. Tarnopolsky, V. Ekimovsky, F. Sarhan, K. Tsepkolenko, J. Clarke, C. Fox, J. Walsh, S. K. Takasugi, M. Reudenbach, C. Czernowin, F. Roemer, I. Mundry, B. Ferneyhough, R. Sounders, A. R. Thomas, L. Ronchetti, S. Sciarrino, D. Ammann, F. Baumann, B. Skrzypcak, X. Dayer, и други.

Во текот на своето досегашно образование, Дарија Андовска била добитник на повеќе стипендии од домашни и странски институции: 2008- Министерство за култура, Македонија; 2007- 2009- Patenschaft Schliepper; 2007- pre-art foundation, Швајцарија : 2005- Schloss Solitude- Штутгарт, Германија; 2003- 2004- Министерство за култура, Македонија; 2003- Sachsisch Staaten, Германија;
1997- 2002- Министерство за образование, Македонија;

Освен како композитор, Дарија Андовска се истакнала и како автор на сценарија и корежисер (2004-2006), а работела и како музички менаџер, PR асистент и музички асистент за потребите на фестивалот 17. Dresdner Tage für zeitgenossische Musik, Германија (2003); како музички новинар на Македонското радио (2000) и музички продуцент во Радио и касетната продукција на МРТВ (2001); како дел од техничката служба во ЗАМП (Заштита на авторските мали права), Скопје (2006/2007).

**б) Сони Петровски**

Сони Петровски е роден на 4.1.1977 год. во Сиднеј, Австралија. Своето музичко образование го започнал во Средното музичко училиште во Битола. Во 2003 година дипломирал на Факултетот за музичка уметност во Скопје, на Одделот за композиција, во класата на проф. Гоце Коларовски. Во 2010 година на истиот Факултет успешно го одбранил својот магистерски труд по композиција во класата на вонр.проф.м-р Јана Андреевска - Димитровска.

Во текот на студиите учествувал на бројни семинари и работилници во Унгарија, Азербејџан и Македонија кај истакнати композитори и педагози, меѓу кои: Брајан Ферниху, Фарац Караев, Кшиштоф Мејер, Пјер Алаин Жафрену, Александар Шчетински, Александар Радвилович и други.

Во 2003 се вработил на Факултетот за музичка уметност во Скопје во звањето асистент по композиција и група теоретски предмети, каде што работи до денес.

## УМЕТНИЧКА АКТИВНОСТ

**а) Дарија Андовска**

Дарија Андовска е забележана од пошироката музичка јавност уште како студент, преку нејзините изведби на значајни фестивали во Албанија, Ерменија, Австрија, Азербејџан, Бугарија, Босна и Херцеговина, Грузија, Канада, Хрватска, Данска, Англија, Франција, Германија, Италија, Ирска, Полска, Македонија, Мексико, Норвешка, Романија, Русија, Словенија, Швајцарија, Шведска, Србија и Црна Гора, Украина. Подолу подетално се набројани изведбите на нејзините дела на значајни фестивали:

- "CONNECTED VESELS"- 1998, Скопје, Македонија
- "MUSICA VIVA"- 1997, 1998, 1999, 2000, 2001, 2002, Скопје, Македонија
- "ДЕНОВИ НА МАКЕДОНСКА МУЗИКА"1998, 1999, 2000, 2001, 2002, 2003, 2004, 2005, 2006, 2007, 2008, 2009, Скопје, Македонија
- "11TH INTERNATIONAL REVIEW OF COMPOSERS" 2002 Белград, Југославија;
- MITOST Projekt "16. DRESDNER TAGE FUR ZEITGENOSSISCHE MUSIK", 2002 Дрезден, Германија;
- "SONOR: DIALOGUE OF CULTURES"- 2003, Баку, Азербејџан;
- "TWO DAYS AND TWO NIGHTS OF NEW MUSIC", 2003, Одеса, Украина;
- "CERVANTINO FESTIVAL 2003", Гуанајато, Мексико;
- "SPAZIOMUSICA FESTIVAL 2003", Каглиари, Италија;
- "IRPINIA MUSIC FESTIVAL", 2003, Италија;
- "MUSIKPODIUM- DIGRESSIONS", 2004, Цирих, Швајцарија;
- "TWO DAYS AND TWO NIGHTS OF NEW MUSIC" 2004, Одеса, Украина;
- "18. DRESDNER TAGE FUR ZEITGENOSSISCHE MUSIK", 2004, Дрезден, Германија;
- " 13TH INTERNATIONAL REVIEW OF COMPOSERS", 2004, Белград, Србија и Црна Гора;
- WORLD NEW MUSIC DAYS: TRANSsit- Швајцарија, 2004;
- "MUSIC HARVEST", 2004, Оденсе, Данска;
- "ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ", 2005, Прилеп, Македонија;

- "СКОПСКО ЛЕТО", 2005, Скопје, Македонија;
- "THEATERFEST SARAJEVO", 2005, Сараево, Босна и Херцеговина;
- "СКОПСКО ЛЕТО", 2005, Скопје, Македонија;
- "SARAEVO FILM FEST", 2005, Сараево, Босна и Херцеговина;
- "MOT- Театарски фестивал", 2005, Скопје, Македонија;
- "DANSSTATIONEN", 2005, Малме, Шведска;
- Астер Филм Фест- 2005, Струмица, Македонија;
- 56th "BERLIN FILM FESTIVAL", 2006, Берлин, Германија;
- BRIDGE FILM FESTIVAL- 2006, Ванкувер, Канада;
- ReAnimacia Film Fest- 2006, Лоџ, Полска;
- Anonimul International Film Fest- 2006, Романија;
- 16th "WEEK OF CONTEMPORARY MUSIC" – 2006, Букурешт, Романија;
- 10 СКОПЈЕ ФИЛМ ФЕСТИВАЛ- 2007, Скопје, Македонија;
- MUSICA VIVA- International festival of new music- 2007, Минхен, Германија;
- "HAVE U MET NOSTI FESTIVAL"- 2007, Даблин, Ирска;
- "СКОПСКО ЛЕТО", 2008, Скопје, Македонија;
- "4th ATTITUDE FESTIVAL"- 2008, Битола, Македонија;
- "!8th INTERNATIONAL REVIEW OF COMPOSERS"- 2008, Белград, Србија;
- "МАКЕДОНСКА КУЛТУРА ВО БЕРЛИН"- 2008, Берлин, Германија;
- "5th ATTITUDE FESTIVAL"- 2009, Битола, Македонија;
- " 18TH INTERNATIONAL REVIEW OF COMPOSERS", 2009, Белград, Србија;
- "3rd SREBRENA TRAKA Festival"- 2009, Сребреница, Босна и Херцеговина;
- "ASIFA FESTIVAL Banjaluka2009"- 2009, Бања Лука, Босна и Херцеговина;
- "SMC Lausanne"- 2009, Лозана, Швајцарија;
- "FESTIVAL DER KUENSTE"- 2009, Цирих, Швајцарија;
-"ZEITGENOSSICSHE MUSIK IN ZURICH"- 2009, Цирих, Швајцарија;
-"CONVERGENCE Festival"- 2010, Ерменија, Грузија.

За своите дела Дарија Андовска добила неколку значајни признанија:

- "SIX HAIKU PIECES"- 1. награда МАКЕДОНСКА МУЗИЧКА МЛАДИНА, 2000;
- "NAME THIS FILM AFTER ME"- Номиниран најдобар краток филм Saraevo Film Festival, 2005;
- "IF YOU NEED ME"- еден од трите номинирани филмови за Berlin Today Award 2006, Berlin Film Festival;
- "IF YOU NEED ME"- 1. награда BRIDGE FEST- 2006, Ванкувер, Канада;
- "IN2ERrUPTION"- 2. награда International pre- art competition 2006;
- "IF YOU NEED ME"- номиниран најдобар краток филм Anonimul IFF- 2006, Романија.

Голем дел од нејзините дела се ставени на носачи на звук во Македонија и странство, од страна на:

- Македонската радио телевизија;
- Сојуз на композиторите на Македонија- ЦД: Антологија на македонска камерна музика;
- "11th International review of composers", Србија и Црна Гора;
- "16. Dresdner Tage für zeitgenossische Musik", Германија;
- "9th Two days and two nights", Украина;
- "Nuova Stradivarius" Label, Италија;
- "13th International review of composers", Србија и Црна Гора;
- "SONEMUS"- Pre-Art; Швајцарија;
- "Gramophon"- Босна и Херцеговина.

Дел од партитурите на Дарија Андовска се печатени од:
- Сојуз на композиторите на Македонија, Антологија на македонска камерна музика, Македонија,
- SORDINO- Швајцарија,
- NUOVA STRADIVARIUS- Италија.

**б) Сони Петровски**

Сони Петровски уште како студент е активен на сцената како композитор. Неговите дела се јавно изведувани во Македонија, но и пошироко. Меѓу бројните изведби би извоиле неколку:

- 18.8.1998, изведба на делото Господи Возвах за глас и пијано во Алтенбург, Германија. Изведено од Игор Дурловски (бас) и Курт Раф (пијано) на Altenburger Musikfestival.
- 12.12.2000, изведба на делото Вокализа за глас и пијано во Германија. Изведено во Korotan Konzertsaal од Ана Дурловски - Стаменковска (сопран) и Татјана Огнаноска (пијано)
- 15.4.2002, изведба на делото Брик-а-брак за соло-виолина во Киев, Украина. Изведено на фестивалот „Improvisational Roundabout" од Владимир Костов (виолина).
- 31.1.2003, изведба на делото Брик-а-брак во Виена, Австрија. Изведено во Bosendorfer Saal од Михајло Куфојанакис; организатор: СОКОМ.
- 27.3.2003, изведба на делото Концерт за виола и оркестар на „Денови на македонската музика" во Скопје. Изведено од Блерим Груби (виола) и Македонската Филхармонија.
- 30.3.2004, изведба на делото Концертна пиеса за пијано и гудачки оркестар на „Денови на македонската музика" во Скопје. Изведено од Марија Врпкова (пијано) и Битолскиот гудачки оркестар.
- 3.4.2005, изведба на делото Господи Возвах за бас, мешан хор и Ѕвона на на „Денови на македонската музика" во Скопје. Изведено од Игор Дурловски (бас) и хорот „Св.Злата Мегленска".
- 2.4.2008, изведба на делото Прелудиум за гудачки оркестар на „Денови на македонската музика" во Скопје. Изведено од Камерниот оркестар на Македонската филхармонија.
- 19.3.2009, изведба на делото Зодијак за симфониски оркестар на „Денови на македонската музика" во Скопје. Изведено со Македонската филхармонија.

Делата на Сони Петровски се изведувани од реномирани домашни и странски оркестри, ансамбли и солисти меѓу кои: Македонска филхармонија, Македонска опера и балет, „Солисти на ФМУ", Ансамбл за современа музика „Алеа", секстет „Глорија" (Украина), Иксиом ансамбл (Англија), Реконсил ансамбл (Австрија), Камерен оркестар на Словенечката филхармонија и други.

Покрај наведените изведби, неговите дела се изведени во Македонија, Бугарија, Косово, Србија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Австрија, Германија, Унгарија, Франција, Холандија, Англија, Полска, Русија, Украина, Данска, Италија, Канада, Нов Зеланд.

Добитник е на наградата "Панче Пешев" во 2009 година за композицијата "Зодијак" за симфониски оркестар, доделена од Сојузот на композиторите на Македонија – СОКОМ.

## ПЕДАГОШКА ДЕЈНОСТ

**а) Дарија Андовска**

Уште во текот на студиите, кандидатката Андовска била ангажирана како демонстратор по група теоретски предмети на Одделот за музичка теорија и педагогија на Факултетот за музичка уметност во Скопје. Во 2003 година била примена како помлад асистент, а од 2006 до денешен ден со успех работи како асистент на ФМУ - Скопје, по предметите: музички форми со анализа, основи на музучките форми со анализа, хармонска анализа, аналитичка хармонија, полифона композиција, применета музика, вокална и инструментална полифонија.

**б) Сони Петровски**

Уште како студент, Сони Петровски е ангажиран од Факултетот за музичка уметност во Скопје како демонстратор по предметите музички форми со анализа и полифона композиција. Работел како демонстратор 3 години непосредно пред вработувањето на ФМУ во 2003 година.

Од 2003 до 2006 бил помлад асистент, а од 2006 асистент. Петровски покажал интерес кон голем број наставни предмети од областа на теоријата на музиката: полифона композиција, музички форми со анализа, вокална полифонија, инструментална полифонија, структура на музичкото дело и хармонска анализа.

Во периодот 2006-2008 предавал композиција во Средното музичко училиште во Битола.

## ЗАКЛУЧОК

Со оглед на горенаведеното и врз основа на доставената документација и следењето на уметничката и педагошката дејност на кандидатите, Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за музичка уметност-Скопје, м-р Дарија Андовска и м-р Сони Петровски да бидат избрани за наставници по група наставни предмети од областа на теоријата на музиката со композиција, во звањето доцент.

**Рецензентска комисија**

**Проф. Живојин Глишиќ** **с.р.**

**Проф.д-р Томе Манчев** **с.р.**

**Вонр. проф.м-р Јана Андреевска-Димитровска** **с.р.**

АНЕКС 2

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:**
**м-р Сони Петровски**
**Институција:**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј"- Скопје, Факултет за музичка уметност- Скопје**
**Научна област:**
**теорија на музиката со композиција**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Вежби 1 циклус студии (14 часа неделно), 03/04 | 12,6 |
| 2. | Вежби 1 циклус студии (14 часа неделно), 04/05 | 12,6 |
| 3. | Вежби 1 циклус студии (14 часа неделно), 05/06 | 12,6 |
| 4. | Вежби 1 циклус студии (16 часа неделно), 06/07 | 14,4 |
| 5. | Вежби 1 циклус студии (16 часа неделно), 07/08 | 14,4 |
| 6. | Вежби 1 циклус студии (22 часа неделно), 08/09 | 19,8 |
| 7. | Вежби 1 циклус студии (15 часа неделно), 09/10 | 13,5 |
| | **Вкупно** | **99,9** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Одбранета магистерска работа | 4 |
| | **Вкупно** | **4** |

## СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. Број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| | Некои од јавно изведените дела | |
| 1. | 18.8.1998, изведба на делото Господи Возвах за глас и пијано во Алтенбург, Германија | 8 |
| 2. | 15.4.2002, изведба на делото Брик-а-брак на фестивал во Киев, Украина | 8 |
| 3. | 12.12.2000, изведба на делото Вокализа за глас и пијано во Германија | 8 |
| 4. | 31.1.2003, изведба на делото Брик-а-брак во Виена, Австрија | 8 |
| 5. | 27.3.2003, изведба на Концерт за виола и оркестар на „Денови на македонската музика", Скопје | 8 |
| 6. | 30.3.2004, изведба на Концертна пиеса за пијано и гудачки оркестар на „Денови на македонската музика"; Скопје | 8 |
| 7. | 3.4.2005, изведба на „Господи Возвах" за соло бас, меан хор и ѕвона на „Денови на македонската музика", Скопје | 8 |
| 8. | 2.4.2008, изведба на „Прелудиум" за гудачки оркестар на „Денови на македонската музика", Скопје | 8 |
| 9. | 19.3.2009, изведба на „Зодијак" за симфониски оркестар на „Денови на македонската музика", Скопје | 8 |
| | **Вкупно** | **72** |

## СТРУЧНО – АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. Број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Награда за постигнувања од струкова организација<br>(награда „Панче Пешев" на Сојузот на композиторите на Македонија за 2009) | 3 |
| | **Вкупно** | **3** |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 99,9 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 4,0 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | 72,0 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 3,0 |
| **Вкупно** | **177,9** |

АНЕКС 2

## ОБРАЗЕЦ
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:**
**м-р Дарија Јован Андовска**
**Институција:**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј"- Скопје, Факултет за музичка уметност- Скопје**
**Научна област:**
**теорија на музиката со композиција**

### НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Вежби 1 циклус студии , вежби хармонска анализа и музички форми (10 часа неделно), 2003/2004 | 9 |
| 2. | Вежби 1 циклус студии , вежби хармонска анализа и музички форми (12 часа неделно), 2004/2005 | 10,8 |
| 3. | Вежби 1 циклус студии , вежби хармонска анализа и музички форми (10 часа неделно), 2005/2006 | 9 |
| 4. | Вежби 1 циклус студии , вежби хармонска анализа, полифонија, музички форми (18 часа неделно), 2006/2007 | 16,2 |
| 6. | Вежби 1 циклус студии, вежби по Основи на музички форми со анализа, хармонска анализа, аналитичка хармонија, применета музика (20 часа неделно), 2009/2010 | 18 |
| | **Вкупно** | **63** |

### НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Одбранета магистерска работа | 4 |
| 2 | Предавање по покана на ZHdK, Цирих, 2009 | 1 |
| 3. | MUSICPOINT MESSIAEN 2009- предавање на научен/ стучен собир со меѓународно учество | 1 |
| | **Вкупно** | **6** |

### СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | 7.10.2002- Dresdner Tage der zeitgenossischen Musik, Дрезден, Германија - изведба на Oddysey Balkanica- Македонија 2001 | 8 |
| 2. | 15.5.2002- 11. Меѓународна трибина на композитори- Белград, Србија- изведба на Six Haiku pieces | 8 |
| 3. | 28.10.2003- Festival Internacional Cervantino- Мексико, изведба на Calypso | 8 |

| | | |
|---|---|---|
| 4. | 15.4.2004- Digressions, Берн, Швајцарија- изведба на Lilith | 8 |
| 5. | 25.4.2004- Two days and two nights festival, Одеса, Украина- изведба на Illuminations | 8 |
| 6. | 12.11.2004- Musikhost festival, Оденсе, Данска- изведба на Status Quo | 8 |
| 7. | 6.10.2005- Dresdner Tage der zeitgenossischen Musik, Дрезден, Германија- изведба на pass_PORT project | 8 |
| 8. | 24.11.2005- HWE dance Balkan/Nordic- Малме, Шведска- изведба на OUCH- COUCH | 8 |
| 9. | 28.10.2006- Стокхолм, Шведска- изведба на DOrMIrNO | 8 |
| 10 | 11.2.2006- Internationale Filmfestspiele, Берлин, Германија- изведба на If you need me | 8 |
| 11. | 18.2.2008- JeunEst, Цирих, Швајрација- изведба на OFF, Oblivions и Farewell | 8 |
| 12. | 23.5.2008- Цирих, Швајцарија- изведба на Eudynia | 8 |
| 13. | 4- 8.4.2009- Theater der Kunste, Цирих, Швајцарија- изведба на Johannes 1:1 | 8 |
| | **Вкупно** | **104** |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | Поени |
|---|---|
| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | 63 |
| НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 6 |
| СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ | 104 |
| **Вкупно** | **173** |

**Рецензентска комисија**

**Проф. Живојин Глишиќ с.р**

**Проф.д-р Томе Манчев с.р.**

**Вонр. проф.м-р Јана Андреевска-Димитровска с.р.**

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН УМЕТНИЧНИ СОРАБОТНИК НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ-СКОПЈЕ

На конкурсот за избор на еден уметнички соработник на Факултетот за музичка уметност-Скопје објавен на 18. 9.2010 год. во дневните весници „Дневник" и „Лајм", се пријави уметничкиот соработник м-р Сара Пројковска-Николовска.

За оцена на кандидатката пријавена на конкурсот, Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за музичка уметност-Скопје, на седницата одржана на 22.09.2010 год., донесе решение за формирање на Рецензентска комисија во состав:

- проф.Јован Каровски
- вон.проф.м-р Зоран Пехчевски
- проф.Велко Тодевски

По увидот во доставената документација, Рецензентската комисија за кандидатката м-р Сара Пројковска-Николовска го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

**Биографски податоци**

М-р Сара Пројковска-Николовска е родена на 30.12.1977 год. во Скопје. Основното музичко образование го започнала во МБУЦ„Илија Николовски-Луј" во Скопје, во класата на проф. Драгољуб Апостолов и проф. Катерина Костадиновска. Средното и високото образование ги завршила кај проф. Борис Романов, кај кого и дипломира во 2000 год. Запишала постдипломски студии на отсекот корепетиција во класата на проф. Јасминка Чакар, под чие менторство магистрира во 2008 год.

До 1998 год. активно учествувала на семинарите на проф. Борис Романов, а учествувала и на меѓународниот семинар во Брно, Р.Чешка, под раководство на проф. Јиржи.Сковајса. Има остварено професионални контакти со Павел Јонеску, Евгениј Корољов, Марлена Кискин, Оливера Марковиќи др.

Настапува како солист и како член на камерни состави во повеќе градови низ Македонија, во склоп на програмата на: Салон 19'19, Скопско лето, Охридско лето, Денови на македонската музика, како и бројни настапи надвор од државата: Денови во чест на св. Кирил во Рим и Сан Бартоломео ал Маре (Р. Италија), Пловдив, Стара Загора, Софија (Р.Бугарија), Истанбул (Р.Турција), Париз (Р. Франција) итн.

Има освоено награди на домашни и меѓународни натпревари за пијано: прва награда на Републичкиот натпревар по пијано во Скопје (1988), прва награда на третиот натпревар по пијано во Скопје (1989), втора награда за интерпретација на натпреварот „Мусица Вива" во Струга и наградата „26 Јули – Франк Манинг" за најдобар студент (2000). Учествувала на бројни натпревари како пијано-придружба каде што со кандидатите забележуваат високи резултати. Од нив се издвојуваат: три први награди на 3 Меѓународен натпревар за дувачки и ударни

инструменти и пијано - придружба во 2001 год. Стара Загора (Р.Бугарија), три први награди на Меѓународниот натпревар за дувачки и ударни инструменти за сениори „Ровере д'Оро" и три први, четири втори и две трети награди за јуниори „Гиовани таленти"(2001 и 2002), три први и една трета награда на меѓународниот натпревар за флејтисти во Ваљево, Р.Србија.

Реализација на тонски и видео - записи за МРТВ.

**Педагошка дејност**

За време на студиите од трета и четврта година, па се до 2001 год. ангажирана е во наставата по пијано во МБУЦ „Илија Николовски-Луј" во Скопје. Учениците од нејзината класа земаат активно учество во сите активности на Одделот за пијано: новогодишни концерти, јавни часови и натпревари.

Во моментов работи како уметнички соработник на ФМУ-Скопје со активно учество во наставниот процес и придонес во дообликувањето на делата кои студентите ги изведуваат.

**Уметничка дејност**

Благодарение на можноста своето образование да го стекне кај професори кои имаат богато педагошко, уметничко и изведувачко искуство, може подготвено да им излезе во пресрет на сите обврски и ангажмани кои и ги налага работното место и ја користи можноста понатаму да се надградува како пијанист-изведувач. Во прилог ќе бидат наведени реализираните настани во периодот од 2007 год. до денес:

- 1.10.2007 - свечен концерт по повод почетокот на учебната година;
- 22. 3.2007 - свечен концерт на класата по дувачки инструменти;
- 12. 6.2007 – дипломски испит на Гоце Цоневски-труба, во класата на проф.м-р Васо Ристов;
- 12. 6.2007 – дипломски испит на Трајче Велков-труба, во класата на проф.м-р Васо Ристов;
- 12. 6.2007 – дипломски испит на Илија Наумовски-труба, во класата на проф.м-р Васо Ристов;
- 15. 6.2007 – дипломски испит на Ферсиан Зекиров-труба, во класата на проф.м-р Васо Ристов;
- 27.6.2007 – постдипломски испит (прв дел од втора година) на кандидатката, во соработка со Петруш Петрушевски-контрабас; 10. 1.2007 – концерт на класите по труба, хорна и тромбон;
- 24.6.2008 – магистерски испит на кандидатката, во соработка со Александар Златески-труба и Енис Мехмедов-тромбон;
- 22.12.2008 – продукција на лимени дувачки инструменти;
- 27. 5.2008 – концерт на Катедрата за гудачки инструменти, харфа и гитара.

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ПО НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ ПИЈАНО И ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ ПИЈАНО - ПРИДРУЖБА НА НАСТАВНИТЕ ПРЕДМЕТИ МЕТОДИКА НА КЛАСИЧЕН БАЛЕТ СО ПИЈАНО-ПРИДРУЖБА, КАРАКТЕРНИ ИГРИ СО ПИЈАНО-ПРИДУЖБА, ИСТОРИСКИ ИГРИ СО ПИЈАНО-ПРИДРУЖБА И ДУЕТЕН ТАНЦ СО ПИЈАНО-ПРИДРУЖБА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ ВО СКОПЈЕ

На конкурсот за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по наставниот предмет пијано и за изведување пијано - придружба на наставните предмети методика на класичен балет со пијано - придружба, карактерни игри со пијано - придгужба, историски игри со пијано - придружба и дуетен танц со пијано - придружба на Факултетот за музичка уметност во Скопје, објавен во дневните весници „Дневник" и „Lajm" на 18. 9.2010 година, се пријави единствено кандидатката м-р Нина Костова.

Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за музичка уметност-Скопје, на седницата одржана на 22.9.2010 година, за членови на Рецензентската комисија за оцена на пријавените кандидати едногласно ги избра проф.Борис Романов, проф.м-р Евушка Елезовиќ и вонр.проф.м-р Зоран Пехчевски.

Врз основа на доставените материјали, како и врз основа на личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

## БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Нина Костова – Јаневска е родена на 20. 11. 1981 година во Скопје.

Музичкото образование го започнала на седумгодишна возраст во класата по пијано на проф.м-р Евушка Трпкова – Елезовиќ во ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј", Скопје. Од 1991 до 1994 година учела во класата по пијано на проф. Људмила Романова, каде што и го завршила основното музичко образование. Средното образование го завршува со континуирано одличен успех при ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј", работејќи во класата по пијано на проф. Борис Романов. Дипломира во класата по пијано на проф. Борис Романов на Факултетот за музичка уметност во Скопје во 2004 година. На испитите по пијано во трета и четврта година, како и на дипломскиот испит, доделена и е посебна пофалба (оценка 10 cum laude). Магистрира во класата по пијано на проф. Борис Романов во 2006 година, со посебна пофалба cum laude. Од учебната 2006/07 година, е наставник по пијано во ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј" во Скопје.

Во периодот од 1991 до 2010 година, учесник е на сите меѓународни семинари по пијано под раководство на проф. Борис Романов одржани во Охрид, како и на меѓународните семинари во Пловдив, Бутарија и во Белград, Србија. Исто така, настапила на сите завршни концерти од овие семинари.

За време на своето музичко образование континуирано учествува на национални и меѓународни натпревари по пијано и редовно постигнува високи резултати:

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ПО НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ ПИЈАНО И ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ ПИЈАНО - ПРИДРУЖБА НА НАСТАВНИТЕ ПРЕДМЕТИ МЕТОДИКА НА КЛАСИЧЕН БАЛЕТ СО ПИЈАНО-ПРИДРУЖБА, КАРАКТЕРНИ ИГРИ СО ПИЈАНО-ПРИДУЖБА, ИСТОРИСКИ ИГРИ СО ПИЈАНО-ПРИДРУЖБА И ДУЕТЕН ТАНЦ СО ПИЈАНО-ПРИДРУЖБА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ ВО СКОПЈЕ

На конкурсот за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по наставниот предмет пијано и за изведување пијано - придружба на наставните предмети методика на класичен балет со пијано - придружба, карактерни игри со пијано - придгужба, историски игри со пијано - придружба и дуетен танц со пијано - придружба на Факултетот за музичка уметност во Скопје, објавен во дневните весници „Дневник" и „Lajm" на 18. 9.2010 година, се пријави единствено кандидатката м-р Нина Костова.

Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за музичка уметност-Скопје, на седницата одржана на 22.9.2010 година, за членови на Рецензентската комисија за оцена на пријавените кандидати едногласно ги избра проф.Борис Романов, проф.м-р Евушка Елезовиќ и вонр.проф.м-р Зоран Пехчевски.

Врз основа на доставените материјали, како и врз основа на личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

## БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Нина Костова – Јаневска е родена на 20. 11. 1981 година во Скопје.

Музичкото образование го започнала на седумгодишна возраст во класата по пијано на проф.м-р Евушка Трпкова – Елезовиќ во ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј", Скопје. Од 1991 до 1994 година учела во класата по пијано на проф. Људмила Романова, каде што и го завршила основното музичко образование. Средното образование го завршува со континуирано одличен успех при ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј", работејќи во класата по пијано на проф. Борис Романов. Дипломира во класата по пијано на проф. Борис Романов на Факултетот за музичка уметност во Скопје во 2004 година. На испитите по пијано во трета и четврта година, како и на дипломскиот испит, доделена и е посебна пофалба (оценка 10 cum laude). Магистрира во класата по пијано на проф. Борис Романов во 2006 година, со посебна пофалба cum laude. Од учебната 2006/07 година, е наставник по пијано во ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј" во Скопје.

Во периодот од 1991 до 2010 година, учесник е на сите меѓународни семинари по пијано под раководство на проф. Борис Романов одржани во Охрид, како и на меѓународните семинари во Пловдив, Бугарија и во Белград, Србија. Исто така, настапила на сите завршни концерти од овие семинари.

За време на своето музичко образование континуирано учествува на национални и меѓународни натпревари по пијано и редовно постигнува високи резултати:

- 1995, Диплома-пофалница од н
- 1996, четврта награда на нат категорија до 32 години);
- прва специјална награда на музика на Сојузот на музички п
- 1997, трета награда на натпрева

Во академските 2004-2005 го демонстратор по пијано на Ка Факултетот за музичка уметност во

Нина Костова – Јаневска в дисертација на Факултетот за музи

**УМЕТНІ**

ЦЕЛОВЕЧЕРНИ РЕЦИТАЛИ И ПО

1997, Битола, сала на Домот на кул
1997, Скопје, Музеј на град Скопје
1997, Лондон, Сент Џајлс капелата
1999, Скопје, Уметничка галерија „
2004, Скопје, Сала на ФМУ
2006, Скопје, Сала на ФМУ
2006, Скопје, Музеј на град Скопје
2007, Тетово, Музичко училиште „
2007, Кавадарци, Музичко училиш
2007, Гевгелија, хотел „Југо"

СОЛИСТИЧКИ НАСТАПИ СО ОРК

1998, Охрид, „Охридско лето", кам
Диригент: Едуард Грач
1998, Пловдив, Младински симфон
Диригент: Пламен Прванов
1999, Скопје, Младински симфони
Диригент: Пламен Прванов
2000, Скопје, Македонска филхарм
Диригент: Леонид Николаев
2001, Скопје, Македонска филхарм
Диригент: Леонид Николаев
2002, Скопје, Македонска филхарм
Диригент: Александар Лековски
2002, Охрид, „Охридско лето", Кам
2006, Скопје, Симфониски оркеста
Диригент: Саша Николовски-Ѓума
2006, Скопје, Македонска филхарм
Диригент: Борјан Цанев

НАСТАПИ НА ГОСТУВАЊА И ФЕСТ

1996, Охридско лето, завршен конце
раководство на проф. Борис Романо
1996, Париз, Конзерваториум Курбе
1996, БЕМУС, Белград,
1997, Охридско лето, завршен конце
раководство на проф. Борис Романо
1997, Скопско лето
1998, Охридско лето, завршен конце
раководство на проф. Борис Романо
1999, Охридско лето, завршен конце
раководство на проф. Борис Романо
2001, Охридско лето, завршен конце
раководство на проф. Борис Романо
2002, Охридско лето, завршен конце
раководство на проф. Борис Романо
2003, Охридско лето, завршен конце
раководство на проф. Борис Романо
2004, Охридско лето, завршен конце
раководство на проф. Борис Романо
2004, завршен концерт на Семинаро
Борис Романов, Белград
2005, Охридско лето, завршен конце
раководство на проф. Борис Романо
2005, завршен концерт на Семинаро
Борис Романов, Белград
2006, Охридско лето, завршен конце
раководство на проф. Борис Романо
2006, завршен концерт на Семинаро
Борис Романов, Белград
2008, Охридско лето, завршен конце
раководство на проф. Борис Романо
2010, Охридско лето, завршен конце
раководство на проф. Борис Романо

Кандидаткат остварила бројн
ДМБУЦ, како и концертни гостувања
Србија, Турција и Велика Британија.

Исто така, оставарила Настап
Борис Романов на ФМУ, во рамките

ПРЕГЛЕД НА ОБЈАВЕНИТЕ РЕЦЕН

јуни 1997; Вечер
*"Известуваме од Лондон"*
Ж. Скерлев

НАСТАПИ НА ГОСТУВАЊА И ФЕСТИВАЛИ

1996, Охридско лето, завршен концерт на семинарот по пијано под раководство на проф. Борис Романов
1996, Париз, Конзерваториум Курбевуа
1996, БЕМУС, Белград,
1997, Охридско лето, завршен концерт на Семинарот по пијано под раководство на проф. Борис Романов
1997, Скопско лето
1998, Охридско лето, завршен концерт на Семинарот по пијано под раководство на проф. Борис Романов
1999, Охридско лето, завршен концерт на Семинарот по пијано под раководство на проф. Борис Романов
2001, Охридско лето, завршен концерт на Семинарот по пијано под раководство на проф. Борис Романов
2002, Охридско лето, завршен концерт на Семинарот по пијано под раководство на проф. Борис Романов
2003, Охридско лето, завршен концерт на Семинарот по пијано под раководство на проф. Борис Романов
2004, Охридско лето, завршен концерт на Семинарот по пијано под раководство на проф. Борис Романов
2004, завршен концерт на Семинарот по пијано под раководство на проф. Борис Романов, Белград
2005, Охридско лето, завршен концерт на Семинарот по пијано под раководство на проф. Борис Романов
2005, завршен концерт на Семинарот по пијано под раководство на проф. Борис Романов, Белград
2006, Охридско лето, завршен концерт на Семинарот по пијано под раководство на проф. Борис Романов
2006, завршен концерт на Семинарот по пијано под раководство на проф. Борис Романов, Белград
2008, Охридско лето, завршен концерт на Семинарот по пијано под раководство на проф. Борис Романов
2010, Охридско лето, завршен концерт на Семинарот по пијано под раководство на проф. Борис Романов

Кандидаткат остварила бројни настапи на заеднички концерти на ДМБУЦ, како и концертни гостувања во име на оваа институција во Бугарија, Србија, Турција и Велика Британија.

Исто така, оставарила Настапи на сите концерти на класата на проф. Борис Романов на ФМУ, во рамките на концертниот циклус „Musica Viva“.

ПРЕГЛЕД НА ОБЈАВЕНИТЕ РЕЦЕНЗИИ

јуни 1997; Вечер
*“Известуваме од Лондон”*
Ж. Скерлев

август 1998; Дневник
*"Бравурозна изведба на младите таленти"*
Марко Коловски

април 2000; Пулс
*"Саем на духот"*
Снежана Анастасова-Чадиковска

април 2000; Нова Македонија
*"Прекрасна свечаност"*
Костадин Костадиновски

април 2000; Нова Македонија
*"Овации за тројцата млади пијанисти"*
Марко Коловски

април 2000; Дневник
*"Извонредни солисти"*
Слаѓана Јовановиќ

април 2002; МРТ
*"Аплауз 10 минути"*
Марко Коловски

декември 2006; Нова Македонија
*"Креативен настап на пијанистката Нина Костова-Јаневска"*
Костадин Костадиновски

## ПЕДАГОШКА ДЕЈНОСТ

Педагошката искуство кандидатката Нина Костова-Јанкова го стекнува во ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј" во Скопје, каде што од учебната 2006-2007 година работи како наставник по пијано. Од приложените материјали може да се заклучи дека педагошката дејност ја остварува со голем успех, за којшто сведочат наградите што 4 нејзини ученици ги имаат освоено на државни и меѓународни натпревари во периодот од 2007 до 2010 година.

Во академските 2004/2005 и 2005/2006 год. вклучена е во образовниот процес на Факултетот за музичка уметност како демонстратор по наставниот предмет пијано, при што своите задачи и обврски успешно и навремено ги завршува.

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на доставените материјали и документација, како и личното познавање на кандидатката и можноста за непосредно следење на нејзиниот музички развој, Рецензентската комисија го дава следниов заклучок:

Нина Костова – Јаневска уште на самиот почеток на своето музичко образование се истакнува и се издвојува со надареноста и сериозноста во пристапот кон работата за усвојување на сите неопходни навики и елементи

за успешно навлегување во сферата на пијанистичката уметност. Таа е веќе дваесет години, низ сите етапи на своето музичко образование, присутна и активна на музичката сцена во Република Македонија и во странство, забележувајки високи резултати, а со тоа подигнувајќи ги стандардите и нивото кои подразбираат успешен пијанистички и музички настап. Нејзината темелна и извонредна професионална едуцираност во континуитет, заедно со посветеноста и самопрегорноста во непрекинатото самоусовршување, резултираат со формирање на една комплетна и изградена музичка личност, афирмиран пијанист којшто со својата креативност, искуство и знаење може да даде голем придонес во образованието на студентите на Факултетот за музичка уметност. Сето ова, заедно со скромното, но многу успешно педагошко искуство, гарантира дека таа достојно и со високо ниво на професионалност може да ги реализира сите пред неа поставени задачи и обврски.

Затоа, Рецензентската комисија, со голема чест и задоволство, му предлага на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за музичка уметност во Скопје да ја избере Нина Костова – Јаневска за наставник по наставниот предмет пијано и за изведување пијано-придружба на наставните предмети методика на класичен балет со пијано-придружба, карактерни игри со пијано-придужба, историски игри со пијано-придружба и дуетен танц со пијано-придружба, во звањето доцент.

**Рецензентска комисија**

1. Проф.Борис Романов с.р.

2. Проф. м-р Евушка Елезовиќ с.р.

3. Вонр.проф.м-р Зоран Пехчевски с.р.

АНЕКС 2

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:**
**м-р Нина Костова-Јаневска**
**Институција:**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј"- Скопје, Факултет за музичка уметност- Скопје**
**Научна област: Пијано**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | | |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Одбранета магистерска работа | 4 |
| | **Вкупно** | **4** |

## СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | 1997, рецитал во Лондон, Сент Џајлс катедрала, Барбикан центар | 8 |
| 2. | 1998 , солист со Камерен оркестар „Московија" на Охридско лето | 8 |
| 3. | 1998, солист со Младински симфониски оркестар „Добрин Петков", Пловдив, Бугарија | 8 |
| 4. | 1999, рецитал во Скопје, Уметничка галерија „Даут пашин амам" | 8 |
| 5. | 1999, солист со Младински симфониски оркестар „Добрин Петков", Скопје, Дом на АРМ | 8 |
| 6. | 2000, солист со Македонска филхармонија, Дом на АРМ, Скопје | 8 |
| 7. | 2001, солист со Македонска филхармонија, Дом на АРМ, Скопје | 8 |
| 8. | 2002, солист со Македонска филхармонија, Дом на АРМ, Скопје | 8 |

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА НАСТАВНИ ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА ТЕОРИЈАТА НА МУЗИКАТА СО КОМПОЗИЦИЈА И СОЛО-ПЕЕЊЕ, НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ – СКОПЈЕ

На конкурсот за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по група наставни предмети од областа на теоријата на музиката со композиција и соло-пеење, на Факултетот за музичка уметност – Скопје, објавен во дневните весници „Дневник" и „Lajm" на ден 18.09.2010 година, се пријави единствено кандидатот д-р Горан Начевски.

Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за музичка уметност-Скопје, на седницата одржана на ден 22.9.2010 година за членови на Рецензентската комисија за оцена на пријавениот кандидат едногласно ги избра проф.д-р Томе Манчев, вонр.проф.м-р Јана Андреевска – Димитровска и проф.м-р Билјана Јакимовска.

Врз основа на доставените материјали, како и врз основа на личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

## БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ ЗА КАНДИДАТОТ

Кандидатот д-р Горан Начевски е роден 1978 год. во Скопје, каде што го завршил средното музичко училиште на два оддела: инструментален (соло-пеење) и наставно-теоретски (композиција кај проф. д-р Томе Манчев), во МБУЦ-Скопје и добил диплома „Континуиран одличен успех" по сите наставни предмети и проширени знаења во областа на наставно теоретските предмети и соло-пеење. Во 2000, Начевски магистрирал композиција (класа проф. Милан Славицки) на ФМУ во Прага, Чешка Република, со највисока оцена десет (10) , а во 2001 магистрирал соло пеење на истиот Факултет кај проф. Рене Тучек, исто така со највисока оценка (10).

Во 2001 год. запишал редовни докторски студии на отсекот Теорија на музика со специјализација од областа теорија на композицијата кај проф. Милан Славицки. Во јануари 2006 успешно ја одбранил докторската дисертација „Развојот на композициската техника на Витолд Лутославски и нејзиното влијание врз музиката во втората половина на 20-от век". За време на докорските студии Начевски посетувал предавања и семинари на отсекот по музикологија на Филозофскиот факултет при Карловиот универзитет во Прага, а како дополнително уметничко дело ја пишува композицијата „Решение" за симфониски оркестар.

Добитник е на престижната чешка награда „Гидеон Клајн" за композитори, за магистерското дело - кантатата „Како молитва" за баритон и симфониски оркестар, изведена во Рудолфинум - Прага во ноември 1999.

Редовен член е на Сојузот на композиторите на Македонија, како и на Собранието на ЗАМП.

## УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

Без претходно нижо музичко образование, Горан Начевски е примен во МБУЦ - Скопје како исклучителен талент, најпрво изучувајќи факултативно композиција, а потоа паралелно и соло-пеење. За време на десетгодишните студии во Прага се оформува како уметник, кој успешно ги синтетизира двете, навидум неповрзани сфери - оперското пеење и музичкото творештво. Неговите дела се изведувани на сите концерти на Катедрата за композиција при ФМУ во Прага. Како студент, настапувал во рамките на Оперското студио, а реализирал и неколку целовечерни рецитали, меѓу кои и магистерскиот рецитал во април 2001. По враќањето во Македонија, Начевски се вработува како солист - баритон, носител на најсложени улоги при Македонската опера и балет - Скопје, а настапува и како концертен пејач со повеќе целовечерни рецитали во организација на најафирмираните домашни фестивали и концертни дирекции. Неговите дела редовно се изведуваат на фестивалот „Денови на македонската музика", на кој често настапува и како вокален солист, промовирајќи го македонското вокално музичко творештво.

Од своето прво деби како солист во МОБ - Скопје во 2006, за кус период од три години остварил 14 главни улоги: Шарплес, Марчело, Жермон, Амонасро, Гроф Луна, Ренато, Белкоре, Енрико, Тадео, Дон Естобан, Црнољуб, Алфио, Тонио, соло во Кармина Бурана, а забележително е неговото гостување во Хрватско народно Казалиште - Загреб како Марчело во операта „Боеми", на 3. март 2010 год. Два пати учествувал на отворањето на Деновите на македонската музика, а остварил и три целовечерни рецитали во рамките на Есенски музички свечености 2006, Охридско лето 2009 и во Музеј на град Скопје (КИЦ, сезона 2009).

Досегашен музички опус (во заграда се изведбите на делата):

Три минијатури за пијано
Три минијатури за виолина и пијано
Скерцо за пијано соло
Песна за мојата земја за баритон и пијано (сопствена изведба, Калабрија, Италија '95)
Балада за времето - три соло-песни (ДММ 1994, студиска снимка МРТ, 1995)
Трио за флејта, обоа и виолончело (ДММ 2006)
Гудачко трио (ФМУ Прага 1996, ДММ 1999)
Дувачки квинтет 1996 (ДММ 2003)
Есенска молитва - циклус 3 песни за баритон и пијано (Прага 1996, Виена и Скопје '97)
Фантазија за соло оргуљи (ФМУ Прага 1997, Ленка Гајдошова - оргуљи)
Увертира „Храдебни" за симфониски оркестар (Прага 1998)
Елегија за гудачи (Прага 1999/2х/, 2000 Скопје - снимено на ЦД за МММ)
Пет етиди за труба и харфа
Свита за удиралки, виолончело и пијано
Стара свита за пијано соло
Седум афоризми за пијано (Прага 1999, ДММ 1999, дипл. конц. на И. Виденовиќ 2000)
Кантата „Како молитва" за баритон и симфониски оркестар (Прага-Рудолфинум 1999)
Шест разговори и фуга за виолина и пијано (ДММ 2005 - снимено на ЦД - СОКОМ)
„Решение" за симфониски оркестар 2003
Еден став за гудачки квартет 2008 (ДММ 2009 - квартет „Еквилибриум")
Три религиозни соло песни 2009 (ДММ 2010 како Три пиеси за баритон и пијано)

Вокални изведби (оперски претстави, рецитали, концерти):

1992-1995: редовни концерти на вокалната класа при МБУЦ - Скопје
мај 1995 - матурски концерт по соло пеење во „Даутпашин амам" - Скопје
септември 1996 - полурецитал со А. Каптелова во „Даутпашин амам" - Скопје
24. 5.1997 - Концерт на класата по комозиција од Прага на Музичката Академија во Виена - сопствена изведба на циклусот „Есенска молитва"
1998-2000 - три редовни годишни рецитали на ФМУ-Прага во рамки на студиите
18.4.2001 - магистерски концерт - рецитал по соло-пеење на ФМУ-Прага
3.3.2001 - полурецитал во М. Требова, Чешка (со Е. Вајсова - мецосопран)
1996 - 2001 - настапи во рамките на Оперското студио при ФМУ во Прага: проект Вива Верди - арии и ансамбли од Бал под маски (Ренато), Риголето и Дон Карлос (Поза); улоги во оперите Гласот на шумата, Комедија на мостот и Приказни за Марија од Б. Мартину, со кои гостува во Народен театар - Прага, Моцартов театар - Прага и Театар Усти над Лабем, Чешка
2005 - ноември, месечна турнеја во Јапонија со Државната опера во Прага (Аида)
24.3.2006 - деби во МОБ како Шарплес („Мадам Батерфлај")
9.5.2006 - деби како Амонасро (Аида) - отворање на Мајски оперски вечери 2006
21.6.2006 - деби соло во „Кармина Бурана" во МОБ (отворање на Скопско лето 2006)
јули 2006 - Скопско и Охридско лето: соло со хорот „Рустико" (Аврамовски Црно писмо)
19.9.2006 - Гала оперски концерет во МОБ (Пролог од Пајачи)
10.11.2006 - за прв пат како Жермон во „Травијата" (МОБ)
17.11.2006 - целовечерен рецитал на Есенски музички свечености (Даутпашин амам)
29.11.2006 - Шарплес во М. Батерфлај (МОБ, затворање на Есенски муз. свечености)

16.2.2007 - деби како Гроф Луна во „Трубадур“ (МОБ)
9.3.2007 - деби како Алфио во „Кавалерија Рустикана“ (МОБ)
27.3.2007 - отворање на ДММ, Соборен храм - Псалми од Стојан Стојков (соло)
3.4.2007 - ДММ, изведба на песната „Во полската куќичка“ од Б. Ивановски
9. и 11.5.2007 - деби како Тадео во Италијанка во Алжир (отворање на МОВ, МОБ)
20.6.2007 - концертен маратон со Симон Трпчески - Е. Григ: Седум песни, оп. 33
јули 2007 - деби како Тонио во Паљачи (Кеј на Вардар, Скопско лето 2007, МОБ)
2.10.2007 - деби како Марчело во обновена премиера на „Боеми“ (МОБ)
18.12.2007 - деби како Дон Естобан (премиера на Џуџето од Землински, МОБ)
18.1.2008 - Жермон во Травијата (МОБ)
1.2.2008 - Концерт на руска музика (полурецитал со Ѓ. Цуцковски, Фоаје на МОБ)
22.2.2008 - деби како Енрико во обновена премиера на Лучија од Ламермур (МОБ)
25.3.2008 - Отворање на ДММ, дует „Кажи либе Стано“ од Живојин Глишиќ (МОБ)
31.3.2008 - ДММ, изведба на циклусот „Ќе се разбудам ли пак“ од Гоце Коларовски
9.5.2008 - деби како Црнољуб во „Цар Самуил“, отворање на МОВ, обнов. премиера
20.5.2008 - Марчело во Боеми, во рамки на МОВ, со странски солисти (МОБ)
20.12.2008 - гроф Луна во „Трубадур“ (МОБ)
20.3.2009 - ДММ, изведба на „Сонатина“ за баритон и пијано од С. Гајдов
9.5.2009 - деби како Ренато во „Бал под маски“ (отворање на МОВ, премиера МОБ)
31.5.2009 - Амонасро во Аида (затворање на Мајски оперски вечери, МОБ)
16.6.2009 - Тонио во Паљачи (МОБ)
16.8.2009 - целовечерен рецитал на ОХРИДСКО ЛЕТО, Св. Софија, Охрид
10.2009 - отворање на сезоната во МОБ (Ренато, Бал по маски)
12.11.2009 - концерт на Македонската филхармонија: изведба на „Молитва“ од Тодор Скаловски, по повод 100 години од раѓањето на композиторот (Дом на АРМ)
16.11.2009 - концерт посветен на композиторот Гоце Коларовски: изведба на циклусот „Ќе се разбудам ли пак“ (Концертна сала на ФМУ)
27.11.2009 - Кармина Бурана во МОБ (баритонско соло)
16.12.2009 - целовечерен рецитал во Музеј на град Скопје (КИЦ), М. Шкариќ-пијано
3.3.2010 - гостување во Хрватско народно казалиште - Загреб во претставата Боеми, во улогата на Марчело, (ХНК, дир. Јосип Шего)
5.3.2010 - Жермон во „Травијата“ (МОБ)
29.3.2010 - ДММ, праизведба на сопствениот циклус Три религиозни песни 2009
1.4.2010 - Македонска филхармонија - премиера на Реквием од Г. Форе, баритонско соло, со Нов Лондонски камерен хор, дир. Борјан Цанев
27.3.2010 - Шарплес во „Мадам Батерфлај“ (МОБ)
10.4..2010 - Тонио во „Паљачи“ (МОБ)
9.5.2010 - деби како Белкоре во премиера на „Љубовна напивка“ (отворање-МОВ)
14.5.2010 - Жермон во Травијата (МОБ, со Дарина Такова како Виолета Валери)
24.5.2010 - настап во Рим на чествувањето на св. Кирил и Методиј (со Мјузик прогресив квартет - „Катинке“ и аранжман на „Господ е мој Пастир“ од својот циклус 2009;
4.8.2010 - гала оперски концерт на Охридско лето (прослава на јубилеј, 2 нумери)

Критички осврти кон вокалните изведби:

„...Начевски со својата интерпретација се издвои од целата солистичка екипа и донесе една солидна креација на ликот на Марчело.“ (Боеми, октомври 2007, ШПИЦ)

„...Во Балот под маски Горан Начевски имаше најсигурна и највпечатлива реализација. Професионалниот пристап на Начевски се воочи во сигурната техника, добрата импостација на тонот, фразеологијата, вообличениот и јасен тон, динамичките градации, чистата дикција и карактерното презентирање на ликот“. (Мајски оперски вечери 2009, премиера на „Бал под маски“, Џ. Верди - ВЕСТ)

„Баритон со драматизам“
„...Горан Начевски е млад баритон кој последниве неколку години се издвојува со начинот на неговата интерпретација во рамки на оперските претстави на сцената на Македонската опера... Комплетниот настап на Начевски претстави пејач кој поседува солидна вокална техника, интонација, привлечен колорит, чувство за емоционално и

карактерно обликување на делата и особена музикалност". (За рециталот на Г. Начевски, М. Шкариќ-пијано, Музеј на град Скопје. ВЕСТ)

Критика за композицијата „Елегија за гудачи" 1999:

„...Премиерната изведба на Елегијата уште при првите тактови предизвика силна емотивна напнатост, постапно развивајќи се преку полифоно распространување на мелодиските линии, слично на контеплативните малеровски адаџа. Карактеристичните мелодии со македонски призвук беа предводени од строго временски организирана хармонска подлога...Во целост, се работи за забележително чиста, непосредна и длабоко сугестивна исповед". (Милош Покора, Худебни розхледи, Прага, 1999)

## ПЕДАГОШКА ДЕЈНОСТ

Во академската 2003/2004 год. Начевски е демонстратор по предметот композициска пракса (композиција, хармонија, полифонија) за студентите по музичка режија на Факултетот за музичка уметност во Прага, како дел од докторските студии.

Од 2007 година, Начевски е асистент по група предмети од областа на теоријата на музиката со композиција (музички форми со анализа, полифонија, полифона композиција и солфеж) на Факултетот за музичка уметност во Скопје (три академски години: 2007/2008, 2008/2009 и 2009/2010, за студентите од МТП и ВИ).

## ЗАКЛУЧОК

Со оглед на горенаведеното и врз основа на доставената документација и следењето на уметничката и педагошката дејност на кандидатот, Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за музичка уметност-Скопје, д-р Горан Начевски да биде избран за наставник по група наставни предмети од областа на теоријата на музиката со композиција и соло-пеење во звањето доцент.

**Рецензентска комисија**

**Проф.д-р Томе Манчев с.р.**

**Вонр.проф.м-р Јана Андреевска – Димитровска с.р.**

**Проф.м-р Билјана Јакимовска с.р.**

АНЕКС 2

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:**
**д-р Горан Начевски**
**Институција:**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј"- Скопје, Факултет за музичка уметност- Скопје**
**Научна област:**
**Група наставни предмети од областа на теоријата на музиката со композиција и соло пеење**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Вежби по предмети по теорија на музика со композиција (22 часа неделно), 2007/08 | 19.8 |
| 2. | Вежби по предмети по теорија на музика со композиција (20 часа неделно), 2008/09 | 18 |
| 3. | Вежби по предмети по теорија на музика со композиција (13 часа неделно), 2009/10 | 11.7 |
| | **Вкупно** | **49.5** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Одбранета магистерска работа по композиција | 4 |
| 2. | Одбранета магистерска работа по соло пеење | 4 |
| 3. | Одбранета докторска дисертација по теорија на музика | 8 |
| | **Вкупно** | **16** |

## СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Увертира „Храдебни" за симфониски оркестар (Прага, 1998) | 8 |
| 2. | Елегија за гудачи (Прага, 1999) | 8 |
| 3. | Кантата „Како молитва" за баритон и симфониски оркестар (Прага- 1999) | 8 |
| 4. | Шест разговори и фуга за виолина и пијано (ДММ 2005 - снимено на ЦД - СОКОМ) | 8 |
| 5. | Еден став за гудачки квартет 2008 (ДММ 2009 - квартет „Еквилибриум") | 8 |
| 6. | Три религиозни соло песни 2009 (ДММ 2010 како Три пиеси за баритон и пијано) | 8 |
| 7. | 17.11.2006 - целовечерен рецитал на Есенски музички свечености (Даутпашин амам) | 8 |
| 8. | 20.12.2008 - улога на гроф Луна во операта „Трубадур" (МОБ) | 8 |
| 9. | 16.8.2009 - Целовечерен рецитал на ОХРИДСКО ЛЕТО, Св. Софија, Охрид | 8 |

| | | |
|---|---|---|
| 0. | 9.5.2009 - деби како Ренато во „Бал под маски" (отворање на МОВ, премиера МОБ) | 8 |
| 1 | 6.12.2009 - Целовечерен рецитал во Музеј на град Скопје (КИЦ), М. Шкариќ-пијано | 8 |
| 2. | 3.3.2010 - Гостување во Хрватско народно казалиште - Загреб во претставата Боеми, во улогата на Марчело, (ХНК, дир. Јосип Шего) | 8 |
| 3. | 1.4.2010 - Македонска филхармонија - премиера на Реквием од Г. Форе, баритонско соло, со Нов лондонски камерен хор, дир. Борјан Цанев | 8 |
| 4. | 27.11.2009 - Кармина Бурана во МОБ (баритонско соло) | 8 |
| 15. | 9.5.2010 - деби како Белкоре во премиера на „Љубовна напивка" (отворање МОВ) | 8 |
| 16. | 14.5.2010 - Жермон во Травијата (МОБ, со Дарина Такова како Виолета Валери) | 8 |
| | **Вкупно** | **128** |

**СТРУЧНО – АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. Број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| --- | --- | --- |
| | **Дејности од поширок интерес** | |
| --- | --- | --- |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | 49,5 |
| НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 16,0 |
| СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ | 128,0 |
| СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ | --- |
| **Вкупно** | **193,5** |

**Рецензентска комисија**

**Проф.д-р Томе Манчев с.р.**

**Вонр.проф.м-р Јана Андреевска – Димитровска с.р.**

**Проф.м-р Билјана Јакимовска с.р.**

# П Р Е Г Л Е Д

на одобрени теми за изработка на магистерски труд на **Економскиот факултет-Скопје** во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје
**29.10.2010 година**

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Сања Методиевска | "Слободно движење на лица и импликациите врз пазарот на труд во ЕУ" | акад.проф.д-р Таки Фити |
| Данче Николовска Вратеовска | "Финансискиот систем и глобалната економска криза (2008)" | проф.д-р Михаил Петковски |
| Мартина Златковска | "Политиките на поддршка на развојот на малите и средните претпријатија и претприемништвото во Европската Унија " | акад.проф.д-р Таки Фити |
| Нада Тренчева | "Развојот на економската монетарна унија и тековните проблеми со кои се соочува" | проф.д-р Љубе Трпески |
| Ирена Атанасова | "Маркетинг стратегии за управување со односите со корисниците во услужниот сектор " | проф.д-рСнежана Ристевска Јовановска |
| Наташа Тушкалоска | "Развојот на претприемништвото и на малите и средните претпријатија во Република Македонија - компарација со соседните земји" | акад.проф.д-р Таки Фити |
| Гризелда Петковска | "Интернетот како средство за виртуелно креирање вредност-развивање и имплементирање на е-бизнис стратегија " | проф. д-р Љубомир Дракулевски |
| Јасна Ристовска | "Споредбена анализа на данокот на добивка во земјите членки на ОЕЦД и во Република Македонија" | проф. д-р Михаил Петковски |
| Верица Блажеска | "Грид компјутерско пресметување и неговата додадена бизнис вредност" | проф.д-р Сашо Јосимовски |

| | | |
|---|---|---|
| Игор Бојковски | "Корпоративното управување во осигурителните претпријатија " | поф. д-р Драге Јанев |
| Исидора Стоилковска | "Воведување и фактори кои влијаат врз животниот циклус на производот чунга лунга Stick Pack" | поф. д-р Димитар Граматиков |

# РЕФЕРАТ

*ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ХЕМИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА ВО СКОПЈЕ*

Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, на својата седница одржана на 13.9.2010 година, донесе одлука број 0201-2782/5, за формирање на Рецензентска комисија во состав: д-р Велимир Стојковски, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, д-р Благоја Јорданоски, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје и д-р Зоран Здравковски, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје, а во врска со објавениот конкурс во весниците „Нова Македонија" и „Коха" од 19.8.2010 година за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во научната област хемија, на кој се пријави кандидатот д-р Зехра Хајрулаи-Муслиу, доцент.
Откако ги разгледа сите документи и приложените трудови, Комисијата го дава следниов

# ИЗВЕШТАЈ

***Биографски податоци***

Кандидатката д-р Зехра Хајрулаи-Муслиу е родена на 10.8.1967 година во Тетово, каде што завршила основно и средно образование. Во 1984 година се запишала на студии на Природно-математичкиот факултет во Приштина, отсек хемија, на кој дипломирала во 1988 година. Во 1989 се запишала на постдипломски студии на Природословно-математичкиот факултет во Загреб, група хемија, насока биохемија, каде што во 1992 година го одбранила магистерскиот труд под наслов: „Средњеланчани триацилглицероли као егзогени фактор структурних промјена масних киселина мозга штакора". Од 15.6.1996 година, д-р Зехра Хајрулаи-Муслиу е вработена во Заводот за репродукција при Ветеринарниот институт во Скопје како истражувач, а од академската 1997/98 година, покрај истражувачкиот ангажман во Институтот, ангажирана е и во изведувањето на практичната настава по предметот биохемија за студиите на Ветеринарниот факултет во Скопје. Во 2001 година успешно ја одбрани докторската дисертација под наслов: „Ефектот на екстрактот Heleborus odorus врз протеинскиот статус кај јагнињата" на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје. Во април 2002 година е избрана во звањето научен соработник, а од 10.9.2002 година работи во Одделението за контрола на прехранбени производи на Ветеринарниот институт, односно во Институтот за храна при факултетот за ветеринарна медицина во Скопје. Во февруари 2006 година е избрана во звањето доцент по предметот хемија на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје. Во септември 2007 година е назначена за раководител на Лабораторијата за квалитет на храната при Институтот за храна. На 4.11.2008 е избрана за член на Комисијата за наука при УКИМ, а на 27.2.2009 е избрана за член на Комисијата за евалуација при УКИМ. Во ноември 2009 е избрана за в.д. продекан за наука на Факултетот за

ветеринарна медицина во Скопје, а во април 2010 е избрана за продекан за наука на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.
Кандидатката има престојувано на кратки стручни усовршувања во повеќе лаборатории и институти, како и во повеќе експертски мисии на повик на меѓународни организации во земјата и во странство, а покрај тоа активно учествувала и учествува во реализација на неколку научноистражувачки и научно-стручни проекти од национален и меѓународен карактер. Исто така активно учествува во реализација и имплементација на ISO17025.

Резултатите од научната и стручната дејност на кандидатката д-р Зехра Хајрулаи-Муслиу се прикажани преку: магистерскиот труд, докторската дисертација и други 36 публикувани трудови. До изборот за доцент има публикувано 16 труда. Од изборот во звањето доцент до поднесувањето на пријавата на овој конкурс, кандидатката публикувала 20 труда.

**Список на трудови за рецензија**

17. B. Stojanovska-Dimzoska., **Z. Hajrulai-Musliu.,** (2007). Determination of ochratoxin A in green and roasted coffee by immunoaffinity column clean- up and fluorometric analysis. Abstract No. 1452, 22-25 May, Istanbul, Turkey.

Опишан е брз, флуорометриски метод за квантитативно определување на охратоксин А (ОТА) во зелено и пржено кафе. Методот се заснова на прочистување на примероците со имуноафинитетни колони и квантитативно определување со флуорометар (Vicam, USA). Лимитот на детекција е 1 ppb. 53,5% од примероците зелено кафе, со вредност на ОТА над лимитот на детекција; 40% од примероците пржено кафе содржат ОТА над MRL-вредноста (5 ppb). Аналитичкиот принос е определен преку метод на стандарден додаток користејќи три стандардни ОТА концентрации (2,5; 5,0 и 7,5 ppb). Неговата вредност била над 75%. Примероците на зелено кафе со ОТА - вредност над лимитот на детекција и примероците на пржено кафе над MRL (позитивни примероци), биле понатаму анализирани со TLC како потврден метод според AOAC (Official Method of Analysis), при што 87% од примероците биле потврдени. Тоа претставува уште еден доказ дека флуорометрискиот метод како “скрининг” метод е брз, едноставен, лесен за употреба и приспособен за лаборатории кои секојдневно се соочуваат со голем број на примероци.

18. **Z. Hajrulai-Musliu.,** B. Stojanovska-Dimzoska., P. Sekulovski,(2007). Ochraton A in wines from Macedonia intended for EU market. Abstract No. 1455, 22-25 May, Istanbul, Turkey

Охратоксин А е силен нефротоксин и потенцијален канцероген кај луѓето, кој се јавува во различни растителни производи, вклучувајќи го и виното. Неколку претходни истражувања покажале дека концентрацијата на ОТА детектирана во виното, произведено во Македонија, варира меѓу 1,2 и 6,8 ppb. Целта на ова истражување е да се следи дистрибуцијата на ОТА во македонските вина, произведени во 2005 и 2006 година, наменети

за извоз на европскиот пазар. Аналитичкиот метод е базиран на екстракција и прочистување со имуноафинитетни колони и крајна детекција со флуорометар. Лимитот на детекција изнесува 0,05 ppb. Анализираните бели и црвени вина биле од четири различни виногорја. Добиените резултати покажуваат дека во 2005 година (n=43), 71,79% од примероците содржат детектабилно ниво на ОТА, а во 2006 (n=37), 11,30% од примероците. Средната вредност за ОТА во македонското вино изнесува 1,8 ppb, со максимално детектирана вредност од 7,4 ppb. Процентот на примероци црвено вино со детектабилно ниво на ОТА е повисоко во 2005 година (80%) во споредба со примероците бело вино (63,16%). Вината анализирани во 2006 година покажуваат пониска ОТА - концентрација (9,25% за црвените и 13,04% за белите вина) во споредба со оние од 2005 година. Во секој случај, концентрацијата на ОТА во македонските вина не била доволна за да се надмине безбедносната граница за дневен внес од 5 ng/kg телесна тежина.

19. Деан Јанкулоски, Павле Секуловски, Ристо Проданов, **Зехра Хајрулаи-Муслиу,** Билјана Стојановска-Димзоска (2007). Контаминација со *Listeria monocytogenes* во средината на објектите и површините на опремата во погоните за производство на месни приозводи во некои објекти во Република Македонија. Macedonian veterinary review Vol.30. No.1 p-33-38.

Во трудот е опишано присуството на *Listeria monocytogenes* испитувана во седум погони за производство на месни производи, како и на површини од опремата. До денес не постојат податоци за преваленцата на овој патоген микроорганизам во погоните за преработка на месо во Република Македонија. Патогените микроорганизми и микроорганизмите - расипувачи на храната го сочинуваат биофилмот. Биофилмот е лоциран на површините од опремата со кои храната доаѓа во контакт и средината на погоните. Микроорганизмите во биофилмот функционираат како микроекосистем предизвикувајќи дисеминација и контаминација на суровините и готовите производи. Во ова истражување, од опфатените објекти за испитување сработени се брисеви од 39 површини кои директно или индиректно доаѓаат во контакт со суровините или готовите производи. *Listeria monocytogenes* е утврдена во 10 бриса, односно локации (25,64%). Процентуалната застапеност на останатите *Listeria spp.* во однос на вкупниот број земени примероци изнесувала 15 (38,46%) изолати *Listeria innocua*, 3 (7,69%) изолати *Listeria welshimeri* и 1 (2,65%) изолат *Listeria seeligeri*.

20. **Zehra Hajrulai-Musliu**, Mila Arapčeska, Pavle Sekulovski, Elizabeta Dimitrieska-Stojkovic, Dimce Kitanovski. ( 2008) Antioksidativni utjecaj butilhidroksitoluena na sastav masnih kiselina mlijeka. p. 101-102, 38 Hrvatski simpozij mljekarskih strucnjaka, Lovran, 23-26.11.2008.

Во трудот е опишано антиоксидативното влијание на бутилхидрокситолуенот (BHT) на составот на масните киселини. (BHT) е фенолна супстанција која се користи како антиоксидативен адитив во храната и дејствува како синтетички аналог на витаминот Е, примарно како супстанција за забавување на автооксидацијата. Анализирани се примероци од овчо и кравјо млеко. Антиоксидацискиот ефект на (BHT) во овчото млеко дојде до израз кај незаситените масни киселини со долги синџири, каде што количината на масни киселини со долги синџири била 4-8 пати поголема кај млекото третирано со (BHT). Кај кравјото млеко немало значајни разлики во количеството на незаситени масни киселини, освен на C18:2 чија количина била 4 пати поголема во кравјото млеко третирано со (BHT).

21. Стојановска-Димзоска Билјана, Димитриеска-Стојковиќ Елизабета, **Хајрулаи-Муслиу Зехра**, Секуловски Павле, Јанкулоски Деан (2008). Присуство на охратоксин А во македонските вина од тиквешкиот регион. Macedonian veterinary review Vol.31. No.1 p-35-41.

Целта на трудот е да се утврди присуство на охратоксинот А во македонските вина од тиквешкиот регион со аналитички метод кој се базира на квантитативно определување со течна хроматографија со флуоросцентен детектор, на која му претходи процес на прочистување користејќи имуноафинитетни колони. Биле анализирани 31 примерок флаширано вино. Од нив, 16 примероци (51,61%) биле со концентрација на охратоксинот А над лимитот на детекција, но со вредност многу помала за тие да претставуваат ризик за консументите на вино.

22. **Хајрулаи-Муслиу Зехра**, Секуловски Павле, Стојановска-Димзоска Билјана, Димитриеска-Стојковиќ Елизабета, Јанкулоски Деан, Сиљановски Александар (2008). Определување на вкупни афлатоксини во суво и костенливо овошје присутни на македонскиот пазар. Macedonian veterinary review Vol.31. No.1 p-43-47.

Луѓето и животните се изложени на афлатоксини со консумирање на храна која е контаминирана со габи. Таквите изложувања тешко е да се заобиколат бидејќи ниту еден прехранбен продукт не е апсолутно безбеден од микотоксиколошка контаминација. Иако контаминираната храна не се пушта во промет, сè уште останува можноста за неповолни ефекти кои резултираат на процесот на долгорочни изложувања на ниски нивоа на афлатоксини во храната. Поради тоа, цел на оваа студија е определување на вкупните афлатоксини во суво и костенливо овошје. Биле испитувани кикирики, лешници, ореви, семки од тиква и суво грозје, и тоа само оние што се продаваат на пазар на отворени места. Од вкупно испитани 30 проби, 19 испитани примероци биле со вкупна

концентрација на афлатоксини над лимитот на детекција, а 11 примероци биле со вкупна концентрација под лимитот на детекција.

23. **Hajrulai-Musliu Z.**, Arapceska M., Tuteska J., Stojkovski V. Determination of Fatty Acids Profile in Butter ( 2008) 20th International Congress of Clinical Chemistry and Laboratory Medicine - IFCC WorldLab Fortaleza 2008. Clinical Chemistry and Laboratory Medicine Vol. 46, Special Supplement, pp: 407

Мастите, покрај протеините и јагленохидратите, играат есенцијална улога во исхраната на луѓето. Тие се голем извор на енергија и заедно со јагленихидратите и протеините учествуваат во растот и развитокот. Некои масти од храната се извор на витамини растворливи во масти и учествуваат во ресорпцијата на овие витамини. Целта на трудот беше да се испита масно-киселинскиот состав на путерот земен од локалните маркети во Македонија. Добиените резултати покажаа дека путерот содржи заситени и незаситени масни киселини од C4 до C20.

24. Mila Arapčeska, **Zehra Hajrulai-Musliu**, Elizabeta Dimitrieska-Stojkovic, Biljana Stojanovska-Dimzoska, Zivko Jankuloski (2009) Environmental and health impacts of pesticides. Zbornik radova, Vol. 14 (15) p. 407-412, XIV Savetovanje o biotehnilogiji, Čačak, 27-28.03.2009.

Пестицидите имаат широка примена во земјоделството со цел одржување и зголемување на производството. Тие имаат изразено и значајно влијание на човековото здравје и животната средина. Професионалната изложеност на хемиски пестициди може да предизвика широк спектар на симптоми: зголемено количество на липиди во серумот, зголемено ниво на одредени ензими во серумот, оштетување на кожата, потенцијално оштетување на црниот дроб и респираторни проблеми, како и нарушување на репродуктивниот систем, мутација, невролошка токсичност и канцер. Најчести нарушувања на животната средина кои се предизвикани со примена на пестициди се контаминација на водата, земјата и воздухот, дејствувајќи притоа и на живите организми. Штетните ефекти од хемиските пестициди можат да бидат намалени со употреба на биопестициди кои имаат помала токсичност.

25. **Z.Hajrulai-Musliu,** M.Arapčeska, V.Stojkovski, D.Jankuloski, E. Dimitrieska-Stojkovic, B. Stojanovska-Dimzoska (2009) Fatty acids profile as an indicator for adulteration of friut juices. Poster Abstracts-IFCC-EFCC-Euromedlab (W-A207), 7-11 june Innsbruck, Austria.

Целта на овој труд е да се утврди масно-киселинскиот состав на овошните сокови. Биле анализирани: џус од портокал со парчиња од манго и џус од јагоди со парчиња од праски. Притоа утврдено е дека џусот од портокал со парчиња манго содржи: 31,51% палмитоолеинска киселина, 26,80% палмитинска киселина, 24,16% олеинска и 4,75% линолна киселина, а џусот од јагоди со

парчиња од праски содржи: 34,25% палмитинска, 29,48% палмитоолеинска, 27,16% олеинска и 5,78% линолна киселина.

**26.** M. Arapceska, J. Tuteska, **Z. Hajrulai-Musliu** ( 2009) Effects of 7-thia-8-oxoguanosine on fraction of leukocyte cell linage of peripheral blood in winstar rats. Abstracts-IFCC-EFCC.

Целта на ова истражување била анализа на ефектите од 7-thia-8-oxoguanozin immunosine на фракција од леукоцитните клетки од периферната крв. Животните биле групирани во две експериментални и една контролна група. Кај животните третирани со immunosine доаѓа до средно зголемување на бројот на леукоцитите по активирањето на пролиферацијата на коскената срж.

**27.** M. Arapceska, J. Tuteska, **Z. Hajrulai-Musliu**; V. Stojkovski ( 2009) Hazardous effects of carcionogens chemicals and reproductive toxins used in laboratory and medicinal diagnostics. II Kongres s međunarodnim sudjelovanjem "Upotreba hemijskih sredstava i njihov negativni učinak na zdravlje zaposlenih u medicinsko – laboratorijskoj dijagnostici". Neum. Bosna i Hercegovina. Knjiga Sažetaka. pp: 40.

Во трудот се опишани негативните ефекти врз здравјето на луѓето од карциногените хемикалии и репродуктивните токсини кои се користат во лабораториите и медицинската дијагностика. Ризикот за контакт со овие хемикалии и токсини во лабораториите е многу голем и тие доведуваат до иритација на кожата, очите, респираторниот и дигестивниот систем. Карциногените се токсични агенси и причинуваат штети ако организмот честопати и во долг временски период е изложен на нивното дејство. Нивните ефекти може да бидат откриени многу доцна поради долгиот латентен период. Репродуктивните токсини доведуваат до репродуктивни проблеми, вклучувајќи ги тука и мутагените и тератогените ефекти.

**28.** J.Tuteska,M.Arapceska,**Z.Hajrulai-Musliu,**V. Stojkovski ( 2009) Negative effects of corrosive and irritant chemicals on health of employees in laboratory diagnostics II Kongres s međunarodnim sudjelovanjem "Upotreba hemijskih sredstava i njihov negativni učinak na zdravlje zaposlenih u medicinsko – laboratorijskoj dijagnostici". Neum. Bosna i Hercegovina. Knjiga Sažetaka. pp: 38.

Целта на овој труд е да се согледаат негативните ефекти од корозивните и иритирачките хемикалии врз здравјето на вработените во лабораториите. Многу работници во лабораториите често пати се изложени на дејството на токсичните хемикалии кои го нарушуваат нивното здравје. Доколку корозивните хемикалии дојдат во контакт со здравата кожа и очите, се вдишат или, пак, се проголтаат, предизвикуваат деструктивни и иреверзибилни промени. Иритирачките хемикалии не се коризивни, но тие предизвикуваат реверзибилни воспалителни ефекти на ткивата и органите доколку се дојде во контакт со нив, се вдишат или проголтаат.

29. **Z. Hajrulai-Musliu**, M. Arapceska, V. Stojkovski, B. Stojanovska-Dimzoska, E. Dimitrieska-Stojkovic, P. Sekuloski (2009) Detection of vegetable oils in pasterurized milk fat with gas chromatography. Poster Abstracts, p.103, Milchkonferenz, 17-18 September, Wien, Austria.

Целта па трудот е да се утврди присуството на растителни масти во пастеризираното млеко. За таа цел биле анализирани 25 примероци пастеризирано млеко земени од граничната инспекција. Од добиените резултати било утврдено дека во 3 примероци се присутни растителни масти. Содржината на масните кисели во ова млеко се разликува од содржината на масните киселини во чистото млеко.

30. Mila Arapceska, **Hajrulai-Musliu Z**, Jankuloski Z., Jankulovski N (2009) Functional properties of bioactiv compounds of milk fat, Poster Abstracts, p.104, Milchkonferenz, 17-18 September, Wien, Austria.

Млекото содржи различни видови масти: триацилглицериди, диацилглицериди, моноацил глицериди, масни киселини, холестерол и цереброзиди. Нивната застапеност во млекото варира и од нивната застапеност зависат квалитетот и технолошките карактеристики на млекото. Целта на трудот е да се утврди присуството на биоактивните компоненти од млечните масти. Анализите покажале дека млекото ги содржи следниве млечни масти кои се метаболички активни: сфинголипид, конјугирана линолна киселина, бутерна киселина, етерични масла, витамините А и Д. Овие масти се многу важни во превенцијата на канцерогените заболувања, намалување на LDL - холестеролот, регулација на имуниот систем и инхибиција на патогените од храната.

31. **Hajrulai-Musliu Z.**, Stojanovska-Dimzoska B., Dimitrieska-Stojkovic E., Sekulovski P., Stojkovski V. (2009) Occurence of aflatoxin M1 in raw milk in Macedonia. Balkan Journal of Clinical Laboratory XVII, 09, 1. PP-187.

Афлатоксините се карциногени супстанции кои влијаат неповолно врз здравјето на луѓето и животните. Доведуваат до појава на хепатоцелуларен карцином, афлатоксикоза, хроничен хепатитис. Целта на трудот е да се види присуството на афлатоксинот М1 во суровото млеко. Кога кравите се хранат со храна која содржи афлатоксин B1, тој се конвертира во афлатоксин М1, кој се излачува со млекото. Примероците млеко биле собрани од редовниот мониторинг на млеко. Од 56 примероци, 24 биле контаминирани со афлатоксин М1. Резултатите покажале дека контаминацијата на сурово млеко со афлатоксин М1 во нашата земја е ниска и ниеден од контаминираните примероци не го надминува лимитот пропишан во регулативите на ЕУ.

32. **Hajrulai-Musliu Z.,** Arapceska M., Sekulovski P., Stojkovski V., Dimitrieska-Stojkovic E., Stojanovska-Dimzoska B., (2009) The importance of food fatty acids composition for human health. Balkan Journal of Clinical Laboratory XVII, 09, 1. PP-194.

Во овој труд е направена споредба помеѓу масно-киселинскиот состав на кравјиот и растителниот кашкавал. При тоа е утврдено дека во растителниот кашкавал процентот на заситени масни киселини се движи 40,90% - 44,43%, а во кравјиот околу 52,15%. Од добиените резултати и од податоците од литературата заклучивме дека контролата на составот на масните киселини во храната е многу важна за спречување и третман на различни болести.

33. Стојановска-Димзоска Билјана, **Хајрулаи-Муслиу Зехра**, Димитриеска-Стојковиќ Елизабета, Енимитева Вангелица, Секуловски Павле (2009). Споредба на две различни аналитички методи за определување на вкупни афлатоксини во добиточна храна. Македонски ветеринарен преглед Vol.32. No.2 p-45-52.

Двете аналитички методи на кои е направена споредба се: течна хроматографија со флуоросцентен детектор и флуорометрија (флуоресцентна спектрометрија), на кои им претходи процес на прочистување користејќи имуноафинитетни колони. Извршена е валидација на аналитичките методи и утврдена е линеарност во предложените концентрациски подрачја со задоволителни коефициенти на корелација. Од добиените резултати утврдено е дека првиот метод е точен, осетлив, селективен и прецизен, но за негова изведба е потребно подолго време и е поскап. Флуориметријата не претставува точен и строго селективен метод за квантитативно определување на токсините во добиточната храна, но е брз и едноставен метод за кој не се потребни дополнителни аналитички способности и е економски оправдан во споредба со претходниот метод и затоа се користи како “скрининг” метод.

34. **Zehra Hajrulai-Musliu**[1], Mila Arapceska[2], Elizabeta Dimitrieska Stojkovic[1], Biljana Stojanovska-Dimzoska[1], Vangelica Enimiteva[1] (2010) Quality control of some honey samples from Macedonia. 45th Croatian and 5th international symposium of agriculture 15-19 february 2010.

Контролата на квалитетот на медот се врши постојано со цел да се исполнат стандардите кои треба да ги исполнува медот и да се избегне можноста за продажба и консумација на неквалитетен мед. Во примероците кои беа земени од локалните маркети ја анализиравме содржината на вода, киселоста, содржината на шеќери, хидроксиметилфурфурол и диастаза. Сите примероци, според добиените резултати, одговараат на интернационалните стандарди за мед, освен еден примерок кој има повисок процент на вода и уште три примероци кои имаат повисок процент на редуцирани шеќери.

35. Erhan Sulejmani, Sonja Srbinovska, **Zehra Hajrulai-Musliu** (2010) The effect of temperature, starter culture on content of Macedonian white-brined

cheese during ripening, The 1$^{th}$ international symposium on " traditional foods from Adriatic to Caucasus ", 15-17 April 2010 Tekirdag/Turkey

Целта на трудот е да се испита ефектот на температурата и стартер - културите на содржината на македонското бело саламурено сирење за време на зреењето. Примероците сирење се земени од млекарница, а млекото од кое е произведено сирењето потекнува од тетовскиот регион. Од добиените резултати авторите заклучуваат дека различните стартер - култури кои се користат не доведуваат до значителни разлики во pH и мастите во сува материја, но има значителни разлики во процентот на влажноста.

**36.** Biljana Stojanovska-Dimzoska, **Zehra Hajrulai-Musliu**, Elizabeta Dimitrieska-Stojkovic, Pavle Sekulovski (2010) Comparison of two different methods for determination of ochratoxin-A in wine, 32$^{th}$ Mycotoxin Workshop, June, 15-17, 2010 Lyngby.

Охратоксинот А (ОТА) е микотоскин кој предизвикува негативни ефекти врз бубрезите, црниот дроб, а има и потенцијален тератоген и канцероген ефект. Целта на трудот е да се направи споредба помеѓу две аналитички методи: течна хроматографија со флуоросцентен детектор и флуорометрија, на кои им претходи процес на прочистување користејќи имуноафинитетни колони. Паралелно со двете методи биле анализирани 86 примероци вино произведени во Македонија. Од добиените резултати авторите заклучиле дека флуорометријата покажува ограничена осетливост и селективност и поради тоа има ограничена употреба како "скрининг" метод, за разлика од другиот метод со кој се добиваат точни и сигурни резултати.

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО НАУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: Зехра Хајрулаи-Муслиу

Институција: Факултет за ветеринарна медицина - Скопје

Научна област: хемија на храна

## НАСТАВНО – ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред.бр. | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Хемија (2+2), зимски 2006/2007 | 2,4 |
| 2. | Биохемија (4+4), само вежби летен 2006/2007 | 2,4 |
| 3. | Хемија (2+2), зимски 2007/2008 | 2,4 |
| 4. | Хемија (2+2), зимски 2008/2009 | 2,4 |
| 5. | Хемија (2+2), зимски 2009/2010 | 2,4 |
| 6. | Хемија (2+2), зимски 2010/2011 | 2,4 |
| 7. | Хемија на храна (2+1) 2010/2011 | 1,8 |
| 8. | Хемија на природни соединенија (1+1), зимски 2010/2011 | 1,2 |
| 9. | Консултации со студенти 2006/2007 (60 студенти) | 0,12 |
| 10. | Консултации со студенти 2007/2008 (70 студенти) | 0,14 |
| 11. | Консултации со студенти 2008/2009 (67 студенти) | 0,134 |
| 12. | Консултации со студенти 2009/2010 (59 студенти) | 0,118 |
| 13 | Консултации со студенти 2010/2011 (54 студенти) | 0,108 |
| 14. | Консултации со студенти 2010/2011 (38 студенти) | 0,076 |
| 15. | Консултации со студенти 2010/2011 (3 студенти) | 0,006 |
| 16. | Ментор на дипломска работа (1) | 0,2 |
| 17. | Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура (4) | 1,2 |
| 18. | Член на комисија за оцена или одбрана на докторат (7) | 3,5 |
| 19. | Предавања преку CEEPUS во Албанија | 1 |
| 20. | Учество на летен академски курс (BEST) во соработка со Фармацевски факултет | 1 |
| | ВКУПНО: | 25,002 |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред.бр. | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | B. Stojanovska-Dimzoska., **Z. Hajrulai-Musliu.**, (2007). Determination of ochratoxin A in green and roasted coffee by immunoaffinity column clean- up and fluorometric analysis. Abstract No. 1452, 22-25 May, Istanbul, Turkey. | 2,4 |
| 2. | **Z. Hajrulai-Musliu.**, B. Stojanovska-Dimzoska., P. Sekulovski,(2007). Ochraton A in wines from Macedonia intended for EU market. Abstract No. 1455, 22-25 May, Istanbul, Turkey | 2,4 |
| 3. | Деан Јанкулоски, Павле Секуловски, Ристо Проданов, **Зехра Хајрулаи-Муслиу,** Билјана Стојановска-Димзоска (2007) Контаминација со *Listeria monocytogenes* во средината на објектите и површините на опремата во погоните за производство на месни приозводи во некои објекти во Република Македонија. Macedonian veterinary review Vol.30. No.1 p-33-38. | 1,8 |
| 4. | **Zehra Hajrulai-Musliu**, Mila Arapčeska, Pavle Sekulovski, Elizabeta Dimitrieska-Stojkovic, Dimce Kitanovski. ( 2008) Antioksidativni utjecaj butilhidroksitoluena na sastav masnih kiselina mlijeka. P. 101-102, 38 Hrvatski simpozij mljekarskih strucnjaka, Lovran, 23-26.11.2008. | 2,4 |
| 5. | Стојановска-Димзоска Билјана, Димитриеска-Стојковиќ Елизабета, **Хајрулаи-Муслиу Зехра**, Секуловски Павле, Јанкулоски Деан (2008) присуство на охратоксин А во македонските вина од тиквешкиот регион Macedonian veterinary review Vol.31. No.1 p-35-41 | 1,8 |
| 6. | **Хајрулаи-Муслиу Зехра**, Секуловски Павле, Стојановска-Димзоска Билјана, Димитриеска-Стојковиќ Елизабета, Јанкулоски Деан, Сиљановски Александар (2008) Определување на вкупни афлатоксини во суво и костенливо овошје присутни на македонскиот Пазар. Macedonian veterinary review Vol.31. No.1 p-43-47 | 1,8 |
| 7. | **Hajrulai-Musliu Z.**, Arapceska M., Tuteska J., Stojkovski V. Determination of Fatty Acids Profile in Butter ( 2008) 20[th] International Congress of Clinical Chemistry and Laboratory Medicine – IFCC WorldLab Fortaleza 2008. Clinical Chemistry and Laboratory Medicine Vol. 46, Special Supplement, pp: 407 | 2,4 |
| 8. | Mila Arapčeska, **Zehra Hajrulai-Musliu**, Elizabeta Dimitrieska-Stojkovic, Biljana Stojanovska-Dimzoska, Zivko Jankuloski (2009) Environmental and health impacts of pesticides. Zbornik radova, | 2,4 |

| | | |
|---|---|---|
| | Vol. 14 (15) p. 407-412, XIV Savetovanje o biotehnilogiji, Čačak, 27-28.03.2009. | |
| 9. | **Z.Hajrulai-Musliu,** M.Arapčeska, V.Stojkovski, D.Jankuloski, E. Dimitrieska-Stojkovic, B. Stojanovska-Dimzoska (2009) Fatty acids profile as an indicator for adulteration of friut juices. Poster Abstracts-IFCC-EFCC-Euromedlab (W-A207), 7-11 june Innsbruck, Austria. | 2,4 |
| 10. | M. Arapceska, J. Tuteska, **Z. Hajrulai-Musliu** ( 2009) Effects of 7-thia-8-oxoguanosine on fraction of leukocyte cell linage of peripheral blood in winstar rats. Abstracts-IFCC-EFCC | 2,4 |
| 11. | M. Arapceska, J. Tuteska, **Z. Hajrulai-Musliu**; V. Stojkovski ( 2009) Hazardous effects of carcionogens chemicals and reproductive toxins used in laboratory and medicinal diagnostics. II Kongres s međunarodnim sudjelovanjem "Upotreba hemijskih sredstava i njihov negativni učinak na zdravlje zaposlenih u medicinsko – laboratorijskoj dijagnostici". Neum. Bosna i Hercegovina. Knjiga Sažetaka. Pp: 40 | 2,4 |
| 12. | J.Tuteska,M.Arapceska,**Z.Hajrulai-Musliu,**V. Stojkovski ( 2009) Negative effects of corrosive and irritant chemicals on health of employees in laboratory diagnostics II Kongres s međunarodnim sudjelovanjem "Upotreba hemijskih sredstava i njihov negativni učinak na zdravlje zaposlenih u medicinsko – laboratorijskoj dijagnostici". Neum. Bosna i Hercegovina. Knjiga Sažetaka. Pp: 38 | 2,4 |
| 13. | **Z. Hajrulai-Musliu**, M. Arapceska, V. Stojkovski, B. Stojanovska-Dimzoska, E. Dimitrieska-Stojkovic, P. Sekuloski (2009) Detection of vegetable oils in pasterurized milk fat with gas chromatography. Poster Abstracts, p.103, Milchkonferenz, 17-18 September, Wien, Austria. | 2,4 |
| 14. | Mila Arapceska, **Hajrulai-Musliu Z**, Jankuloski Z., Jankulovski N (2009) Functional properties of bioactiv compounds of milk fat, Poster Abstracts, p.104, Milchkonferenz, 17-18 September, Wien, Austria | 2,4 |
| 15. | **Hajrulai-Musliu Z.**, Stojanovska-Dimzoska B., Dimitrieska-Stojkovic E., Sekulovski P., Stojkovski V. (2009) Occurence of aflatoxin M1 in raw milk in Macedonia. Balkan Journal of Clinical Laboratory XVII, 09, 1. PP-187. | 2,4 |
| 16. | **Hajrulai-Musliu Z.,** Arapceska M., Sekulovski P., Stojkovski V., Dimitrieska-Stojkovic E., Stojanovska-Dimzoska B., (2009) The importance of food fatty acids composition for human health. Balkan Journal of Clinical Laboratory XVII, 09, 1. PP-194. | 2,4 |
| 17. | Стојановска-Димзоска Билјана, **Хајрулаи-Муслиу Зехра**, Димитриеска-Стојковиќ Елизабета, Енимитева Вангелица, Секуловски Павле (2009) Споредба на две различни аналитички методи за определување на вкупни афлатоксини во добиточна храна. Македонски ветеринарен преглед Vol.32. No.2 p-45-52 | 1,8 |
| 18. | **Zehra Hajrulai-Musliu**[1], Mila Arapceska[2], Elizabeta Dimitrieska Stojkovic[1], Biljana Stojanovska-Dimzoska[1], Vangelica Enimiteva[1] (2010) Quality control of some honey samples from Macedonia. 45th Croatian and 5th international symposium of agriculture 15-19 february 2010. | 2,4 |
| 19. | Erhan Sulejmani, Sonja Srbinovska, **Zehra Hajrulai-Musliu** (2010) The effect of temperature, starter culture on content of Macedonian white-brined cheese during ripening, The 1$^{th}$ international symposium on " traditional foods from Adriatic to Caucasus ", 15-17 April 2010 Tekirdag/Turkey | 2,4 |
| 20. | Biljana Stojanovska-Dimzoska, **Zehra Hajrulai-Musliu**, Elizabeta Dimitrieska-Stojkovic, Pavle Sekulovski (2010) Comparison of two different methods for determination of ochratoxin-A in wine, 32$^{th}$ Mycotoxin Workshop, June, 15-17, 2010 Lyngby | 2,4 |
| | ВКУПНО: | 45,6 |

СТРУЧНО – АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Дејности од поширок интерес (стручно – апликативна дејност)

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Продекан на Факултетот за ветеринарна медицина | 4 |
| 2. | Раководител на Лабораторијата за квалитет на храната при Факултетот за ветеринарна медицина | 3 |
| 3. | Член на Комисијата за евалуација на УКИМ од 27.2.2009 | 1 |
| 4. | Член на Рецензентска комисија за избор и преизбор во стручни звања за 2009/2010 г. во музејска дејност | 1 |
| 5. | Член на Рецензентска комисија за избор и преизбор во стручни звања за 2010/2011 г. во музејска дејност | 1 |
| 6. | Член на Комисијата за наука на УКИМ од 4.11.2008 | 1 |
| 7. | Член на Комисијата за изработка на подзаконски акт од областа на ветеринарството | 1 |
| 8. | Член на организационен одбор на II научна конференција „Квалитет и безбедност на храна", организирана од Факултетот за биотехнички науки во Битола | 0,5 |
| 9. | Член на организационен одбор на "Денови на ветеринарна медицина", организирано од Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје | 0,5 |
| 10. | Координатор на VetNes мрежа на ФВМ, Скопје | 1 |
| 11. | Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект, носител * 4 | 4 |
| 12. | Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект, соработник | 0,5 |
| 13. | Учество на промотивни активности на Факултетот и Институтот * 3 | 1,5 |

| | | |
|---|---|---|
| 14. | Учество на научно-стручен собир со реферат | 1 |
| 15. | Член на комисија за избор во звање (9) | 1,8 |
| 16. | Член на комисија за постдипломски студии | 1 |
| 17. | Заменик - раководител на Лабораторијата за резидуи и контаминенти | 1 |
| | ВКУПНО: | 24,8 |

| Професионални референци на кандидатот за избор во звање | Поени |
|---|---|
| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | 25,002 |
| НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 45,6 |
| СТРУЧНО – АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ | 24,8 |
| ВКУПНО: | 95,402 |

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на претходно изнесените податоци, како и податоците дадени во Образецот кон Извештајот за избор, може да се види дека д-р Зехра Хајрулаи-Муслиу, доцент на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, во извештајниот период остварила обемна наставно-образовна, научно-истражувачка и стручно-апликативна дејност.
Врз основа на гореизнесеното, членовите на Рецензентската комисија сметаат дека кандидатката ги исполнува сите услови пропишани со Правилникот за избори и реизбори на Универзитетот и имаат чест и задоволство да му предложат на Наставно-научниот совет на ФВМ во Скопје да ја избере д-р Зехра Хајрулаи-Муслиу, доцент, во звањето вонреден професор од научната област хемија на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

Членови на Комисијата

1. Проф. д-р Велимир Стојковски, претседател, с.р.

2. Проф. д-р Благоја Јорданоски, член, с.р.

3. Проф. д-р Зоран Здравковски, член, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА РАКОПИСОТ „ПРОИЗВОДНИ СИСТЕМИ – СТРУКТУРА, АНАЛИЗИ, ПРОЕКТИРАЊЕ“ ОД АВТОРОТ Д-Р ДЕЛЧО ЈОВАНОСКИ

Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет – Скопје, на својата редовна седница одржана на 30.9.2010 година, донесе одлука за определување на рецензентска комисија за ракописот под наслов „Производни системи – структура, анализи, проектирање“, подготвен од д-р Делчо Јованоски, професор на Машинскиот факултет – Скопје, во состав:

1. д-р Тодор Кралев, професор на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје и
2. д-р Роберт Миновски, професор на Машинскиот факултет – Скопје

По прегледот на доставениот ракопис, рецензентите на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет - Скопје му го поднесуваат следниов

## ИЗВЕШТАЈ

## I. ОПШТИ ПОДАТОЦИ

Ракописот „Производни системи – структура, анализи, проектирање“ претставува второ издание на претходното издание што беше објавено под наслов „Производни системи“, меѓутоа целосно преработено во сите негови поглавја и проширено со ново, шесто поглавје. Материјалот содржи вкупно 478 страници: покрај насловната страница и предговорите, на 6 страници е дадена содржината, на 7 страници се поместени кратенки и ознаки, а на 15 страници се прикажани големиот број на литературни извори (146 на број). Материјалот содржи вкупно 228 слики и 83 табели што даваат голем придонес во подоброто разбирање на разгледуваната материја.

Ракописот е поделен во 6 поглавја, и тоа:

- Елементи на производните системи
- Структура на производните системи
- Проектирање на производните системи
- Методи во проектирањето на потсистемите
- Нови генерации на производни системи
- Примери за проектирање на фабрики.

## II. АНАЛИЗА НА РАКОПИСОТ

Како што тоа го покажува и самиот наслов на ракописот, во него постапно се разработени содржини што на корисниците им овозможуваат првин запознавање со елементите и структурата на производните системи, нивната многустрана анализа и потоа методологијата и методите на проектирање. Прикажан е исто така трендот во конципирањето на идните генерации

производни системи и на крај, преку примери од индустриската практика прикажана е примената на големиот број методологии и методи.

Во првото поглавје што е поместено на 41 страница со 11 слики и 7 табели, дадени се дефинициите за производните системи, аспектите на нивното анализирање и влијанијата врз нивното работење. Потоа се објаснуваат карактеристиките на производните системи, како што се на пример, големината на претпријатијата, движењето на основните ресурси, автоматизацијата, капацитетот и друго. Тука се внесени многу нови елементи како што се барањата на пазарите, методите за анализа на производните системи, најновите поделби според големината на претпријатијата, како и најновите прегледи на дејностите по сектори што се хармонизирани со поделбите и прегледите во ЕУ.

Второто поглавје е изложено на 118 страници, со 86 слики и 8 табели. Се разгледуваат основните функции и структурата на производните системи, а потоа подетално се обработуваат некои поважни потсистеми како што се: потсистемот за подготовка на производството, технолошкиот потсистем, потсистемот за складирање, потсистемот за транспорт и потсистемот за менаџмент на квалитетот. При објаснувањата на сите овие потсистеми има големи измени во однос на првото издание, а тоа особено се однесува на прикажаните релативно нови средства/опрема во потсистемите како и проширеното и пригодно објаснување на менаџментот на квалитет со многу практични решенија.

Третото поглавје е изложено на 35 страници, со 21 слика. Во него е разработена методологијата на проектирањето на производни системи со своите етапи и принципи која постепено води до оптимални системи. Нова димензија на ова поглавје му дава претставената PCM-методологија што се применува при изнаоѓањето на проблемите и поставувањето на целите на идните проекти, а се препорачува од страна на ЕУ-администрацијата.

Четвртото поглавје е изложено на 133 страници, со 58 слики и 27 табели и ги објаснува многуте методи во проектирањето на потсистемите. Тука се изнесени подлогите за проектирање и начините за нивно добивање. Акцент е ставен на проектирањето на протекот на материјали со дефинирање на задачите и методологијата за проектирање која, покрај подготвителните активности, ги опфаќа пресметките на сите потребни елементи на производната опрема како што се: технолошката, складишната, транспортната, потоа потребниот персонал, површините, енергијата и флуидите, потребните инвестициски средства. Објаснети се многу методи што го поддржуваат оптималниот распоред на функционалните единици кај производните системи, како и нивната локација во географски простор. На крајот е поместен изборот на фабричките згради, како и оценката на инвестициските зафати. Покрај другото, нови елементи се изнесени за модерните пристапи во проектирањето на производните системи со соодветна хардверска и софтверска поддршка, како и за оценката на инвестициските активности.

Петтото поглавје е изложено на 37 страници, со 22 слики и 1 табела. Тука авторот изложува некои странски искуства, но и сопствени гледања за фабриките на иднината при што тие се поделени на фабрики на поблиската и на подалечната иднина. Кај првите се разгледуваат два основни концепта/филозофии како што се CIM и Тојота производниот систем со нивните поддржувачки составни елементи. Во овој контекст се разгледуваат уште две други филозофии како што се КАИЗЕН и фракталната филозофија. Во рамките на разгледувањето на фабриките на подалечната иднина е дадена визија за нивниот развој по поодделни сегменти како што се: проектирањето и

конструирањето, проектирањето на технологијата, изработката на делови, потсоставии, составии и производи како и управувањето на производството.

Ново во ова поглавје е изложувањето, но и систематизацијата на многу филозофии и пристапи што се во оптек и нивно соодветно објаснување.

Шестото поглавје е разработено на 74 страници, со 30 слики и 40 табели. Тука се изнесени три, различни по структурата, примери од избрани проекти за реални фабрики што се работени во рамките на Катедрата за индустриско инженерство и менаџмент со примена на многу методологии и методи што се претходно опишани. Ова поглавје е целосно ново и му дава голема додадена вредност на ракописот.

Трудот е напишан на литературен македонски јазик, со јасен и разбирлив стил на изразување соодветен на читателите.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Ракописот „Производни системи – структура, анализи, проектирање" во целост ги задоволува критериумите за универзитетски учебник. Покрај сосема новото шесто поглавје каде што се дадени примери од проекти на фабрики, радува фактот дека паралелно е подготвен и соодветен прирачник во кој се разработени многу практични примери на примена на изложените методологии и методи во ракописот за учебникот.

Го истакнуваме огромниот труд при преработката на првото издание и вградувањето на нови сознанија, методологии и методи, примери на комплетни проекти од индустриската практика. За одбележување е концепцијата и потоа разработката во духот на најдобрата европска практика, така што овој ракопис го издвојуваат како единствен од ваков вид во Република Македонија. Можеме слободно да изнесеме дека, покрај тоа што ќе служи за учење од страна на студентите, учебникот ќе биде добар водич и за веќе завршените инженери во практиката кои се занимаваат со анализи и проектирање на производни системи или нивни потсистеми.

Врз основа на погоре изнесеното за ракописот „Производни системи – структура, анализи, проектирање", му предлагаме на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет – Скопје да го прифати и да го одобри овој ракопис како учебник.

Скопје, 21.10.2010 Членови на Рецензентската комисија

Проф. д-р Тодор Кралев с.р.

Проф. д-р Роберт Миновски с.р.

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „ПРИРАЧНИК СО ЗАДАЧИ ЗА ПРОИЗВОДНИ СИСТЕМИ (ПРОЕКТИРАЊЕ НА ПРОИЗВОДНИТЕ СИСТЕМИ) ОД АВТОРИТЕ Д-Р РОБЕРТ МИНОВСКИ И М-Р БОЈАН ЈОВАНОСКИ

Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет - Скопје, на својата редовна седница одржана на 30.9.2010 година, донесе одлука за определување на Рецензентска комисија за ракописот под наслов „Прирачник со задачи за производни системи (проектирање на производните системи)" подготвен од д-р Роберт Миновски, професор на Машинскиот факултет - Скопје и м-р Бојан Јованоски, помлад асистент на Машинскиот факултет - Скопје, во состав:

1. д-р Делчо Јованоски, професор на Машинскиот факултет - Скопје;
2. д-р Валентина Гечевска, вонреден професор на Машинскиот факултет - Скопје;
3. д-р Радмил Поленаковиќ, вонреден професор на Машинскиот факултет - Скопје.

По прегледот на доставениот ракопис, рецензентите на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет - Скопје му го поднесуваат следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

## I. ОПШТИ ПОДАТОЦИ

Ракописот „Прирачник со задачи за производни системи (проектирање на производните системи)" претставува, всушност, второ издание на претходното издадениот прирачник со ист наслов. Материјалот содржи вкупно 154 страници: во кои има и 2 додатока и листа на литературни извори, 55 слики и 35 табели што даваат голем придонес во подоброто разбирање на разгледуваната материја.

Ракописот е поделен во 13 поглавја, и тоа:

- Капацитети
- Составници
- Вредносна анализа
- Пресметка на инвестијација
- ABC крива
- Коефициент на сличност
- Транспортен интензитет
- Пресметка на машини
- Пресметка на складишта и складишна опрема
- Организициски форми на внатрешен транспорт
- Пресметка на главни транспортни средства
- Пресметка на помошни транспортни средства
- Распоред на опрема

## II. АНАЛИЗА НА РАКОПИСОТ

Учебното помагало „Прирачник со задачи по производни системи (проектирање на производните системи)", изработено од авторите Роберт Миновски и Бојан Јованоски, детално го обработува комплексното подрачје на проектирање на производни системи со посебен осврт на аспектите за: проектирањето на капацитетите, преку планирање на машините, складишната опрема и транспортните средства. Притоа, опфатени се специфични подрачја, кои се однесуваат на материјалните и финансиските ресурси при проектирањето на производните системи, како: изработка на составници, примена на методологијата на вредносна анализа, ABC анализа, преку пресметка на инвестиции, до воведување на мерливи алатки за проектирање и управување со производните капацитети, како транспортен интензитет, коефициент на сличност и организациски форми.

Учебното помагало ги опфаќа, од една страна, теоретските основи на секое поединечно подрачје, а од друга страна дава анализа на бројни теоретски и реални случаи кои произлегуваат од богатото искуство на авторите преку нивното повеќегодишно учество во едукативниот процес на Машинскиот факултет - Скопје и учеството во бројни апликативни проектни тимови. Особена аналитичност при елаборацијата на материјалите понудени во ова учебно помагало дава оригиналниот пристап на авторите преку детално коментирање на методологиите и постапките применувани при решавање на поставените поединечни случаи. Значајно освежување на текстот на ова второ издание претставуваат дополнителните проблеми кои се зададени по секое поглавје и кои се очекува да му бидат од значајна помош на читателот за посеопфатно осознавање на разгледуваната материја.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Понудениот материјал преку ова учебно помагало нуди извонредна практична алатка за студентите на инженерските додипломски и постдипломски студии, но е истовремено корисна алатка и за инженерите и економистите од практиката, при што ќе им помага во усвојување на новите парадигми и методологии при проектирањето на производните системи.

Со задоволство му предлагаме на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет - Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, ракописот под наслов „Прирачник со задачи за производни системи (проектирање на производните системи)" подготвен од д-р Роберт Миновски, професор на Машинскиот факултет - Скопје и м-р Бојан Јованоски, помлад асистент на Машинскиот факултет - Скопје да го одобри како учебно помагало.

Скопје, 21.10.2010

Членови на Рецензетската комисија

| | |
|---|---|
| Проф. д-р Делчо Јованоски<br>с.р. | Машински факултет - Скопје<br>Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје |
| Вонр. проф. д-р Валентина Гечевска<br>с.р. | Машински факултет - Скопје<br>Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје |
| Вонр. проф. д-р Радмил Поленаковиќ<br>с.р. | Машински факултет - Скопје<br>Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје |

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „АНАЛИЗА НА ИЗРАЗУВАЊЕТО НЕСОГЛАСУВАЊЕ ВО МАКЕДОНСКИОТ И ВО АНГЛИСКИОТ ЈАЗИК И ИМПЛИКАЦИИТЕ ЗА УЧЕЊЕТО НА АНГЛИСКИОТ ЈАЗИК КАЈ МАКЕДОНСКИТЕ ГОВОРИТЕЛИ“, ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р МАРИЈА КУСЕВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот фалултет „Блаже Конески“ во Скопје, на деветтата редовна седница одржана на 14 септември 2010 година, донесе решение за формирање на Рецензентска комисија во состав: д-р Елени Бужаровска, д-р Екатерина Бабамова, д-р Марија Јанева-Михајловска, д-р Томислав Треневски и д-р Станислава-Сташа Тофоска-Јанеска за оцена на докторската дисертација *Анализа на изразувањето несогласување во македонскиот и во англискиот јазик и импликациите за учењето на англискиот јазик кај македонските говорители* од м-р Марија Кусевска.

Рецензентската комисија го разгледа трудот и го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација *Анализа на изразувањето несогласување во македонскиот и во англискиот јазик и импликациите за учењето на англискиот јазик кај македонските говорители* од м-р Марија Кусевска содржи вкупно 247 страници во кои се вклучени библиографијата и прилозите со табелите и прашалникот.

Уште при првиот преглед на дисертацијата можеше да се увиди дека се работи за извонреден и оригинален труд како во поглед на структурата, така и во поглед на самата содржина. Дисертацијата е структурирана според современите академски стандарди за изработка на дисертации и обработува една област која досега не била обработена во македонската наука за јазикот. Покрај целисходната структура и обемната библиографија со

најнови извори од предметната литература, трудот на м-р Марија Кусевска прави исчекор и во методолошка смисла бидејќи предметот на истражување е самиот говорен јазик. Имено, избирајќи својата анализа да ја насочи од значење/содржина кон форма, Кусевска не анализира некоја поединечна конструкција, туку обработува дел од живиот говорен јазик – конструкции меѓусебно поврзани со една функција. На тој начин таа доаѓа до многу релевантни заклучоци кои ја откриваат суштината на говорниот чин несогласување во македон-скиот јазик со методи кои веројатно прв пат се применуваат во областа на лингвистиката кај нас. Со своето истражување, м-р Кусевска ја подига прагматската свест кај македонските говорители бидејќи покажува дека во денешниот свет на динамични меѓукултурни контакти формалното позна-вање на средствата за изразување на некој говорен чин не е доволно за успе-шна комуникација и говорителите треба да ги знаат јазично-културните норми на говорните чинови на дадената средина.

Дисертацијата е поделена на пет дела: вовед, три централни поглавја и заклучок. Воведниот дел ги објаснува мотивите кои придонеле за одлуката на кандидатката да се занимава со оваа тема и основните теориски поставки врз кои се темели истражувањето. М-р Кусевска аргументирано ја образло-жува потребата за проучување на начините со кои се изразува несогласувањето во македонскиот и англискиот јазик, при што несогласувањето го дефинира како говорен чин со кој се изразува вербален конфликт меѓу говорителот и соговорникот. Говорителите на македонскиот јазик употребуваат јазични средства за изразување несогласување својствени за својата културна средина и кога зборуваат на странски јазик вршат механички трансфер во тој јазик. Оттука произлезе потребата во ова истражување да се проучат јазичните својства на несогласувањето во директна комуникација со коишто македонските говорители се соочуваат при учењето англиски јазик.

М-р Кусевска несогласувањето го разгледува во рамките на теоријата за говорни чинови како интегрален дел на прагматиката и теоријата на усвојување странски јазик. Таа истакнува дека условите за реализација на

говорни чинови се разликуваат од една до друга средина и покрај истиот репертоар на говорни чинови во сите јазици. За правилно комуницирање на некој странски јазик говорителот треба да ги научи тие услови во процесот на учење на тој странски јазик. Сите истражувања за усвојување на прагматиката на еден јазик покажуваат дека дури и говорителите со високо ниво на познавање на странски јазик прават прагматски грешки при реализација на говорните чинови.

Несогласувањето спаѓа во говорни чинови со кои се загрозува лицето на говорителот. Поимот *лице* широко се употребува во прагматиката, посебно во влијателната теорија за учтивост на Браун и Левинсон (1987) и се однесува на чувството на говорителот за сопствената вредноста и самопочит, како и за почитта кон соговорникот. При искажувањето на несогласувањето, говорителот, во согласност со културните норми на заедницата, избира такви средства со кои најмалку ќе го загрози своето лице и лицето на соговорникот. Затоа странските (во овој случај македонските) говорители треба добро да ги знаат, а не само да ги препознаваат соодветните средства и стратегии карактеристични за англо-американската говорна средина за да ги користат активно.

Во второто поглавје м-р Кусевска ја објаснува методолошката постапка користена во истражувањето. Анализата се базира врз статистичка обработка на добиените податоци од автентичен јазичен материјал од англискиот и македонскиот јазик. За англискиот јазик е користен готов корпус; за македонскиот јазик м-р Кусевска создала богат автентичен корпус од снимени деловни и секојдневни разговори. Покрај снимање на јазичен материјал, Кусевска користела и други стандардни инструменти на истражување како што се интервјуа и прашалници со цел да добие одговори на прашањата поврзани со перцепцијата на говорителите за учтивоста, загрозувањето на лицето и други фактори кои влијаат врз изразувањето несогласување.

Во третото поглавје м-р Кусевска ги анализира својствата на говорните чинови на несогласување во англискиот јазик и јазичните средства за нивно изразување. Таквите јазични средства можат да бидат придружени со

маркери за учтивост, емоционални засилувачи и други прагматски средства карактеристични за таа говорна средина. Со нивна употреба средствата за несогласување стануваат помалку транспарентни или дури двосмислени за странските говорители. Затоа м-р Кусевска го анализира посебно секој маркер за засилување, односно смекнување на несогласувањето.

Анализата на англискиот корпус покажа дека англиските говорители претпочитаат директно несогласување со смекнување во речиси половина од обработените примери. Заради ваквата преференција, англиските говорители употребуваат голем број на јазични средства: смекнувачи (*just, sort of, I think*), средства за минимизација (*a little, a bit*), дискурсни маркери (*well*), како и средства за намалување на асерторичноста на изразот – епистемични глаголи (*seem, guess, suppose*) и модални глаголи (*would, can*). Таа исто така ги разгледува стратегиите за несогласување истакнувајќи дека говорителите често прибегнуваат кон делумно несогласување за да го заштитат лицето на соговорникот.

Червртото поглавје претставува најважен дел од истражувањето од гледна точка на македонската наука за јазикот. Во него м-р Кусевска ги анализира видовите и својствата на несогласувањето, како и јазичните средства за нивното изразување во македонскиот јазик. Преку анализа на импозантен корпус од 512 говорни чинови, авторката доаѓа до релевантни и оригинални сознанија. Така, македонските говорители преферираат директно несогласување со засилување во најголем број од обработените примери (47%). За таа цел тие користат голем инвентар на јазични средства: дискурсни маркери кои зависно од контекстот служат за смекнување или засилување (*ама, па, добро*), изрази со глаголот *каже* и адверсативни императивни форми. Засилувањето често се изразува со реторичко прашање, со редупликација, со негираниот глагол *може* и со лексички средства. Смекнувањето се постигнува со употреба на епистемични глаголи (*мисли, не знам*), временска неопределеност и со лексеми-смекнувачи. Авторката истакнува дека карактеристична црта на смекнувањето е употребата на маркери за солидарност како партикулата *бе* и личното име.

Во заклучниот дел м-р Кусевска врши споредба на резултатите од анализите на двата корпуса. Преку констрастивна анализа, авторката доаѓа до релевантни заклучоци што се однесуваат на карактеристиките на овој говорен чин во двата јазика и на идентифицирање на тешкотиите во реализација на несогласувањето кај македонските говорители кога го користат англискиот јазик. Истражувањето покажа дека англиските говорители многу често прибегнуваат кон директно несогласување со смекнување со многу почеста употреба на смекнувачки средства од македонските говорители. Во англиските несогласувања се забележува и поголема употреба на епистемични и модални глаголи.

Од гледна точка на интеркултурната прагматика, интересен е заклучокот дека македонските говорители избегнуваат да го смекнуваат несогласувањето бидејќи тоа го сметаат за знак за дистанца. Тие претпочитаат да создаваат рамка на блискост и инволвираност во говорните чинови со т.н. маркери на солидарност, додека за англиските говорители важна е рамката на учтивост. Оваа важна разлика лежи во основата на градењето стратегии за говорни чинови во двете јазични заедници. Според авторката, таа разлика произлегува од различните културни вредности: англо-американската култура го цени индивидуализмот и избегнува отворено наметнување врз единката. Во македонската култура (како и во други јужни култури) повеќе се вреднува пријателството кое се манифестира со поголема инволвираност на говорителот. Следствено, м-р Кусевска нагласува дека во обуката на странски јазици треба да се подигне свеста кај изучувачите (на англискиот јазик) за важноста на правилниот избор на стратегија за несогласување и, исто така, на соодветни јазични средства.

Комисијата констатира дека м-р Марија Кусевска во својата докторска дисертација обработила еден многу значаен сегмент од современата македонска наука за јазикот. Денес во светската наука постои голем интерес за истражувања од областа на прагматиката, посебно од прагматиката на толку доминантен јазик како што е англискиот. Кај нас тоа е недоволно проучена област така што македонската лингвистика неминовно мора да се

зафати со теми од констрастивната прагматика кои подлабоко ќе ги осветлат процесите на усвојување на говорните чинови.

Без дилеми може да се заклучи дека м-р Кусевска успешно ги остварила поставените цели на трудот: (а) таа ги определила јазичните карактеристики својствени за чинот несогласување во англиската и македонската говорна заедница, (б) дала исцрпен инвентар на средства што се користат при формулирање несогласување во двете средини, (в) утврдила кои прагматски и јазични средства што се користат при формулирањето несогласување во двете говорни средини го прават несогласувањето прифатливо или неприфатливо, (г) ги открила и ги објаснила проблемите со кои се соочуваат македонските говорители при изразување на несогласување во англиската говорна средина.

Покрај извонредно високото научно ниво, дисертацијата има и методолошка димензија бидејќи укажува на улогата на проучувањето на јазичните средства за изразување несогласување за успешна меѓујазична комуникација.

Во целина, трудот на м-р Марија Кусевска не само што ги потврдува очекувањата за нивото на докторска дисертација од обласата на јазикот, туку во многу аспекти и ги надминува. Кандидатката изработила дисертација која има теориско значење и практична вредност. Зафаќајќи се со еден актуелен феномен, таа остава зад себе и теориски сигнификантни заклучоци и снимен корпус за идни повторени или сродни истражувања. Практичната вредност се содржи во употребливоста на оваа дисертација за практична примена бидејќи резултатите ќе се применуваат во наставата по англиски јазик од средно до високо ниво. Оттаму, заклучоците на дисертацијата имаат не само теориска и научна сигнификантност, туку и практична примена во планирањето и изработката на идните наставни програми по странски јазици. Не помалку значајни и оригинални се заклучоците на самата споредбена анализа. Преку наведување на формалните разлики со англиските конструкции и објаснување на нивната употреба, м-р Кусевска ги открива културолошките разлики во јазичната

комуникација меѓу двата народа со што ги поставува темелите на констрастивнатата прагматика во македонистиката.

Затоа, имајќи го предвид сето претходно кажано, увидот, обемот и квалитетот на обработка на проблемот, користената библиографија, анализите и прилозите, на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" му предлагаме да ја одобри и да закаже одбрана на докторската дисертација *Анализа на изразувањето несогласување во македонскиот и во англискиот јазик и импликациите за учењето на англискиот јазик кај македонските говорители* од м-р Марија Кусевска.

Скопје, 15.10.2010

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Д-р Елени Бужаровска, редовен професор, с.р.

Д-р Екатерина Бабамова, редовен професор, с.р.

Д-р Марија Јанева-Михајловска, редовен професор, с.р.

Д-р Томислав Треневски, редовен професор, с.р.

Д-р Станислава-Сташа Тофоска-Јанеска, доцент, с.р.

# ПРЕГЛЕД

**на одобрени теми за изработка на магистерски трудови на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј„ во Скопје, Природно-математички факултет - Скопје, на седницата на Наставно-научниот совет на Факултетот, одржана на 28.10.2010 година**

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Никола Здравески, дипломиран инженер по биологија | „ЦИЈАНОБАКТЕРИИТЕ ВО БИОМОНИТОРИНГОТ НА ЕУТРОФИКАЦИЈАТА НА ПРЕСПАНСКОТО ЕЗЕРО" | - д-р Светислав Крстиќ, ред. проф. на ПМФ – Скопје. |
| Фламур Мехмети, дипломиран инженер по физика | „ОПШТА ТЕОРИЈА НА РЕЛАТИВНОСТА СО КЛАСИЧНИ ПРОВЕРКИ И РЕЛАТИВИСТИЧКА КОСМОЛОГИЈА" | - д-р Костадин Тренчевски, ред. проф. на ПМФ-Скопје. |

# РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР/ РЕИЗБОР НА ЕДЕН АСИСТЕНТ ПО ПРЕДМЕТИТЕ ФАРМАЦЕВТСКА ТЕХНОЛОГИЈА 1, ФАРМАЦЕВТСКА ТЕХНОЛОГИЈА 2, ФАРМАЦЕВТСКА ТЕХНОЛОГИЈА 3 И ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА НА ФАРМАЦЕВТСКИОТ ФАКУЛТЕТ, ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, донесена на IX редовна седница од 6.9.2010 година, а согласно со Законот за високото образование, Законот за научноистражувачка дејност, критериумите, постапката и начинот на избор во наставно-научни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" и на Факултетот, именувани сме за членови на Рецензентската комисија за избор/реизбор на асистент по предметите фармацевтска технологија 1, фармацевтска технологија 2, фармацевтска технологија 3 и професионална практика.

По разгледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

# ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот објавен во весникот „Утрински весник" од 19.6.2010 година за избор/реизбор на асистент по предметите фармацевтска технологија 1, фармацевтска технологија 2, фармацевтска технологија 3 и професионална практика, пријавен е еден кандидат - ас. м-р Маја Симоноска Црцаревска.

## Биографски податоци

Кандидатката Маја Симоноска Црцаревска е родена на 4. V 1976 година во Скопје. Основното и средното училиште ги завршила во Скопје со континуиран одличен успех. Во учебната 1994/95 година се запишала на студии на Фармацевтскиот факултет во Скопје, а ги завршила во 2000 година со среден успех 9,14. На 24. III 2000 година, со одбрана на дипломската работа под наслов: „Ефект на некои формулациски параметри врз ослободување на лековитата материја од В/М/В повеќефазни емулзиски системи", која е работена на Катедрата за фармацевтска технологија, се стекнала со звањето дипломиран фармацевт. Стручниот испит го положила во март 2004 година.

Во учебната 2000/01 година ги започнала постдипломските студии и со звањето магистер на фармацевтски науки на Фармацевтскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, се здобила во јануари 2007 година со одбрана на магистерскиот труд под наслов „Рационална

формулација на колоидни системи со биоактивни молекули со насочено и контролирано делување".

Во 2005 година, одобрена и е специјализација по специјалноста фармацевтска технологија.

Со одлука на Наставно-научниот совет (бр. 02-726/3) во 2008 година прифатена и е темата за докторска дисертација под наслов „Амфифилни нано-носачи за насочена антиканцерогена терапија или комбинирана хемотерапија/ген терапија".

На Фармацевтскиот факултет се вработила како дипломиран фармацевт во ноември 2003 година, каде што била задолжена за работите и работните задачи на Катедрата за фармацевтска технологија. Со решение на Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет во Скопје (Билтен бр. 791/01), избрана е за помлад асистент по предметот фармацевтска технологија, а реизбрана е во 2004 година (Билтен бр. 858/04). Со решение на Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет во Скопје (Билтен бр. 921/07), избрана е за асистент по предметите од областа фармацевтска технологија.

Рецензент е во повеќе научни/ стручни меѓународни списанија како што се Journal of pharmacy and pharmacology, Chemico-Biological Interactions, International Journal of Pharmaceutics, Drug Delivery, Archives of Pharmacal Research.

Член е на организациониот одбор на Секцијата за фармацевтска технологија, при Македонското фармацевтско друштво.

Ас. Маја Симоноска Црцаревска учествувала во подготовката на практикумите по предметите фармацевтска технологија 1, фармацевтска технологија 2, фармацевтска технологија 3 и професионална практика.

## Наставно-образовна дејност

Ас. Маја Симоноска Црцаревска, во рамките на активностите на Институтот за фармацевтска технологија, активно е ангажирана во изведувањето на практичната настава по предметите: фармацевтска технологија 1, фармацевтска технологија 2, фармацевтска технологија 3 и професионалната практика на додипломските студии на Фармацевтскиот факултет. Вклучена е во секојдневната стручна работа на Институтот за фармацевтска технологија, како и во научноистражувачката работа на Факултетот.

## Стручно-научна активност

Ас. Маја Симоноска Црцаревска активно учествувала како млад истражувач во работата на повеќе научноистражувачки проекти:

- Развој и евалуација на биодеградибилни носачи на лекови за антиканцер терапија (1999-2002), финансиран од ТУБИТАК, Р. Турција и

Министерството за образование и наука на Р. Македонија;

- Колоидни носители на лековити супстанции - микрочестички, наночестички и липозоми (2000-2003), финансиран од Министерството за образование и наука на Р. Македонија;

- Влијание на интеракциите на биополимерите врз ослободувањето на лековитата супстанција од цитозан-алгинат колоидните системи, (2002-2006), финансиран на НАТО-програмата: Наука за мир;

- Подготовка и проценка на биразградливи микрочестички за перорална примена со контролирано ослободување и целно делување, (2005- 2008), финансиран од ТУБИТАК, Р. Турција и Министерството за образование и наука на Р. Македонија;

- Амфифилни наносистеми како носачи на антиканцерогени лековити супстанции и комбинирани системи за насочување на гени и хемотерапевтици, (2009-2011), финансиран од ТУБИТАК, Р. Турција и Министерството за образование и наука на Р. Македонија.

Во рамките на континуираната едукација и усовршувањето во областите фармацевтска технологија и професионална практика, кандидатката има реализирано:

- академски истражувачки престој на Институтот за фармацевтска технологија при Фармацевтскиот факултет, Хаџитепе-универзитет, Анкара, Турција, како дел од проектот „Подготовка и проценка на биоразградливи микрочестички за перорална примена со контролирано ослободување и целно делување“, финансиран од ТУБИТАК, Р. Турција и Министерството за образование и наука па Р. Македонија, 2005-08;

- академски истражувачки престој на Факултетот за фармацевтски науки на Универзитетот во Копенхаген, Данска, како дел од TEMPUS-проектот „Реорганизација на фармацевтската едукација во Р. Македонија“, CD _JEP-18016-2003, 2004-07;

- учество во својство на предавач на Работилницата за козметологија, организирана од Македонското фармацевтско друштво, Скопје, 2009;

- учество во својство на предавач на Конференцијата за зелена козметика, организирана од Македонското фармацевтско друштво, Скопје, 2010.

*Објавени трудови*

Од изборот/ реизборот за асистент (Билтен бр. 921/2007), а во рамките на научноистражувачката работа на Институтот за фармацевтска технологија, кандидатката ги поднесува следниве трудови за рецензија:

17. Chitosan coated Ca-alginate microparticles loaded with budesonide for delivery to the inflamed colonic mucosa, M. S. Crcarevska, M. Glavas Dodov, K. Goracinova, European Journal of Pharmaceutics and Biopharmaceutics (2008) 68(3), 565-578.

Со едностепена постапка на распрснување со сушење подготвени се цитозан-Са-алгинатни микрочестички со енкапсулиран будезонид. Подготвените микрочестички се обложени со Eudragit S 100, со постапка на распрснување со сушење. Резултатите од физичката карактеризација укажуваат дека морфолошките карактеристики, големината и дистрибуцијата по големина на микрочестичките, како и нивната површинска наелектризираност се во рамките на оптималните вредности кои обезбедуваат насочување и контролирано ослободување на лековитата супстанција во колонот, а истовремено овозможуваат и нивна селективна биоатхезивност кон мукозата на дебелото црево. Резултатите од тестовите за дисолуција во медиуми со различна pH, укажуваат на влијанието на особините на употребените полимери, како и на концентрацијата на средството за вкрстено поврзување, врз брзината на ослободување на будезонидот од подготвените микрочестички. Резултатите од извршените испитувања укажуваат дека обложените со еудражит цитозан-Са-алгинатни микрочестички со будезонид, како резултат на нивните особини за насочено и контролирано ослободување, односно обезбедување на локално дејство на будезонидот во ГИТ, имаат потенцијал за ефикасност во терапијата на хуманите инфламаторни цревни заболувања.

18. Bioefficacy of budesonide loaded crosslinked polyeletrolyte microparticles in rat model of induced colitis, M. S. Crcarevska, M. Glavas-Dodov, G. Petrusevska, I. Gjorgoski, K. Goracinova, Journal of Drug targeting (2009), 17 (10), 788-802.

Цитозан-Са-алгинатните микрочестички со енкапсулиран будезонид се подготвени со едностепена постапка на распрснување со сушење. Подготвените микрочестички се обложени со ентеросолвентен полимер, Eudragit S 100. Ефикасноста на подготвените микрочестички е испитувана in vivo кај стаорци со TNBS-индуциран колит. Резултатите од одредувањето на односот маса на влажен колон/ телесна маса, макроскопската улцерација и хистолошката проценка, како и клиничката активност изразена преку бодови на оштетување, укажуваат дека примената на микрочестичките со будезонид резултира со значајно намалување на параметрите на оштетување на дебелото црево и инфламацијата во споредба со контролните формулации и нелекуваните животни. Статистичката анализа на вкупните бодови на оштетување (еднонасочна ANOVA, $p<0{,}05$) укажува дека инкорпорирањето на лековитата супстанција во микрочестичките дава сигнификантни разлики во корист на ефикасноста на дозираната форма која е дизајнирана да покажува мукоатхезивни својства и да го транспортира лекот до местото на дејствување, а притоа и да го контролира неговото ослободување на местото на дејствување. Резултатите од извршените испитувања укажуваат дека обложените со еудражит цитозан-Са-алгинатни микрочестички со будезонид имаат потенцијал за ефикасен третман на хуманите инфламаторни цревни заболувања.

19. Wheat germ aglutinin-conjugated chitosan–Ca–alginate microparticles for local colon delivery of 5-FU: Development and in vitro characterization, M. Glavas-Dodov, S.Calis, M. S. Crcarevska, N. Geskovski, V. Petrovska, K. Goracinova, International Journal of Pharmaceutics (2009), 381, 166–175.

Со едностепена постапка на распрснување со сушење подготовени се цитозан-Ca-алгинатни микрочестички коњугирани со лектин и наполнети со ацидорезистентни честички на 5-ФУ со цел ефикасен локален третман на рак на дебелото прево. Физичко-хемиските особини на подготвените честички како што се средниот волуменски дијаметар (6,6-14,6 μm), степенот на бабрење во пуфери со различни pH-вредности, површинската наелектризираност изразена преку зета-потенцијалот (9,6-15,3 μm), како и високите вредности за ефикасноста на енкапсулација (>70%), се во рамките на оптималните вредности кои обезбедуваат насочување и контролирано ослободување на лековитата супстанција во колонот. Резултатите од тестовите на ин витро ослободување на лековитата супстанција покажале постоење на контролирано pH-зависно ослободување, а тестот на хемаглутинација укажал на непроменетата активност на коњугираниот лектин. Севкупните резултати од физичко-хемиската и биофармацевтска карактеризација укажале на висок афинитет за насочено и контролирано ослободување на 5-ФУ, од подготвените формулации, во колонот и потенцијал за зголемена ефикасност со истовремено намалување на несаканите ефекти од фармаколошката терапија при третманот на рак на дебелото црево.

*Рецензирани научни трудови, печатени како кратки комуникации/ соопштенија*

6. Uptake studies of chitosan-Ca-alginate microparticles loaded with 5-FU in human intestinal cell lines, K. Goracinova, M. Simonoska Crcarevska, M. Glavas Dodov, B. Steffansen Maced. Pharm Bull, 53(1, 2) (2007) 24.

7. Spray-dried chitosan-Ca-alginate microparticles for colon delivery of 5-FU, M. Glavas Dodov, A. A. Hincal, S. Calis, M. Simonoska Crcarevska, N. Geskovski, K. Goracinova, Maced. Pharm Bull, 53(1, 2) (2007) 45-46.

8. Enteric coated chitosan-Ca-alginate microparticles for colon drug delivery, M. Simonoska, M. Glavas-Dodov, K. Goracinova, Maced Pharm Bull, 53(1, 2) (2007) 55-56.

9. Disolution profile of 5-ASA loaded in chitosan-Ca-alginate microparticles; influence of formulation variables K. Mladenovska, O. Cruaud, R.S. Raicki, M. G. Dodov, M. S. Crcarevska, E. I. Janevic, Z. Kavrakovski, K. Goracinova Maced Pharm Bull, 53 (1, 2) (2007) 43.

10. WGA functionalized chitosan-Ca-alginate microparticles loaded with 5-FU for local treatment of colon cancer, M. Glavas Dodov, A. A. Hincal, S. Calis, B.

Steffansen, M. Simonoska Crcarevska, K. Goracinova, Farmacevtski vestnik, 59 (special issue) (2008), 108-110.

11. Efficacy of microparticulated BDS dosage forms in the treatment of experimentally induced colitis in rats, M. Simonoska Crcarevska, M. Glavas Dodov, G. Petrusevska, I. Gjorgoski, K. Goracinova, Farmacevtski vestnik, 59 (special issue) (2008), 175-176.

12. Chitosan-Ca-Alginate microparticles loaded with HPMCP HP55 coated 5-FU: Physical characterization, M. Glavas Dodov, A. A. Hincal, S. Calis, M. Simonoska Crcarevska, N. Geskovski, K. Goracinova, Proceed. 6th World Meeting on Pharmaceutics, Biopharmaceutics and Pharmaceutical technology, Barcelona, Spain, (2008) 286-287.

13. Eficacy of 5-ASA loaded in Chitosan-Ca-Alginate microparticles after peroral administration to rats with TNBS induced colitis, K. Mladenovska, M.G.Dodov, O. Cruaud, R. S. Raicki, M. S. Crcarevska, T. Ristoska, K. Goracinova, Proceed. 6th World Meeting on Pharmaceutics, Biopharmaceutics and Pharmaceutical technology, Barcelona, Spain, (2008) 286-287.

14. M. Glavas Dodov, B. Steffansen, A.A. Hincal, S. Calis, M. S. Crcarevska, N. Geskovski, V. Petrovska, K. Goracinova, Colon specific delivery of chitosan-ca-alginate microparticle system containing 5-FU loaded nanoparticles, Presatelite Meeting of Scientific pharmaceutical Fare, Nice, France 2009.

15. Muco/ bioadhesive properties and in vivo biodistribution of chitosan-Ca-alginate microparticles loaded with 5-FU, M. Glavas Dodov, S. Calis, S. Kuzmanovska, M. S. Crcarevska, V. Petrovska, N. Geskovski, K. Goracinova, European Journal of Pharmaceutical Science (2009), 38 (Supp.1), 58-59.

16. Amphiphilic carriers for targeted anticancer drug delivery – optimizing formulation aspects, M. Simonoska Crcarevska, M. Glavas Dodov, V. Petrovska, N. Geskovski, K. Goracinova, Croatian Congress on Pharmacy with International Participation, Opatija, Croatia, 2010.

17. Lectin-conjugated 5-FU loaded chitosan-Ca-alginate microparticles: Ex vivo bioadhesion and in vivo biodistribution, N.Geskovski, S. Kuzmanovska, M. Simonoska Crcarevska, V. Petrovska, K. Goracinova, M. Glavas Dodov, Croatian Congress on Pharmacy with International Participation, Opatija, Croatia, 2010.

18. Characterization of Budesonide loaded glyceryl monosterate nanoparticles, H. Litovin, K. Goracinova, M. S. Crcarevska, V. Petrovska, N. Geskovski and M. G. Dodov, Croatian Congress on Pharmacy with International Participation, Opatija, Croatia, 2010.

19. Polyelectrolite complex based microspheres for colon specific anticancer drug delivery M. Glavas Dodov, N. Geskovski, B. Steffansen, S. Kuzmanovska, M. Simonoska Crcarevska, V. Petrovska, K. Goracinova, 3rd International Symposium Cellular delivery of Therapeutic Macromolecules, Cardiff, UK, 2010.

20. Solid Lipid nanoparticles for oral drug delivery – Formulation optimization and in vitro stability, H. Litovin, K. Goracinova, M. S. Crcarevska, N. Geskovski, V. Petrovska, K. Mladenovska, M. G. Dodov, World Meeting on Pharmaceutics, Biopharmaceutics and Pharmaceutical technology, Malta, 2010.

21. Silica based xerogel microparticles loaded with 5-FU: formulation and characterization, B. Djirgjic, M. Cvetkovska, M. Glavas Dodov, M. Simonoska Crcarevska, V. Petrovska, N. Geskovski, K. Goracinova, World Meeting on Pharmaceutics, Biopharmaceutics and Pharmaceutical technology, Malta, 2010.

22. Poly(acrylic acid) – poly(e-caprolactone)-poly(acrylic acid) nanoparticles loaded with budesonide for colon drug delivery: preparation and evaluation, N. Geskovski, P. Petrov, M. Glavas Dodov, M. Simonoska Crcarevska, V. Petrovska, M. Cvetkovska, Ch. Tsvetanov, K. Goracinova, World Meeting on Pharmaceutics, Biopharmaceutics and Pharmaceutical technology, Malta, 2010.

23. CPT-11 loaded PLGA nanoparticles: formulation and optimization, M. Simonoska Crcarevska, M. Glavas Dodov, S. Salis, V. Petrovska, N. Geskovski, K. Goracinova, XXI Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, 2010.

24. Preparation and characterization of budesonide loaded glyceride nanoparticles for local colon delivery, H. Litovin, K. Goracinova, M. Simonoska Crcarevska, V. Petrovska, N. Geskoski and M. Glavas Dodov, XXI Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, 2010.

*Усни презентации*

1. Efficiacy of enteric coated chitosan – Ca- alginate microparticles with budesonide in the treatment of TNBS induced colitis in rats, M. Simonoska Crcarevska, M. Glavas Dodov, K. Goracinova, Presatelite Meeting of Scientific pharmaceutical Fare, Nice, France 2009.
2. Козметички производи за нега, заштита, чистење и разубавување на кожа - поделба, начин и место на употреба, Маја Симоноска Црцаревска, Весна Петровска, Марија Главаш Додов,

Работилница за козметологија, организирана од Македонското фармацевтско друштво, Скопје, 2009.

3. Козметички производи и функционална козметика, активни супстанции и козмецеутици, Марија Главаш Додов, Маја Симоноска Црцаревска, Работилница за козметологија, организирана од Македонското фармацевтско друштво, Скопје, 2009.
4. Што е зелена козметика?, Марија Главаш Додов, Маја Симоноска Црцаревска, Весна Петровска, Конференција за зелена козметика, организирана од Македонското фармацевтско друштво, Скопје, 2010.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Оценувајќи ја досегашната стручна, научна и наставна активност на ас. Маја Симоноска Црцаревска, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката покажува континуиран и интензивен стручен напредок во областа на фармацевтските науки и со успех ги врши своите наставни, стручни и научни должности.

Ценејќи ги досегашните активности на ас. Маја Симоноска Црцаревска сметаме дека во целост ги исполнува условите за избор/реизбор во звањето асистент и ни претставува чест да му предложиме на Наставно-научниот совет да ја избере/реизбере во звањето асистент по предметите фармацевтска технологија 1, фармацевтска технологија 2, фармацевтска технологија 3 и професионална практика на Фармацевтскиот факултет во Скопје.

Рецензентска комисија

Проф. д-р Катерина Горачинова с.р

Доц. д-р Марија Главаш Додов с.р.

Проф. д-р Рената Славевска Раички с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН ПОМЛАД АСИСТЕНТ ПО ПРЕДМЕТИТЕ ФАРМАЦЕВТСКА ТЕХНОЛОГИЈА 1, ФАРМАЦЕВТСКА ТЕХНОЛОГИЈА 2, ФАРМАЦЕВТСКА ТЕХНОЛОГИЈА 3 И БИОФАРМАЦИЈА НА ФАРМАЦЕВТСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, донесена на IX редовна седница од 6.9.2010 година, а согласно со Законот за високото образование, Законот за научноистражувачка дејност, критериумите, постапката и начинот на избор во наставно-научни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" и Факултетот, именувани сме за членови на Рецензентската комисија за избор на помлад асистент по предметите фармацевтска технологија 1, фармацевтска технологија 2, фармацевтска технологија 3 и биофармација.

По разгледувањето на доставената документација, го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот објавен во весникот „Утрински весник" од 19.6.2010 година за избор на помлад асистент по предметите фармацевтска технологија 1, фармацевтска технологија 2, фармацевтска технологија 3 и биофармација, пријавен е еден кандидат – дипл. фарм. Никола Гешковски.

### Биографски податоци

Кандидатот Никола Гешковски е роден на 19.6.1983 год. во Скопје. Основното и средното училиште ги завршил во Скопје со континуиран одличен успех. Во учебната 2001/02 се запишал на студии на Фармацевтскиот факултет во Скопје, а ги завршил во 2006 година. На 29.09.2006 година со одбрана на дипломската работа под наслов „Системи со насочено делување", се стекнал со звањето дипломиран фармацевт. Стручниот испит го положил во септември 2007 година.

Во учебната 2007/08 се запишал на постдипломски студии на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Во учебната 2009/10 се запишал на специјализација по фармацевтска технологија на Фармацевтскиот Факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

## Наставно-образовна дејност

Никола Гешковски, во рамките на активностите на Институтот за фармацевтска технологија, активно е ангажиран во изведувањето на практичната настава по предметите фармацевтска технологија 1, фармацевтска технологија 2, фармацевтска технологија 3 и биофармација на додипломските студии на Фармацевтскиот факултет. Вклучен е во секојдневната стручна работа на Институтот за фармацевтска технологија, како и во научноистражувачката работа на Факултетот.

## Стручно-научна активност

Никола Гешковски активно учествувал како млад истражувач во работата на повеќе научноистражувачки проекти:

- Влијание на интеракциите на биополимерите врз ослободувањето на лековитата супстанција од цитозан-алгинат колоидните системи (2002-2006), финансиран од НАТО-програмата: „Наука за мир";
- Формулација и евалуација на перорални биодеградибилни микрочестички како носачи на лековити супстанци со контролирано и насочено дејствување (2005-2008), финансиран од ТУБИТАК, Р. Турција и Министерството за образование и наука на Р. Македонија;
- Амфифилни наносистеми како носачи на антиканцерогени лековити супстанции и комбинирани системи за насочување на гени и хемотерапевтици (2009-2011), финансиран од ТУБИТАК, Р. Турција и Министерството за образование и наука на Р. Македонија;
- Микроенкапсулирани синбиотици – од оптимална формулација до терапевтска примена (2010-2012), финансиран од Министерството за образование и наука на Р. Македонија.

*Рецензирани оригинални научни трудови*

1. Wheat germ agglutinin-conjugated chitosan–Ca–alginate microparticles for local colon delivery of 5-FU: Development and in vitro characterization, M. Glavas-Dodov, S.Calis, M.S.Crcarevska, N.Geskovski, V.Petrovska, K. Goracinova, International Journal of Pharmaceutics (2009), 381, 166–175.
   Целта на трудот е подготовка на цитозан-Ca-алгинатни микрочестички конјугирани со лектин и наполнети со ацидорезистентни честички на 5-ФУ

за постигнување на ефикасен локален третман на колон-канцер. Честичките биле подготвени со нова техника на спреј-сушење во еден чекор по што тие биле конјугирани со лектин. Подготвените честички биле карактеризирани преку одредување на големината и дистрибуцијата по големина, степен на бабрење, зета-потенцијал, ефикасност на енкапсулација, брзина и кинетика на *ин витро* ослободување на активната супстанција и активност на конјугираниот лектин. Вредностите за средниот волуменски дијаметар (од 6.6 до 14.6μm) и зета-потенцијал (од 9.6 до 15.3mV) соодветно за формулацијата без и со конјугиран лектин како и високите вредности на ефикасноста на енкапсулација (над 70%) укажуваат на поволните физичко-хемиски особини во однос на насоченото дејствување во колонот. Резултатите од тестот на *ин витро* ослободување укажале на постоење на контролирано pH зависно ослободување а тестот на хемаглутинација укажа на непроменетата активност на коњугираниот лектин. Од наведените резултати може да се заклучи дека подготвената формулација има висок афинитет за насочено и контролирано ослободување на 5-ФУ во колонот, добар предуслов за постигнување високи концентрации на местото на дејствување заради што би се зголемила ефикасноста и би се намалила инциденцата на несакани ефекти на фармаколошката терапија на канцерот на колонот.

*Рецензирани научни трудови печатени како кратки комуникации/соопштенија*

5. M. Glavas Dodov, B. Steffansen, A.A. Hincal, S. Calis, M. S. Crcarevska, N. Geskovski, V. Petrovska, K. Goracinova, Colon specific delivery of chitosan-ca-alginate microparticle system containig 5-FU loaded nanoparticles, Presatelite Meeting of Scientific pharmaceutical Fare, Nice, France 2009

6. Muco/ bioadhesive properties and in vivo biodistribution of chitosan-Ca-alginate microparticles loaded with 5-FU, M. Glavas Dodov, S. Calis, S. Kuzmanovska, M. S. Crcarevska, V. Petrovska, N. Geskovski, K. Goracinova, European Journal of Pharmaceutical Science (2009), 38 (Supp.1), 58-59.

7. Poly(acrylic acid) – poly(e-caprolactone)-poly(acrylic acid) nanoparticles loaded with budesonide for colon drug delivery: preparation and evaluation, N. Geskovski, P. Petrov, M. Glavas Dodov, M. Simonoska Crcarevska, V. Petrovska, M. Cvetkovska, Ch. Tsvetanov, K. Goracinova, World Meeting on Pharmaceutics, Biopharmaceutics and Pharmaceutical technology, Malta, 2010.

8. Silica based xerogel microparticles loaded with 5-FU: formulation and characterization, B. Djirgjic, M. Cvetkovska, M. Glavas Dodov, M. Simonoska

Crcarevska, V. Petrovska, N. Geskovski, K. Goracinova, World Meeting on Pharmaceutics, Biopharmaceutics and Pharmaceutical technology, Malta, 2010.

9. Solid Lipid nanoparticles for oral drug delivery – Formulation optimization and in vitro stability, H. Litovin, K. Goracinova, M.S.Crcarevska, N. Geskovski, V. Petrovska, K. Mladenovska, M. Glavas, World Meeting on Pharmaceutics, Biopharmaceutics and Pharmaceutical technology, Malta, 2010.

10. Amphiphilic carriers for targeted anticancer drug delivery – optimizing formulation aspects, M. Simonoska Crcarevska, M. Glavas Dodov, V. Petrovska, N. Geskovski, K. Goracinova, Croatian Congress on Pharmacy with International Participation, Opatija, Croatia, 2010.

11. Lectin-conjugated 5-FU loaded chitosan-Ca-alginate microparticles: Ex vivo bioadhesion and in vivo biodistribution, N.Geskovski, S. Kuzmanovska, M. Simonoska Crcarevska, V. Petrovska, K. Goracinova, M. Glavas Dodov, Croatian Congress on Pharmacy with International Participation, Opatija, Croatia, 2010.

12. Characterization of Budesonide loaded glyceryl monosterate nanoparticles, H. Litovin, K. Goracinova, M. S. Crcarevska, V. Petrovska, N. Geskovski and M. D. Glavas, Croatian Congress on Pharmacy with International Participation, Opatija, Croatia, 2010.

13. Comparison of static image analysis and laser diffraction particle size analysis data obtain from measuring microcrystalline cellulose, D. Kostovski and N. Geskovski, Croatian Congress on Pharmacy with International Participation, Opatija, Croatia, 2010.

14. Polyelectrolite complex based microspheres for colon specific anticancer drug delivery, M. Glavas Dodov, N.Geskovski, B. Steffansen, S. Kuzmanovska, M. Simonoska Crcarevska, V. Petrovska, K. Goracinova, 3rd International Symposium Cellular delivery of Therapeutic Macromolecules, Cardiff, UK, 2010.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените податоци за стручната и наставна активност на дипл. фарм. Никола Гешковски, Рецезентската комисија констатира дека кандидатот покажува континуирано унапредување на својата стручност и наставно-научна активност во областа фармацевтска технологија и биофармација.

Ценејќи ги досегашните активности на Никола Гешковски сметаме дека во целост ги исполнува условите за избор во звањето помлад асистент и ни претставува чест да му предложиме на Наставно-научниот совет да го избере во звањето помлад асистент од областа фармацевтска технологија и биофармација на Фармацевтскиот факултет во Скопје.

Рецезентска комисија

Проф. д-р Катерина Горачинова с.р.

Доц. д-р Марија Главаш Додов с.р.

Доц. д-р Кристина Младеновска с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА УЧЕБНОТО ПОМАГАЛО ПОД НАСЛОВ „ВОДИЧ ЗА ПРАКТИЧНАТА НАСТАВА ПО ОПШТА И НЕОРГАНСКА ХЕМИЈА " , ПОДГОТВЕНО ОД НАСТАВЕН КАДАР НА КАТЕДРАТА ЗА НЕОРГАНСКА ХЕМИЈА НА ФАРМАЦЕВТСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ, НАМЕНЕТ ЗА СТУДЕНТИТЕ ОД СТУДИСКАТА ПРОГРАМА МАГИСТЕР ПО ФАРМАЦИЈА

Со решение бр. 02/533/16 од 2010 година, врз основа на член 30 од Статутот на Фармацевтскиот факултет во Скопје, Наставно-научниот совет, на својата IX седница одржана на 6. 9 2010, формира Рецензентска комисија за преглед и оцена на ракописот под наслов „ Водич за практичната настава по општа и неорганска хемија", напишан од наставен кадар на Катедрата за неорганска хемија, и тоа доц. д-р Руменка Петковска и м-р фарм. Лилјана Богдановска.

По прегледот на доставениот материјал, Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Сузана Трајковиќ-Јолевска и проф. д-р Зоран Кавраковски, го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Текстот на ракописот е подготвен на компјутер, содржи 137 страници А4-формат, со бројни, табели, хемиски формули, хемиски реакции и задачи во 12 одбрани практични методски единици – вежби кои се предвидени со наставната програма за практична настава за студентите од студиската програма магистер по фармација. Методските единици се напишани на кирилица, секоја методска единица претставува посебна целина која се надоврзува на претходната, така што сите заедно се вклопуваат во постојната програма за практична настава по предметот општа и неорганска хемија. Авторите ја изнесуваат материјата едноставно и концизно, стручно и разбирливо, имајќи ја предвид претходната подготовка на студентите по фармација.

На почетокот на секоја тематска единица е даден кус вовед кој го нагласува теоретското и практичното значење на секој проблем кој се анализира и решава во текот на практичната работа. За таа цел се користат бројни хемиски формули, хемиски равенки, табели и математички формули.

Тематските единици содржат голем број на математички задачи засновани на хемиски формули и хемиски реакции, постапките за решавање на математичките задачи, како и постапки за утврдување на својствата на хемиските елементи, кои се детално опишани, разбирливи и прегледни за работа. На крајот од секоја вежба, стекнатите сознанија на студентот се проверуваат преку одговорите на неколку прашања и задачи кои вклучуваат математички задачи засновани на хемиски формули и хемиски реакции, како и задачи за практично изведување на хемиски реакции со цел утврдување на својствата на хемиските елементи и хемиските соединенија карактеристични за секоја тематска единица. Квантитативниот резултат од практичната работа, задачите и донесените заклучоци на крајот на секоја вежба, студентите ги внесуваат во дневникот за работа што се верифицира од страна на одговорниот асистент.

Според авторите, Водичот се користи како учебно помагало кое го олеснува совладувањето на методските единици.

Водичот за практичната настава по општа и неорганска хемија опфаќа 12 методски единици, во кои пропорционално се застапени сите делови предвидени со теоретската и практичната наставна програма.

Првата вежба се однесува на релативна атомска маса, релативна молекулска маса, мол, оксидациски број и стехиометриска валантност. Во вежбата студентите се запознаваат со наведените големини карактеристични за хемиските елементи и хемиските соединенија, како и со начинот на пресметување прикажан со конкретни примери и задачи.

Во втората вежба студентот се запознава со гасните закони, идеални и реални гасови, како и со зависноста на основните параметри (притисок, температура и волумен) кои ја карактеризираат состојбата на гасовите. Наведената проблематика се проучува преку математички пресметки и задачи.

Во третата вежба се проучуваат оксидо-редукциските хемиски процеси. Во вежбата студентите изведуваат повеќе хемиски реакции кои се засноваат на оксидо-редукција со цел преку видливите промени во реакциониот систем да ја утврдат оксидо-редукциската промена на учесниците во реакцијата.

Во четвртата вежба се проучуваат течните раствори, растворливоста на супстанциите претставена преку коефициентот на растворливост, како и со основните начини за квантитативно изразување на составот на растворите.

Следната вежба ги обработува процесите на електролитна дисоцијација со посебен осврт на електролитната дисоцијација на водата, јонскиот производ на водата, како и пресметување на концентрацијата на водородни јони во раствори на силни електролити (pH).

Шестата вежба претставува продолжение на претходната и ги опфаќа процесите на хидролиза, како и пресметувањето на концентрацијата на водородни јони во раствори на соли кои хидролизираат.

Во следната вежба студентот се запознава со пуферските раствори, механизмот на пуферско дејствувањер, пуферски капацитет, како и со пресметувањето на pH-вредноста на пуферите.

Осмата вежба се однесува на комплексните соединенија. Студентот ја обработува проблематиката на координативно-ковалентната врска, структурата и номенклатурата на комплексните јони и дисоцијацијата на комплесните соединенија. Во текот на вежбата студентот изведува повеќе хемиски реакции на создавање комплексни соли и нивна дисоцијација во водени раствори.

Следните четири вежби се однесуваат на утврдување на својствата на некои хемиски елементи и хемиски соединенија како претставници на одделни групи елементи од периодниот систем.

Во деветтата вежба студентот се запознава со хемиските елементи водород и кислород, лабораториските методи за нивно добивање и нивните хемиски својства. Вежбата опфаќа и запознавање со својствата на пероксидите, со посебен осврт на лабораториските методи за добивање и хемиските својства на водород пероксид.

Десеттата вежба се однесува на халогените елементи (хлор, бром и јод). Во текот на вежбата се изведуваат повеќе хемиски реакции за лабораториско добивање и докажување на хемиските својства на наведените елементи.

Следната вежба ги обработува хемиските својства на халкогените елементи со посебен осврт на својствата на сулфурот, неговите алотропски могификации, како и својствата на некои поважни соединенија ($H_2S$, $SO_2$ i $H_2SO_4$).

Последната вежба се однесува на хемискиот елемент азот и неговите поважни соединенија ($NH_3$, NO, $NO_2$ $HNO_2$, $HNO_3$) од аспект на лабораториски методи за добивање и нивните својства.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложениот текст може да се констатира дека опфатените методски единици се во согласност со практичната и теоретската наставна програма за предметот општа и неорганска хемија за студентите од студиската програма магистер по фармација. Во водичот за практична настава се приложени 12 обемни вежби кои по потреба можат да се осовременуваат. Во изведувањето на вежбите е предвидено студентите да работат самостојно. Рецензентите се задоволни од предложениот текст и од начинот на презентација на содржините. Со овој Водич студентите од студиската програма магистер по фармација добиваат мошне корисно учебно помагало кое ќе им го олесни следењето и изведувањето на практичните вежби по општа и неорганска хемија.

На Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет му препорачуваме овој ракопис да го одобри како постојано учебно помагало по предметот општа и неорганска хемија за студентите од студиската програма магистер по фармација.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

Проф. д-р Сузана Трајковиќ-Јолевска, с.р.

Проф. д-р Зоран Кавраковски, с.р.

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАУЧЕН СОРАБОТНИК ВО ИНСТИТУТОТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА ВО СКОПЈЕ

Рецензентската комисија за избор во научно звање на д-р Александар Стојчев, именувана на седницата на Советот на ИНИ со одлука бр. 02-22/19 од 26.3.2010 година, во состав: проф. д-р Ристо Дамјановски, проф. д-р Ѓорѓи Малковски и проф. д-р Ѓорѓи Чакарјаневски, по разгледувањето на материјалите приложени со пријавата на д-р Александар Стојчев за избор во научно звање, има чест на Советот на Институтот за национална историја да му го достави следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### I. Податоци за кандидатот

Д-р Александар Стојчев е роден на 5.4.1975 година во Белград. Основно и средно училиште завршил во Белград, а дипломирал со висок просек на Филозофскиот факултет, група историја во Скопје на 21.3.2001 година. По дипломирањето во 2002 година се вработил како помлад асистент по воена историја на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски" во Скопје.

На 24.3.2006 година ги завршил постдипломските студии на Институтот за национална историја во Скопје, со одбрана на магистерскиот труд под наслов „Дојранските позиции на Македонскиот фронт 1915-1918 година".

На 11.12.2009 година, на Институтот за национална историја во Скопје, ја одбранил докторската дисертација под наслов „Македонскиот фронт 1915-1918 година", со што се стекнал со титулата доктор на историски науки.

Во 2009 година е избран за наставник по предметот воена историја на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски" во Скопје.

Д-р Александар Стојчев одлично ја познава компјутерската технологија со што ја надополнува својата научноистражувачка работа и извонредно го познава англискиот јазик, а се служи и со други странски јазици што му овозможило во текот на својот професионален ангажман да се стекне и со низа интернационални искуства и сертификати.

Моментално е вработен како раководител на Службата за воена историја-Воен музеј во состав на Министерството за одбрана на Република Македонија, каде што ја води научноистражувачката работа во оваа институција.

### II. Оцена на научната работа

Д-р Александар Стојчев почнал да се занимава со научна работа веднаш по неговото вработување во Воената академија „Генерал Михаило Апостолски" во Скопје. Како млад истражувач учествувал во научно-истражувачкиот проект

„Информатичка поддршка на наставата по воена историја", реализиран од 2000-2003 година со соработка на Воената академија и Министерството за образование на Република Македонија. Стручните познавања на информатичката технологија Александар Стојчев ги применува на вежбите со питомците и слушателите на курсеви за офицери и во рамките на научноистражувачката работа на воената академија. Наставно-научната работа Александар Стојчев ја надополнува со редовни консултации и следење на изработката на дипломските трудови на питомците во рамките на предметот воена историја. Сериозниот пристап кон работата со примена на информатичката технологија на Катедрата за општествени науки на Воената академија го сметаме како значителна предност бидејќи овозможува интермедијално, повеќедимензионално презентирање на историските факти во современите услови на истражување на историската наука и презентирање на научни сознанија. Со таков пристап во научната работа, Александар Стојчев во 2004 година се јавува како автор на атлас со 115 воеиоисториски мапи на англиски јазик по НАТО-стандардите издадени како прилог на монографијата „Воена историја на Македонија", на англиски јазик, прв ваков труд во македонската историографија.

Трудот „Дојранските позиции на Македонскиот фронт 1915-1918 година" е прва монографија на кандидатот д-р Александар Стојчев објавена во 2007 година и претставува успешен обид на авторот да се зафати со научно истражување на тема од периодот на Првата светска војна која за македонската историографија е мошне значајна. Наведеното тематско подрачје досега не било предмет на пошироко научно елаборирање и со таков наслов досега не постоела ниту научна студија, или научна монографија. Трудот предметно е концпиран според законите на научната методологија со прецизно дефинирана хронологија. Авторот со примена на различни методски постапки, а пред се компаративниот и методот анализа на содржината успеал да изврши валидна селекција и квалификација на документи и литература, да изврши споредување на изворите од различна провениенција, да изврши научни истражувања на ниво на научна дескрипција и објаснување и сето тоа да го преточи во монографија во обем од 250 страници, поткрепена со 295 фусноти.

Авторот најнапред методолошки и логички ги поврзува балканските војни и Првата светска војна, ги анализира спогодбите, подготовките и истоварувањето на силите на Антантата во Солун и почетните борби во Македонија во 1915 година. Исто така, тој го разјаснува создавањето на Македонскиот фронт во 1916 година и основањето и утврдувањето на дојранските позиции. Користејќи разновидна литература и документација и врз основа на воени карти и авионски снимки, авторот мошне прецизно ги утврдува одбранбените линии на дојранските позиции, ги открива позициите на артилеријата и на пешадијата и со тоа дава можност за поширока елаборација и анализа на распоредот на силите за евентуална реконструкција на воените настани или организирање на методско-показна вежба од страна на единиците на АРМ. Потоа се дава опис на повремените борби на дојранските позиции од 1916 до 1917 година со детална анализа на воените настани во 1918 година.

Учеството на македонскиот народ во составот на двете завојувани сили во борбите на дојранските позиции е обработено во посебен дел од трудот каде што, покрај другите настани наведено е ангажирањето на силите на ВМРО во акциите кај Валандово и Удово и со мноштво факти е докажано мобилизирањето

на македонското население во српската, грчката и бугарската војска и ангажирањето на цивилното население во изградбата на патишта, мостови и други објекти за потребите на завојуваните страни.

Овој труд, покрај научното значење за македонската историографија, има и општествено значење, особено за развојот на воените науки со оглед на тоа што ги изучува борбените дејства на граничната линија помеѓу Република Македонија и Република Грција која во периодот на Првата светска војна 1915-1918 година, била линија на Македонскиот фронт. Тоа значи дека изучувајќи ги искуствата и поуките од настаните на Македонскиот фронт, 1915-1918 година, овој труд може да има теориска и практична примена во вооружените сили на Република Македонија.

При научноистражувачката работа заради популаризација на теми од областа на воената историја, д-р Стојчев од 2001 година до денес објавува стручно-апликативни и научни трудови во повеќе домашни списанија. За одбележување е учество на кандидатот Александар Стојчев на научниот собир по повод 100 години Илинденско востание во организација на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски" во 2003 година, од кој произлезе и Јубилејниот зборник „100 години Илинден", во 2006 година, каде што кандидатот Александар Стојчев е коавтор на трудот „Политиката, стратегијата и тактиката во Илинденското востание". Д-р Александар Стојчев во изминатиов период е автор на историски карти за повеќе домашни и меѓународни музејски изложби, меѓу кои се позначајни постојаните музејски изложби во НУ Музеј на Македонија, Музејот во Берово и Воениот музеј на Република Македонија. Особено значајно во научната работа на кандидатот е изработка на воеоисториски карти за книгата „Историски атлас на Македонија", објавена во 2009 година, за која авторите на атласот се добитници на државната награда за наука „Гоце Делчев" во 2010 година.

Д-р Александар Стојчев е коавтор на проектот за основање на Воен музеј на Република Македонија во 2006 година и автор на проектот за поставување на музејска поставка на Воениот музеј на отворено под скопската тврдина Кале во 2010 година. За одбележување е ангажирањето на кандидатот Стојчев за афирмација на научната работа, при што резултатите од своите истражувања и ги соопштува на јавноста во вид на повеќе интервјуа за домашните медиуми а на 11 ноември 2008 година гостувал на националниот дневник на француската телевизија ТВ5 Монд по повод 90 години од завршувањето на Првата светска војна, во кој настап ги дава основните карактеристики на Македонскиот фронт, 1915-1918 година.

Покрај наведените домашни научноистражувачки проекти, во последните неколку години д-р Александар Стојчев работи како соработник на меѓународни научноистражувачки проекти. Од 2005 година е учесник во меѓународен научноистражувачки проект за културно преуредување на земјиштето на Преспа (***Prespa Cultural Landscape Project***), во реализација на Централноевропскиот универзитет од Будимпешта, Институтот и Музејот на праисториска археологија од Охрид, Колеџот Свит Брајар од САД, Универзитетот Дурам и Службата Национален парк при Владата на САД. Од 2008 година д-р Стојчев е член на меѓународниот научноистражувачки проект за создавање на воен меморијал во Битола за учеството на француската војска во борбите на Македонскиот фронт, 1915-1918 година. За одбележување е неговата кооперативност во обработката

на тимските проекти, истражувачката упорност и темелност што го прави мошне полезен истражувач.

III

По увидот во доставениот материјал кон пријавата на кандидатот за избор во наставно-научно звање во согласност со пропишаните критериуми за избор, констатирано е дека е веќе исполнет минималниот број поени за прв избор во наставно-научно звање од наставно-научната област.

Според Образецот за одредување на вкупната актива на поени за избор во одредено звање („Сл. весник на РМ" бр. 82/09), д-р Александар Стојчев, ги има следниве бодови:

## НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Р. бр. | **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | Поени во земјата | НАЗИВ |
|---|---|---|---|
| 1. | Монографија или научна книга | 8 | *„Дојран 1915-1918 г. Воени операции"*, ИНИ, Скопје, 2007. |
| 2. | Дел од монографија или научна книга | 4+4 | *Military History of Macedonia-Maps, Military Academy "General Mihailo Apostolski"*, Skopje, 2004; Александар Стојчев, компјутерска обработка на карти, *Историски атлас на Македонија*, подготвиле: Ѓорѓи Чакарјаневски, Васил Јотевски, Ванче Стојчев, Тодор Чепреганов, Селектор, Скопје 2009. |
| 5. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен собир | 1 | Александар Стојчев (коавтор), *Политиката, стратегијата и тактиката во Илинденското востание*, Јубилеен зборник „100 години Илинден", Православен зборник „100 години Илинден", Православен богословски факултет "Св. Климент Охридски", Скопје, 2006, стр. 183-194. |
| 10. | Одбранета докторска теза | 8 | ИНИ-Скопје, *Македонскиот фронт 1915-1918*, Скопје, 2009 |
| | Одбранета магистерска работа | 5 | ИНИ-Скопје, *Дојранските позиции на Македонскиот фронт*, Скопје, 2006. |
| 12. | Учесник во научен проект | 4 | *Информатичка поддршка на наставата по воена историја*, Воена академија, Скопје, 2003; *Prespa Cultural Landscape Project, 2005.* |
| | **ВКУПНО ПОЕНИ:** | **34** | |

Според критериумите за избор во звања објавени во Универзитетски гласник на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, д-р Александар Стојчев ги има следниве бодови:

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ:

| | |
|---|---|
| Одржување на настава | |
| - од прв циклус студии | 2,4 |
| Одржување на теренска настава | 0,16 |
| Одржување на вежби | 2,7 |
| Консултации со студенти | 0,42 |
| Член на комисија за оцена или одбранана дипломска работа | 0,1 |
| **ВКУПНО ПОЕНИ:** | **5,78** |

Како помлад асистент на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ во Скопје од 2002 до 2006 година ја остварил наставно-образовната дејност

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| | |
|---|---|
| Дела од архитектонска визуелизација, мултимедиски и графички дизајн | |
| автор | 46 карти за музејски изложби според доставениот список на трудови |
| Директор на Воениот музеј од 2006 до 2010 | 6 |
| **ВКУПНО ПОЕНИ:** | **52** |

**СÈ ВКУПНО ПОЕНИ: 91**

IV

Ценејќи ја досегашната научноистражувачка работа, неговите постигнати резултати, околностите на научниот развој и присутниот континуитет во научните истражувања, Рецензентската комисија смета дека се исполнети сите законски услови и дека кандидатот го достигнал потребниот степен на научна оспособеност, поради што му предлага на Советот на Институтот за национална историја, д-р Александар Стојчев да биде избран во звањето научен соработник-доцент.

Со почит,

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:**

**Проф. д-р Ристо Дамјановски** ____________________

**Проф. д-р Ѓорѓи Малковски** ____________________

**Проф. д-р Ѓорѓи Чакарјаневски** ____________________

# Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО РЕДОВЕН ПРОФЕСОР НА КАТЕДРАТА ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И ЈУЖНОСЛОВЕНСКИ ЈАЗИЦИ НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ" ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет, на својата деветта редовна седница одржана на 14 септември 2010 година, нè избра за рецензенти по пријавата на д-р Марјан Марковиќ на конкурсот објавен на 2.9.2010 г. во весникот „Дневник“ за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по предметите: *преглед на македонските дијалекти 1 и 2, карактеристики на македонските дијалекти 1 и 2, балканска лингвистика/балканистика, современ македонски јазик и преглед на историја со дијалектологија на македонскиот јазик*. Комисијата се заблагодарува за укажаната чест и на Наставно-научниот совет му го доставува на разгледување и усвојување следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Д-р Марјан Марковиќ е роден на 7.2.1967 година во Скопје. Средно образование завршил во гимназијата „Јосип Броз-Тито“ со одличен успех. На Филолошкиот факултет се запишал во 1987 година, а дипломирал во 1991 година и се стекнал со звањето дипломиран филолог по македонски јазик со полски јазик и книжевност, со просечен успех 9,45. Во 1995 го одбранил магистерскиот труд „Македонскиот и ароманскиот глаголски систем во говорите на охридско-струшкиот регион", под менторство на акад. Божидар Видоески. Во 2000 година ја одбранил докторската дисертација „Говорот на Ароманците Фаршероти од охридско-струшкиот регион во балкански контекст", под менторство на акад. Виктор Фридман.

Од 1992 до 1995 година, како стипендист на Министерството за образование и наука, бил вработен во Македонската академија на науките и уметностите како стручен соработник на проектот *Меѓународни лингвистички атласи*. Од 1995 година е постојан надворешен соработник на МАНУ за проектите *Меѓународни лингвистички атласи*.

На Филолошкиот факултет е вработен од 1995 година, најпрвин како помлад асистент, потоа како асистент, а по докторирањето во 2000 година избран е за доцент по предметот дијалектологија на македонскиот јазик. За вонреден професор е избран во февруари 2006 година. Во учебната 2003/2004 ја извршувал функцијата продекан за настава на Филолошкиот факултет, а во учебната 2008/2009 бил продекан за меѓународна соработка.

## Наставно-образовна дејност

**Настава од прв циклус студии**

Во рамките на наставните активности, во периодот од изборот во звањето вонреден професор држел настава по предметите: дијалектологија на

македонскиот јазик (1 и 2), преглед на македонските дијалекти 1 и 2, карактеристики на македонските дијалекти 1 и 2, балканска лингвистика/балканистика, современ македонски јазик и преглед на историја со дијалектологија на македонскиот јазик, и тоа за студентите од групите: македонски јазик и јужнословенски јазици, македонска книжевност, превод и толкување (албански јазик - мајчин и немајчин).

**Настава од втор циклус студии**

Во уч. 2006/07 и 2007/08 одржал предавања (6 часа) на постдипломските студии од научната област македонски јазик (балканска лингвистика).

**Настава на летни школи и работилници**

Во 2007 држел курс по дијалектологија на македонскиот јазик за учесниците на Летната школа при Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура.

**Учебници и практикуми**

Приредувач е на два универзитетски учебника: *Дијалектологија на македонскиот јазик II* , 247 стр. Филолошки факултет -Скопје, 2007 и *Дијалектологија на македонскиот јазик I (Преглед на македонските дијалекти)*- II издание , 235 стр. Филолошки факултет -Скопје, 2008.

**Менторства и комисии**

Во изборниот период бил член на 11 комисии за одбрана на магистратура и докторат. Во 2006 година бил претседател на Комисијата за самоевалуација на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", при што извештајот за самоевалуација доби највисоки оценки од Универзитетската комисија за евалуација. Во 2008 година бил претседател на Комисијата за ангажираност при Филолошкиот факултет, а во учебната 2008/2009 година ја извршувал функцијата продекан за меѓународна соработка на Факултетот.

## Научноистражувачка дејност

**Учество во проекти**

Д-р Марјан Марковиќ учествувал во повеќе домашни и меѓунарони проекти, меѓу кои би ги издвоиле: *Јазични паралели како мостови меѓу луѓето,* реализиран во соработка со Универзитетот во Трондхајм, Кралство Норвешка (2005-2006); Географска и функционална карактеристика на морфо-синтаксичките балканизми, МАНУ (2005-); Општословенски лингвистички атлас (ОЛА), МАНУ (2005-); Европски лингвистички атлас (АЛЕ), МАНУ (2005-). Тој е и претседател на Македонската национална комисија на проектите ОЛА и АЛЕ, како и член на Меѓународната комисија на ОЛА и член на Меѓународниот борд на АЛЕ. Од 2009 година, тој е член на Меѓународната комисија за балканистика при Меѓународниот комитет на славистите.

**Студиски престои во странство**

- 2005/2006/2007, Полска академија на науките, Краков, Полска;
- 2008, Институт за лужички јазик, Бауцен, Германија;
- 2009, Белоруска академија на науките, Минск, Белорусија;
- 2009, Универзитет во Хелсинки, Финска;
- 2009, Универзитет во Чикаго, САД.

**Објавени трудови и учество на симпозиуми**

Во рамките на научноистражувачката работа, има учествувано на околу 60 научни симпозиуми и меѓународни работни средби. Има објавено околу 50 научни трудови во домашни и меѓународни списанија и зборници. Во периодот 2005 - 2010 има објавено 14 трудови и учествувано на 16 научни симпозиуми и собири.

**Објавени монографии и друго**

Д-р Марјан Марковиќ е автор на монографијата *Македонскиот и аромански от говор во охридско-струшкиот регион (во балкански контекст)*, МАНУ, Скопје, 188 стр. 2007 год., потоа автор на *Дигитален архив на македонскиот јазик*, МАНУ, Скопје 2008 год. Тој е и приредувач на два универзитетски учебника: *Дијалектологија на македонскиот јазик II* , 247 стр. Филолошки факултет, Скопје, 2007 год. и *Дијалектологија на македонскиот јазик I (Преглед на македонските дијалекти)*- II издание , 235 стр. Филолошки факултет, Скопје, 2008 год. Во 2009 година тој е советник - консултант на *Британика енциклопедиски речник*, ТОПЕР, Скопје, 2009 год. Тој е и коавтор на *Македонски дијалектен атлас - пролегомена*, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков" 146 стр. , Скопје 2009.

## Стручно-апликативна дејност

**Експертски активности**

Д-р Марјан Марковиќ бил рецензент на 3 научноистражувачки проекти при Министерството за образование и наука. Бил член на Комисијата за валоризација на македонските дијалекти - УЗКМ при Министерството за култура на РМ. Во април 2009 бил советник-консултант за балканистички проект на Катедрата за словенски јазици при Универзитетотот во Хелсинки, Финска.

**Дејности од поширок интерес**

Во 2006 година бил претседател на Комисијата за самоевалуација на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", при што извештајот за самоевалуација доби највисоки оценки од Универзитетската комисија за евалуација. Во 2008 година бил претседател на Комисијата за ангажираност при Филолошкиот факултет, а во учебната 2008/2009 година ја извршувал функцијата продекан за меѓународна соработка на Факултетот.

**Членство во извршно тело на меѓународна организација**

Д-р Марјан Марковиќ е член на повеќе меѓународни тела и организации: член на Македонската национална комисија при Општословенскиот

лингвистички атлас (ОЛА), член на Меѓународната поткомисија за обопштувачка транскрипција при ОЛА, член на Македонската асоцијација за применета лингвистика, член на Меѓународната поткомисија за компјутеризација на картографскиот материјал при ОЛА, член на Меѓународната комисија на ОЛА при Меѓународниот комитет на славистите, претседател на Македонската национална комисија на ОЛА, претставник на Македонија во Меѓународната комисија на Европскиот лингвистички атлас (АЛЕ), член на Меѓународниот борд на Европскиот лингвистички атлас (АЛЕ), како и член на Меѓународната комисија за балканистика при Меѓународниот комитет на славистите.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Рецензентската комисија високо ја вреднува и позитивно ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност на д-р Марјан Марковиќ во областа на македонската наука за јазикот. Со досегашната работа тој дал мошне видлив придонес во проучувањето и афирмирањето на македонската наука за јазикот и целосно ги исполнува условите за избор во звањето за кое се пријавува.

Имајќи ја предвид севкупната дејност на д-р Марјан Марковиќ од изборот во звањето вонреден професор па до денес, со задоволство му предлагаме на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" да го избере д-р Марјан Марковиќ во звањето редовен професор по предметите: *пре̄глед на македонскит̄е дијалектӣ 1 и 2, карактерист̄ики на македонскит̄е дијалект̄и 1 и 2, балканска линг̄вист̄ика/балканист̄ика, современ македонски јазик и пре̄глед на ист̄орија со дијалект̄олог̄ија на македонскиот̄ јазик.*

Рецензентска комисија

Д-р Стојка Бојковска, редовен професор, с.р.

Д-р Димитар Пандев, редовен професор, с.р.

Д-р Елена Петроска, редовен професор, с.р.

## ОБРАЗЕЦ
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО- НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Марјан Душан Марковиќ**
**Институција: Филолошки факултет „Блаже Конески“ - Скопје**
**Научна област: современ македонски јазик**

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| ред. број | Назив на активноста: Одржување настава од прв циклус студии | поени |
|---|---|---|
| 1. | Дијалектологија на македонскиот јазик 1 (2+2), летен 2005/06 | 2,4 |
| 2. | Дијалектологија на македонскиот јазик 2 (2+2), летен 2005/06 | 2,4 |
| 3. | Современ македонски јазик 1 ПИТА (0+4), летен 2005/06 | 1,2 |
| 4. | Дијалектологија на македонскиот јазик 1 (2+2), зимски 2006/07 | 2,4 |
| 5. | Дијалектологија на македонскиот јазик 2 (2+2), зимски 2006/07 | 2,4 |
| 6. | Современ македонски јазик 1 ПИТА (0+4), зимски 2006/07 | 1,2 |
| 7. | Дијалектологија на македонскиот јазик 1 (2+2), летен 2006/07 | 2,4 |
| 8. | Дијалектологија на македонскиот јазик 2 (2+2), летен 2006/07 | 2,4 |
| 9. | Современ македонски јазик 1 ПИТА (0+4), летен 2006/07 | 1,2 |
| 10. | Балканистика (2+0), летен 2006/07 | 1,2 |
| 11. | Дијалектологија на македонскиот јазик 1 (2+2), зимски 2006/07 | 2,4 |
| 12. | Дијалектологија на македонскиот јазик 2 (2+2), зимски 2007/08 | 2,4 |
| 13. | Современ македонски јазик 1 ПИТА (0+4), зимски 2007/08 | 1,2 |
| 14. | Преглед на историја со дијалектологија за ПИТ-А (2+2), зимски 2007/08 | 2,4 |
| 15. | Граматика на македонскиот јазик 1 ПИТА (2+0), зимски 2007/08 | 1,2 |
| 16. | Дијалектологија на македонскиот јазик 1 (2+2), летен 2007/08 | 2,4 |
| 17. | Дијалектологија на македонскиот јазик 2 (2+2), летен 2007/08 | 2,4 |
| 18. | Современ македонски јазик 1 ПИТА (0+4), летен 2007/08 | 1,2 |
| 19. | Балканистика (2+0), летен 2007/08 | 1,2 |
| 20. | Преглед на македонските дијалекти 1 (2+0), зимски | 1,2 |

| | | |
|---|---|---|
| | 2008/09 | |
| 21. | Дијалектологија на македонскиот јазик 1 (2+0), зимски 2008/09 | 1,2 |
| 22. | Карактеристики на македонските дијалекти 1 (Дијалектологија на македонскиот јазик 2) (2+0), зимски 2008/09 | 1,2 |
| 23. | Балканска лингвистика (група - ПИТ-Албански) (2+0), зимски 2008/09 | 1,2 |
| 24. | Современ македонски јазик 1 (ПИТ-Албански) (0+4), зимски 2008/09 | 1,2 |
| 25. | Преглед на историја со дијалектологија (група ПИТ-Албански, мајчин и немајчин) (2+2), зимски 2008/09 | 2,4 |
| 26. | Преглед на македонските дијалекти 2 (2+0), летен 2008/09 | 1,2 |
| 27. | Дијалектологија на македонскиот јазик 1 (2+0), летен 2008/09 | 1,2 |
| 28. | Карактеристики на македонските дијалекти 2 (Дијалектологија на македонскиот јазик 2) (2+0), летен 2008/09 | 1,2 |
| 29. | Балканистика (2+0) летен 2008/09 | 1,2 |
| 30. | Современ македонски јазик 2 (ПИТ-Албански) (0+4), летен 2008/09 | 1,2 |
| 31. | учебна 2009/2010 - користење слободна (сабатна) година за истражување од областа на македонската дијалектологија и балканистика | |
| **Ред. број** | **Одржување настава од втор циклус студии** | **поени** |
| 1. | Постдипломски студии од областа балканска лингвистика: 3 часа во 2006/07, 3 часа во 2007/08 | 3 |
| **Ред. број** | **Настава во летни школи и работилници** | **поени** |
| 1. | Летна школа МСМЈЛК (курс по дијалектологија на македонскиот јазик): 2007 | 1,5 |
| **Ред. број** | **Консултации со студенти** | **поени** |
| 1. | 2005/2006 (еден семестар) 50 студенти | 0,2 |
| 2. | 2006/2007 (два семестра) 100 студенти | 0,4 |
| 3. | 2007/2008 (два семестра) 100 студенти | 0,4 |
| 4. | 2008/2009 (два семестра) 100 студенти | 0,4 |
| | | |
| **Ред. број** | **Ментор на дипломски работи** | **поени** |
| 1. | 4 дипломски работи | 0,8 |
| **Ред. број** | **Член на комисија за оцена или одбрана на докторат** | **поени** |
| 1. | Членство во 6 комисии | 3 |
| **Ред.** | **Член на комисија за оцена или одбрана на** | **поени** |

| број | магистратура | |
|---|---|---|
| 1. | Членство во 5 комисии | 1.5 |
| **Ред. број** | **Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа** | **поени** |
| 1. | Членство во 4 комисии | 0,4 |
| **Ред. број** | **Позитивно рецензиран универзитетски учебник** | **поени** |
| 1. | *Дијалектологија на македонскиот јазик II*, 247 стр. Филолошки факултет -Скопје | 8 |
| **Ред. број** | **Изменето и дополнето издание на учебник** | **поени** |
| 1. | *Дијалектологија на македонскиот јазик I (Преглед на македонските дијалекти)*- II издание , 235 стр. Филолошки факултет -Скопје | 4 |
| | **Вкупно:** | **74** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | Ментор на 1 докторска дисертација | 3 |
| 2 | Ментор на 1 магистерска работа | 1 |
| 3. | Учесник во меѓународен научен проект: *Јазични паралели како мостови меѓу луѓето*, реализиран во соработка со Универзитетот во Трондхајм, Кралство Норвешка (2005-2006). | 5 |
| 4. | Учесник во меѓународен научен проект: Географска и функционална карактеристика на морфо-синтаксичките балканизми, МАНУ (2005-). | 5 |
| 5. | Учесник во меѓународен научен проект: Општословенски лингвистички атлас, МАНУ (2005-). | 5 |
| | Учесник во меѓународен научен проект: Европски лингвистички атлас, МАНУ (2005-). | 5 |
| 6. | Национален координатор на меѓународен научен проект: претседател на Македонската национална комисија при Општословенски лингвистички атлас (ОЛА). | 6 |
| 7. | Национален координатор на меѓународен научен проект: претседател на Македонската национална комисија при АЛЕ - Европски лингвистички атлас | 6 |
| 8. | Монографија: *Ароманскиот и македонскиот говор од охридско-струшкиот регион (во балкански контекст)*, 188 стр., МАНУ, Скопје, 2007. | 8 |
| 9. | Коавтор, *Македонски дијалектен атлас - пролегомена*, Институт за македонски јазик „Крсте | 8 |

| | | |
|---|---|---|
| | Мисирков", 146 стр., Скопје, 2009. | |
| Ред.бр. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание: | |
| 1. | *За упростувањето на именскиот систем во говорот на Ароманците Фаршероти од охридско-струшкиот регион*, Зборник „Ареална лингвистика - теории и методи", Материјали од научната конференција по повод петгодишнината од смртта на Божидар Видоески, МАНУ, Скопје, 2005, стр.109-118. | 3 |
| 2. | *Сегашноста во ароманскиот и во романскиот јазик*, Зборник „Сегашноста во словенските и во балканските јазици", Истражувачки центар за ареална лонгвистика, МАНУ, Скопје, 2009. | 3 |
| 3. | *Линеаризација на именските синтагми зависни од глаголска придавка*, Studia linguistica Polono-Meridianoslavica 12-13, МАНУ, Скопје, 2008, 97-110. | 3 |
| 4. | *Ареалната лингвистика од аспект на микросистемите*, Ареалната лингвистика како пат кон реконструкција на јазичната и културната еволуција, МАНУ, Скопје, 2009, 21-33. | 3 |
| 5. | *Заменките во ароманскиот охридски говор (форми и функции)*, Прилози на Одделението за лингвистика и литературна наука, Македонска академија на науките и уметностите, 2010 (во печат). | 3 |
| 6. | *Macedonian language from the perspective in its Balkan environment (language tendencies)*, Folia humanistica, Warszawa 2010, (во печат) | 3 |
| | | |
| Ред.бр. | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови: | |
| 7. | *За функциите на глаголската именка во македонскиот и во ароманскиот охридски говор"*, Зборник на трудови од VI македонско-северноамериканска конференција за македонистика; *Универзитет „Св. Кирил и Методиј"*, Скопје, 2008, стр. 61-69. | 2 |
| 8. | *За граматичките функции на предлозите во македонскиот и во ароманскиот охридски говор*, Зборник на трудови во чест на Петар Хр. Илиевски, | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | МАНУ, Скопје, 2007. | |
| 9. | About some Aromanian-Albanian parallelisms in nominal and verbal system (Areal linguistic aproach), *Прилози XXXII 1* (Реферати на македонските учесници за IX меѓународен конгрес на Југоисточна Европа, Тирана, 30 август - 3 септември 2004 г.), МАНУ, Скопје, 2008, 51-57. | 2 |
| 10. | *Сложениѿе минаѿи времиња во македонскиоѿ и во ароманскиоѿ (во балкански конѿексѿ)*, Реферати на македонските слависти за XIV меѓународен славистички конгрес во Охрид, МАНУ, Скопје, 2008, 211-223. | 2 |
| 11. | *Кичевскиоѿ ѓовор од д-р Веселинка Лаброска (ѿриказ)*, Македонски јазик LX, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков" , Скопје 2009, стр. 307-309. | 2 |
| 12. | *Видска и временска акомодација на ѓлаѓолиѿе на* ***-ира*** *во современиоѿ македонски јазик*, XXXVI научна конференција, при Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, 2010. | 2 |
| 13. | *Македонско-полски лексички паралели (врз материјалот од Општословеснкиот лингвистички атлас)*, Зборник на трудови: 50 години на полонистиката во Македонија, Филолошки факултет „Блаже Конески", Скопје, 2010, (во печат). | 2 |
| 14. | *За удвојување на ѿредлозиѿе во охридскиоѿ ѓовор*, XXXVII научна конференција, при Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, 2010 (во печат). | 2 |
| 15. | *The Linear Position of Nominal Phrase Dependents of Verbal Adjectives*, Investigation in the Bulgarian and Macedonian Nominal Expression, tapir Academic Press, Trondheim 2009, pp. 193-204. | 2 |
| Ред. број | Одржано предавање на покана на универзитет: | |
| 1. | Предавање под наслов: „Дијалектите на македонскиот јазик во Грција и во Албанија", Универзитет во Трондхајм, Норвешка, март 2006. | 3 |
| 2. | Гостин-професор на Универзитетот во Хелсинки, Финска, со предавање од областа на балканската | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | лингвистика, април 2009. | |
| Ред. број | Учество на научен/стручен собир со реферат: | |
| 1. | Учество (како претставник од Македонија) на меѓународната работилница и конференција под наслов AZBUKY.NET, Институт за математика при БАН, Софија, Бугарија, октомври 2005. | 1 |
| 2. | Учество на Симпозиум во чест на акад. Петар Хр. Илиевски со реферат под наслов *„За граматичките функции на предлозите во македонскиот и во аромaнскиот охридски говор"*, МАНУ, Скопје, ноември 2005. | 1 |
| 3. | Учество (како претставник на Македонија) на редовното заседание на Меѓународната комисија на Европскиот лингвистички атлас, Дубровник, Република Хрватска, мај 2006. | 1 |
| 4. | Учество на VI македонско-северноамериканска конференција за македонистика со реферат под наслов *„За функциите на глаголската именка во македонскиот и во ароманскиот охридски говор"*, Охрид, август 2006. | 1 |
| 5. | Учество (како претседател на Македонската национална комисија) на редовното заседание на Меѓународната комисија на Општословенскиот лингвистички атлас (ОЛА), Струга, Република Македонија, октомври 2006. | 1 |
| 6. | Учество (како претставник на Македонија) на редовното Заседание на меѓународната Комисија на Европскиот лингвистички атлас, Струга, Република Македонија, април 2007. | 1 |
| 7. | Учество (како претседател на Македонската национална комисија) на редовното заседание на Меѓународната комисија на Општословенскиот лингвистички атлас (ОЛА), Бауцен, Германија, октомври 2007. | 1 |
| 8. | Учество (како претставник на Македонија) на редовното заседание на Меѓународната комисија на Европскиот лингвистички атлас, Драч, Р. Албанија, мај 2008. | 1 |
| 9. | Учество со реферат *„Ареалната лингвистика од аспект на микросистемите,* Научен собир „Ареалната лингвистика како пат кон реконструкција на јазичната и културната еволуција; мај 2008 , МАНУ, Скопје. | 1 |
| 10. | Учество (како претседател на Македонската национална комисија) на редовното заседание на | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | Меѓународната комисија на Општословенскиот лингвистички атлас (ОЛА), АНУБиХ, Сараево, Босна, октомври 2008. | |
| 11. | Учество на XXXVI научна конференција при Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура со реферат: *Видска и временска акомодација на глаголите на* ***-ира*** *во современиот македонски јазик*, Охрид, 2009. | 1 |
| 12. | Учество (како претседател на Македонската национална комисија) на редовното заседание на Меѓународната комисија на Општословенскиот лингвистички атлас (ОЛА), Минск, Белорусија, септември 2009. | 1 |
| 13. | Учество на VII македонско-северноамериканска конференција за македонистика, *Солт Лејк Сити*, САД, ноември 2009. | 1 |
| 14. | Учество на тркалезна маса посветена на македонскиот јазик, Конференција AAASS, Бостон САД, ноември 2009. | 1 |
| 15. | Учество на XXXVII научна конференција при Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура со реферат: *За удвојување на предлозите во охридскиот говор*, Охрид, 2010. | 1 |
| 16. | Учество на редовното заседание на Меѓународната комисија за балканистика и на меѓународниот симпозиум „Balkanisms today“, Австриска академија на науките, Виена, Австрија, 2010. | 1 |
| | **Вкупно:** | **110** |
| | | |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| ред. број | Назив на активноста: | поени |
|---|---|---|
| | Експертски активности: | |
| 1. | Евалуација на 3 научноистражувачки проекти при Министерството за образование и наука. | 3 |
| 2. | Меѓународен одбор на Енциклопедија Британика, Чикаго, САД: советник - консултант, Британика енциклопедиски речник, ТОПЕР, Скопје, 2009, | 1 |
| | **Главен основен проект:** | |
| 1. | Раководител - координатор на проектот: Дигитален архив на македонскиот јазик – интернет-издание | 4 |

| | | |
|---|---|---|
| | (http://damj.manu.edu.mk/) , 2008<br>(Освоено I место на националниот натпревар на е-општество Македонија) | |
| | **Дејности од поширок интерес** | |
| 1. | Член на уредувачки одбор на 2 научни списанија | 1 |
| 2. | Претседател на Комисијата за самоевалуација на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ | 0,5 |
| 3. | Претседател на Комисијата за ангажираност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ | 0,5 |
| 3. | Учество во комисии и тела на државни и други органи: член на Комисијата за валоризација на македонските дијалекти - УЗКМ при Министерството за култура на РМ | 1 |
| | Членство во извршно тело на меѓународна организација: | |
| 1. | Член на Меѓународната поткомисија за обопштувачка транскрипција, Општословенски лингвистички атлас (ОЛА) | 2 |
| 2. | Член на Меѓународната комисија за компјутеризација на картографскиот материјал, ОЛА | 2 |
| 3. | Член на Меѓународната комисија на ОЛА при Меѓународниот комитет на славистите | 2 |
| 4. | Член на Меѓународниот борд на Европскиот лингвистички атлас (АЛЕ) | 2 |
| 5. | Член на Меѓународната комисија за балканистика при Меѓународниот комитет на славистите | 2 |
| | Продекан за меѓународна соработка на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ (2008/2009) | 1,5 |
| | | |
| | **Вкупно:** | **22,5** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **74** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **110** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **22,5** |
| **Вкупно:** | **206,5** |

Членови на Рецензентската комисија

Д-р Стојка Бојковска, редовен професор, с.р.

Д-р Димитар Пандев, редовен професор, с.р.

Д-р Елена Петроска, редовен професор, с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО РЕДОВЕН ПРОФЕСОР НА КАТЕДРАТА ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И ЈУЖНОСЛОВЕНСКИ ЈАЗИЦИ НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ" ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет, на својата деветта редовна седница одржана на 14 септември 2010 година нѐ избра за рецензенти по пријавата на д-р Татјана Гочкова-Стојановска на конкурсот објавен на 2 септември 2010 во „Утрински весник" за избор на еден наставник во наставно-научно звање по предметите *современ македонски јазик, граматика на македонскиот јазик, психолингвистика и македонски јазик за странци.* Комисијата се заблагодарува за укажаната чест и на Наставно-научниот совет му го доставува на разгледување и усвојување следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Татјана Гочкова-Стојановска е родена на 2.1.1966 година во Скопје каде што ги завршила сите степени на образование. Во 1984 година, се запишала на Филолошкиот факултет во Скопје на Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици (студии под А) и на Катедрата за англиски јазик и книжевност (студии под Б). Дипломирала во 1988 година со просечен успех 9. Наредната година се запишала на постдипломски студии од научната област македонски јазик, а ги завршила во 1991 со просечен успех 10.

Во уч. 1988/89 работела во Центарот за странски јазици како професор по македонски јазик за странци. Од 1989 година работи на Филолошкиот факултет во Скопје како приправник-стажант на Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици. Следната година е избрана во звањето помлад асистент по предметот современ македонски јазик – морфологија, а во 1994 е избрана во звањето асистент по истиот предмет.

Во 1993 година станала магистер на филолошки науки со одбранетиот труд под наслов *Именското обраќање во македонскиот јазик.*

Во текот на учебната 1995/96 година, како стипендист на Американската асоцијација на универзитетски жени, престојувала на Бостонскиот универзитет при Одделот за применета лингвистика во Бостон, САД.

Темата за докторската дисертација: *Процесот на усвојувањето на јазикот кај децата (врз примери од македонскиот јазик)* ја одбранила во 2001 година.

Во 2001 била избрана за доцент по предметот современ македонски јазик - морфологија на македонскиот јазик. Била секретар на Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици.

Од 2000 до 2002 година ја вршела должноста советник на министерот за меѓународна научна соработка при Министерството за образование и наука во Владата на Република Македонија.

Во 2005 година била избрана за вонреден професор по предметите современ македонски јазик и психолингвистика.

Била национален координатор и раководител на два меѓународни проекта од областа на македонскиот јазик како странски, еден по програмата на УНЕСКО и еден по програмата ТЕМПУС.

Од 2009 година е раководител на Центарот за тестирање и сертифицирање на македонскиот јазик како странски при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“.

## Наставно-образовна дејност

**А. Настава од прв циклус студии**

Во периодот од 2005 до 2010 година одржувала настава по следниве предмети: современ македонски јазик 1 и 2 на студиската група италијански јазик и книжевност (предавања и вежби) и на турски јазик и книжевност, психолингвистика на студиската група македонистика, граматика на македонскиот јазик 3 и 4 на студиската група превод и толкување македонски – албански, македонски јазик за странци при Филолошкиот факултет (уч. 2009/10), македонски јазик на студиската група дефектологија при Филозофскиот факултет (предавања и вежби, уч. 2006/07, 2008/09), невролингвистика на студиската група дефектологија при Филозофскиот факултет уч. 2008/09, психо- и невролингвистика на студиската група логопедија при Медицинскиот факултет (уч. 2009/10).

**Б. Настава од втор циклус студии**

Во уч. 2006/07, 2007/08 и 2009/10 одржала предавања (9 часа) на постдипломските студии од научната област македонски јазик (психо-невролингвистика).

**Менторства и комисии**

Во моментов е ментор на една дипломска работа од областа на билингвизмот (кандидат: Милан Банов од групата логопедија при Медицинскиот факултет) и на една докторска дисертација од областа на психолингвистиката (кандидат: м-р Весна Палмер).

**Учебници и практикуми**

Автор е на позитивно рецензиран прирачник: *Практикум по морфологија на македонскиот литературен јазик,* 2008 г.

Коавтор е на осум позитивно рецензирани прирачници*: Прирачник по македонски јазик за странци со паралелен превод на англиски, француски и германски јазик, 2006* г. *и Прирачник по македонски јазик за странци со паралелен превод на грчки, албански, српски и бугарски јазик, 2007* г. потоа на *Прирачник за кандидатите за тестот по македонски јазик како странски јазик за средно рамниште,* 2008 г, *Прирачник за составувачите на тестот по македонски јазик како странски јазик за средно рамниште,* 2008 г. *Прирачник за изведувачите и оценувачите на тестот по македонски јазик како странски јазик за средно рамниште,* 2008 г. *Прирачник за кандидатите за тестот по македонски јазик како странски јазик за основно рамниште,* 2009 г. *Прирачник за составувачите на тестот по македонски јазик како странски јазик за основно рамниште,* 2009 г. *Прирачник за изведувачите и оценувачите на тестот по македонски јазик како странски јазик за основно рамниште,* 2009 г.

Била рецензент на: едно монографско издание (Јазичен бележник, автор: Лидија Тантуровска) и едно учебно помагало (Сликозборница, автор: Славица Велева).

## Научноистражувачка дејност

### Учество во проекти

Била раководител на меѓународниот ТЕМПУС-проект под наслов: Центар за тестирање и сертифицирање на македонскиот јазик како странски (МАЛТЕК) 2007/08, раководител на меѓународниот проект од УНЕСКО-програмата под наслов: Развивање на стандардите за тестирање на основно рамниште во македонскиот јазик како странски 2008/09, а во актуелниов момент е учесник во проектот од ТЕМПУС-програмата под наслов *Надградба на предметните програми во наставата по македонски јазик како странски(2010-2012)*, како координатор на тимот за изработка на учебник по македонски јазик како странски на основно рамниште.

### Објавени трудови

Во периодот 2005 – 2010 има објавено повеќе трудови:

- *Психолингвистика - монографско издание, 172 страници текст, Просветно дело, Скопје, 2005;*
- *Македонскиот јазик како странски: примена на техниките за тестирање според европски стандарди, Катедра за македонски јазик и јужнословенски јазици, Филолошки факултет „Блаже Конески", Скопје, 2005 (во коавторство со Л. Минова-Ѓуркова и И. Пановска-Димкова);*
- *Прирачник по македонски јазик за странци со паралелен превод на англиски, француски и германски јазик, Катедра за македонски јазик и јужнословенски јазици, Филолошки факултет „Блаже Конески", Скопје, 2006 (во коавторство со Л. Минова-Ѓуркова);*
- *Прирачник по македонски јазик за странци со паралелен превод на грчки, албански, српски и бугарски јазик, Катедра за македонски јазик и јужнословенски јазици, Филолошки факултет „Блаже Конески", Скопје, 2007 (во коавторство со Л. Минова-Ѓуркова);*
- *Практикум по морфологија на македонскиот литературен јазик,* Филолошки факултет, Скопје, 2008;
- *Прирачник за кандидатите за тестот по македонски јазик како странски јазик за средно рамниште,* Центар за тестирање и сертифицирање на македонскиот јазик како странски/втор јазик, Филолошки факултет, Скопје, 2008;
- *Прирачник за составувачите на тестот по македонски јазик како странски јазик за средно рамниште,* Центар за тестирање и сертифицирање и на македонскиот јазик како странски/втор јазик, Филолошки факултет, Скопје, 2008;
- *Прирачник за изведувачите и оценувачите на тестот по македонски јазик како странски јазик за средно рамниште,* Центар за тестирање и сертифицирање на македонскиот јазик како странски/втор јазик, Филолошки факултет, Скопје, 2008;
- *Прирачник за кандидатите за тестот по македонски јазик како странски јазик за основно рамниште,* Центар за тестирање и сертифицирање на македонскиот јазик како странски/втор јазик, Филолошки факултет, Скопје, 2009;

- *Прирачник за составувачите на тестот по македонски јазик како странски јазик за основно рамниште,* Центар за тестирање и сертифицирање на македонскиот јазик како странски/втор јазик, Филолошки факултет, Скопје, 2009;
- *Прирачник за изведувачите и оценувачите на тестот по македонски јазик како странски јазик за основно рамниште,* Центар за тестирање и сертифицирање на македонскиот јазик како странски/втор јазик, Филолошки факултет, Скопје, 2009;
- *Кон дефинирањето на морфолошките теми за одделните јазични рамништа во процесот на тестирање на македонскиот јазик како странски,* Зборник во чест на проф. д-р Кирил Конески по повод 80 години од раѓањето, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Филолошки факултет „Блаже Конески", Скопје, 2009;
- *Научниот придонес на проф. д-р Лилјана Минова-Ѓуркова во областа на македонскиот јазик како странски,* Зборник во чест на проф. д-р Лилјана Минова-Ѓуркова по повод 70 години од раѓањето, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Филолошки факултет „Блаже Конески", Скопје, 2009;
- *The Centre for Testing and Certifying Macedonian as a Foreign Language,* Jezik in Slovstvo, Letnik LIV, Zveza drustev Slavisticno drustvo Slovenije, 2009 (во коавторство со И. Фербежар и И. Пановска-Димкова).

**Учество на научни собири**

Во споменатиот период учествувала на повеќе научни собири, и тоа:
- *Кон промените на статусот на македонскиот јазик: Јазична политика или политизирање на јазикот, IX научен собир - Денови на Блажоја Корубин, Институт за македонски јазик, Скопје, 2005;*
- *Македонскиот јазик како странски: состојби и перспективи, реферат по повод јубилеот 60 години Филолошки факултет „Блаже Конески", Скопје, 2006;*
- 8.11. - 9.11. 2006, Софија, Р. Бугарија, *Пристапно предавање за членство во АЛТЕ*
- Асоцијација за јазично тестирање на Европа;
- *Европските стандарди и јазичната политика, Научен собир „Јазиците во контакт некогаш и денес", Институт за македонски јазик, Скопје, 2007;*
- *Година на македонскиот јазик* - трибина: Македонскиот јазик како странски - актуелни состојби и перспективи, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, 2008;
- Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, Предавање за ЦЕТИСМАК, Охрид, 2008;
- *Примена на европските стандарди во изучувањето, тестирањето и сертифицирањето на македонскиот јазик како странски, конференција: Прв, втор и друг јазик, хрватско-македонски споредби, мај 2010, Филолошки факултет, Скопје.*

## Стручно-апликативна дејност

**Експертски активности:**

сертифициран лектор по македонски јазик, сертифициран составувач и оценувач на тестови по македонски јазик како странски за основно и средно рамниште.

## Дејности од поширок интерес

- Изготвувач и носител на два меѓународни проекта.
- Изготвувач и соработник на актуелен меѓународен проект.
- Член на повеќе факултетски тела и комисии: наставно-научен колегиум, централна факултетска комисија за евалуација на студиските програми.
- Член на уредувачки одбор за подготовка на два зборника (Зборник посветен на проф. Кирил Конески и Зборник посветен на проф. Лилјана Минова-Ѓуркова).
- Учество во комисии и тела на државни и други органи: член на Советот за македонски јазик при Министерството за култура на РМ; претседател на Комисија за доделување државни награди („11 Октомври" и „Св. Климент Охридски") при Министерството за култура на РМ.
- Студиски престој во странство: 2007/08 Љубљана, Кембриџ.
- Од уч. 2009/2010, раководител на Центарот за тестирање и сертифицирање на македонскиот јазик како странски.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Рецензентската комисија високо ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност на д-р Татјана Гочкова-Стојановска во областа на македонистиката. Со досегашната работа таа дала мошне видлив придонес во проучувањето и афирмирањето на македонската наука за јазикот и целосно ги исполнува условите за избор во звањето за кое се пријавува.

Имајќи ја предвид севкупната дејност на д-р Татјана Гочкова-Стојановска од изборот во звањето вонреден професор па до денес, со задоволство му предлагаме на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" да ја избере д-р Татјана Гочкова-Стојановска во звањето редовен професор по предметите *современ македонски јазик, граматика на македонскиот јазик, македонски јазик за странци и психолингвистика.*

Рецензентска комисија

1. Д-р Димитар Пандев, редовен професор, с.р.

2. Д-р Стојка Бојковска, редовен професор, с.р.

3. Д-р Живко Цветковски, редовен професор, с.р.

# ОБРАЗЕЦ

# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО- НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Татјана Александар Гочкова Стојановска**

**Институција: Филолошки факултет „Блаже Конески" - Скопје**

**Научна област: современ македонски јазик**

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| ред. број | Назив на активноста: Одржување настава од прв циклус студии | поени |
|---|---|---|
| 1. | Современ македонски јазик (италијанистика: 4+4), зимски 2005/06 | 4,2 |
| 2. | Македонски јазик (албански јазик и книжевност: 2+0), зимски, 2005/06 | 1,2 |
| 3. | Современ македонски јазик (италијанистика: 4+4), летен, 2005/06 | 4,2 |
| 4. | Македонски јазик (албански јазик и книжевност: (2+0), летен, 2005/06 | 1,2 |
| 5. | Современ македонски јазик (италијанистика: 2+4), зимски 2006/07 | 3,02 |
| 6. | Граматика на македонски јазик (превод и толкување македонски – албански јазик: 2+0), зимски 2006/07 | 1,2 |
| 7. | Македонски јазик (социологија: 2+0), 2006/07 зимски | 1,2 |
| 8. | Современ македонски јазик (италијанистика: 2+4), 2006/07 летен | 3,0 |
| 9. | Граматика на македонски јазик (превод и толкување македонски – албански јазик: 2+0), 2006/07 летен | 1,2 |
| 10. | Психолингвистика (македонски јазик и книжевност) 2+0, 2006/07 летен | 1,2 |
| 11. | Современ македонски јазик 1 (италијанистика: 2+4), зимски 2007/08 | 3,0 |
| 12. | Граматика на македонски јазик 3 (превод и толкување македонски – албански јазик: 2+0), зимски 2007/08 | 1,2 |
| 13. | Македонски јазик (дефектологија: 2+1), 2007/08 зимски | 1,65 |
| 14. | Современ македонски јазик 2 (италијанистика: 2+4), 2007/08 летен | 3,0 |
| 15. | Граматика на македонски јазик 4 (превод и толкување македонски | 2,4 |

| | | |
|---|---|---|
| | – албански јазик: 2+0), 2007/08 летен | |
| 16. | Психолингвистика (македонски јазик и книжевност) 2+0, 2007/08 летен | 1,2 |
| 17. | Современ македонски јазик 1 (италијанистика: 2+4), зимски 2008/09 | 3,0 |
| 18. | Граматика на македонски јазик 3 (превод и толкување македонски – албански јазик: 2+0), зимски 2008/09 | 3,0 |
| 19. | Македонски јазик (дефектологија: 2+1), 2008/09 зимски | 1,65 |
| 20. | Современ македонски јазик 2 (италијанистика: 2+4), 2008/09 летен | 3,0 |
| 21. | Граматика на македонски јазик 4 (превод и толкување македонски – албански јазик: 2+0), 2008/09 летен | 1,2 |
| 22. | Психолингвистика (македонски јазик и книжевност, Дефектологија: 2+0), 2008/09 летен | 1,2 |
| 23. | Современ македонски јазик 1 (италијанистика: 2+4), зимски 2009/10 | 3,0 |
| 24. | Граматика на македонски јазик 3 (превод и толкување македонски – албански јазик: 2+0), зимски 2009/10 | 1,2 |
| 25. | Македонски јазик (логопедија: 2+1), 2009/10 зимски | 1,65 |
| 26. | Македонски јазик за странци 1 (турски јазик и книжевност, 1+1), зимски 2009/10 | 1,05 |
| 27. | Македонски јазик за странци 2 (турски јазик и книжевност, 1+1), зимски 2009/10 | 1,05 |
| 28. | Современ македонски јазик 3 (италијанистика: 2+4), 2009/10 летен | 3,0 |
| 29. | Граматика на македонски јазик 4 (превод и толкување македонски – албански јазик: 2+0), 2009/10 летен | 1,2 |
| 30. | Психолингвистика (македонски јазик и книжевност: 2+0), 2009/10 летен | 1,2 |
| 31. | Македонски јазик за странци 2 (турски јазик и книжевност, 1+1), летен 2009/10 | 1,05 |
| 32. | Македонски јазик за странци 4 (турски јазик и книжевност, 1+1), летен 2009/10 | 1,05 |
| **Ред. број** | **Одржување настава од втор циклус студии** | **поени** |
| 1. | Постдипломски студии од областа македонски јазик: 3 часа во | 0,45 |

| | | |
|---|---|---|
| | 2006/07, 3 часа во 2007/08, 3 часа во 2009/10 | |
| **Ред. број** | **Консултации со студенти** | **поени** |
| 1. | 2005/2006 (два семестра), 50 студенти | 0,2 |
| 2. | 2006/2007 (два семестра), 50 студенти | 0,2 |
| 3. | 2007/2008 (два семестра), 50 студенти | 0,2 |
| 4. | 2008/2009 (два семестра), 50 студенти | 0,2 |
| 5. | 2009/2010 (два семестра), 50 студенти | 0,2 |
| **Ред. број** | **Ментор на дипломски работи** | **поени** |
| 1. | 1 дипломска работа | 0,2 |
| **Ред. број** | **Позитивно рецензиран практикум** | **поени** |
| 1. | Автор на 1 практикум | 4 |
| 2. | Коавтор на 7 практикуми | 21 |
| **Ред. број** | **Рецензент на учебници/монографски изданија** | **поени** |
| 1. | 2 учебно помагало; 1 монографско издание | 3,0 |
| | **Вкупно:** | **92,2** |

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| ред. број | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | Ментор на 1 докторска дисертација - | 3 |
| 2 | Раководител на меѓународен научен проект: Темпус (2007-2008) | 9 |
| 3. | Раководител на меѓународен научен проект: УНЕСКО (2009-2010) | 9 |
| 4. | Учесник во меѓународен научен проект: ТЕМПУС (20010-2012) | 5 |
| 5. | Психолингвистика, Просветно дело, Скопје, 2005 | 8 |
| 6. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во: *The Centre for Testing and Certifying Macedonian as a Foreign Language*, Jezik in Slovstvo, Letnik LIV,Zveza drustev Slavisticno drustvo Slovenije, 2009 | 6 |

| | | |
|---|---|---|
| 7. | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови: *Кон дефинирањето на морфолошките теми за одделните јазични рамништа во процесот на тестирање на македонскиот јазик како странски*, Зборник во чест на проф. д-р Кирил Конески по повод 80 години од раѓањето, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Филолошки факултет „Блаже Конески", Скопје, 2009. | 2 |
| 8. | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник од трудови: *Научниот придонес на проф. д-р Лилјана Минова-Ѓуркова во областа на македонскиот јазик како странски*, Зборник во чест на проф. д-р Лилјана Минова-Ѓуркова по повод 70 години од раѓањето, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Филолошки факултет „Блаже Конески", Скопје 2009 | 2 |
| 9. | *Учество на научен/стручен собир со реферат: 1. научно/стручно списание: 1. (коавтор),* Кон промените на статусот на македонскиот јазик: Јазична политика или политизирање на јазикот, 9. Научен собир - Денови на Благоја Корубин, Институт за македонски јазик, Скопје, 2005; 2. Македонскиот јазик како странски: состојби и перспективи, реферат по повод јубилеот 60 години Филолошки факултет „Блаже Конески", Скопје, 2006; 3. *8.11. - 9.11. 2006, Софија, Р. Бугарија,* Пристапно предавање за членство во АЛТЕ - *Асоцијација за јазично тестирање на Европа;* 4. Европските стандарди и јазичната политика, Научен собир „Јазиците во контакт некогаш и денес", Институт за македонски јазик, Скопје, 2007; 5.Македонско-хрватски паралели: Прв, втор, друг јазик, Скопје 2010, реферат: *„Примена на европските стандарди во изучувањето, тестирањето и сертифицирањето на македонскиот јазик како странски.* | 5 |
| | Вкупно: | 49 |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| ред. број | Назив на активноста: | поени |
|---|---|---|
| | **Дејности од поширок интерес** | |
| 1. | Изготвување и пријавување на меѓународен научно-образовен проект – носител (програма ТЕМПУС, 2009)<br>Изготвување и пријавување на меѓународен научно-образовен проект – носител (програма УНЕСКО, 2010)<br>Изготвување и пријавување на меѓународен научно-образовен проект –соработник (програма ТЕМПУС, 2010-2012) | 5 |

| | | |
|---|---|---|
| 3. | Раководител на внатрешна организациона единица: Центар за тестирање и сертифицирање на македонскиот јазик како странски при Филолошкиот факултет „Блаже Конески". | 3 |
| 4. | Член на факултетска комисија: член на комисијата за евалуација на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" – централна комисија. | 0,5 |
| 5. | Подготовка на национални документи: подготовка на документација за полноправно членство во Меѓународната асоцијација за тестирање и сертифицирање на Европа (АЛТЕ) | 2 |
| 6. | Член на уредувачки одбор на зборник од трудови (два зборника) | 1 |
| 7. | Студиски престој во странство | 0,5 |
| 8. | Учество во комисии и тела на државни и други органи: член на Советот за македонски јазик при Министерството за култура; претседател на Комисијата за доделување Награда за животно дело „11 Октомври" (2008) и за Светиклиментовата награда (2009) при Министерството за култура на РМ | 3 |
| | **Вкупно:** | **15** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **92,2** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **49** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **15** |
| **Вкупно:** | **156,2** |

Членови на Рецензентската комисија

Д-р Живко Цветковски, редовен професор, с.р.

Д-р Димитар Пандев, редовен професор, с.р.

Д-р Кирил Конески, редовен професор, с.р.

# П Р Е Г Л Е Д

на пријавени и прифатени теми за изработка на **магистерски труд** на **Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања - Скопје**

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Ивана Соколовска | Фактори кои влијаат врз создавање ефективни тимови (современ пристап во остварувањето на целите на организацијата) | Проф.д-р Јорде Јакимовски |
| Наташа Тргачева Мојсовски | Можности и начини на наставниците за поттикнување на претприемачки особини кај учениците во одделенска настава | Проф.д-р Јорде Јакимовски |
| Симеон Ристевски | Уставните измени како основа за ефикасно функционирање на институциите во Босна и Херцеговина и брз влез во Евроатлантските структури на интеграција | проф. д-р. Мирјана Малеска |
| Солидар Сулејмани | Социо-економските аспекти на миграцијата во преспанскиот регион | проф.д-р Петар Атанасов |
| Мемет Селмани | Развојот на печатените медиуми на албански јазик во Република Македонија | проф. д-р Емилија Симоска |

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ - ДОЦЕНТ ПО ПРЕДМЕТИТЕ: *ОПШТА ПЕДАГОГИЈА, МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО* И *КОМУНИКОЛОГИЈА*, ЗА ГРУПИТЕ ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА И ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТАНИЕ НА АЛБАНСКИ НАСТАВЕН ЈАЗИК НА ПЕДАГОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, со одлука бр. 02-410/4 од 13.10.2010, а во врска со конкурсот објавен во весниците „Дневник“ и „Коха е ре“ од 2.9.2010 за избор на еден извршител во **наставно-научно звање по предметите: *општа педагогија*, за групите одделенска настава и предучилишно воспитание на албански наставен јазик, *методологија на истражувањето*, за групите одделенска настава и предучилишно воспитание на албански наставен јазик, и *комуникологија*, за групите одделенска настава и предучилишно воспитание на албански наставен јазик, на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје,** формира

Рецензентска комисија во состав:

1. проф. д-р Марија Костова, претседател;
2. проф. д-р Ѓулумсере Касапи, член;
3. проф. д-р Наташа Ангелоска Галевска, член.

На конкурсот се пријави само кандидатката д-р Флорина Шеху, асистент на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје.

По разгледувањето на приложената документација од страна на кандидатката д-р Флорина Шеху, како и врз основа на непосредното познавање на нејзиниот досегашен ангажман како помлад асистент и асистент, Рецензентската комисија има чест на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје да му го поднесе следниов

# ИЗВЕШТАЈ

На распишаниот конкурс во весниците „Дневник" и „Коха е ре" за избор во наставно-научно звање по предметите: *општа педагогија, методологија на истражувањето* и *комуникологија,* за групите одделенска настава и предучилишно воспитание на албански наставен јазик, на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје, се пријави кандидатката д-р Флорина Шеху.

## *Биографски податоци*

Д-р Флорина Шеху е родена на 22.7.1967 година во Гостивар. Основно и средно образование завршила во Скопје со одличен успех. На ННСГ за педагогија при Филозофскиот факултет во Скопје се запишала во 1986 година, а дипломирала во 1991 година со просечна оценка 9,47.

Кандидатката д-р Флорина Шеху постдипломските студии ги продолжила на Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет во Скопје (со просечен успех 9,17), каде што и магистрирала во 2004 година на тема ***Воспитната функција на телевизијата во основното образование*** и се стекнала со научно звање – ***магистер на педагошки науки.***

Во јуни 2010 година, кандидатката д-р Флорина Шеху на Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет во Скопје ја одбрани својата докторска дисертација под наслов ***Квалитетот на односите меѓу наставниците и учениците во основното образование*** и се стекна со научно звање – ***доктор на педагошки науки.***

Во однос на работното искуство, кандидатката д-р Флорина Шеху од дипломирањето до 1993 година работела како *воспитувач* во предучилишната установа „Братство-единство" во Скопје. Потоа, од 1993 до 1997 година се вработила во Министерството за образование и физичка култура првин како *советник,* а потоа како *самостоен советник за предучилишно и основно образование.* Од 1 октомври 1997 година е во редовен работен однос на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје.

## *Избори и наставни активности:*

Кандидатката д-р Флорина Шеху во јули 1997 година е избрана за помлад асистент по предметите од педагошки науки на групите за предучилишно воспитание и одделенска настава на албански наставен јазик на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје, а во мај 2001 е

реизбрана во истото звање. Во назначениот период, д-р Флорина Шеху изведувала вежби по следниве предмети: *општа педагогија, методологија на педагошкото истражување, семејна педагогија* и *педагошка практика,* за групите одделенска настава и предучилишно воспитание на албански наставен јазик и *предучилишна педагогија,* за групата предучилишно воспитание на албански наставен јазик.

По одбраната на магистерскиот труд, во јули 2004 година д-р Флорина Шеху е избрана за асистент по предметите: *општа педагогија, методологија на педагошкото истражување, семејна педагогија* и *педагошка практика,* за групите одделенска настава и предучилишно воспитание на албански наставен јазик, и *предучилишна педагогија,* за групата предучилишно воспитание на албански наставен јазик. Во мај 2007 година е реизбрана во истото звање.

Како помлад асистент и асистент на посочените наставни предмети, д-р Флорина Шеху покажува посебен интерес и заложби за успешно реализирање на вежбите и практичната настава поврзувајќи ја теоријата и практиката и воедно унапредувајќи ги нив преку примена на иновативни, интерактивни методи и техники на работа. Исто така за одбележување е нејзиното ангажирање околу вклучување на соодветни и применливи содржини за одредени прашања од суштествено значење како за наведените предмети така и за потребите при профилирање на студентите од двете студиски програми. Во рамките на работните задолженија, кандидатката има воспоставена солидна и континуирана соработка со релевантни институции од различен карактер, исто така има воспоставена одлична комуникација и односи со студентите, организирајќи им и водејќи ги и низ неколку обуки од разни државни и меѓународни институции и организации.

### *Научноистражувачка дејност:*

Кандидатката д-р Флорина Шеху, како помлад асистент и асистент, континуирано работела на своето научно и стручно усовршување објавувајќи повеќе трудови и учествувајќи во низа меѓународни научно-истражувачки проекти. Во пријавата има доставено и список на објавени трудови, со по еден примерок од нив, кои кратко ќе ги прикажеме и оцениме, како и пополнет образец кон извештајот за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања.

- *Воспитната функција на основното образование* (Современото предучилишно воспитание и основно образование- состојби и перспективи , научен собир, Охрид, 2003 год.:357-368).

Во трудот се актуализира прашањето за денешната воспитна улога на основното образование, преку поставеноста, структурирањето, целите, задачите, принципите и подрачјата на воспитната дејност на самото

основно образование, како и одредувањето на самата воспитна функција третирано низ следниве карактеристични елементи: процес, резултат, дејствување, случување, намера, учинок, дескриптивност и програмска-прескриптивност. Како една од целите на трудот е поставувањето и третирањето на прашањето за воспитните вредности, нивното планирање, одредување и остварување, како и можноста за следење на нивниот квалитет и степен на усвоеност од страна на непосредните и посредните учесници во воспитанието и образованието.

- *Влијанието на телевизијата врз моралното воспитание на учениците од основното образование* (Воспитно-образовните функции на предучилишното и на основното образование во современите услови, научен собир, Струга, 2004 год.: 302-310).

Трудот е со оригинални научни резултати добиени преку извршено истражување во неколку основни училишта. Главно во трудот се разработува прашањето околу корелацијата на воспитната проблематика на влијанието на телевизијата врз формирањето и развивањето на моралните вредности, ставови, принципи, мотиви, чувства, профил на личноста, моралното расудување, решавање и однесување на личноста. Во тој контекст, посебно внимание и се придава на потребата од развивање и промовирање на добри и ефикасни стратегии за телевизиско влијание, како и на усогласувањето и соработката на сите релевантни фактори значајни за развој на личноста на ученикот во однос на воспитното влијание на телевизијата.

- *Прирачници „Учење во училница", „Учење преку проекти", „Учење преку заедница", „Учење преку работа"* ( Прирачници за обука на наставници од средно стручно и општо образование, SEA, Скопје, 2004 год.).

Како коавтор во наведените прирачници се потенцира значајноста на современите стратегии, интерактивната настава, изнаоѓањето и поврзувањето со потенцијалните партнери во заедницата, воспоставувањето на стандарди во извршување на задачите и самооценувањето во развивањето на индивидуалните вештини, способности, умеења, зголемување и квалитетност на знаењата, искуствата, учењето, мислењето, комуникацијата и конкурентноста кај учениците од стручното и општото средно образование.

- *Кон воспитната функција на основното училиште* (Педагошка практика, год.2, бр.1, Педагошки факултет „Св.Климент Охридски", Скопје, 2004 год.: 15- 24).

Трудот претставува теоретска анализа на прашањето за воспитната функција на основното училиште третирано низ прашањата поврзани со различните теоретски основи на третирање на самиот поим воспитание, од

општествената условеност и комплексност на третирање и третманот на воспитната функција на училиштето во релација со субјектот во рамките на самото (одредено) општество. Од друга страна, остварувањето на воспитната функција на училиштето нужно ги опфаќа и наставните цели, предмети, содржини, методи, средства, планирање итн., но и одговорноста на самото училиште како микросоцијална средина кое врши одредено внатрешно влијание и определување на самиот воспитен процес, неговото планирање, изборноста и очекуваните резулати, како и ефекти од целокупната воспитна работа и дејствување.

- *Телевизијата и работното воспитание* (Педагошка практика, год.2, бр.1, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски", Скопје, 2004 год.: 58- 62).

Во трудот од теоретски и емпириски аспект се третира прашањето за влијанието на телевизијата не само врз работата, работните способности, определувањето на идната професија, туку и врз развојот на работните навики, способности, мотивација и интересирање кон одредени професии и кон работното воспитание воопшто. Телевизијата, како медиум кој овозможува „живо и реално" прикажување на значењето, процесот, местото, улогата итн. на работата на еден (или повеќе) индивидуи, врши силно влијание врз изразените, т.е инвертарните, а подоцна и манифестните интереси, формирањето на одредените навики, идентификација, создавање на слика за себе, свесност при развојот на личните потреби, можности и интереси како и развивање на работната, трудовата култура.

- *Развој на телевизиските истражувања* (Педагошка практика, год.3, бр.1-2, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски", Скопје, 2005 год.: 124- 129).

Трудот претставува теоретско-компаративен приказ на најзначајните телевизиски истражувања, разгледани низ историско-развојна призма на прашањата поврзани со телевизиските ефекти и нивното влијание врз воспитанието на личноста. Ваквото третирање и разгледување на развојот на истражувањата, посебно на телевизиските ефекти и воспитанието, дава можност за педагошко третирање на причините за појавување, природата на истражуваниот телевизиски ефект, квалитетот на истражувањата како и за изнаоѓање на начини и постапки за дејствување во воспитна насока.

- *Прирачник „Учење во училница- дополнителни техники за учење и изведување на настава"* (Прирачник за обука на наставници од средно стручно и општо образование, SEA, Скопје, 2005 год.).

Наведениот прирачник се однесува на нудење на една палета на наставни техники и стратегии за подобрување на учењето преку организирање и поврзување на важни информации, решавање на проблеми и размислување за наученото, наместо пасивно восприемање на новите сознанија иослонување на едни извори на знаења. Исто така, посебен

акцент му се придава на развивањето на вештини и ставови кои ќе им помогнат на учениците од средните училишта да се изградат во одговорни лица со развиени способности за соработка, комуникација, решавање на проблеми, одлучување, критичко размислување, самооценување, истражување и раководење.

- *Учебни помагала (сликовници и работни тетратки) од едицијата „Ајде да учиме"- „Јас и општествената средина", „Природата и екологијата", „Човекот и светот", „Растенија и животни"* (Просветно дело, АД- Скопје, 2005 год.).

Кандидатката е коавтор на наведените учебни помагала за деца од подготвителна година, од воспитно-образовното подрачје *запознавање на природата и општествената средина* во предучилишното воспитание. Учебните помагала во однос на печатниот аспект (изработка, стил, илустрации, интерактивност и слично) се конципирани во современ дух, претставувајќи предвесници на поинаквото третирање и место на работните тетратки и учебните помагала. Исто така, од дидактичко-методски аспект учебните помагала поттикнуваат на активен пристап на детето кон осознавање на наведеното воспитно-образовно подрачје и тоа преку развивање на размислувањето, учењето, збогатување на искуствата, стекнување на одредени вештини и способности преку примена на повеќето сетила и на разни методи, техники и средства за работа. Преку нив се развива и позитивниот однос на децата како кон средината во која живеат и се развиваат, така и кон самите себе.

- *Глобализацијата, телевизијата и нејзиното воспитно влијание,* (Годишен зборник на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски", Скопје, 2006 год.: 115-125).

Трудот е со оригинални научни резултати, осврнувајќи се посебно на определувањето на самиот поим глобализација (во ерата на модерното општество која е во потрага кон постмодерното во светски рамки) и воспитното влијание на телевизијата како еден од најефикасните и најзастапените медиуми за распространување на придобивките (позитивни и негативни) на глобализацијата. Посебно се нагласува разграничувањето помеѓу глобалното и универзалното, посебно во однос на воспитанието и воспитните влијанија. Како значајни фактори на воспитното влијание на телевизијата во однос на глобализацијата се индивидуалните карактеристики на личноста, телевизиската писменост, искуство, семејството, средината, припадноста на одредени групи, филозофија на живеење, општеството, културата и воспитанието сфатено во поширока смисла на поимот.

- *Прирачник „ТП ВЕТ- Фаза IV"* (Прирачник за обука на наставници и вработените во ВЕТ- центарот, Европска агенција за реконструкција, Министерство за образование и наука, Скопје, 2006 год.).

Прирачникот е изработен во коавторство и опфаќа шест модули во кои се разработени одредени подрачја значајни за унапредување на воспитно-образовната дејност. Во наведените модули посебно се обрнува внимание на социјалните и економските основи на програмата, на наставниот менаџмент, односно сфаќање на наставниот план и искористување на долгорочното и краткорочното планирање базирано на наставните планови во рамките на наставниот процес, потоа на примена на новите технологии, како ИТ, примена на модерни наставни техники, стручна специфична техничка опрема и трансфер менторирање, односно воспоставување на индивидуална повратна информација.

- *Национални стандарди за рано учење и развој кај децата од 0 до 6 години* (Министерство за труд и социјална политика, Скопје, 2009 година).

Националните стандарди за рано учење и развој на деца од 0 до 6 години претставуваат значаен документ во развитокот на наведеното подрачје разгледано од национален, државен аспект. Претставувајќи први од ваков вид во целокупниот систем на воспитание и образование тие овозможуваат не само следење и поттикнување на развојот кај предучилишните деца, туку и можност за поквалитетен пристап кон наведената дејност, поточно зголемување на опфатот на децата, ефектуирање на воспитно-образовната работа, мрежа на понудувачи и поголема вклученост на сите релеванти фактори. Во документот стандардите се презентирани во пет развојни домени (*Здравје и моторен развој; Социоемоционален развој; Пристап кон учење; Јазик, комуникација и развој на писменоста; Когнитивен развој и стекнување на општи знаења*) заложувајќи се кон холистичкиот пристап.

- *Самоевалуацијата - услов за зголемување на квалитетот на образованието во училиштата* (Образованието, Балканот, Европа, IV меѓународен балкански конгрес, Стара Загора, Бугарија, 2007 год.: 420-423).

Трудот претставува теоретска анализа на прашањето и предизвикот на денешниот образовен систем и тоа преку нудење и продуцирање на квалитет и квалитетни излезни елементи кои во реалното, практичното и општествено-производното дејствување покажуваат високи резултати. Разгледувајќи го прашањето за потребите на образованието, постигнувањето на квалитет во образованието делумно зависи и од самоевалуацијата која во себе содржи низа подлементи како: развојно планирање на наставните планови и програми; постигнувањата на учениците; самото учење и наставата; поддршката на учениците; етосот; ресурсите и раководењето и креирањето на политика. Во оваа насока, културниот контекст разгледан на микро и макро ниво исто така

претставува еден од предусловите за подигнување и постигнување на квалитет во образовниот систем.

- *Современите промени-предизвик за предучилишното воспитание и образование* (Современи тенденции во образованието, IV меѓународен научен собир, Охрид, 2008 год.: 123-129).

Трудот претставува теоретска анализа на сегашната поставеност, состојбите во предучилишното воспитание како и на подрачјата кои нудат можности за подобрување на неговиот квалитет. За таа цел се потенцира и прашањето на иницијалното образование на воспитниот кадар при педагошките факултети, односно потребата од интервенирање во осовременувањето на студиската програма, воведување на модуларно конципирани програмски предмети, редизајнирање и зголемување на практичната настава, воведување на волонтерството, современи приоди, стратегии, методи, техники и средства, потоа обезбедување и контрола на квалитетот, воведување на програми за професионално усовршување, сертификација и ресертификација, соработка со национални и меѓународни институции, организации од различен карактер, нудење на можности за развивање и усовршување на самиот наставен кадар од педагошките факултети и воспоставување на мрежа на факултети и институции.

- *Културниот и интеркултурниот аспект на социјалните односи во основното образование* (Образованието на Балканот денес, V интернационален балкански конгрес, Едирне, Турција, 2009 год.: вол.2, 218-220).

Во трудот, социјалните односи во основното образование се третирани како педагошки односи меѓу различни личности, односно односи кои всушност го сочинуваат јадрото на самото воспитание. Од друга страна, иако самата култура денес тешко се дефинира (таа е толку неодредена), а воспитанието се засновува на однос (со интеракција, комуникација, однесување, итн.), тогаш интеркултурата всушност претставува составен дел на самото воспитание. Квалитетот на воспитанието, социјалните односи во основното образование преку интеркултуралноста (третирање, приод и сл.) добива нова димензија, а со тоа и се отвораат можности за нивно унапредување.

- *Детерминираноста и каузалноста на односите во образованието во релација општество, воспитание и личност* (Образование за хумано општество, Петти научен собир, Охрид, 2010 година).

Во трудот се дава приказ на поврзаноста и детерминираноста меѓу индивидуата, личноста и општеството, со потенцирање на новите сфаќања, приоди и теоретски третирања поврзани со наведеното прашање. Во контекст на односите во образованието и денешнината, воспитанието претставува оска на развојно одржување и остварување на наведените

односи од причина што таа во полето на човечките односи помага во реализација на посебното, неповторливото во склоп на заедничкото и познатото. Според авторката, воспитанието како неделив дел од опстојувањето и оспособувањето на личноста влијае врз опстојувањето и квалитетот на нејзините односи во релација со други личности, општествени групи, сфери, како и со и во самото општество.

- *Квалитетот на односите меѓу наставниците и учениците во основното образование, докторска дисертација* (Институт за педагогија, Филозофски факултет, Скопје, 2010 година).

Докторската дисертација на д-р Флорина Шеху претставува научно релевантен труд од највисока научна и педагошка важност. Согласно со актуелноста на прашањето за квалитетот на односите меѓу наставниците и учениците во основното образование, во трудот наведеното прашање се третира во согласност со неопходната теоретска и емпириска основа карактеристична за сите педагошки истражувања. Трудот содржи вкупно 423 страници компјутерски обликуван текст, со 80 табели, 333 библиографски единици од релевантни домашни и странски автори, како и прилози во кои се содржани инструментите на истражувањето. Поради опширноста (теории, пристапи, итн.), мултифакторијалноста и интердисциплинарноста на наведената проблематика, квалитетот на односите меѓу наставниците и учениците е определен врз основа на преовладувачките категории на односи (интерперсонални односи, комуникација, интеракција меѓу наставниците и учениците, потоа видови на водење, воспитен стил на наставниците, мотивација на учениците, кооперација и компетиција како и видот на социоемоционалната клима во наставата и вонаставните, слободните активности). Во трудот е објаснета методолошката поставеност на емпириското истражување кое е од *квантитативна и квалитативна природа*. Опфатени се IV и VII одделенија на основните училишта, на македонски и на албански наставен јазик и со различна полова припадност, односно а) *со техниката анкетирање* - 407 ученици, 115 наставници и 208 родители; б) *со техниката полудирективен интервју* се опфатени вкупно 33 ученици и 18 наставници; в) *со техниката систематско набљудување* се наблудувани вкупно 229 наставни часови (118 наставни часови и 49 вонаставни, слободни активности). Според добиените сознанија од истражувањето на наведените категории и аспекти на односи меѓу наставниците и учениците од основното образование, кандидатката го наведува заклучокот дека *постојат видно поквалитетни односи меѓу наставниците и учениците во одделенска отколку во предметна настава*, иако кај наставниците од одделенска и предметна настава се појавените мали разлики повеќе како резултат на одредени индивидуални карактеристики и разлики во професионалната подготвеност. Истото се однесува и по однос на *наставата и вонаставните, слободните активности*, додека, пак, *етничката и половата припадност* (на учениците, наставниците и

родителите) не претставуваат детерминанти за постоењето на разлики по однос на испитуваните категории на квалитетот на односите меѓу наставниците и учениците. Во дисертацијата се прикажани и одредени конкретни предлози за подобрување и зајакнување на квалитетот на односите меѓу наставниците и учениците во основното образование.

### *Учество во проекти, семинари и работилници*

Д-р Флорина Шеху активно учествува во научно - истражувачки проекти, семинари, работилници (како обучувач, член на тимови од национален и меѓународен карактер или како учесник), како и во разни меѓународни конференции, форуми (Словенија, САД, Данска, Италија, Белгија, Хрватска, Турска, итн.), од кои поважни се:

- *Со читање и пишување до критичко мислење,* ФИООМ- Фондација Институт отворено општество- Македонија, 1998-2010;
- *Реструктурирање на образовниот процес на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје* - европски Темпус/Фаре проект, во рамките на кој кандидатката остварила студиски престој во Данска, февруари-април 2001;
- *Игри за разрешување на конфликти,* Центар за човекови права и разрешување на конфликти, 1994-2002;
- *Промоција на хумани вредности,* ICRC – Меѓународен комитет на Црвен крст, 2003;
- *Самоевалуација, планирање и подобрување на основните и средните училишта во Р.Македонија,* Светска банка, Education for change (Англија) и МОН, 2004-2005;
- *Активности во средно стручно и општо образование,* Reading association Washington, USA & USAID & IRA, 2003-2006;
- Методи за оценување и евалуација; Методи за планирање со интегративен пристап; Интерактивни методи на учење, ФИООМ-Фондација Институт отворено општество- Македонија, 2004-2010;
- *Technical Assistance for In-Service Teacher Training* (Воспоставување на провајдерски систем во сферата на обука на наставници) - MARNAMET (Израел), СЕТ и МОН, 2005;
- *ТП ВЕТ- Фаза IV-* Обука на наставници и вработените во ВЕТ-центарот, Европска агенција за реконструкција, Министерство за образование и наука, Скопје, 2006;
- *Развој на курикулумот во светлото на болоњскиот процес – ЕКТС како врска меѓу академското признавање, квалификационата рамка и обезбедувањето на квалитет; Формирање на студиските програми и наставните планови-општи концепции и анализа на примери* и *Обновување на образованието за наставници,* USAID и ФИООМ, 2006- 2007;

- Модернизација на образованието и обуката за наставници за поткомпонентите: *Трендови во европското образование за наставници и Југоисточна Европа* и *Кон европски квалификации за наставници*, USAID и ФИООМ, 2006;
- *Училишните стандарди за оценување во основното образование: Импликации во иницијалната подготовка на наставниците во Р. Македонија*, USAID и ФИООМ, 2007;
- *Примена на прирачници од областа на историјата на Југоисточна европа од страна на наставници од средно образование*, ФИООМ и CDRSEE-Centre for Democracy and Reconciliation in Southeast Europe, 2008;
- *Етничките групи и општествената инклузија во образованието во земјите на Западниот Балкан* - ETF-Sharing expertise in training, 2008;
- *Етничките групи и социјалната инклузија во образованието и обуките во земјите на Западниот Балкан* - ETF-Sharing expertise in training, 2008;
- *Образование за социјална правда*, USAID и ФИООМ, 2006-2010;
- *Промовирање на сеопфатен ран детски развој преку иновативни медиуми и материјали*, УНИЦЕФ, 2009;
- Ран детски развој- *Стандарди за ран детски развој и учење; Инструменти за проценка и вреднување на достигањата на стандардите за ран детски развој*, УНИЦЕФ, МТСП и МОН, 2006-2010;
- *Инклузија на децата Роми во програми за ран детски развој*, RECI-Roma Early Childhood Inclusion Project, 2010;
- *Социјална инклузија низ образование, обука и работа*, ETF – Europian Training Associacion, Министерство за труд и социјална политика и Филозофски факултет, 2010.

Д-р Флорина Шеху била ангажирана и како претседател и заменик-претседател на испитните комисии за полагање на стручен испит на приправници–воспитувачи, наставници и стручни соработници од средно образование (Министерство за образование и наука, 1997-2007), потоа како член на експертската група за изработка на Национални стандарди за рано учење и развој (Министерство за труд и социјална политика, 2006) и член на работната група за изработка на Програмата за развој на предучилишното образование при проектот Национална програма за развој на образованието во Р.Македонија (Министерство за образование и наука, 2004).

### *Заклучок и предлог*

Од досега изнесеното и врз основа на доставената документација, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката д-р Флорина Шеху ги исполнува формалните услови за избор во наставно-научното звање доцент. Кандидатката има соодветно: високо образование, магистратура и докторат од областа на педагогијата; има објавено солиден број на научни и стручни трудови од областа на педагогијата; учествувала со трудови на научни собири; учествувала во научноистражувачки проекти; успешно изведувала вежби по предметите општа педагогија, методологија на истражувањето, семејна педагогија, предучилишна педагогија и педагошка практика.

Според тоа, исполнети се законските услови за избор во звањето доцент.

Врз основа на изнесеното, Комисијата во состав: проф. д-р Марија Костова, проф. д-р Ѓулумсере Касапи и проф. д-р Наташа Ангелоска Галевска, на Наставно - научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје му предлага д-р Флорина Шеху да биде избрана во наставно-научното звање доцент по предметите: ***општа педагогија, методологија на истражувањето и комуникологија,*** за групите одделенска настава и предучилишно воспитание на албански наставен јазик.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Марија Костова, претседател с.р.
2. Проф. д-р Ѓулумсере Касапи, член с.р.
3. Проф. д-р Наташа Ангелоска Галевска, член с.р.

**АНЕКС 2**

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Флорина Шабан Шеху**

(име, татково име и презиме)

**Институција:** **Педагошки факултет „Св. Климент Охридски", Скопје**

(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** **педагошки науки и методологија на истражувањето**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Одржување на вежби по предметот општа педагогија за време од 2 семестра, во пет групи, по шест часа неделно (6x5x15x0,03x2) | 27 |
| 2 | Одржување на вежби по предметот методологија на истражувањето за време од 2 семестра во пет групи, по пет часа неделно (5x5x15x0,03x2) | 22,5 |
| 3 | Одржување на вежби по предметот семејна педагогија за време од 3 семестри во пет групи, по два часа неделно (5x2x15x0,03x3) | 13,5 |
| 4 | Одржување на вежби по предметот предучилишна педагогија за време од 2 семестра во две групи, по два часа неделно (2x2x15x0,03x2) | 3,6 |
| 5 | Одржување на теренска настава по предметот педагошка практика за време од 4 семестри во пет групи, по два часа неделно (5x2x15x0,04x4) | 24 |
| 6 | Консултации со студенти по предметот општа педагогија за време од 2 семестра, два дена неделно, по два часа (260x0,002x2) | 1,04 |
| 7 | Консултации со студенти по предметот методологија на истражувањето за време од 2 семестра, два дена неделно, по два часа (220x0,002x2) | 0,88 |
| 8 | Консултации со студенти по предметот семејна педагогија за време од 3 семестри, два дена неделно, по два часа (200x0,002x3) | 1,2 |
| 9 | Консултации со студенти по предметот предучилишна педагогија за време од 2 семестра, два дена неделно, по два часа (70x0,002x2) | 0,28 |
| 10 | Консултации со студенти по предметот педагошка практика за време од 4 семестри, два дена неделно, по два часа (260x0,002x4) | 2,08 |
| 11 | Коавтор на учебни сликовници и работни тетратки од едицијата „Ајде да учиме" за подготвителна година: 1) „Јас и општествената средина"; 2) „Природата и екологијата";3) „Човекот и светот"; 4) „Растенија и животни"; Просветно дело АД-Скопје, 2005 година. | 6 |
| | **Вкупно** | 102,08 |

# НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Одбранета докторска теза: „Квалитетот на односите меѓу наставниците и учениците во основното образование", Институт за педагогија, Филозофски факултет, Универзитет „Св.Кирил и Методиј„ - Скопје, 2010. | 8 |
| 2 | Одбранета магистерска теза: „Воспитната функција на телевизијата во основното образование", Институт за педагогија, Филозофски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, 2004. | 4 |
| 3 | Учесник во национален проект: „Со читање и пишување до критичко мислење" - ФИООМ- Фондација Институт отворено општество - Македонија, 1998-2010. | 3 |
| 4 | Учесник во национален проект: „Методи за оценување и евалуација", „Методи за планирање со интегративен пристап", 2004-2010; „Интерактивни методи на учење"2005-2009 - ФИООМ- Фондација Институт отворено општество- Македонија. | 3 |
| 5 | Учесник во национален проект: „Игри за разрешување на конфликти" – Центар за човекови права и разрешување на конфликти, 1994-2002. | 3 |
| 6 | Учесник во национален проект: „Промоција на хумани вредности" - ICRC – Меѓународен комитет на Црвен крст, 2003. | 3 |
| 7 | Учесник во национален проект: Самоевалуација, планирање и подобрување на основните и средните училишта во Р.Македонија -Светска банка, Education for change (Англија) и МОН, 2004-2005. | 3 |
| 8 | Учесник во национален проект: Активности во средно стручно и општо образование - Reading association Washington, USA & USAID & IRA, 2003-2006. | 3 |
| 9 | Учесник во национален проект за средни училишта од TA VET-Phase IV-Training teachers and VET Centre Staff- LDK- Consultants Engineers & Planners SA & bfi – Berufsförderungsinstitut & МОН, 2006. | 3 |
| 10 | Учесник во национален проект: „Образование за сите" - поткомпоненти: „Образование за девојчиња во училишта од рурални средини" и „Образование на децата од ромската етничка заедница"- МОН, УНИЦЕФ и Филозофски факултет, 2006. | 3 |
| 11 | Учесник во национален проект: „Развој на курикулумот во светлото на болоњскиот процес" – ЕКТС како врска меѓу академското признавање, квалификационата рамка и обезбедувањето на квалитет - USAID и ФИООМ, 2006. | 3 |
| 12 | Учесник во национален проект: „Формирање на студиските програми и наставните планови-општи концепции и анализа на примери" и „Обновување на образованието за наставници" - USAID и ФИООМ, 2006. | 3 |
| 13 | Учесник во национален проект: „Модернизација на образованието и обуката за наставници" за поткомпонентите: „Трендови во европското образование за наставници и Југоисточна Европа", "Кон европски квалификации за наставници" - USAID и ФИООМ, 2006. | 3 |
| 14 | Учесник во национален проект: „Образование за социјална правда"- USAID и ФИООМ, 2006-2010. | 3 |
| 15 | Учесник во национален проект: „Подобрување на воспитно-образовната работа во подготвителната година" - ФИООМ и „Чекор по чекор", USAID и AED – Академија за развој на образованието, 2007. | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| 16 | Учесник во национален проект: „Промовирање на сеопфатен ран детски развој преку иновативни медиуми и материјали" - УНИЦЕФ, 2009. | 3 |
| 17 | Учесник во национален проект: „Инклузија на децата Роми во програми за ран детски развој" - RECI- Roma Early Childhood Inclusion Project, 2010. | 3 |
| 18 | Учесник во национален проект: „Училишните стандарди за оценување во основното образование: Импликации во иницијалната подготовка на наставниците во Р. Македонија" - USAID и ФИООМ, 2007. | 3 |
| 19 | Учесник во национален проект за поткомпонентата "Technical Assistance for In-Service Teacher Training (Воспоставување на провајдерски систем во сферата на обука на наставници) - MARNAMET (Израел), CET и МОН, 2005. | 3 |
| 20 | Учесник во национален проект за: "Ран детски развој" „Стандарди за ран детски развој и учење",„Инструменти за проценка и вреднување на достигањата на стандардите за ран детски развој" – УНИЦЕФ, МТСП и МОН, 2006- 2010. | 3 |
| 21 | Учесник во национален проект: Примена на прирачници од областа на историјата на Југоисточна Европа од страна на наставници од средно образование, - ФИООМ и CDRSEE-Centre for Democracy and Reconciliation in Southeast Europe, 2008.. | 3 |
| 22 | Учесник во национален проект: „Социјална инклузија низ образование, обука и работа" - ETF – Europian Training Associacion, Министерство за труд и социјална политика и Филозофски факултет, 2010. | 3 |
| 23 | Учесник во меѓународен проект: „Професионална обука на наставниците и наставниот кадар во високото образование" - Tempus-phare project, 2001- 2003. | 5 |
| 24 | Учесник во меѓународен проект: „Со читање и пишување до критичко мислење" - USAID & Global Educational Service & World Learning, 2004. | 5 |
| 25 | Учесник во меѓународен проект: „Вклучување на ICT-технологија во курикулумот и работата во високото образование" - TEMPUS, Педагошките факултети во Скопје, Битола и Штип, 2008. | 5 |
| 26 | Учесник во меѓународен проект: „Етничките групи и општествената инклузија во земјите на Западниот Балкан" - ETF-Sharing expertise in training, 2008. | 5 |
| 27 | Учесник во меѓународен проект: „Етничките групи и социјалната инклузија во образованието и обуките во земјите на Западниот Балкан" - ETF-Sharing expertise in training, 2008. | 5 |
| 28 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови: **Шеху Ф.:** ВОСПИТНАТА ФУНКЦИЈА НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ. Современото предучилишно воспитание и основно образование - состојби и перспективи, научен собир, Охрид, 2003: 357-367. | 2 |
| 29 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови: **Шеху Ф.:** ВЛИЈАНИЕТО НА ТЕЛЕВИЗИЈАТА ВРЗ МОРАЛНОТО ВОСПИТАНИЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ. Воспитно- образовните функции на предучилишното и на основното образование во современите услови, научен собир, Струга, 2005: 302-311. | 2 |
| 30 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од меѓународен научен конгрес: **Шеху Ф.:** САМОЕВАЛУАЦИЈАТА- УСЛОВ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ОБРАЗОВАНИЕТО ВО УЧИЛИШТАТА. Fourth balkan congress education, Stara Zagora, R.Bulgaria, 2007, vol.1. стр. 420- 423. | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| 31 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови со меѓународен карактер и учество: **Шеху Ф.:** СОВРЕМЕНИТЕ ПРОМЕНИ – ПРЕДИЗВИК ЗА ПРЕДУЧИЛИШНОТО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ. Современи тенденции во образованието. IV меѓународен научен собир, Охрид, 2008, книга 3., стр.123-131. | 3 |
| 32 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови со меѓународен уреднувачки одбор и учество: **Шеху Ф.:** КУЛТУРНИОТ И ИНТЕРКУЛТУРНИОТ АСПЕКТ НА СОЦИЈАЛНИТЕ ОДНОСИ ВО ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ. The 5th International Balkan Education and Science Congress, Edirne, R. Turkey, 2009, vol.2. стр. 218-221. | 3 |
| 33 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови со меѓународно учество: **Шеху Ф.:** ДЕТЕРМИНИРАНОСТА И КАУЗАЛНОСТА НА ОДНОСИТЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО ВО РЕЛАЦИЈА ОПШТЕСТВО, ВОСПИТАНИЕ И ЛИЧНОСТ. Образование за хумано општество, Петти научен собир, Охрид, 2010. | 3 |
| 34 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно списание: **Шеху Ф.:** ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА, ТЕЛЕВИЗИЈАТА И НЕЈЗИНОТО ВОСПИТНО ВЛИЈАНИЕ. Годишен зборник на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски", Скопје,. 2005, стр.115-125. | 4 |
| 35 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно списание: **Шеху Ф.:** КОН ВОСПИТНАТА ФУНКЦИЈА НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ. Педагошка практика 2, бр.1., Педагошки факултет „Св. Климент Охридски", Скопје, 2004, стр.15-25 | 4 |
| 36 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно списание: **Шеху Ф.:** ТЕЛЕВИЗИЈАТА И РАБОТНОТО ВОСПИТАНИЕ. Педагошка практика 2, бр.1., Педагошки факултет „Св. Климент Охридски", Скопје, 2004, стр.58-63 | 4 |
| 37 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно списание: **Шеху Ф.:** РАЗВОЈ НА ИСТРАЖУВАЊАТА ЗА ТЕЛЕВИЗИСКИТЕ ЕФЕКТИ И ЗА ВОСПИТНИТЕ ВЛИЈАНИЈА ВРЗ УЧЕНИЦИТЕ ОД ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ. Педагошка практика год.3, бр.1-2., Педагошки факултет „Св. Климент Охридски", Скопје, 2006, стр.124-130 | 4 |
| 38 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно – научно популарно списание: **Шеху Ф.:** ОДНОСОТ НА ОБРАЗОВАНИЕТО СПРЕМА РЕЛИГИЈАТА. Списание за уметност, литература, наука и култура- Јехона, бр.5-6, Скопје, 2000, стр.108-127. | 2 |
| | **Вкупно** | 131 |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Коавтор на прирачници за наставници од средно стручно и општо образование: 1) „Учење во училница",2) „Учење преку проекти",3) „Учење преку заедница", 4) „Учење преку работа". Американски институти за истражувања и Меѓународната асоцијација за читање, SEA, Скопје, 2004 година. | 4,6 |
| 2 | Коавтор на Прирачник за наставници од средно стручно и општо образование, Модул 1-„Учење во училница"- дополнителни техники за учење и изведување на настава; Американски институти за истражување и Меѓународната асоцијација за читање, SEA, Скопје, 2005 година. | 4,6 |

| | | |
|---|---|---|
| 3 | Коавтор на Прирачник за средни училишта од TA VET-Phase IV-Training teachers and VET Centre Staff, Скопје, 2006 година. | 4,6 |
| 4 | Коавтор на Стандарди за рано учење и развој кај деца од 0 до 6 години, Министерство за труд и социјална политика, Скопје, 2009 година. | 4,6 |
| 5 | Учесник во проект како обучувач во летната работилница „Интеркултурно образование" за ученици од средното образование (USAID & ФИООМ & Youth Educational Forum, 2009 година). | 0,5 |
| 6 | Учесник во проект како обучувач за наставници од средно образование: „Со читање и пишување до критичко мислење"; „Методи за оценување и евалуација", „Методи за планирање со интегративен пристап"(1998-2009 год.); „Интерактивни методи на учење"(2005 год.). | 0,5 |
| 7 | Учесник во проект како обучувач за наставници од основно образование: „Игри за разрешување на конфликти" – Центар за човекови права и разрешување на конфликти (1994-2002 година). | 0,5 |
| 8 | Учесник во проект како обучувач за студенти од наставничките факултети: „Промоција на хумани вредности" (ICRC – Меѓународен комитет на Црвен крст, Струга, 2003 година). | 0,5 |
| 9 | Учесник во проект како обучувач за наставници од основно и средно образование: „Самоевалуација, планирање и подобрување на основните и средните училишта во Р.Македонија" (Светска банка, Education for change (Англија) и МОН (2004-2005 година). | 0,5 |
| 10 | Учесник во проект како обучувач за наставници од средно образование: „Активности во средно образование" (Reading association Washington, USA & USAID & IRA, 2003-2006 година). | 0,5 |
| 11 | Учесник во проект за обука на наставници од средните училишта: „Образование за социјална правда"(USAID и ФИООМ, 2008-2009 година). | 0,5 |
| 12 | Учесник во проект за обука на воспитувачи и негователи: „Стандарди за ран детски развој и учење"(2008-2010 год.), "Инструменти за проценка и вреднување на достигањата на стандардите за ран детски развој" (2010 година). | 0,5 |
| 13 | Учесник во проект како обучувач за наставници од средно образование: „Примена на прирачници од историјата на Југоисточна Европа од страна на наставници од средно образование" (SOROS & CDRSEE-Centre for Democracy and Reconciliation in Southeast Europe, 2008 година). | 0,5 |
| 14 | Евалуатор на проектот: „Игри за разрешување на конфликти" – Центар за човекови права и разрешување на конфликти, 1994-2002 година. | 1 |
| 15 | Евалуатор на проектот: „Активности во средно стручно образование" - Reading association Washington, USA & USAID & IRA, 2003-2006. | 1 |
| | **Вкупно** | 24,9 |

## ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Студиски престој во странство ( до три месеци) за професионална обука на наставници и наставнички кадар во високото образование – Tempus- pharc project, Ribe, Denmark, 2001. | 0,5 |
| 2 | Член и учесник во подготовка на „Национална програма за развој на образованието во Р.Македонија 2005-2015", МОН, 2006. | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| 3 | Член и учесник во подготовка на „Национална програма за развој на предучилишното воспитание и образование во Р.Македонија 2005-2015", МОН, 2006. | 3 |
| 4 | Учесник во подготовка на национална програма: „Основи на програмата за воспитно-образовната работа во јавни установи детска градинка", МОН, Биро за развој на образованието, 2005. | 3 |
| 5 | Учесник во подготовка на национална програма: „Основи на програмата за воспитно-образовната работа во подготвителна година", МОН, Биро за развој на образованието, 2005. | 3 |
| 6 | Член на работната група и учесник во подготовка на национална политика за „Ран детски развој", УНИЦЕФ, МТСП, 2007. | 2 |
| 7 | Член на експертска работна група за изработка на национални стандарди за „Рано учење и развој", УНИЦЕФ, МОН, 2006. | 2 |
| 8 | Член на Испитната комисија за полагање на стручен испит на приправници за воспитувачи во забавиште во основните училишта, бр.10-3396/29 од 04.11.1997, МОН, Скопје. | 1 |
| 9 | Член на работна група за координирање, практична примена, динамика, утврдување на мрежа, разгледување на извештаи и давање на стручно мислење по проектите од основните училишта во Р.Македонија на министерот за образование и наука, бр.10-3845/1 од 17.10.1997 година, МОН, Скопје. | 1 |
| 10 | Заменик- член на албански јазик - Испитна комисија за полагање на стручен испит на приправници во забавиште во основните училишта бр.10-1450/7 од 4.5.2000 год., МОН, Скопје. | 1 |
| 11 | Член на Испитна комисија за полагање на стручен испит на приправници во јавните средни училишта, за здравствена, угостителско-туристичка струка и за стручни соработници бр.09-6041/1 од 20.11.2002 год., МОН, Скопје. | 1 |
| 12 | Заменик- претседател на Испитната комисија за полагање на стручен испит на приправници- воспитувачи во забавиште бр.09-5982/1 од 18.11.2003 год., МОН, Скопје. | 1 |
| 13 | Заменик претседател на Испитната комисија за полагање на стручен испит на приправници- воспитувачи во подготвителна година за периодот 2005-2007 година, бр.09-5167/4 од 13.9.2005 год., МОН, Скопје. | 1 |
| 14 | Претседател и член на Испитната комисија за полагање на стручен испит на приправници во јавните средни училишта, за здравствена, угостителско-туристичка струка и за стручни соработници бр.09-5166/2 од 13.9.2005 год., МОН, Скопје. | 1 |
| 15 | Заменик- член на Испитната комисија за полагање на стручен испит на приправници во јавните средни училишта, за педагогија, бр.11-2416/3 од 21.5.2008. | 1 |
| 16 | Претседател на Испитната комисија за полагање на стручен испит на приправници во јавните средни училишта, за стручни соработници бр.11-2458/1 од 20.3.2008 год., МОН, Скопје. | 1 |
| 17 | Член на работната група за Програма за развој на предучилишното образование при проектот-Национална програма за развој на образованието во Република Македонија, бр.11-1954/27 од 29.12.2004 год., МОН, Скопје. | 1 |
| 18 | Член на работната група за изработка на структурата на образовниот систем при проектот- Национална програма за развој на образованието во Република Македонија, бр.11-1954/21 од 29.12.2004 год., МОН, Скопје. | 1 |
| 19 | Член на работната експертска група за изработка на Национални стандарди за рано учење и развој, бр.07-3909/2 од 3.7.2006 година, МОН, Скопје. | 1 |
| 20 | Член на работната група за креирање на национална политика за ран детски развој, а со цел операционализација на зацртаните стратешки цели и зголемување на опфатот и квалитетот на ран | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | детски развој, бр.02-622/2 од 18.6.2007 година, МТСП, Скопје. | |
| | **Вкупно** | 29,5 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 102,08 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 131 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | / |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 24,9 |
| **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | 29,5 |
| **Вкупно** | 287,48 |

**Членови на Комисијата**

1. Проф. д-р Марија Костова, претседател с.р.
2. Проф. д-р Ѓулумсере Касапи, член с.р.
3. Проф. д-р Наташа Ангелоска Галевска, член с.р.

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА НАСТАВНИ ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА ДИРИГИРАЊЕТО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ – СКОПЈЕ

На конкурсот за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од областа на диригирањето, на Факултетот за музичка уметност – Скопје, објавен во дневните весници „Дневник" и „Lajm" на 15.10.2010 година се пријави единствено кандидатот м-р Сашо Татарчевски.

Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за музичка уметност-Скопје, за членови на Рецензентската комисија за оцена на пријавениот кандидат едногласно ги избра проф.Фимчо Муратовски, проф.Живојин Глишиќ и проф.м-р Саша Николовски.

Врз основа на доставените материјали, како и врз основа на личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

## БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ ЗА КАНДИДАТОТ

Кандидатот Сашо Татарчевски е роден 1972 година во музичко семејство во Битола, каде што го завршил основното и средното музичко образование со одличен успех. Во 1996 година дипломирал на Факултетот за музичка уметност во Скопје на отсекот за музичка теорија и педагогија - хорско диригирање, во класата на проф. Драган Шуплевски, со успех 9,75. Во 2004 година дипломира и на отсекот за оркестарско диригирање во класата на проф. Фимчо Муратовски, со успех 9,11, а магистрира оркестарко диригирање во 2010 година во класата на проф. Саша Николовски – Ѓумар, со успех 10. За време на студиите посетувал и работилница за џез-теорија и аранжирање кај Илија Пејовски. Во јануари 2005 год. учествувал на Семинар за диригирање под раководство на маестро Хелмут Рилинг во "Карнеги хол" во Њујорк. Од 2006 до 2009 посетувал мајсторски курсеви кај Франческо Каротенуто во Рим, Марк Горенштајн во Москва и Михаил Јуровски во Берлин.

## УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

Уште за време на студиите, кандидатот Татарчевски настапувал со хорот на ФМУ и со камерниот оркестар „Солисти на ФМУ", а дел од дипломскиот испит го полага со симфонискиот оркестар на ФМУ.

Од 1996 активно работи со Битолскиот камерен оркестар и ансамблот за современа музика "Алеа", со кои бележи повеќе настапи, а соработува и со режисерот Александар Морфов во реализирање на театарски претстави за Охридско лето и Хераклејски вечери.

Од октомври 2001 до септември 2008 година работел како диригент на Мандолинскиот оркестар при МКЦ во Скопје, а од 2004 под негово раководство е и Женскиот младински хор. Со двата ансамбла остварува бројни концерти во Македонија и странство, при што освојува и неколку интернационални награди.

Две сезони (2003 - 2005 год.) Сашо Татарчевски ја има позицијата шеф - диригент на Битолскиот камерен оркестар со кој остварува повеќе успешни концерти, а посебно се забележани настапите на „Денови на македонска музика" во 2003 и 2004 година и на фестивалот во Литохоро - Грција.

Во 2004 год. настапил на отворањето на Битолско културно лето со Фестивалскиот симфониски оркестар и хорот "Стив Наумов" од Битола.

Во периодот од 2005 до 2010 година остварил повеќе успешни концерти со Orchestra Sinfonica di ICE – Рим, Државниот симфониски оркестар на Русија, Македонската филхармонија, Оркестарот на МОБ и хорот и Симфонискиот оркестар на ФМУ.

Освен во Македонија, настапувал и во Португалија, Словенија, Шкотска, Белгија, Хрватска, Швајцарија, Турција, Чешка, Италија, Бугарија, Србија, Русија, Шпанија и Франција.

**Концертна активност** (за периодот 2005 - 2010):

- декември 2005 - концерт со Македонската филхармонија;
- април 2006 - 2 концерта со Римскиот симфониски оркестар на ICHE;
- мај 2006 - концерт со мандолинскиот оркестар при МКЦ;
- јуни 2006 - концерт со Оркестарот на Македонската опера и балет;
- јуни 2006 - концерт на Скопско лето по повод 250 години од раѓањето на Моцарт;
- јули 2006 - концерт по повод отворање на Прилепско културно лето;
- септември 2006 - 2 концерти во Прага со мандолинскиот оркестар при МКЦ;
- ноември 2006 – концерт на оперски арии во МОБ;
- ноември 2006 - концерт по повод отворање на Меѓународниот фестивал во Стична, Словенија;
- февруари 2007 - јубилеен концерт на мандолинскиот оркестар со Симон Трпчески;
- април 2007 - целовечерен концерт во СКЦ – Белград;
- април 2007 - концерт со Симфонискиот оркестар на ФМУ;
- мај 2007 - учество на "Мајски хорски конкурс" со Женскиот младински хор;
- мај 2007 - концерт со хорот "Драган Шуплевски" и Симфонискиот оркестар на ФМУ;
- јуни 2007 - настап со Женскиот младински хор на ТЕХО;
- ноември 2007 – гала-концерт со Македонската филхармонија;
- декември 2007 – концерт на духовна музика и снимање ЦД со хорот "Драган Шуплевски";
- април 2008 - концерт со Симфонискиот оркестар на ФМУ;
- мај 2008 – учество на интернационален хорски натпревар во Варна, Бугарија со хорот "Драган Шуплевски";
- мај 2008 - концерт со Симфонискиот оркестар и хорот на ФМУ;
- јуни 2008 – концерт на Скопско лето;
- јуни 2008 – настап со Државниот симфониски оркестар на Русија;
- јули 2008 – европска премиера на операта "Грабнувањето на Јунис Вилијамс" на Охридско лето;
- јули-Септември 2008 – четири репризни изведби на операта "Грабнувањето на Јунис Вилијамс";
- декември 2008 – концерт со Женскиот хор при МКЦ;
- декември 2008 – концерт на Руска духовна музика и снимање ЦД со Хорот "Драган Шуплевски";
- април 2009 – премиера и три репризи на Операта "Аптекарот" од Ј.Хајдн;
- мај 2009 – учество на интернационалниот "Мајски хорски конкурс" со хорот "Драган Шуплевски";
- мај 2009 – концерт во Рим со Женскиот младински хор при МКЦ;
- јуни 2009 – настап на ТЕХО со Женскиот младински хор при МКЦ;
- јуни 2009 – праизведба на "Mantra discreation" на Скопско лето;
- септември 2009 – гала-концерт со оркестарот на Македонската опера и балет;
- октомври 2009 – учество на интернационалниот хорски натпревар во Римини со Женскиот младински хор при МКЦ;
- ноември 2009 – концерт со Женскиот младински хор при МКЦ;
- декември 2009 – праизведба на ораториумот "Страданија по Матеј" со Македонската филхармонија и хорот "Драган Шуплевски";
- март 2010 – концерт со Македонска филхармонија и Себастијан Сејсон;
- април 2010 – концерт на турнеја низ Франција со Женскиот младински хор при МКЦ;
- мај 2010 – концерт со Македонската филхармонија и солисти од ФМУ.

**Од музичките критики:**

„.... Она што во принцип им недостига на нашите професионални ансамбли, за среќа, го воочивме во настапот на Битолскиот камерен оркестар, а тоа е ентузијазмот, енергичноста во изведбата и владеењето на стиловите презентирано преку композициите на Љ.Бранѓолица, К.Македонски и Т. Зографски. Очигледно диригентот Сашо Татарчевски успеа да оствари професионален приод кон музичката уметност, при што со својот ансамбл секако треба да претставува инспирација за креација и на другите поголеми македонски оркестри... "

Елени Новаковска – „Дневник"

... диригирана од Сашо Татарчевски, групата од 29 пејачки изведе мешан репертоар од ... композиции и традиционални македонски песни. Токму во прекрасната црква св. ... во Ифс (XIII), хорот и подари концерт на присутната публика која остана ... импресионирана од квалитетот и трогателноста на изведбата..."

Фредерик Вилан – „Интеракт"

... "со восхитувачка убавина се одгласи монументалниот ораториум "Страданија по Матеј" од рускиот архиепископ и композитор Иларион Алфеев. Актери беа Македонската филхармонија, хорот Драган Шуплевски и солисти, кои со импресивната изведба под диригентската палка на Сашо Татарчевски ја дигнаа публиката на нозе"...

Костадин Костадиновски – „Време"

## ПЕДАГОШКА ДЕЈНОСТ

Во периодот од 1996 до 2001 година, Сашо Татарчевски работел како наставник по предметите солфеж, оркестар, хор и пијано во УЦМО - Битола и во МБУЦ „Илија Николовски - Луј" во Скопје, работејќи со деца од сите возрасни групи во основното и средното образование и редовно одржувајќи концерти со ансамблите и учениците по пијано.

Од 2006 година работи како доцент на ФМУ по група предмети од областа на диригирањето.

## НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА

- прва награда CUM LAUDE на Интернационалниот натпревар на ансамбли од музички училишта и факултети во Нерпелт - Белгија (2003);
- втора награда на Интернационалниот хорски натпревар во Анкара – Турција (2004);
- прва награда на интернационалниот натпревар "Прашки Струни" во Чешка (2006);
- две трети награди на Интернационалниот хорски натпревар во Варна (2008/2009);
- втора награда на Интернационалниот хорски натпревар во Римини – Италија (2009);
- специјална награда за диригирање на интернационалниот натпревар "Прашки Струни" во Чешка (2006).

## ЗАКЛУЧОК

Со оглед на горенаведеното и врз основа на доставената документација и следењето на уметничката и педагошката дејност на кандидатот, Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за музичка уметност-Скопје, м-р Сашо Татарчевски да биде избран за наставник по група наставни предмети од областа на диригирањето, во звањето вонреден професор.

**Рецензентска комисија**

Проф.Фимчо Муратовски с.р.

Проф.Живојин Глишиќ с.р.

Проф.м-р Саша Николовски с.р.

**АНЕКС 2**

## ОБРАЗЕЦ
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Сашо Панде Татарчевски

**Институција:** Факултет за музичка уметност - Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје

**Научна област:** група наставни предмети од областа на диригирањето

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Настава 1 циклус студии: хорско пеење (4 часа неделно), 2006/2007 | 4,8 |
| 2. | Настава 1 циклус студии: хорско пеење (4 часа неделно), 2007/2008 | 4,8 |
| 3. | Настава 1 циклус студии: хорско пеење (4 часа неделно), 2008/2009 | 4,8 |
| 4. | Настава 1 циклус студии: хорско пеење (4 часа неделно), 2009/2010 | 4,8 |
| 5. | Настава 1 циклус студии: хорско диригирање (8 часа неделно), 2006/2007 | 9.6 |
| 6. | Настава 1 циклус студии: хорско диригирање (8 часа неделно), 2007/2008 | 9.6 |
| 7. | Настава 1 циклус студии: хорско диригирање (8 часа неделно), 2008/2009 | 9.6 |
| 8. | Настава 1 циклус студии: хорско диригирање (8 часа неделно), 2009/2010 | 9.6 |
| 9. | Настава 1 циклус студии: свирење хорски партитури (3 часа неделно), втор семестар 2006 / 2007 | 1,8 |
| 10. | Настава 1 циклус студии: свирење хорски партитури (3 часа неделно) прв семестар 2007 / 2008 | 1,8 |
| 11. | Настава 1 циклус студии: свирење хорски партитури (6 часа неделно), втор семестар 2007 / 2008 | 3,2 |
| 12. | Настава 1 циклус студии: свирење хорски партитури (3 часа неделно), 2008 / 2009 | 1,8 |
| 13. | Настава 1 циклус студии: оркестар (2 часа неделно), втор семестар 2006 / 2007 | 1,2 |
| 14. | Настава 1 циклус студии: оркестар (2 часа неделно), втор семестар 2007 / 2008 | 1,2 |
| 15. | Член на комисија за оцена или одбрана на 4 магистерски работи | 1,2 |
| 16. | Член на комисија за оцена или одбрана на 8 дипломски работи | 0,8 |
| | **Вкупно** | 70,6 |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Одбранета магистерска работа | 4 |
| | **Вкупно** | 4 |

## СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | 8.12.2005 – концерт со Македонската филхармонија | 8 |
| 2. | 17.4.2007 – концерт со Симфонискиот оркестар на ФМУ | 8 |
| 3. | 24.5.2007 – свечен концерт со Симфонискиот оркестар на ФМУ и хорот „Драган Шуплевски“ | 8 |
| 4. | 15.4.2008 - концерт со Симфонискиот оркестар на ФМУ | 8 |
| 5. | 24.5.2008 – свечен концерт со Симфонискиот оркестар на ФМУ и хорот “Драган Шуплевски“ | 8 |
| 6. | 29.7.2008 – европска премиера на операта „Грабнувањето на Јунис Вилиамс“ на Охридско лето | 8 |
| 7. | 23.12.2008 – концерт “Руска духовна музика“ со хорот “Драган Шуплевски“ | 8 |
| 8. | 17.4.2009 – премиера на операта „Аптекарот“ од Јозеф Хајдн | 8 |
| 9. | 29.9.2009 – Гала концерт со оркестарот на МОБ | 8 |
| 10. | 7.12.2009 – праизведба на ораториумот „Страданија по Матеј“ од Иларион Алфеев со Македонската филхармонија и хорот „Драган Шуплевски“ | 8 |
| 11. | 11.3.2010 - концерт со Македонската филхармонија и Емануел Сејсон | 8 |
| 12. | 27.5.2010 - концерт со Македонската филхармонија и солисти од ФМУ | 8 |
| | **Вкупно** | 96 |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Поени

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1. | Претседател на Македонскиот огранок на Балкански хорски форум | 1 |
| | **Вкупно** | 1 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 70.6 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 4 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | 96 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 1 |
| **Вкупно** | **171,6** |

**Членови на Комисијата**

1. Проф.Фимчо Муратовски с.р.

2. Проф.Живојин Глишиќ с.р.

3. проф.м-р Саша Николовски с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ПО ГРАДИНАРСТВО ВО ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ГРАДИНАРСТВО НА ЗЕМЈОДЕЛСКИОТ ИНСТИТУТ, ВО СКОПЈЕ

Научниот совет на Земјоделскиот институт во Скопје, на 13 седница одржана на 25. X 2010 година, со одлука бр. 02-6491 од 27. X 2010 година, формира Рецензентска комисија во состав: д-р Данаил Јанкуловски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна, д-р Ѓорѓи Мартиновски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна и д-р Гордана Попсимонова, редовен професор на Земјоделскиот институт во Скопје. Согласно со одлуката, Комисијата е задолжена да изврши преглед и оцена на пријавените кандидати по објавениот конкурс од Земјоделскиот институт во весникот „ Дневник" од 6. IX 2010 година. По прегледот на доставените пријави по наведениот конкурс, Рецензентската комисија до Научниот совет на Институтот го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На распишаниот конкурс, за избор во наставно-научното звање **вонреден професор** се пријавила само кандидатката **д-р Рукие Агич,** доцент/ научен соработник во Земјоделскиот институт при Универзитетот„ Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

### 1.Биографски податоци

Д-р Рукие А. Агич, моминско презиме Мурати, е родена на 31. I 1964 година во с. Зајас, Кичево.

**Едукација:**

Основно и средно образование завршила во Скопје. Студиите на Земјоделскиот факултет во Скопје, градинаро-цвеќарска насока, ги завршила во 1987 година со просечен успех 9,00.

Постдипломски студии завршила на Земјоделскиот факултет во Скопје, на групата градинарство со просечен успех 9,60 и на 23. V 1996 година го одбранила магистерскиот труд под наслов: „Споредбени испитувања на интродуирани полулути сорти кромиди (*Allium cepa* L.) во услови на Скопско", со што се стекнала со звањето магистер на земјоделски науки, група: градинарство.

На 23.XII 2005 година ја одбранила докторската дисертација под наслов: „Зависност на растот и развитокот на зимските кромиди (*Allium cepa* L.) од агроклиматскотот подрачје и рокот на сеидбата", со што се стекнала со звањето доктор на земјоделски науки, група: градинарство.

**Работно искуство**:

Од 1990 е вработена како помлад асистент во Земјоделскиот институт во Скопје, Одделение за градинарство. Во 1997 е избрана за асистент, а во 2006 година е избрана во звањето научен соработник (Билтен бр. 893).

Од 2003 година до денес ја врши функицијата раководител на Одделението за градинарство при Земјоделскиот институт во Скопје.

За **стручно усовршување,** Д-р Рукие Агич била на повеќе студиски престои, како:

- Р. Турција - во 2000 година на краток студиски престој во Централниот научен институт „Ататурк" - Јалова во Р. Турција, со цел воспоставување соработка и размена на селекционен материјал и искуства на полето на селекцијата;
- Израел - во јануари 2001 година е учесник на меѓународниот курс „ Intensive Vegetable Production Under Various Growing Conditions" кој се одржува во рамките на MASHAV програмата во Израел;
- САД – Фулбрајтов стипендист, на универзитетот Корнел во Итака, во период од една година од јуни 2001 до јуни 2002, во рамките на Фулбрајтовата програма посетувала специјализација за органско производство;
- Холандија - од 9. VI до 4 VII 2003 година престојувала во Меѓународниот центар за земјоделство (International Agricultural Centre) - Вагенинген, Холандија, на два

меѓународни курса - Introduction to potato Seed production and Seed certification и Organic Farming Systems: Analysis, Design and Management;

- Египет тринеделен студиски престој во 2003 година на тема "Agricultural development and Farm Management", во организација на Египетскиот интернационален центар за земјоделство;
- Италија - во периодот од 31.V до 19. VI 2004, во рамките на меѓународниот проект- „Sustainable development of fruit and vegetable productions" посетувала обука за интегрално/органско производство во оранжерии во ИЦАМАС (International Centre for Advanced Mediterranean Agronomic Studies), Бари, Италија;
- Јапонија - во периодот од 10. IX до 28. X 2006, посетувала специјализација на тема „Agricultural production and distiribution for South East European Countries", во Обихиро меѓународниот центар, во рамките на JICA-програмата;
- Белгија - во рамките на European Union Visitors programme, од 8. X до 12. X 2007 престојувала во Европската комисија и Европскиот парламент во Брисел;
- Шведска - во рамките на SEEDNet проектот во периодот 19.V 2008 -30.V 2008 го посетувала курсот „Gene bank management and operation" во Шведскиот центар за биодиверзитет (CBM), Алнарп;
- Романија- во рамките на SEEDnet проектот, од 21 до 25. IX 2009 го посетувala курсот „In situ and on farm conservation" во ген банката на Сучеава.
- Холандија - од 12. IV 2010 до 30. IV 2010 го посетувала меѓународниот курс за генетски ресурси во Вагенинген: Contemporary approaches to genetic resources conservation and use.

Кандидатката била поканет предавач од страна на Факултетот за хортикултура на универзитетот Корнел, Њујорк, на тема: „An Overview of Horticulture in the R. of Macedonia".

Во 2004 во Голем- Драч, Р. Албанија, одржала предавање на тема:" Advanced experiences in organic farming and the possibilities for their implementation in the region, на работилницата „Промовирање на органското производство на Балканот", организирана од страна на GTZ.

Исто така, била стручен консултант на GRM International AB/MAASP за апликативни истражувања во периодот од 2007 до 2010 година

Има учествувано на повеќе конференции, симпозиуми и семинари, меѓу кои во последните пет години поважни се:

- меѓународната научна конференција "Plant Genetic Stocks - the Basis of Agriculture of Today". 13.-14. VI 2007 год, одржана во Пловдив, Бугарија;
- 2ndWorld Onion Congress и 5th International Conference for Horticultural Science on Edible Alliaceae, 28. X 2007 до 3. XI 2007, одржана во Дронден- Холандија;
- учество на меѓународнио симпозиум Strategies Towards Sustainability of Protected Cultivation in Mild Winter Climate, организиран од Еге универзитетот и ISHS во Анталија, во периодот од 6. IV 2008 до 11. IV 2008;
- 9th European Summer Academy of Organic Farming-Bioacademy 2009, одржана во Летнице, Р. Чешка;
- $19^{th}$ Eucarpia Conference Genetic Resources Section, одржана во Љубљана, Словенија, 26-29. V 2009 година.

**Членство во професионални тела:**

- раководител на националната работна група за градинарство при SEEDNet (Southeast European PGR Network);
- заменик претседател на регионалната работна група за градинарски култури во SEEDNet (Southeast European PGR Network);
- Bioversity International, член на работна група за Allium – ECP/GR, FAO со седиште во Рим, Р. Италија;
- Организационен одбор на меѓународен симпозиум на ISHS - 5th Balkan Symposium on vegetable and potatoes кој ќе се одржи во Тирана, Албанија, 2011 година;
- член е на International Society for Horticultural Science (ISHS),
- член е на Macedonian American Alumni Assotiation.

Исто така, членува во националните тела:

- Институтска управа на Земјоделскиот институт во Скопје;

- Уредувачки одбор за издавање на Монографија и Библиографија на УКИМ - Земјоделски институт Скопје по повод 65 години од неговото формирање;
- Национална сортна комисија за признавање и одобрување на сорти за поледелски и градинарски култури;
- Комисија за изработка на Правилник за составот и начинот на работата на стручната комисија за заштита на селекционерското право;
- Комисија за изработка на Правилник за постапката и методите за преиспитување на ДУС-тестот.

**Познавање на јазици:** Освен мајчиниот албански јазик, активно се служи со англискиот и турскиот јазик.

**Компјутерски знаења:** Windows XP, Microsoft Word , Microsoft Excel и Microsoft Power Point.

## 2. Наставно-образовна дејност

Д-р Рукие Агич изведува настава на постдипломските студии по одржливо земјоделство на Земјоделскиот институт при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, по предметите: преглед на органско земјоделство, интегрално производство на градинарски култури и органско производство на градинарски култури.

Ангажирана е во наставата на I и II циклус студии на Факултетот за земјоделски науки и храна, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

На I циклус студии изведува настава во две студиски програми: градинарство и цвеќарство и екоземјоделство. На студиската програма за градинарство и цвеќарство ги држи предметите: градинарство на отворено и производство на семе и саден материјал, додека на студиската програма за екоземјоделство го држи предметот екоградинарство.

На II циклус едногодишни и двегодишни студии, кандидатката е вклучена во студиската програма растителна биотехнологија, модул: градинарство и цвеќарство по предметите: органско производство во градинарството и производство на семе и саден материјал.

## 3.Научна и стручно-апликативна дејност:

Работата на д-р Рукије Агич е фокусирана на одржливи технологии кај градинарски култури, селекција, генетски ресурси и органско земјоделство.

Како резултат на научно истражувачката работа во областа на селекцијата автор е на нова сорта кромид АРЕРА. Ја менаџира работата на сортни испитувања на околу 15-20 градинарски култури, односно над 70 сорти за признавање и одобрување во национална сортна листа. Врши стручна контрола и издава сертификати на семенски посеви од градинарски култури.

Д-р Рукие Агич активно учествува во изведувањето на научната дејност на Институтот, во одделни научни теми и проекти.
Како резултат на досегашната научноистражувачка работа, д-р Рукие Агич има објавено 19 научни и стручни трудови во домашни и странски научни списанија или презентирани на научни собири во земјава и во странство. Трудовите под реден број од 1-5 при нејзиниот избор во звањето асистент се рецензирани во Билтен бр. 674, а трудовите од 6 до 12 се рецензирани во Билтенот бр. 779 од 11. V 2001 година. Во Билтенот бр.893 од 15. III 2006 год се рецензирани трудовите од 13 до 19 за избор во звањето научен соработник.

Од последниот избор до денес, како автор или коавтор, кандидатката ги објавила следниве трудови:
20. Agic, Rukie., Jankulovski, D., Martinovski, Gj., Popsimonova, Gordana., 2007. Winter onion susceptibility to premature bolting depending on the variety and the sowing date in the R. of Macedonia. 3rd Balkan Symposium on vegetable and Potatoes, Bursa , Turkey. Acta Horticulture 271-277, ISHS.
Во овој труд авторите утврдуваат дека, при производство на зимски кромиди, рокот на сеидба и локалитетот имаат примарно значење за постигнување на максимален принос со висок квалитет. За покомплетен приод кон поставената цел се поставени полифакторијални опити со четири зимски кромиди, сидра, алдобо, ренџер и џулио во три различни агроклиматски локалитети (Скопје, Гевгелија, Струга), и три рока.

Особено е значајно утврдувањето на интеракциските појави на релација локалитет/сорта/датум на сеидба. Стандартната продукција има различна застапеност во структурата на приносот во зависност од реонот, сортата и рокот. Стандартноста на луковиците се зголемува одејќи од првиот кон третиот рок. Анализирајќи ги резултатите, авторите констатираат дека освен сортата ренџер (31,04%), другите испитувани сорти се одликуваат со добра стандардна продукција. Резултатите се високо сигнификантни, и упатуваат на логични научни заклучоци, корисни за науката и практиката. Трудот е оригинален и научен.

21. Danail Jankulovski, Rukie Agic, Gjorgi Martinovski, Gordana Popsimonova, Ljupco Jankulovski, Zvesda Bogevska, 2007. Agronomska vrednost autohtonih populacija praziluka (Allium porrum L.) u R. Makedoniji. Zbornik radova XII Savetovanje o Biotehnologiji, Cacak Vol 12. (13). 2007, 327-331.
Во трудот се испитувани 6 автохтони популации праз кои се одгледуваат во различни агроклиматски услови. Според описот на морфолошките карактеристики, 3 популации (кумановски, струмички и велешки) припаѓаат во групата на долги сорти чија висина на растение изнесува 140-160см и должина на лажно стебло 50-53 см. Авторите, истакнуваат дека другите три популации (битолски, охридски и гостиварски) припаѓаат во средно долги сорти со должина на лажно стебло од 40 см. Врз основа на испитувањата и добиените реултати, авторите заклучуваат дека првите три сорти даваат сигнификантно повисок принос во споредба со останатите три сорти. Трудот е оригинален и претставува придонес за научната јавност.

22. Suzana Kratovalieva, Dusko Mukaetov, Gordana Popsimonova, Lenka Cvetanovska, Rukie Agic, Marjan Andreevski , Dime Petkovski, 2006. Green manure as a tool of organic produced vegetables. II International Symposium of Ecologists of the R. of Montenegro. Kotor, str. 443-447.
Во трудот се изнесени интересни и значајни податоци за примената на зелено ѓубрење во производството на органски зеленчук. Авторите во експериментот ја користат граорицата за зелено ѓубрење, а како главна култура е компирот сорта агата. Врз база на лабораторските анализи на почвата и на културата, тие го утврдуваат позитивното влијание на зеленото ѓубрење врз приносот и квалитетните својства на културата компир. Резултатите од истражувањата се изворни и се од големо значење за науката од областа на органското произвоство.

23. Zvezda Bogevska, Vidoe Trpevski, Danail Jankulovski, Margarita Dimovska, Rukie Agic. 2009: Bio-stimulating effect of some fertilizers on the yield of pepper, 4th Balkan Symosium, of Vegetable and potato, 9-12. September, Plovdiv. ISHS, Acta Horticulturae 830, 651-656.
Двегодишните истражувања во овој труд биле насочени кон утврдување на биостимулативниот ефект на три различни ѓубрива на приносот од пиперка, сорта блонди, одгледувана во заштитени простори. Третирањето било извршено во различни фази од растот на пиперката. Врз база на анализите, авторите точно го утврдиле влијанието на третирањето со ѓубрива врз добиениот принос. Добиените резултати се од големо значење за производната практика и за зачувувањето на животната средина. Трудот е оригинален и има научен придонес за науката.

24. Kratovalieva S., Popsimonova G., Ivanovska S., Agic R., Dimov Z., Beleski K., Simeonovska E., Stefkov Gj., Gjamovski V., 2007. Plant genetic resources in R. of Macedonia International Research Conference, Plant Genetic Stocks-The Basis of Agriculture of today and tomorrow, Plovdiv, 261-263.
Во трудот се презентирани сите активностите кои се поврзани со генетските ресурси во Р. Македонија, почнувајќи од колекционирањето, регенерацијата, чувањето и документацијата по разни групи на култури. Авторите истакнуваат дека од неодамна, Р.Македонија стана член на мрежата за растителни генетски ресурси, покрај југоисточните европски земји, и целта на ова е да се зајакне долгорочната конзервација на РГР и да се унапредат активностите во тој регион.

25. Рукие Агич.: Арера нова сорта кромид (Allium cepa), зимска аршлама Јубилеен годишен зборник, Anniversary yearbook of the Institute of Agriculture, 2009, Skopje str 105-110.

Во трудот е опишана новата сорта кромид арера која е резултат на долгогодишната селекциона работа на Одделението за градинарство при Земјоделскиот институт во Скопје. Призната е во 2008 година од страна на Комисијата за национална сортна листа на Р. Македонија, по официјалните испитувања спроведени во текот на 2004/2005 и 2005/2006 година во два локалитета, Скопје и Струмица. Сортата арера во текот на двегодишните официјални испитувања покажа подобри производни, морфолошки и биолошки особини во споредба со стандардот. Спаѓа во зимски кромиди, наменета е за рано производство во текот на зимскопролетниот период. Новокреираната сорта арера претставува прилог кон збогатување на сортиментот на зимски кормиди. Презентираните резултати во овој труд се доказ за нејзиниот квалитет, квантитетот на продукција и раностасност, а производната практика останува да го потврди сето претходно наведено. Трудот има значаен придонес во селекцијата и земјоделската практика.

26. Михајло Николовски, Рукие Агич, Винко Станоев. 2009: Селекциона работа на Одделението за поледелство и градинарство при Земјоделскиот институт во Скопје. Јубилеен годишен зборник, Anniversary yearbook of the Institute of Agriculture,Skopje стр. 21-29.
Во овој труд авторите ја прикажуваат целокупната селекциона работа кај поледелските и градинарските култури на Земјоделскиот институт во Скопје како една од неговите најзначајни научноистражувачки активности. Од досегашната работа на йстражување во областа на селекцијата, во Институтот се создадени преку стотина сорти и хибриди поледелски и градинарски култури. Низ табеларен преглед се презентирани сите создадени сорти и хибриди поледелски и градинарски култури признати од страна на Сојузната сортна комисија на тогашна Југославија и Националната сортна комисија на Република Македонија, според видови и групи на култури, имиња на сортите, авторите и годините на признавање.
Институтот, работејќи на создавање нови сорти и хибриди, посебен придонес има дадено во одржувањето и чувањето на генетските ресурси од поледелски и градинарски култури.
Преку овој труд авторите го истакнуваат придонесот на Институтот не само во создавањето на нови сорти и хибриди, туку и нивното значење во зголемувањето на целокупното земјоделско производство. Трудот е прегледен и е од значење за земјоделската практика.

Трудовите со реден број 27-34 се презентирани на меѓународни симпозиуми и се во тек на печатење, додека трудот со реден број 35 е презентиран на II советување: Чување на свеж зеленчук, овошје и грозје, важен извозен потенцијал во Струмица.

27. Rukie Agic, Danail Jankulovski, Gjorgi Martinovski, Gordana Popsimonova, 2007. The Structure of the Yield of Some Winter Onion Cultivars (*Allium cepa* L.) Depending of the Region and Sowing Date in the R. of Macedonia, 2ndWorld Onion Congress and 5th Internacional Conference for Horticultural Science on Edible Alliaceae, Dronden, The Netherlands, *Book of abstracts*. Оригинален научен труд

28. Rukie Agic, Danail Jankulovski, Gjorgi Martinovski, Gordana Popsimonova, Zvezda Bogevska, Ljupco Jankulovski, 2007. Diversity of Macedonian Onion (*Allim cepa* L.) Ladraces in Traditional Farming Systems, 2ndWorld Onion Congress and 5th International Conference for Horticultural Science on Edible Alliaceae, Dronden, The Netherlands, *Book of abstracts* Оригинален научен труд

29. Rukie Agic, Gafur Ajruli, Gordana Popsimonova, Sonja Ivanovska, Suzana Kratovalieva Mirjana Vasić, Jelica Gvozdanović Varga, Mirjana Jankulovska, Afrodita Ibusoska. 2009: Divergence of bean landraces (Phaseoulus vulgaris L.) according to the traits of grain 19th EUCARPIA Conference, Genetic Resources Section, May 26th - 29th, 2009, Ljubljana, Slovenia Ljubljana: Kmetijski inštitut Slovenije, str. 84. Eucarpia *Book of abstracts* Оригинален научен труд

30. Rukie Agic, Gordana Popsimonova, Mirjana Vasic, Jelica Gvozdenovic Varga, Vida Todorovic, Stephan Nejkov, Astrit Baliu, Zdravko Matotan, Skender Kaciu. 2009: Result of Invetoring and collecting of indigenous onion (Allium cepa L.) and leek(Allium porrum)

germplasm for further conservation in the Balkan region 19th EUCARPIA Conference, Genetic Resources Section, May 26th - 29th, 2009, Ljubljana, Slovenia Ljubljana: Kmetijski inštitut Slovenije, str. 68. Eucarpia *Book of abstracts* Оригинален научен труд

31. Rukie Agic, Gordana Popsimonova, Afrodita Ibusoska, Zvezda Bogevska: Utilization of Onion Landraces in the Republic of Macedonia for Dehydration and Chilling 19th EUCARPIA Conference, Genetic Resources Section, May 26th - 29th, 2009, Ljubljana, Slovenia. Ljubljana: Kmetijski inštitut Slovenije, 2009, *Book of abstracts* Оригинален научен труд
32. Marko Maras, Rukie Agic, Gordana Popsimonova, Afrodita Ibusoska, Sonja Ivanovska, Vladimir Meglic. 2009: Evaluation of diversity among Macednian common bean landraces using morphological and molecular data, Joint congress of the Slovenian Biochemical Society and the Genetic Society of Slovenia, Book of abstracts. 20-23.September, Оригинален научен труд

33. Rukie Agic, Danail. Jankulovski, Gordana. Popsimonova, Suzana Kratovalieva, Zvezda Bogevska, Margarita. Dimovska, Afrodita Ibusoska ,2007. Vegetable genetic resources activities in the R. of Macedonia, International Research Conference, Plant Genetic Stocks-The Basis of Agriculture of today and tomorrow, Plovdiv

34. Kratovalieva S, Popsimonova G, Agic R. 2007 Organic production of potato in R. of Macedonia, Workshop on the future of the organic food and farming within the reformed CAP, Brussels, 4-7.12.07

35. Рукие Агич, Ѓорги Мартиновски, Звезда Богевска, Ранкица, Божиновска: Превенција од проникнување на кромид во текот на чувањето со примена на ретардант за пораст во Гостиварско (Р. Македонија). II советување: Чување на свеж зеленчук, овошје и грозје, важен извозен потенцијал, Струмица, 2009.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност и постигнатите резултати на пријавената кандидатка, Комисијата заклучи дека д-р Рукие Агич поседува научни, стручни и педагошки квалитети. Според Законот за високото образование на Р. Македонија, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето **вонреден професор** по предметот градинарство.
Според напред изнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Научниот совет на Земјоделскиот институт во Скопје, кандидатката д-р Рукие Агич да биде избрана во звањето **вонреден професор** по предметот градинарство.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Данаил Јанкуловски с.р.

2. Проф. д-р Ѓорѓи Мартиновски с.р.

3. Проф. д-р Гордана Попсимонова с.р.

**АНЕКС 2**

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Д-р Рукие Азем Агич
(име, татково име и презиме)

**Институција:** УКИМ, Земјоделски институт- Скопје
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** Градинарство

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Настава 1 циклус студии: градинарство на отворено 3+2, ФЗНХ- Скопје | 1,80 |
| 2. | Консултации со студенти по предмет: градинарство на отворено 3+2, ФЗНХ- Скопје | 0,06 |
| 3. | Настава 1 циклус студии: производство на семе и саден материјал 3+2, ФЗНХ- Скопје | 1,80 |
| 4. | Консултации со студенти по предмет: производство на семе и саден материјал 3+2, ФЗНХ- Скопје | 0,06 |
| 5. | Настава 1 циклус студии: екоградинарство 4+2, ФЗНХ- Скопје | 2,40 |
| 6. | Консултации со студенти по предмет: екоградинарство 4+2, ФЗНХ- Скопје | 0,06 |
| 7. | Настава 1 циклус студии: градинарство на отворено 3+2, ФЗНХ, дисперзирани студии, Струмица | 1,80 |
| 8. | Консултации со студенти по предмет: градинарство на отворено 3+2, ФЗНХ, дисперзирани студии, Струмица | 0,06 |
| 9. | Настава 1 циклус студии: производство на семе и саден материјал 3+2, ФЗНХ дисперзирани студии, Струмица | 1,80 |
| 10. | Консултации со студенти по предмет: производство на семе и саден материјал 3+2, ФЗНХ, дисперзирани студии, Струмица | 0,06 |
| 11. | Настава 2 циклус студии: преглед на органско производство 3+3, модул: одржливо земјоделство, Земјоделски институт, Скопје | 2,25 |
| 12. | Вежби 2 циклус студии: преглед на органско производство 3+3, модул: одржливо земјоделство, Земјоделски институт, Скопје | 1,35 |
| 13. | Консултации со студенти по предмет: преглед на органско производство 3+3, модул: одржливо земјоделство, Земјоделски институт , Скопје | 0,01 |
| 14. | Настава 2 циклус студии: интегрално производство на градинарски култури 3+3, модул: одржливо земјоделство, Земјоделски институт , Скопје | 2,25 |
| 15. | Вежби 2 циклус студии: интегрално производство на градинарски култури, модул: одржливо земјоделство, Земјоделски институт , Скопје | 1,35 |
| 16. | Консултации со студенти по предмет: интегрално производство на градинарски култури, модул: одржливо земјоделство, Земјоделски институт , Скопје | 0,01 |
| 17. | Настава 2 циклус студии: органско производство на градинарски култури 3+3, модул: одржливо земјоделство, Земјоделски институт , Скопје | 2,25 |
| 18. | Вежби 2 циклус студии: органско производство на градинарски култури модул: одржливо земјоделство, Земјоделски институт , Скопје | 1,35 |
| 19. | Консултации со студенти по предмет: органско производство на градинарски култури, модул: одржливо земјоделство, Земјоделски институт , Скопје | 0,01 |
| 20. | Настава 2 циклус студии: органско производство во градинарството 3+3, модул: градинарство и цвеќарство, ФЗНХ , Скопје | 2,25 |
| 21. | Консултации со студенти по предмет: органско производство во градинарство 3+3, модул: градинарство и цвеќарство, ФЗНХ , Скопје | 0,01 |
| 22. | Настава 2 циклус студии: производство на семе и саден материјал 3+3, модул: градинарство и цвеќарство, ФЗНХ , Скопје | 2,25 |

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 23. | Консултации со студенти по предмет: производство на семе и саден материјал 3+3, модул: градинарство и цвеќарство, ФЗНХ, Скопје | 0,01 |
| 24. | Работилница: Training of the trainers programme: Development of O.A. in South Eastern Europe, Pristina, 2006. | 1 |
| 25. | Работилница: Training of the trainers programme Introduction of O.A. and marketing of organic farms, Драч, 2006. | 1,5 |
| 26. | Работилница: Обука за принципи на органско производство, учесник, Пробио и FIBL, 2008. | 1 |
| 27. | Работилница: Обука за органско производство на град. Култури (исхрана) учесник, Пробио и FIBL, 2008. | 1 |
| 28. | Работилница: Обука за органско производство на град. култури (заштита ) ,учесник, Пробио и FIBL , 2008. | 1 |
| 29. | Работилница: Регулативи и стандарди во органско прониизвоство, учесник, Пробио и FIBL, 2008. | 1 |
| 30. | Работилница: Training programme Strengthening of Macedonian Gene bank management, Seednet and Institute of Agriculture, Skopje, 2007. | 1 |
| 31. | Работилница: Национален акционен план (НАП) за органско земјоделство во Р. Македонија, Status Quo Analiza, Ohrid, 2006. | 1 |
| 32. | Работилница: Национален акционен план (НАП) за органско земјоделство во Р. Македонија, Јавна расправа за првиот нацрт НАП, Скопје, 2007. | 1 |
| 33. | Член на комисија за оцена и одбрана на докторат: Влијание на начини на резидба врз растот и развитокот на дињата *(Cucumis melo* L.) одгледувана во заштитени простори. | 0,5 |
| 34. | Член на комисија за оцена и одбрана на магистратура: Влијание на видот на супстратот врз квалитетот на расадот, растот и развитокот на пиперката( *Capsicum annum* L.). | 0,3 |
| | | |
| | **Вкупно** | **35,55** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Multilateral joint expedition: Collection, Characterization and regeneration of indigenous onion (*Allium cepa* L.) and leek *Allium porrum* L. germplasm for further ex-situ conservation, regional project financed by CBM2007-2010, регионален координатор | 9 |
| 2. | Подигање на квалитетот на Гостиварската аршлама преку систем на интегрално производство, раководител на пилот- проект поддржан од МААСП, 2007 | 6 |
| 3. | South East European *Solanaceae* Germplasm Collection, Conservation and Sustainable Use, regional project financed by CBM,2007-2010, национален координатор | 6 |
| 4. | Pilot project of collecting the seed of local vegetable population by school children in Croatia and Macedonia , bilateral project financed by Sida, 2007, национален координатор | 6 |
| 5. | Примена на различни производни циклуси за кромид – можност за континуиран пласман, раководител на апликативен проект поддржан од GRM- International, 2008 | 6 |
| 6. | Постбербена технологија и мониторинг на складирање на кромидот, раководител на пилот- проект поддржан од МААСП, 2008 | 6 |
| 7. | Sustainable preservation of indigenous South East European legumes and their traditional food and feed products - SEE-ERA.NET Plus Joint Call (2010-2011), | 5 |

| | | |
|---|---|---|
| | учесник | |
| 8. | Билатерален проект: Проучувањена болести и штетници на коренести зеленчуци, интегрална заштита и можности за органско производство,2007-2008, учесник. | 5 |
| 9. | Техничка поддршка за производство на индустриска пиперка во пелагонискиот регион, учесник во пилот- проект поддржан од асоцијација на општини, 2009, PREDA преку Швајцарската програма SDC. | 3 |
| 10. | Инокулација со семе од фуражни култури како начин за поуспешна азотофиксација, МОН, 2004-2006, учесник. | 3 |
| 11. | Влијание на биостимулатори врз степенот на контаминација со тешки метали на агроекосистемите и можност за ремедијација, МОН, 2006-2009, учесник. | 3 |
| 12. | Каталогизација на националните конзервирани растителни генетски ресурси, МЗШВ 2009, учесник. | 3 |
| 13. | Труд во зборник на научно/стручен собир: Agic, Rukie., Jankulovski, D., Martinovski, Gj., Popsimonova, Gordana., 2007. Winter onion susceptibility to premature bolting depending on the variety and the sowing date in the R. of Macedonia. 3rd Balkan Symposium on vegetable and Potatoes, Bursa , Turkey. Acta Horticulture 271-277, ISHS. | 1,8 |
| 14. | Печатен труд: Danail Jankulovski, Rukie Agic, Gjorgi Martinovski, Gordana Popsimonova, Ljupco Jankulovski, Zvesda Bogevska, 2007. Agronomska vrednost autohtonih populacija praziluka (Allium porrum L.) u R. Makedoniji. Zbornik radova XII Savetovanje o Biotehnologiji, Cacak Vol 12. (13). 2007, 327-331. | 1,8 |
| 15. | Suzana Kratovalieva, Dusko Mukaetov, Gordana Popsimonova, Lenka Cvetanovska, Rukie Agic, Marjan Andreevski , Dime Petkovski, 2006. Green manure as a tool of organic produced vegetables. II International Symposium of Ecologists of the R. of Montenegro. Kotor, str. 443-447. | 1,8 |
| 16. | Zvezda Bogevska, Vidoe Trpevski, Danail Jankulovski, Margarita Dimovska, Rukie Agic. 2009: Bio-stimulating effect of some fertilizers on the yield of pepper, 4th Balkan Symosium, of Vegetable and potato, 9-12. September, Plovdiv. ISHS, Acta Horticulturae 830, 651-656. | 1,8 |
| 17. | Kratovalieva S., Popsimonova G., Ivanovska S., Agic R., Dimov Z., Beleski K., Simeonovska E., Stefkov Gj., Gjamovski V., 2007. Plant genetic resources in R. of Macedonia International Research Conference, Plant Genetic Stocks-The Basis of Agriculture of today and tomorrow, Plovdiv, 261-263 | 1,8 |
| 18. | Рукие Агич.: Арера нова сорта кромид (Allium cepa), зимска аршлама Јубилеен годишен зборник, Anniversary yearbook of the Institute of Agriculture, 2009, Skopje str 105-110. | 2 |
| 19. | Михајло Николовски, Рукие Агич, Винко Станоев. 2009: Селекциона работа на одделението за поледелство и градинарство во Земјоделскиот институ Скопје Јубилеен годишен зборник, Anniversary yearbook of the Institute of Agriculture,Skopje стр 21-29. | 1,6 |
| 20. | Учество на научен собир со реферат:<br>Rukie Agic, Danail Jankulovski, Gjorgi Martinovski, Gordana Popsimonova, 2007. The Structure of the Yield of Some Winter Onion Cultivars (*Allium cepa* L.) Depending of the Region and Sowing Date in the R. of Macedonia, 2ndWorld Onion Congress and 5th Internacional Conference for Horticultural Science on Edible Alliaceae, Dronden, The Netherlands, *Book of abstracts*. | 1 |
| 21. | Учество на научен собир со реферат:<br>Rukie Agic, Danail Jankulovski, Gjorgi Martinovski, Gordana Popsimonova, Zvezda Bogevska, Ljupco Jankulovski, 2007. Diversity of Macedonian Onion (*Allim cepa* L.) Ladraces in Traditional Farming Systems, 2ndWorld Onion Congress and 5th International Conference for Horticultural Science on Edible Alliaceae, Dronden, The Netherlands, *Book of abstracts*. | 1 |
| 22. | Учество на научен собир со реферат:<br>Rukie Agic, Gafur Ajruli, Gordana Popsimonova, Sonja Ivanovska, Suzana Kratovalieva Mirjana Vasić, Jelica Gvozdanović Varga, Mirjana Jankulovska, Afrodita Ibusoska. 2009: Divergence of bean landraces (Phaseoulus vulgaris L.) according to the traits of grain 19th EUCARPIA Conference, Genetic | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | Resources Section, May 26th - 29th, 2009, Ljubljana, Slovenia Ljubljana: Kmetijski inštitut Slovenije, str. 84. Eucarpia *Book of abstract.s* | |
| 23. | Учество на научен собир со реферат: Rukie Agic, Gordana Popsimonova, Mirjana Vasic, Jelica Gvozdenovic Varga, Vida Todorovic, Stephan Nejkov, Astrit Baliu, Zdravko Matotan, Skender Kaciu. 2009: Result of Invetoring and collecting of indigenous onion (Allium cepa L.) and leek(Allium porrum) germplasm for further conservation in the Balkan region 19th EUCARPIA Conference, Genetic Resources Section, May 26th - 29th, 2009, Ljubljana, Slovenia Ljubljana: Kmetijski inštitut Slovenije, str. 68. Eucarpia *Book of abstracts.* | 1 |
| 24. | Учество на научен собир со реферат: Rukie Agic, Gordana Popsimonova, Afrodita Ibusoska, Zvezda Bogevska: Utilization of Onion Landraces in the Republic of Macedonia for Dehydration and Chilling 19th EUCARPIA Conference, Genetic Resources Section, May 26th - 29th, 2009, Ljubljana, Slovenia. Ljubljana: Kmetijski inštitut Slovenije, 2009, *Book of abstracts.* | 1 |
| 25. | Учество на научен собир со реферат : Marko Maras, Rukie Agic, Gordana Popsimonova, Afrodita Ibusoska, Sonja Ivanovska, Vladimir Meglic. 2009: Evaluation of diversity among Macednian common bean landraces using morphological and molecular data, Joint congress of the Slovenian Biochemical Society and the Genetic Society of Slovenia, Book of abstracts. 20-23.September. | 1 |
| 26. | Учество на научен/стручен собир со реферат Rukie Agic, Danail. Jankulovski, Gordana. Popsimonova, Suzana Kratovalieva, Zvezda Bogevska, Margarita. Dimovska, Afrodita Ibusoska ,2007. Vegetable genetic resources activities in the R. of Macedonia, International Research Conference, Plant Genetic Stocks-The Basis of Agriculture of today and tomorrow, Plovdiv. | 1 |
| 27. | Учество на научен/стручен собир со реферат: Рукие Агич, Ѓорги Мартиновски, Звезда Богевска, Ранкица, Божиновска: Превенција од проникнување на кромид во текот на чувањето со примена на ретардант за пораст во Гостиварско (Р. Македонија). II советување: Чување на свеж зеленчук, овошје и грозје, важен извозен потенцијал, Струмица, 2009. | 1 |
| 28. | Учество на научен/стручен собир со реферат Kratovalieva S, Popsimonova G, Agic R. 2007 Organic production of potato in R. of Macedonia, Workshop on the future of the organic food and farming within the reformed CAP, Brussels, 4-7.12.07. | 1 |
| | **Вкупно** | 82,60 |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Поени

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Книга од стручна област: Протокол за добра земјоделска пракса при одгледување на кромид 2009, автор. | 8 |
| 2. | Книга од стручна област: Каталог на национални ex situ конзервирани растителни генетски ресурси, 2009, коавтор. | 7 |
| 3. | Експертски активности: Раководење, проценка и подготовка на извештаи за сортови опити од градинарски култури за признавање и одобрување од Национална сортна комисија при МЗШВ, 2006 . | 1 |
| 4. | Експертски активности: Раководење, проценка и подготовка на извештаи за сортови опити од градинарски култури за признавање и одобрување од Национална сортна комисија при МЗШВ, 2007. | 1 |
| 5. | Експертски активности: Раководење, проценка и подготовка на извештаи за сортови опити од градинарски култури за признавање и одобрување од Национална сортна комисија при МЗШВ, 2008. | 1 |
| 6. | Експертски активности: Раководење, проценка и подготовка на извештаи | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | за сортови опити од градинарски култури за признавање и одобрување од Национална сортна комисија при МЗШВ, 2009. | |
| 7. | Експертски активности: Раководење, проценка и подготовка на извештаи за сортови опити од градинарски култури за признавање и одобрување од Национална сортна комисија при МЗШВ, 2010. | 1 |
| 8. | Патенти/иновации: Нова сорта кромид арера признатa во 2008. | 4 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 8. | Член на уредувачки одбор за издавање на Монографија на УКИМ-Земјоделски инситут -Скопје по повод 65 години од неговото формирање, 2009. | 0,5 |
| 11. | Член на уредувачки одбор за издавање на Библиографија на УКИМ-Земјоделски инситут-Скопје по повод 65 години од неговото формирање,2009. | 0,5 |
| 12. | Член на организационен одбор на стручен собир: II советување: Чување на свеж зеленчук, овошје и грозје, важен извозен потенцијал, Струмица, 2009. | 0,5 |
| 13. | Член на организационен одбор на меѓународен научен собир: ISHS -5$^{th}$ Balkan Symposium on vegetable and potatoes, Тирана, 2011. | 1 |
| 14. | Студиски престои во странство: Јапонија- **JICA,** во периодот 10. 9. - 28. 10. 2006 посетувала специјализација на тема „ Agricultural production and distiribution főr South East European Countries", Obihiro International Centre | 0,5 |
| 15. | Белгија- во рамките на European Union Visitors programme, од 8 до 12.10.2007 престојувала во European Commission and European Parlament, Брисел. | 0,5 |
| 16. | Шветска - во рамките на SEEDnet проектот во периодот 19. 5. 2008 до 30. 5. 2008 го посетувала курсот: „Gene bank management and operation course", Swedish Biodiversity Centre, Алнарп. | 0,5 |
| 17. | Романија- Во рамките на SEEDnet проектот, од 21 до 25. 9. 2009 го посетувала курсот In situ and on farm conservation во генбанката на Сучеава. | 0,5 |
| 18. | Холандија- од 12. 4. 2010 до 30. 4. 2010 го посетува меѓунаротниот курс за генетски ресурси: Contemporary approaches to genetic resources conservation and use, Wageningen. | 0,5 |
| 19. | Раководител на националната работна група за градинарство при SEEDNET (Southeast European PGR Network) | 4 |
| 20. | Заменик претседател на регионалната работна група за градинарски култури при SEEDNET (Southeast European PGR Network) | 2 |
| 21. | Член на Bioversity International za Allium Working Groups –ECP/GR, FAO со седиште во Рим, Р. Италија | 2 |
| | Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект: | |
| 22.<br><br>23. | Чување на кромид за подолг временски период на употреба, 2010, МЗШВ, носител.<br><br>Одржливо производство на квалитетна индустриска пиперка, 2010, МЗШВ, соработник. | 1<br><br>0,5 |
| 24. | Проучување на болести и штетници на боранија, интегрална заштита и можност за органско производство, 20010-2011, МОН, соработник. | 0,5 |
| | Изгодвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект: | |
| 25. | UNESCO: Educating, Training and Building capacity on Biodiversity Protection and Sustainable Management in Macedonian Multiethnic School Community, 2010-2011 носител. | 2 |
| 26. | Билатерален проект Тубитак:Заштита на генетски ресурси во градинарството: заедничка колекциона мисија, конзервација и одржлива употреба, 2008-2011, носител. | 2 |
| 27. | Билатерален проект со Р. Бугарија: Генетски ресурси во градинарските, медицинските и ароматични растенија, 2010-2012, носител. | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| 28. | FP7-MARDBALK:Measuring Agricultural and Rural Development in the Western Balkan Countries, соработник. | 1 |
| 29. | TEMPUS: Policies aimed at improving food quality and safety and at developing sustainable and organic agri-food production, 2009. | 1 |
| 30. | TEMPUS: Facilitating Responsible Entrepreneurship Development in Agriculture *(FREDA)*, соработник. | 1 |
| 31. | Раководител на Одделението за градинарство –УКИМ, Земјоделски институт, од 2003 до денес. | 3 |
| 32. | Член на Институтската управа на Земјоделскиот институт, 2010. | 1 |
| 33. | Член на Националната сортна комисија за признавање и одобрување на сорти за поледелски и градинарски култури, 2003-2010. | 1 |
| 34. | Член на Клучната група за остварување на Стратегија за приспособување на македонскиот земјоделско-прехранбен сектор кон заедничка земјоделска политика САР на ЕУ, 2005-2006. | 1 |
| 35. | Член е на Советотавно-координативното тело за органско земјоделство, 2006. | 1 |
| 36. | Член е на Комисијата за усогласување на домашното законодавство од областа на заштита на новите сорти за земјоделски растенија со Конвенцијата на УПОВ и изработка на Закон за заштита на нови сорти за земјоделски растенија, 2006. | 1 |
| 37. | Член на Комисијата за изработка на Правилник за составот и начинот на работата на стручната комисија за заштита на селекционерското право | 1 |
| 38. | Член на Комисијата за изработка на Правилник за постапката и методите за преиспитување на ДУС- тестот. | 1 |
| 39. | Учество во подготовка на Стратегија за работата на Ген-банката во периодот 2009-2013, изработена од Земјоделскиот институт во координација со Одделението за Ген- банка на МЗШВ. | 2 |
| | **Вкупно** | 60 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **35,55** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **82,60** |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **60** |
| **Вкупно** | **178,15** |

**Членови на Комисијата**

1. <u>**Проф. д-р Данаил Јанкуловски, претседател с.р.**</u>

2. <u>**Проф. д-р Ѓорѓи Мартиновски, член с.р.**</u>

3. <u>**Порф. д-р Гордана Попсимонова**, член с. Р.</u>

# П Р Е Г Л Е Д

на прифатените теми за изработка на магистерски труд во Институтот за фолклор "Марко Цепенков" - Скопје на студиската програма по фолклористика

| Кандидат | Тема | Коментори |
|---|---|---|
| Ермаљ Мехмети | Полифоното пеење на Албанците во Република Македонија со посебен осврт на Преспанскиот регион | 1. Проф. д-р Родна Величковска<br>2. Проф. д-р Сабахудин Жута |

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Џингиз Ибрахим | Народниот музички инструмент Баглама кај Турците во Македонија | 1. Проф. д-р Родна Величковска |

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА РАКОПИСОТ ЗА УЧЕБНИК „**ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО**", ОД АВТОРОТ Д-Р ЗОРИЦА САЛТИРОВСКА

Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата XI редовна седница одржана на 15.10.2010 година, формираше Комисија за оцена на учебникот „Заштита на културното наследство" од д-р Зорица Салтировска. Со одлука број 12-1706/2 од 21.10.2010 година, за членови на Комисијата се избрани: проф. д-р Митко Котовчевски и проф. д-р Марина Митревска.

Со особен респект кон укажаната доверба, Комисијата има чест на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, да му го достави следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Приложениот труд со наслов „Заштита на културното наследство" е изложен на 130 страници текст со конзистентна структура, оформен во повеќе поглавја и сегменти укомпонирани во функционална логичка целина. Покрај предговорот, воведот, заклучокот и библиографијата, трудот го сочинуваат три дела со повеќе поглавја, во кои се истражуваат најзначајните аспекти на организацијата на заштитата на културното наследство. Текстот е компјутерски обработен во Б5-формат. Библиографијата опфаќа вкупно 57 библиографски единици (книги, меѓународни извештаи и други правни документи за меѓународна и национална заштита на културното наследство) на македонски, српски, хрватски, словенски, полски, француски и англиски јазик. Содржината на трудот е структурирана на следниов начин: Предговор; Вовед; Прв дел - Културно наследство - поим, поделба и значење; Втор дел - загрозување на културното наследство; Трет дел - Заштита на културното наследство; Заклучок и Библиографија.

Во првиот дел, насловен како „**Културно наследство, поделба и значење**", дадени се генеричките поими на издвоените категории на добра кои се предмет на заштита, а посебно внимание е посветено на поимот „културно наследство" при чие дефинирање, преку историски и компаративен осврт, се доаѓа до генеричкиот поим и неговото дефинирање во функција на остварување на заштитата. Покрај ова, во овој дел е направена и анализа на видовите и категориите на културното наследство со укажување на неговото значење за нацијата, државата и воопшто целата човечка цивилизација.

Во вториот дел, кој носи наслов „**Загрозување на културното наследство**", анализирани се факторите кои го загрозуваат културното наследство при што најголем акцент е ставен на еколошкото загадување,

криминалните дејствија и вооружените судири, како и формите и облиците на нивното загрозувачко влијание врз културните добра.

Третиот дел насловен како „**Заштита на културното наследство**" е клучен и најзначаен, поради што е и најобемно обработен преку анализа на најновите и најзначајните правни документи од оваа сфера. Во првото поглавје од овој дел се обработува меѓународната заштита на културното наследство. Од меѓународните правни акти, во фокусот на интерес е ставен Хашкиот протокол од 1999 година (како нов меѓународен инструмент за подобрување на заштитата на културните добра во случај на вооружен судир, воспоставена со Хашката конвенција од 1954 година), обработен преку анализа и толкување на неговите одредби и во обем кој е доволен да се запознае неговата содржина и моделот на заштитата.

Во второто поглавје од третиот дел се разработува националниот систем на заштита на културното наследство воспоставен со Законот за заштита на културното наследство од 2004 година, при што се констатира дека неговото познавање е клучен предуслов за правилен пристап кон третманот и заштитата на сопственото културно наследство. Во анализата на правната заштита, најголемо внимание се посветува на заштитата од криминални дејствија и вооружени судири, бидејќи тие предизвикуваат највисок степен на загрозување и уништување на културното наследство. Во анализата, пак, на институционалната заштита, опфатени се сите стручни и други институции и организации кои имаат права и обврски кон заштитата на културното наследство. На крајот, потенцирани се улогата и значењето на развивањето на протекторската свест за ефикасноста во заштитата, при што се констатира дека подигањето на јавната свест за потребата од чување и почитување на културното наследство треба да биде клучно решение во заштитата, а посебно во услови на вооружен судир кога дури и поединецот може да придонесе во заштитата на културното наследство доколку е свесен за неговото значење и вредност.

Во заклучокот на трудот се изнесени главните сознанија кои се базираат на теоретската анализа на консултираната стручна и научна литература која ја третира оваа проблематика, како и на меѓународните и националните правни акти кои се однесуваат на заштитата на културното наследство.

Поднесениот труд под наслов „Заштита на културното наследство" претставува научен труд од областа на безбедноста, со елементи на интердисциплинарен пристап во обработката на една извонредно значајна тема. Актуелноста на трудот се зголемува напоредно со нараснувањето на протекторската свест за значењето на културното наследство, со што се побудува интересот за негова заштита, како на меѓународно, така и на национално ниво. Покрај тоа што е предмет на правно регулирање, културното наследство сè поизразено се манифестира и како специфична правна категорија. Потребата од познавањето на правните акти за негова заштита произлегува, пред сè, од барањето на меѓународните инструменти за заштита на културното наследство, националните правни акти да содржат одредби со кои ќе се обезбеди едукација и информирање на граѓаните за значењето и

заштитата на културното наследство, како и запознавање со меѓународната правна регулатива од оваа област. Вредните сознанија содржани во трудот овозможуваат тој да ја збогати теоретската мисла, а на широката јавност ќе ѝ овозможи да се запознае со значењето и потребата од заштита на културното наследство, што ќе биде во функција на обврската за едукација и информирање на граѓаните со оваа значајна проблематика. Покрај тоа, трудот треба да им послужи и на сите корисници кои имаат интерес за предметната проблематика, а особено на студентите кои го изучуваат предметот заштита на културното наследство како основна литература по тој предмет.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Трудот „Заштита на културното наследство", поднесен од д-р Зорица Салтировска, доцент на Институтот за безбедност, одбрана и мир, претставува научен труд кој дава соодветен придонес во областа на безбедносната наука. Трудот се темели на анализа на репрезентативен теоретски материјал, а сознанијата во трудот можат да послужат како елементи кои даваат насоки и можности за нови истражувања од оваа област.

Трудот е напишан јасно и прегледно, со јасен и елоквентен стил. Пристапот е дијалектички и историски во смисла на сензитивност за димензиите, простор и време, што е особено значајно при анализирање на една ваква динамичка материја.

Во согласност со овие сознанија и оцени, Комисијата има чест и задоволство на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, да му предложи да го усвои овој позитивен извештај и да одобри печатење на трудот.

Рецензенти

1. Проф. д-р Митко Котовчевски, с.р.
2. Проф. д-р Марина Митревска, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „HACCP – СИСТЕМОТ ВО ФУНКЦИЈА НА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКИОТ СЕКТОР", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ВЕСНА ТАНЧЕВА, ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 241 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, а во врска со поднесената докторска дисертација од кандидатката м-р Весна Танчева со наслов „HACCP – системот во функција на унапредување на туристичкиот сектор", Советот на Економскиот институт во Скопје, на 19 седница одржана на 2.11.2009, донесе одлука (бр. 09-2081/1 од 5.11.2009) за формирање на Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација, во состав:

1. д-р Марија Ацковска
2. д-р Силвана Мојсовска
3. д-р Михајло Будиноски
4. д-р Татјана Петковска
5. д-р Наташа Данилоска.

Членовите на Комисијата со посебно внимание ја прочитаа и ја проучија поднесената докторска дисертација и по усогласувањето на мислењата, до Научниот совет на Економскиот институт, го доставуваат следниов

# ИЗВЕШТАЈ

## 1. Општи согледувања

Кандидатката м-р Весна Танчева во својата докторска дисертација со наслов „HACCP – системот во функција на унапредување на туристичкиот сектор", покрива комплексна и интересна проблематика во областа на економиката на секторскиот развој во една од најдинамичните области на човековото работење, а тоа е туризмот. Докторската дисертација разработува актуелна тема на која досега кај нас и пошироко во регионот не е посветено доволно внимание и за која се чувствува голем недостаток од соодветни извори и истражувања, а се однесува на примената на HACCP – системот во туристичкиот сектор.

Економското значење на ефектите од туризмот во туристичкиот сектор и целокупната економија е големо. Затоа, кандидатката во докторската дисертација укажува на потребата од вложување поголеми напори за подобра усогласеност меѓу квалитетот и цената на туристичкиот производ во овој сектор. Во современи услови на работење успеваат само оние туристички дестинации кои својата понуда ја имаат целосно приспособено на тенденциите на побарувачката, односно на туристите. Усогласувањето на квалитетот на понудените производи и услуги со цената, од една страна, а потоа и на туристичката понуда со барањата на туристите, од друга страна, се постигнува со стандардизација на производите и услугите во туристичкиот сектор. Современите тенденции на туризмот и туристичкиот сектор како основа за негов развој наметнуваат потреба од анализа на стандардите како фактори кои влијаат ограничувачки или стимулативно на неговиот развој. HACCP – системот е меѓународно прифатен менаџмент-систем за квалитет и безбедност на храната, чии ефекти врз туристичкиот сектор и националната економија треба да се интензивираат и целосно да се искористат.

Примената на HACCP – системот во туристичкиот сектор е причина и последица од потребата за воспоставување: ефикасна заштита на туристите како потрошувачи во туризмот (нивното здравје, безбедност и економски интереси), заштита на опкружувањето, стабилни односи на туристичкиот пазар и поголема конкурентност на глобалниот туристички пазар. HACCP - системот е специјално дизајниран систем кој треба да им донесе придобивки и корист не само на туристите и туристичките претпријатија, туку и на менаџментот. Како

инструмент за контрола, тој е дел од системот за управување со целосниот квалитет кој доколку е правилно применет дава големи придобивки. Некои од овие придобивки се: подобрување на оперативната ефикасност, намалување на вкупните и маркетинг-трошоци, создавање конкурентска предност на пазарот на туристички производи и услуги, подобрување на квалитетот на производите и услугите и многу други придобивки од економска и неекономска природа.

Со цел да се оцени примената на HACCP – системот во функција на унапредување на туристичкиот сектор, во докторската дисертација се става акцент на деловните трошоци за воведување и имплементација на системот на ниво на претпријатие. За да станат конкурентни на домашниот и меѓународниот туристички пазар, туристичките претпријатија мора да воведат менаџмент-системи за безбедност на храната, добри практики и стандарди во работењето. Со цел имплементацијата на овие системи и стандарди да биде успешна и да даде позитивни резултати, туристичките претпријатија мора да вложат одредени ресурси и време.

Посебно внимание во докторската дисертација се посветува на создавањето конкурентска предност со HACCP – системот како бизнис-алатка на менаџментот со која се постигнуваат посупериорни услуги, поголема општествена одговорност и етика на туристичкото претпријатие во средината, употреба на пософистицирана опрема, поголема ефикасност и ефективност на процесите, можност за брендирање и повисоко вреднување на производите и услугите (комбинација од добар квалитет, добра услуга и прифатлива цена). Во процесот на креирање конкурентска предност, преку HACCP – системот се стекнува предност не само во туристичкиот сектор, туку и во националната економија. HACCP – системот не само што ги унапредува производите, услугите, работните процеси и материјалните услови во туристичките претпријатија, туку ги развива и човечките ресурси во поглед на нивна подобра комуникација, координација и организираност и размена на знаења и искуства во секојдневното работење. Во таа насока, докторската дисертација е фокусирана на пренесување на сознанијата за трошоците и придобивките од примена на HACCP – системот од претпријатијата во другите земји со подолго искуство на туристичките претпријатија во Република Македонија.

**2. Содржина на дисертацијата**

Докторската дисертација со наслов „HACCP – системот во функција на унапредување на туристичкиот сектор", поднесена од кандидатката м-р Весна Танчева, се состои од вкупно 398 страници. Основниот текст се состои од 379 страници кои структурно се поделени на: вовед, шест глави, заклучок, прилози и користена литература. Прилозите се опфатени на 17 страници. Користената литература е наведена на 15 страници и содржи 237 релевантни библиографски единици, периодични списанија и интерент - страници.

**Воведните напомени** содржат краток вовед во проблематиката што се истражува, дефинирање на целите, предметот, задачите и методите на истражување. Докторската дисертација „HACCP - системот во функција на унапредување на туристичкиот сектор", пред себе има поставено единствена основна цел, а тоа е да се искористи HACCP – системот за унапредување и развој на туристичкиот сектор, осврнувајќи се на теориските придобивки во економската и туристичката мисла. За да се оправда предметната проблематика и вложениот труд во вкупниот процес на создавање на докторската дисертација и истражување, главната цел и другите изведени цели на докторската дисертација се оправдани, аргументирани и докажани. Покрај предметот, целите и задачите на истражување, во трудот се посветува внимание и на теориските аспекти на оваа проблематика, особено при разјаснување на поимот туризам и туристичкиот сектор, неговата структура и динамика, меѓународните стандарди, суштината на HACCP - системот, неговите принципи, пристапи за примена, проблемите и противречностите.

**Првата глава** со наслов „Појава и развој на туризмот и туристичкиот сектор во современата економија", се однесува на поимот, природата и структурата на туристичкиот сектор и туризмот, со сите обележја на неговиот раст и развој. Во ова поглавје се дефинираат туризмот и туристичкиот сектор со сите специфики на работењето на туристичките претпријатија и за таа цел се анализираат неколку теоретски приоди и дефиниции. За да може да се дефинира туристичкиот сектор како посебен сектор во националното стопанство, се проучува неговата структура во потсектори. Во продолжение на првата глава се разгледуваат сите промени од квантитативен и квалитативен аспект, односно растот и развојот на туризмот и туристичкиот сектор со сите поддржувачки и ограничувачки фактори.

Првата глава од докторската дисертација се заокружува со определување на местото и улогата на туризмот и туристичкиот сектор во националната економија, со посебен акцент на значењето на неговите економски функции.

**Втората глава** не упатува во процесот на „Стандардизација на туристичките производи и услуги како фактор за економски развој". Во туризмот, условите за креирање и пласман на туристичкиот производ се разликуваат од оние во другите сектори. Туристичкиот производ е специфичен, исто како што е специфичен туристичкиот сектор кој учествува во неговото создавање. Во втората глава на докторската дисертација се анализираат: формите на туристичкиот производ, неговите специфики и стандардите кои можат да се применат во неговото креирање. Како продолжение на оваа анализа, се разгледува потребата од стандардизација во туристичкиот сектор, задолжителните и доброволно применетите стандарди и менаџмент-системи за квалитет во туристичките претпријатија. Кандидатката детално ги елаборира начините на примена на стандардите во туристичкиот сектор и ја оценува нивната економска оправданост во секторот. На крајот од втората глава, кандидатката укажува на фактот дека стандардизација е процес на примарни и секундарни елаборации кои се случуваат на различни места, а во чиј процес на воведување и примена во локалните практики се препорачува концептот на стандардот да биде задржан во оригиналниот контекст за да биде целосно ефикасен на глобално ниво.

**Третата глава** од трудот насловена како „Квалитетот и безбедноста на храната – економски показатели за успех во туристичкиот сектор", се фокусира на улогата и значењето на храната во туризмот, различните аспекти на квалитет, стандардите и менаџмент – системите за квалитет и безбедност на храната во туристичкиот сектор. Понудата на храна и пијалаци е основна услуга во туризмот и угостителството, а нивната безбедност е само еден аспект од квалитетот. Покрај климата, културата, инфраструктурата и локалното население, храната може да се искористи за брендирање на туристичката дестинација. Кандидатката, исто така, ја анализира и улогата на меѓунардните организации и здруженија, државата и државните органи, туристичките претпријатија и туристите како промотори на квалитетот и безбедноста на храната во туризмот. Во оваа глава се дава преглед на законската регулатива за примена на станардите за безбедност и квалитет на храната на меѓународно и национално ниво, која во глобалните тенденции ќе придонесе за унапредувањето на квалитетот и

безбедноста на храната во туристичкиот сектор. Кандидатката укажува на важноста од воспоставување холистички и интегриран приод кој ги проценува ризиците и има позитивно влијание на глобалната безбедност и квалитет на храната.

Во **четвртата глава** со наслов „HACCP – системот како бизнис-алатка за ефективност и ефикасност во туристичкиот сектор", кандидатката врши сеопфатна анализа на развојот на овој менаџмент-систем за квалитет во светот со посебен осврт на Република Македонија. Туристичкиот сектор, со сите свои специфики во развојот, се потпира врз примената на HACCP – системот со оглед на важноста на храната за туристите и локалното население во туристичките претпријатија. За да може овој систем за безбедност и квалитет на храната да се употреби како бизнис-алатка за постигнување конкурентска предност во туристичката понуда, докторската дисертација во оваа глава дава уште еден значаен придонес во надминување на најголемите проблеми кои ја попречуваат имплементацијата на HACCP – системот во туристичките претпријатија во светот и Република Македонија. Во докторската дисертација се нагласува фактот дека стандардите секогаш со себе носат бројни иновации кај производите и во работните процеси, а туристичките претпријатија треба постојано да ја приспособуваат својата стратегија на примената на стандардите. Со една реченица, претпријатието кое во својата стратегија користи стандарди, треба постојано „будно" да ги следи придобивките и трошоците од применетиот стандард. Ако односот меѓу трошоците и придобивките од примената на стандардот се менува, тоа е знак дека претпријатието треба да ја приспособи или преиспита својата стратегија. Во оваа глава, посебно место имаат искуствата од примената на HACCP - системот во туристичкиот сектор на соседните држави и државите на просторот на Балканот, како и на развиените европски и вонеевропски држави. На крајот од четвртата глава се даваат насоки како може HACCP – системот да се искористи како бизнис-алатка за развивање на конкурентска предност, за развој на човечкиот фактор во туризмот и во управувањето со ризиците во туристичкиот сектор.

Во **петтата глава** насловена како „Анализа на придобивките во однос на трошоците од HACCP – системот во туристичкиот сектор" е направена анализа на придобивките во однос на трошоците од HACCP – системот во туристичкиот сектор. Најпрво, во оваа глава се опфатени сите видови трошоци кои се сметаат како најголема пречка при имплементација на

НАССР – системот, а потоа и техниките за нивно утврдување во туристичките претпријатија. Кон мерењето на трошоците за имплементација на системот се пристапува на различни начини и се користат различни методи. Пред да се пристапи кон нивно мерење, трошоците за примена и работење според НАССР - принципите се расчленуваат по видови и се анализира нивното учество во вкупните трошоци во различни туристички претпријатија од хотелиерството и ресторатерството. Оваа глава на докторската дисертација е посветена и на дефинирање и анализа на придобивките од економски и неекономски карактер од имплементацијата на НАССР - системот во туристичкиот сектор. Кои придобивки можат да се измерат и проценат, а кои не, како проблематика се третира во продолжение на ова поглавје. Неекономските придобивки не можат да се измерат и квантитативно да се прикажат. НАССР – системот е прифатен во светот токму поради безбедноста на храната за потрошувачот и бројни други неекономски придобивки за туристичкиот сектор кои можат да бидат почувствувани со успешна имплементација на НАССР – системот. Овие придобивки најинтензивно се чувствуваат на долгорочна основа, за разлика од економските придобивки од НАССР – системот кои можат да се почувствуваат и во пократок период во работењето.

Во **шестата глава** од трудот, кандидатката ги анализира резултатите од емпириското истражување во туристичките претпријатија и дава предлози за апликативни решенија за зголемување на мотивацијата и интензивирање на примената на НАССР - системот во туристичкиот сектор на Република Македонија. Истражувањето го опфаќа досегашното искуство во примената на стандардите и менаџмент – системите за квалитет и безбедност на храната во туристичките претпријатија во Република Македонија, со посебен осврт на НАССР – системот во периодот на доброволна и задолжителна примена. Како стожерен метод врз кој се гради докторската дисертација е анализата на трошоците и придобивките (Cost-benefit analysis) кои произлегуваат или се очекуваат од имплементацијата на НАССР – системот во туристичкиот сектор. Затоа, со емпириското истражување најмногу сознанија се добиени за природата и висината на трошоците за НАССР – системот во туристичките претпријатија, а потоа и на придобивките за кои е подразбирливо дека не се чувствуваат доволно во периодот кога се започнува со примената на системот на национално ниво. Пренесувањето на сознанијата од другите земји со подолга примена на системот во Република Македонија, ќе влијаат стимулативно во првата фаза од примената на системот. Со цел да се овозможи целосно искористување на придобивките од НАССР - системот и

максимизирање на неговите економски ефекти, кандидатката, исто така, ја нагласува потребата од соработка и синхронизација на активностите на различните релевантни страни на национално и глобално ниво. Со истражувањето за HACCP – системот во функција на унапредување на туристичкиот сектор се опфатени и туристите, затоа што тие се главната причина за постоење на туристичкиот сектор.

Во **заклучните согледувања**, кандидатката м-р Весна Танчева ги сублимира сознанијата за примената на HACCP – системот во светот и дава критички осврт за состојбата во Република Македонија со препораки и чекори за отстранување на сите недостатоци во примената, како во поглед на материјалните, така и во поглед на нематеријалните ресурси. При тоа, за подобро искористување на искуството и придобивките од примената на HACCP – системот од другите земји во Република Македонија, потребна е соодветна мотивација на човечките ресурси и другите субјекти кои се јавуваат како промотори на стандардите во практиката. Кандидатката во оваа глава ја нагласува потребата сите субјекти во туристичкиот сектор да ја сфатат неопходноста од воведување на стандарди за безбедност и квалитет на туристичките производи и услуги, со цел Република Македонија да се промовира како привлечна туристичка дестинација на домашниот и меѓународниот туристички пазар. Во заклучокот, кандидатката повикува на хоризонтална и вертикална координација и соработка меѓу субјектите на национално ниво со соодветен фидбек за заедничкото решавање на проблемите при воведувањето на HACCP – системот и непречено споделување на искуствата.

**3. Оцена и предлог**

Членовите на Комисијата внимателно ја проучија поднесената докторска дисертација на кандидатката м-р Весна Танчева под наслов „HACCP – системот во функција на унапредување на туристичкиот сектор" и сметаат дека таа претставува содржаен труд со фокус на стандардите и менаџмент-системите за безбедност и квалитет на храната во туристичкиот сектор. Комисијата цени дека докторската дисертација претставува систематска обработка на специфично поле од работењето на туристичките претпријатија, а тоа е примената на HACCP – системот, која непосредно е поврзана со стекнувањето на конкурентска предност на туристичкиот пазар. Трудот содржи теориска основа и методолошка рамка кои обезбедуваат релевантна основа за соодветно третирање на поставените прашања.

Во истражувањето кандидатката користи обемна домашна и странска литература што придонесе успешно да се идентификуваат факторите од кои зависи успешната примена на примената на HACCP – системот во насока на подобрување на конкурентноста на туристичките претпријатија. Трудот нуди аргументација за поставените тези и илустрација со релевантни податоци, а воедно се отвора дискусија за актуелни прашања поврзани со значењето на стандардите за квалитетот на храната, како многу важен аспект во туристичкиот сектор. Посебен придонес на докторската дисертација е спроведеното емпириско истражување во Република Македонија, кое обезбеди првични сознанија за трошоците и придобивките од примената на HACCP – системот во туристичкиот сектор во Република Македонија.

Имајќи ги предвид претходно изнесените ставови, Комисијата констатира дека кандидатката м-р Весна Танчева во докторската дисертација под наслов „HACCP – системот во функција на унапредување на туристичкиот сектор", успеала да одговори на дефинираните цели на истражувањето. Општа е оцената дека кандидатката се справила со поставениот предизвик за истражување на одбраниот проблем и успеала да понуди релевантни ставови, мислења и заклучоци. Имајќи го предвид претходно изнесеното, Комисијата му предлага на Научниот совет на Економскиот институт во Скопје:

1. да го прифати извештајот со позитивна оцена за поднесената докторска дисертација „HACCP – системот во функција на унапредување на туристичкиот сектор";
2. на кандидатката м-р Весна Танчева да ѝ се дозволи јавна одбрана на докторскиот труд.

Скопје, 1.11.2010 год.

Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација

1. ______________________ с.р.
/Д-р Марија Ацковска/

2. ______________________ с.р.
/Д-р Силвана Мојсовска/

3. ______________________ с.р.
/Д-р Михајло Будиноски/

4. ______________________ с.р.
/Д-р Татјана Петковска/

5. ______________________ с.р.
/Д-р Наташа Данилоска/

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ПО ПРЕДМЕТИТЕ БИОФАРМАЦИЈА И ФАРМАЦЕВТСКА ХЕМИЈА НА ФАРМАЦЕВТСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, донесена на X редовна седница одржана на 18. X 2010 година, а согласно со Законот за научноистражувачка дејност, Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" и Правилникот на Факултетот, избрани сме за членови на Рецензентската комисија за избор на еден вонреден професор по предметите биофармација и фармацевтска хемија.

По разгледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот објавен во весниците „Утрински весник" и „Факти" од 15. IX 2010 година за избор на вонреден професор по предметите биофармација и фармацевтска хемија се пријави кандидатот: д-р Кристина Младеновска, доцент на Фармацевтскиот факултет во Скопје.

### Биографски податоци за д-р Кристина Младеновска

Доц. д-р Кристина Младеновска е родена на 30. IX 1963 година во Скопје. Основно образование и гимназија завршила во Скопје. Во учебната 1982/83 година се запишала на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, каде што дипломирала во јануари 1987 година со средна оценка 9,30.

По дипломирањето, во 1988 година се вработила во Универзитетскиот клинички центар во Скопје, на работното место клинички фармацевт, на кое работела до крајот на 1995 година. На 1. I 1996 година е избрана за помлад асистент на Институтот за фармацевтска технологија. Во звањето асистент по предметот биофармација е избрана во 1998 година (Билтен 706/98), а реизбрана во 2001 година (Билтен 792/01). Во звањето доцент по предметите биофармација и дизајнирање и метаболизам на лекови е избрана во јануари 2006 година (Билтен 883/2005), на кое работно место се наоѓа и денес.

Специјалноста од областа клиничка фармација ја започнала во учебната 1993/1994 година, а ја завршила во 1998 година со изработка на специјалистички труд. Во учебната 1996/1997 година се запишала на постдипломски студии по областа биофармација на Фармацевтскиот факултет во Скопје, а магистерскиот труд го одбранила во 2000 година. Со звањето доктор на фармацевтски науки се стекнала во 2005 година на Фармацевтскиот факултет во Скопје.

Кандидатката е член на повеќе стручни здруженија и асоцијации: Здружение на фармацевти на Македонија, Фармацевтска комора на Македонија, АПГИ, БРГ форум, Европско здружение за клиничка фармација, Европско здружение за болничка фармација, Македонско здружение за болничка фармација.

Во рамките на континуираната едукација и усовршување во областите биофармација и дизајнирање и метаболизам на лекови, кандидатката има реализирано:

- студиски престој на Институтот за наука и медицински истражувања, INSERM ERIT-M 0104, „Ingénierie de la Vectorisation Particulaire' Batiment

IBT и Фармацевтски факултет, Универзитет Ангерс, Ангерс, Франција, во рамките на проектот НАТО, Програма за мир (2002-2006);

- серија на едукативни курсеви под наслов „Фармаколошки третман на епилепсијата", организирани од страна на Европската академија за епилепсија и Асоцијацијата на невролози од Македонија (април-мај 2006 година);
- обука за ментори и едукатори во рамките на Проектот за управување со здравствениот сектор и Програмата за обука на испитувачи за модернизирање на процесот на лекари, стоматолози и фармацевти на Република Македонија, во организација на Министерството за здравство (Скопје, декември 2006 година);
- студиски престој на Факултетот за фармацевтски науки во Копенхаген, Данска, како дел од ТЕМПУС-проектот „Реорганизација на фармацевтската едукација во Република Македонија (2004-2007);
- учество на меѓународниот едукативен курс под наслов „Фармаколошки третман на епилепсијата", во Еилат, Израел (септември 2007 година);
- серија на 13 едукативни курсеви под наслов „Развој на фармацевтската практика", како дел од проектот „Управување со здравствениот сектор, финансиран од Министерството за здравство на Република Македонија и Светската банка (повеќе градови во Македонија, 2007-2008 година);
- интензивен курс под наслов „Наука за материјалите", спонзориран од Германија и Пактот за стабилност на Југоисточна Европа (Скопје, октомври 2008 година);
- учество на работилница под наслов „Терапевтскиот мониторинг – улога на клиничкиот фармацевт", спонзориран од Пактот за стабилност на Југоисточна Европа (Приштина, јануари 2008 година);
- учество на глобалната конференција за иднината на болничката фармација, Базел, Швајцарија (септември 2009 година);
- студиски престој на Бугарската академија за науки и уметности (Софија, мај 2010 година) како дел од проектот „Синтеза на нови кумарински деривати со потенцијално биолошко дејство и определување на нивните структури", финансирано од Министерството за наука и образование на Р. Македонија и Министерството за наука и образование на Р. Бугарија (2007-2009);
- студиски престој на универзитетските клинички центри и фармацевтски факултети во Хамбург и Лајпциг, Германија, спонзориран од ДААД (октомври 2010).

Поле на научноистражувачкиот и стручен интерес на д-р Кристина Младеновска се биофармацевтските, фармакодинамските и фармакокинетските гледишта во дизајнирањето и развојот на лековите и лековитите форми.

**Наставно-образовна дејност по изборот за доцент**

На додипломските и постдипломските студии на Фармацевтскиот факултет во Скопје, д-р Кристина Младеновска изведува настава по предметите: биофармација и дизјанирање и метаболизам на лекови за студентите од Фармацевтскиот факултет (фармацевтска хемија 1 во новата студиска програма за стекнување со звањето магистер по фармација, воведена во 2009/2010 година) и метаболизам на лекови за студентите од Природно-математичкиот факултет – насока аналитичка биохемија. Кандидатката е активно вклучена во севкупната наставно-образовна дејност на институтите за фармацевтска технологија и фармацевтска хемија при Фармацевтскиот факултет во Скопје.

Во рамките на Темпус-проектот „Реорганизација на фармацевтската едукација во Р. Македонија", 2004-2007, учествувала во усогласувањето на наставните содржини по предметите биофармација и фармацевтска хемија 1 со

содржините на соодветните курсеви во европскиот систем на едукација на фармацевтите. Д-р Кристина Младеновска учествуваше во подготовка на студиската програма од прв циклус лабораториски биоинженер, академската специјалистичка програма од втор циклус фармацевтска регулатива и студиската програма од трет циклус – докторски студии од областа фармација.

Под менторство на д-р Кристина Младеновска изработени се 25 дипломски работи од областите биофармација и дизајнирање и метаболизам на лекови. Учествувала во комисии за оцена и одбрана на магистерски труд, докторски труд и специјалистички испити.

Во рамките на активностите на Фармацевтската комора на Македонија за едукација на стажанти, учествува во едукација на дипломираните фармацевти од областа клиничка фармација.

Д-р Кристина Младеновска е координатор на Еразмус - програмата за Фармацевтскиот факултет.

**Научноистражувачка дејност**

Резултатите од научноистражувачката работа при изборот за доцент се објавени во Билтен бр. 883/2005.

Од изборот за доцент, кандидатката објавила:

- делови од 2 монографии;
- 7 труда со оригинални научни резултати, објавени во референтни научни/стручни списанија со национален и меѓународен уредувачки одбор;
- 13 куси соопштенија со оригинални научни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор;
- 14 реферати од оригинални научни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор;
- книга од стручна област (коавтор);
- дел од монографија објавена во странство (коавтор);
- 2 учебника по фармацевтска хемија за III година, редовен и изборен предмет за профил фармацевтски лабораториски техничар;
- 2 практикума за практична настава по предметите биофармација и фармацевтска хемија – дизајнирање и метаболизам на лекови.

Соработка на проекти:

- учесник во 1 национален научен проект (раководител);
- учесник во 3 меѓународни научни проекти;
- учесник во 4 меѓународни академски и професионални проекти.

Д-р Кристина Младеновска била рецензент на 7 практикуми, како и на повеќе национални и меѓународни научни/стручни списанија: International Journal of Pharmaceutics, AAPS Journal, AAPS PharmSciTech Journal, European Journal of Biopharmaceutics and Pharmaceutics, Прилози (МАНУ), PDA Journal of Pharmaceutical Science & Technology, Drug Development and Industrial Pharmacy, European Journal of Pharmaceutical Sciences, Journal of Microencapsulation, Journal of Molecular and Microbial Science, Journal of the Serbian Chemical Society, Journal of Biomaterials Applications, Recent Patients on Drug Delivery & Formulation, Scientia Pharmaceutica.

Д-р Кристина Младеновска има одржано 5 секциски предавања и 2 предавања на меѓународни конгреси и 1 предавање на домашна конференција со меѓународно учество. Трудовите објавени во последните пет години се цитирани од 42 автори.

Член е на Комисијата за стручно-научно усовршување при Фармацевтскиот факултет.

**Стручно-апликативна дејност**

Д-р Кристина Младеновска во својата стручна активна дејност учествува во повеќе стручни меѓународни проекти:

- Проект за управување со здравствениот сектор (Акредитирана програма за обука на клучни обучувачи - едукатори, ментори и испитувачи), финансиран од Министерството за здравство и Светската Банка (2005-2008);
- Проект за управување со здравството, развој на фармацевтска грижа (IBRD Loan # 4733), финансиран од Министерството за здравство и Светската банка (2008-2009);
- Проект: Воведување на добра аптекарска практика во Р. Македонија, финансиран од ФИП (2010-2013).

Д-р Кристина Младеновска присуствувала како делегат на Република Македонија на Глобалната конференција за иднината на болничката фармација во Базел, Швајцарија, 2009 година. Член е на Комисијата за акредитација на стручни облици на континуирана едукација и професионален развој, Комисијата за етички и правни прашања при Фармацевтската комора на Македонија, Комисија за изведување на државен испит, собранието на Здружението на фармацевти, била член на Техничката комисија за ревизија на преводи на директиви на ЕУ од областа на хемиски и медицински производи при Секретаријатот за европски прашања на Република Македонија. Активно учествува во работата и е член на Извршниот одбор на Македонската асоцијација на болнички фармацевти. Член е на Етичкиот комитет на Фармацевтскиот факултет.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените податоци за наставно-образовната, научноистражувачката и стручноапликативната дејност, како и дејностите од поширок интерес, како и освоените поени од наставно-образовната дејност – 164,325 (потребен е минимум од 15 поени), научноистражувачката дејност – 148,417 (потребен е минимум од 10 поени) и стручноапликативната дејност – 81,9 (потребен е минимум од 15 поени), т.е. вкупно 394,642 (потребен е минимум од 40 поени), според Правилникот за критериумите и постапката за избор на наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св Кирил и Методиј" во Скопје, Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет во Скопје да донесе одлука за избор на д-р Кристина Младеновска во наставно-научно звање - вонреден професор по предметите биофармација и фармацевтска хемија на Фармацевтскиот факултет во Скопје.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Катерина Горачинова с.р.

2. Проф. д-р Љубица Шутуркова с.р.

3. Проф. д-р Емил Поповски с.р.

АНЕКС 2

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Кристина Милан Младеновска**
(име, татково име и презиме)

**Институција:** **Фармацевтски факултет**
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област: фармација**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Биофармација (2006/2007), летен (3+3) - теоретска настава (1 и 2 циклус) – 1 група | 2,25 |
| 2 | Биофармација (2006/2007), летен (3+3) - практична настава (1 и 2 циклус) – 5 гр. | 6,75 |
| 3 | Дизајнирање и метаболизам на лекови (2006/2007), зимски (4+3) (1 и 2 циклус) – 2 групи | 6 |
| 4 | Метаболизам на лекови (2006/2007) летен (2+2) теоретска настава (1 циклус) | 1,2 |
| 5 | Професионална практика (2006/2007) – (0+3) , летен (1 и 2 циклус) | 1,35 |
| 6 | Фармацевтска хемија 2 (2006/2007) - (7+1), летен (1 и 2 циклус) - 2 групи | 2,625 |
| 7 | Биофармација (2007/2008), летен (3+3) - теоретска настава (1 и 2 циклус) – 1 група | 2,25 |
| 8 | Биофармација (2007/2008), летен (3+3) - практична настава (1 и 2 циклус) – 2гр. | 2,7 |
| 9 | Дизајнирање и метаболизам на лекови (2007/2008), зимски (4+3) (1 и 2 циклус) – 2 групи | 6 |
| 10 | Метаболизам на лекови (2007/2008), летен (2+2) теоретска настава (1 циклус) | 1,2 |
| 11 | Професионална практика (2007/2008) – (0+3), летен (1 и 2 циклус) | 1,35 |
| 12 | Фармацевтска хемија 2(2007/2008) - (7+1), летен (1 и 2 циклус) - 2 групи | 2,625 |
| 13 | Биофармација (2008/2009), летен (3+3) - теоретска настава (1 и 2 циклус) – 2 групи | 4,5 |
| 14 | Биофармација (2008/2009), летен (3+3) - практична настава (1 и 2 циклус) – 2 гр. | 2,7 |
| 15 | Дизајнирање и метаболизам на лекови (2008/2009), зимски (4+3) (1 и 2 циклус) – 2 групи | 6 |
| 16 | Метаболизам на лекови (2008/2009), летен (2+2) теоретска настава (1 циклус) | 1,2 |
| 17 | Професионална практика (2008/2009) – (0+3), летен (1 и 2 циклус) | 1,35 |
| 18 | Фармацевтска хемија (2008/2009) - (7+1) , летен (1 и 2 циклус) - 2 групи | 2,625 |
| 19 | Биофармација (2009/2010), летен (3+3) - теоретска настава - 1 и 2 циклус) – 2 група | 4,5 |
| 20 | Биофармација (2009/2010), летен (3+3) - практична настава (1 и 2 циклус) – 2 гр. | 2,7 |
| 21 | Дизајнирање и метаболизам на лекови (2009/2010), зимски (4+3) (1 и 2 циклус) – 2 групи | 6 |
| 22 | Метаболизам на лекови (2009/2010), летен (2+2) теоретска настава (1 циклус) | 1,2 |
| 23 | Професионална практика (2009/2010) – (0+3), летен (1 и 2 циклус) | 1,35 |
| 24 | Фармацевтска хемија 2 (2009/2010) - (7+1) , летен (1 и 2 циклус) - 2 групи | 2,625 |
| 25 | Биофармација (2010/2011), летен (3+3) - теоретска настава (1 и 2 циклус) – 1 група | 2,25 |
| 26 | Биофармација (2010/2011), летен (3+3) - практична настава (1 и 2 циклус) – 3 гр. | 4,05 |
| 27 | Дизајнирање и метаболизам на лекови (2010/2011), зимски (4+3) (1 и 2 циклус) – 2 групи | 6 |
| 28 | Метаболизам на лекови (2010/2011), летен (2+2) теоретска настава (1 циклус) | 1,2 |
| 29 | Професионална практика (2010/2011) – (0+3), летен (1 и 2 циклус) | 1,35 |
| 30 | Фармацевтска хемија 2 (2010/2011) - (7+1) , летен (1 и 2 циклус) - 2 групи | 2,625 |
| 31 | Биофармација (2 циклус) (2006-2007), специјалистички студии | 0,5 |
| 32 | Биофармација (2 циклус) (2007-2008), специјалистички студии | 0,5 |
| 33 | Биофармација (2 циклус) (2008-2009), специјалистички студии | 0,5 |
| 34 | Биофармација (2 циклус) (2009-2010), специјалистички студии | 0,5 |
| 35 | Биофармација (2 циклус) (2010-2011), специјалистички студии | 0,5 |
| 36 | Консултации со студенти (2006/2007) (300 студенти) | 0,60 |

| | | |
|---|---|---|
| 37 | Консултации со студенти (2007/2008) (305 студенти) | 0,61 |
| 38 | Консултации со студенти (2008/2009) (355 студенти) | 0,71 |
| 39 | Консултации со студенти (2009/2010) (355 студенти) | 0,71 |
| 40 | Консултации со студенти (2009/2010) (305 студенти) | 0,61 |
| 41 | Консулатции со стажанти (2006/2007) (76 студенти) | 0,152 |
| 42 | Консулатции со стажанти (2007/2008) (68 студенти) | 0,136 |
| 43 | Консулатции со стажанти (2008/2009) (88 студенти) | 0,176 |
| 44 | Консулатции со стажанти (2009/2010) (70 студенти) | 0,14 |
| 45 | Консулатции со стажанти (2010/2011) (78 студенти) | 0,156 |
| 46 | Едукативни курсеви. "Развој на фармацевтска практика (HEALTH SECTOR MANAGEMENT PROJECT (HSMP) (IBRD Loan # 4733)" - 13 курса | 19,5 |
| 47 | Едукативен курс "Smart polymers for controlled drug and cell delivery. Intensive lecture course on Material Science at the "Ss. Cyril and Methodius" University, sponsored by Germany and Stability pact for South Eastern Europe, Oct. 2008, Skopje, Macedonia. | 1,5 |
| 48 | Едукативни курсеви "Pharmacokinetics and Pharmacodynamics of antiepileptic drugs (lecturer at the Educational Course "Pharmacological treatment of epilepsy" organized by the European Academy for Epilepsy and Association of Neurologists of the RoM, May-June, 2006)" – 3 курса. | 4,5 |
| 49 | Меѓународен едукативен курс насловен „Фармаколошки третман на епилепсијата", Еилат, Израел (септември 2007 година); | 1 |
| 50 | Меѓународен едукативен курс насловен „Традиционална храна и пијалаци од земјата на сонцето" (јуни 2010) | 1 |
| 51 | Работилница за трет циклус – докторски студии (октомври 2009) | 1 |
| 52 | Работилница за обезбедување на квалитет во високото образование (октомври 2010) | 1 |
| 53 | Работилница за ЕРАЗМУС - координатори | 1 |
| 54 | Ментор на дипломска работа (25) | 5 |
| 55 | Член на комисија за оцена или одбрана на докторат (3) | 1,5 |
| 56 | Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура (3) | 0,9 |
| 57 | Член на комисија за одбрана на специјалистичка работа (12) | 2,4 |
| 58 | Позитивно рецензиран практикум (Водич низ практична настава за биофармација) – коавтор | 3 |
| 59 | Позитивно рецензиран практикум (Водич низ практична настава за фармацевтска хемија 1 – Дизајнирање и метаболизам на лекови) – коавтор | 3 |
| 60 | Средношколски учебник – Учебник по фармацевтска хемија за III година (лабораториски фармацевтски техничар) – редовен предмет – коавтор | 7 |
| 61 | Средношколски учебник – Учебник по фармацевтска хемија за III година (лабораториски фармацевтски техничар) – изборен предмет – коавтор | 7 |
| 62 | Рецензент на практикум (Фармацевтска технологија 1) | 1 |
| 63 | Рецензент на практикум (Фармацевтска технологија 2) | 1 |
| 64 | Рецензент на практикум (Фармацевтска технологија 3 | 1 |
| 65 | Рецензент на практикум (Фармацевтска хемија 1) | 1 |
| 66 | Рецензент на практикум (Фармацевтска хемија 2) | 1 |
| 67 | Рецензент на практикум (Пребарување на литература) | 1 |
| 68 | Рецензент на практикум (Професионална практика) | 1 |
| | **Вкупно** | 164,325 |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Раководител на национален научен проект: „Микроинкапсулирни синбиотици – од оптимална формулација до терапевтска примена", финансиран од МОН на Р. Македонија (2010-2012). | 6 |
| 2 | Учесник во меѓународен научен проект: „Влијание на интеракциите на биополимерите врз ослободувањето на лекот од цитозан-алгинатни колоидни носачи", финансиран од НАТО (Програма Наука за мир)" (2002-2006). | 5 |
| 3 | Учесник во меѓународен научен проект: „Полимери за подготовка на носачи на антибиотици и ткивен инженеринг", финансиран од ТУБИТАК и Министерство за наука и образование на Р. Македонија (2002-2006). | 5 |
| 4 | Учесник во меѓународен научен проект : „Синтеза на нови кумарински деривати со потенцијално биолошко дејство и определување на нивните структури", финансирано од Министерство за наука и образование на Р. | 5 |

| | | |
|---|---|---|
| | Македонија и Министерство за наука и образование на Р. Бугарија (2007-2009). | |
| 5 | Учесник во меѓународен проект: „Реконструкција на образованието на фармацевтите во Р. Македонија", финансиран од ТЕМПУС (2004-2007). | 5 |
| 6 | Проект за управување со здравствениот сектор (Акредитирана програма за обука на клучни обучувачи: едукатори, ментори и испитувачи), финансиран од Министерството за здравство и Светска банка) (2005-2008). | 5 |
| 7 | Проект за управување со здравството, Развој на фармацевтска грижа (IBRD Loan # 4733), финансиран од Министерството за здравство и Светска банка (2008-2009). | 5 |
| 8 | Проект: „Воведување на добра аптекарска практика во Р. Македонија", финансиран од ФИП (2010-2013). | 5 |
| 9 | Монографија - S. Sadikario, B. Karanfilski, **K. Mladenovska**, Z. Kavrakovski. Drugs in endocrinology in Pharmacotherapeutic Handbook for Physicians, Dentists and Pharmacists. Ed. Ministry of Health of RoM and Drug Agency, 2006, pp. 301-360. | 4,8 |
| 10 | Дел од монографија објавена во странство L. Petrusevska Tozi, **K. Mladenovska**. Functional probiotic and synbiotic food products-advances in production, evaluation and health benefit. Chapter 5 In The Analysis of pharmacologically active compounds and biomolecules in real samples. Ed. Injac Rade. Transworld Researc Network, 2009, pp. 129-164. | 6 |
| 11 | L. Acevska, **K. Mladenovska**, T. P. Ivanovska, M. J. Pavlova, M. Petrovska, A. Delova, L. P. Tozi. Viability of L. casei during fermentation in soymilk and freeze-dried soymilk; effect f cryoprotectant, rehydration and storage temperature. Macedonian Pharmaceutical Bulletin, 2006, 52 (1, 2) 17-24. | 2,4 |
| 12 | **K. Mladenovska**, O. Cruaud, P. Richomme, E. Belamie, R. S. Raicki, M-C. Venier-Julienne, E. Popovski, J. P. Benoit, K. Goracinova. 5-ASA loaded chitosan-Ca-alginate microparticles: Preparation and physicochemical characterization. International Journal of Pharmaceutics, 2007, 345, 59-69. | 7.32 |
| 13 | **K. Mladenovska**, R. S. Raicki, E. I. Janevik, T. Ristoski, M. J. Pavlova, Z. Kavrakovski, M. G. Dodov, K. Goracinova. Colon-specific delivery of 5-Aminosalicylic acid from chitosan-Ca-alginate microparticles. International Journal of Pharmaceutics, 2007, 342, 124-136. | 7.32 |
| 14. | **K. Mladenovska**, G. Kiteva-Trencevska. Generic prescription and substitution of antiepileptic drugs. Epilepsia, 2007, 87-98. | 3,6 |
| 15. | G. Kiteva-Trencevska, **K. Mladenovska**. Interactions of antiepileptic drugs. Epilepsia, 2007, 79-86. | 3,6 |
| 16. | A. Matevska, G. Stojkovic, B. Mikhova, **K. Mladenovska**, E. Popovski. Carbon-carbon bond formation in aqueous media. Benzamidomethylation of some carbon nucleophiles. ARKIVOC 2009 (209) 131-140. | 4,977 |
| 17. | E. Popovski, K. Mladenovska. (Benzylamino)methyl 4-hydroxybenzoate. Molbank 2010(1), M658; doi:10.3390/M658. | 3.6 |
| 18. | T. Ristoski, **K. Mladenovska**, R. S. Raicki, M. J. Pavlova, C. Micevski. Pathohistological and Immunological Characteristics of Ulcerative Colitis Caused by TNBS in Rats. Proceedings of the 23rd Meeting of the European Society of Veterinary Pathology, Naples, 2005, 181-182. | 1,8 |
| 19. | **K. Mladenovska**, R. S. Raicki, E. I. Janevik, T. Ristoski, M. J. Pavlova, M. D. Glavas, S. Banev, K. Goracinova. Biodistribution of [$^{131}$I]-5-Aminosalicylic acid loaded chitosan-Ca-alginate microparticles after peroral application to Wistar rats with TNBS colitis. Xth International Workshop on Bioencapsulation (2006) 173-186. | 1,8 |
| 20. | **K. Mladenovska**, O. Cruaud, P. Richomme, E. Belamie, R. S. Raicki, M-C. Venier Juliene, E. Popovski, K. Goracinova. Stability tests of 5-Aminosalicylic acid containing solutions and chitosan-Ca-alginate microparticles prepared by spray-drying. Xth International Workshop on Bioencapsulation, 2006, 187-190. | 1,8 |
| 22. | E. Janevik-Ivanovska, I. Djorgovski, B. Andonovski, A. Gruaz-Guyon, **K. Mladenovska**, D. Miladinova, B. Crcareva, M. Stojmirov, I. Stojanovski, S. M. Ristevska. The role of the experimental animal studies in development and evaluation of radiopharmaceuticals and their quality control procedures. World Journal of Nuclear Medicine. Vol. 5, suppl. 1, oct. 2006 (Proceedings of the 9$^{th}$ Congress of | 1,8 |

| | | |
|---|---|---|
| | World Federation of Nuclear Medicine & Biology, Seoul, Korea, 22-27 Oct. 2006. | |
| 23. | M. Kovaceva, L. Petrusevska-Tozi, **K. Mladenovska**, Lj. Suturkova, Pharmacoinformatics in continuing education and lifelong learning of the pharmacists, Macedonian Pharm Bull. 2007, 144-145. | 1,8 |
| 24. | E. Mirceva, **K. Mladenovska**, T. Ristoski, L. Popovska. Slow-releasing methylprednisolone in the treatment of experimentally induced pulpitis in rats; histological response. Macedon. Pharm. Bull., 2007, 116-117. | 1,8 |
| 25. | S. Filkova, **K. Mladenovska**, D. Antova, K. Goracinova Ranitidine *versus* Omeprazole in NSAID-induced dyspepsia in patients with rheumatoid diseases. , Macedonian Pharm Bull., 2007, 118-119. | 1,8 |
| 26. | Z. Kavrakovski, **K. Mladenovska**, L. P. Tozi. The Macedonian poison control center – vision or necessity. Macedonian Pharm Bull, 2007, 251-252. | 2,4 |
| 27. | **K. Mladenovska**, O. Cruaud, R. S. Raicki, M. G. dodov, M. S. Crcarevska, E. I Janevik, Z. Kavrakovski, K. Goracinova. Dissolution profile of 5-ASA loaded in chitosan-Ca-alginate microparticles; influence of formulation variables. Macedonian pharmaceutical bulletin, 2007, 53 (1, 2) 43-44. | 1,8 |
| 28. | Z. Kavrakovski, Z. Kitanovski, **K. Mladenovska**. Determination of clindamycin in pharmaceutical formulation by capillary electrophoresis. Macedonian pharmaceutical bulletin, 2007, 53 (1, 2) 190-191. | 2,4 |
| 29. | **K. Mladenovska**, M. Glavas Dodov, O. Cruaud, R. Slaveska Raicki, M. Simonoska Crcarevska, T. Ristoski, K. Goracinova. Efficacy of 5-ASA loaded in chitosan-Ca-alginate microparticles after peroral administration to rats with TNBs-induced colitis. 6th World Meeting on Pharmaceutics, Biopharmaceutics and Pharmaceutical Technology, Barcelona, Spain, 2008, 1-2. | 1,8 |
| 30. | M. Glavas Dodov, A. A. Hincal, S. Calis, M. Simonoska Crcarevska, **K. Mladenovska**, N. Geskovski, K. Goracinova. Chitosan-Ca-alginate microparticles loaded with HPMCP HP55 coated with 5-FU: Physical characterization. 6th World Meeting on Pharmaceutics, Biopharmaceutics and Pharmaceutical Technology, Barcelona, Spain, 7-10 April, 2008; pg. 1-2. | 1,8 |
| 31 | A. Jashari, A. Shabani, M. Ismaili, **K. Mladenovska**, L. Silaghi-Dumitrescu, B. Mikhova, E. Popovski. Reactions of 4-hydroxycoumarin with some aldehydes in aqueous media. Book of extended abstracts of the XX Congress of Chemists and Technologists of Macedonia and V Congress of Metallurgists of Macedonia, 2008, 1-4. | 1,8 |
| 32 | Пленарно предавање на научен/стрsчен собир **K. Mladenovska**, Lj. Suturkova. Clinical pharmacy in the health care system (Annual Meeting of Pharmacists in the RoM, Skopje, Nov, 2005). | 2 |
| 33 | Секциско предавање на научен/стручен собир **K. Mladenovska**. Generic prescribing of antiepileptic drugs (lecturer at the expert meeting "Modern aspects of antiepileptic drugs" organized by the Association of the neurologists of the RoM and Medical Chamber of the RoM, May, 2007 | 1 |
| 34. | Пленарно предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество Symposium "Generic vs. brand antiepileptic drugs", practical aspects", Sept. 2007. | 3 |
| 35. | Секциско предавање на научен/стручен собир **K. Mladenovska**. Clinical significance of modified release dosage forms in the psychiatric practice (lecturer at the expert meeting "Non-adherence to the therapy of schizophrenia: role of the modified release antipsychotic dosage forms" organized by the Association of psychiatrists of the RoM and Medical chamber of the RoM, Nov. 2007). | 1 |
| 36. | Пленарно предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество **K. Mladenovska.** Therapeutic drug monitoring – role of the clinical pharmacists (invited lecturer at the Conference on TDM, Prishtina, Jan. 2008). | 3 |
| 37. | Одржано предавање по покана на референтен странски универзитет **K. Mladenovska**, O. Cruaud, K. Goracinova, D. Efremova, E. Davitkovska, MC. Veniere-Juliene, Popovksi E., Richomme P. Chitosan-Ca-alginate microparticles as carriers for colon delivery of 5-ASA after peroral administration. EHRLICH II – 2nd World Conference on Magic Bullets, Oct. 2008, Nurnberg, Germany. | 3 |
| 38. | Пленарно предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество L. Petrusevska-Tozi, **K. Mladenovska**. Functional food products (probiotics and | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | symbiotics) - Health benefits, advances in production and evaluation, COST Action 928, Belgrade 2009. | |
| 39. | Пленарно предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество L. P. Tozi, **K. Mladenovska**, N. Labacevski, M. Kovaceva, M. Todorovska. Developing standards of pharmaceutical care in community settings in the Republic of Macedonia, World Congress of Pharmacy and Pharmaceutical sciences, 69 Congress of FIP, Istanbul, Turkey, 2009. | 3 |
| 40. | Секциско предавање на научен/стручен собир **K. Mladenovska**, L. P. Tozi. On the way to Good Pharmacy Practice. Annual Meeting of the Parliament of the Pharmaceutical Chamber of Macedonia, Dec, 2009. | 1 |
| 41. | Пленарно предавање на научен/стручен собир **K. Mladenovska**, L. P. Tozi. Continuing professional development for the pharmacist in the Republic of Macedonia – activities and standards. International Scientific Conference "Knowledge – Capital of the future", Dec. 2009. | 2 |
| 42. | Учество на стручен/научен собир со реферат Z. Angelova, **K. Mladenovska**, R. Petkovska, T. I. Petreska, Z. Kitanovski, S. Tosevska, M. Krstovska, L. P. Tozi. Selection and optimization procedure for symbiotic combination of *L. casei* in soymilk for optimal viability and short-chain-organic acid production during fermentation, after freeze-drying and storage. Food and Nutrition-New Challenges. 11th Congress of Nutrition, Belgrade, Oct. (2008). | 1 |
| 43. | Учество на стручен/научен собир со реферат M. Glavas Dodov, A. A. Hiñcal, S. Calis, M. Simonoska Crcarevska, **K. Mladenovska**, N. Geskovski and K. Goracinova, Spray-dried 5-FU loaded chitosan-Ca-alginate microparticles for local colon delivery, *Abstractbook of 1st International Conference on Drug Design and Discovery*, Dubai, 2008. | 1 |
| 44. | Учество на стручен/научен собир со реферат Sterjev Z, Kiteva G, **Mladenovska K**, Dimovski AJ, Suturkova, Lj. Correlation between clinical efficacy, SCN1A polymorphism and unbound fraction of carbamazepine; 9thEuropean Congress on Epileptology, Budapest 2009. | 1 |
| 45. | Учество на стручен/научен собир со реферат L. P. Tozi, **K. Mladenovska**, N. Labacevski, M. Kovaceva, M. Todorovska. Developing standards of pharmaceutical care in community settings in the Republic of Macedonia, World Congress of pharmacy and pharmaceutical sciences, 69 Congress of FIP, Book of Abstracts, 2009, pp. 70. | 1 |
| 46. | Kiteva-Trencevska G, **Mladenovska K**, Cadikovski V, Antiepileptic drugs and pregnancy - a case study with concomitant administation of valproic acid, carbamazepine and topiramate, 4th Congress of neurologist of Macedonia with international participation, Abstract book 65-66, 2008, Ohrid, Macedonia. | 1,8 |
| 47. | Kiteva-Trencevska G, **Mladenovska K**, Karbamazepin i oralni antikoagulantni lekovi, seriozni interakcii kaj pacient so epilepsija i mozocen infarkt, prikaz na slucaj, 4th Congress of neurologist of Macedonia with international participation, Abstract book 68-69, 2008, Ohrid, Macedonia. | 1,8 |
| 48 | Учество на стручен/научен собир со реферат Jurhar-Pavlova M, **Mladenovska K**, Petrovski O, Prodanov M, Slaninka M, Panovski N, Petrovska M., Antihypertensive effect of fermented probiotic soymilk with Lactobacillus casei in spontaneous hypertensive rats, 6-ti Balkanski kongres na mikrobiologija i 4-ti kongres na mikrobiolozite na Makedonija so megunarodno ucestvo, okt. 2009, Ohrid, Macedonia, pg 60. | 1 |
| 49 | B. Lazarova, M. Kovceva, L. P. Tozi, K. Mladenovska. Activties for improving the role of hospital pharmacists Macedonia. 15th Anniversary Congress of European Association of Hospital Pharmacists. Nice, France, March, 2010. | 1 |
| 50 | The role of the pharmacoinformatics in the improvement of the pharmaceutical care. M. Kovaceva, J. Patceva, B. Lazarova, L. P. Tozi, K. Mladenovska. V Congress of pharmacists of Serbia with international participation, Oct. 2010, Belgrade, Serbia. | 1 |
| 51 | Viability of L. casei during microencapsulation in chitosan-alginate microparticles and in simulated in vivo conditions, Tanja Petreska Ivanovska, Margita Dabevska-Kostoska, Nikola Geskovski, K. Smilkov, Emil Popovski, Lidija Petrusevska-Tozi, **Kristina Mladenovska**, Arhiv za farmaciju 2010;60: 749. | 1,8 |

| | | |
|---|---|---|
| 52 | V. Janevska, B. Mikhova, B. Stamboliska, G. Graeger, **K. Mladenovska**, E. Popovski. Reactions of 4-Aminocoumarin with some aldehydes. XXI Congress of Schemists and Technologists of Macedonia, 2010. | 1 |
| 53 | J. Tanatarec, E. Bubalo, M. Mitreska, B. Mikhova, G. Graeger, **K. Mladenovska**, E. Popovski. Synthesis and spectral characterization of new benzamidomethyl piperazines with expected pharmacological activity. XXI Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, 2010. | 1 |
| 54 | A. Alili, A. Buzharovski, J. Tanatarec, B. Mikhova, G. Draeger, K. Mladenovska, E. Popovski. Synthesis of new N-Benzamidomethyl derivatives of toluenesulfonamide by different synthetic routes. XXI Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, 2010. | 1 |
| 55 | H. Litovin, K. Goracinova, M. Simonoska-Crcarevska, N. Geskovski, K. Mladenovska, M.G. dodov. Solid-lipid nanoparticles for oral drug delivery – formulation optimization and in vitro stability. 7th World Meeting of Pharmaceutics, Biopharmaceutics and Pharmaceutical Technology. 2010. | 1,8 |
| | **Вкупно** | 148,417 |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Поени

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Стручна монографија **К. Младеновска** (ко-автор). Унапредување на здравствениот систем во Република Македонија. Издавач Министерство за здравство на Р. Македонија, 2010. | 4,8 |
| 2 | Книга од стручна област К. Младеновска (коавтор). З. Кавраковски. Токсични хемикалии (во печат) | 7 |
| 3 | Рецензент на научен труд: Optimization, characterization and pharmacokinetic studies of mucoadhesive oral multiple unit system of ornidazole, Scientia Pharmaceutica Nr 1003-03 | 1 |
| 4 | Ревизија на научен труд: Optimization, characterization and pharmacokinetic studies of mucoadhesive oral multiple unit system of ornidazole, Scientia Pharmaceutica Nr 1003-03R1 | 1 |
| 5 | Рецензент на научен труд: Preparation and application of alginate-chitosan microspheres with narrow size distribution for oral delivery of insulin. Int J Pharm Nr IJP-D-10-00307 | 1 |
| 6 | Ревизија на научен труд: Preparation and application of alginate-chitosan microspheres with narrow size distribution for oral delivery of insulin. Int J Pharm Nr IJP-D-10-00307R1 | 1 |
| 7 | Рецензент на научен труд: Low molecular weight heparin-alginate beads for oral administration: I Formulation and evaluation of beads with factorial design based studies. Journal of microencapsulation MS 11.392 | 1 |
| 8 | Ревизија на научен труд: Low molecular weight heparin-alginate beads for oral administration: I Formulation and evaluation of beads with factorial design based studies. Journal of microencapsulation MS 11.392R1 | 1 |
| 9 | Рецензент на научен труд: Sustained release of antineoplastic drugs from chitosan-reinforced alginate microparticle drug delivery systems. Eur J Pharm Sci EJPS-D-07-00356 | 1 |
| 10 | Ревизија на научен труд: Sustained release of antineoplastic drugs from chitosan-reinforced alginate microparticle drug delivery systems. Eur J Pharm Sci EJPS-D-07-00356R1 | 1 |
| 11 | Рецензент на научен труд: Design and utilization of the drug excipient chemical compatibility automated system. INt J Pharm IJP-D-08-00117 | 1 |
| 12 | Ревизија на научен труд: Design and utilization of the drug excipient chemical compatibility automated system. INt J Pharm IJP-D-08-00117R1 | 1 |
| 13 | Рецензент на научен труд: Alginate-chitosan microparticles prepared by ionotropic gelation process: development and effect on phenytoin release. J Microencapsulation MS 08.348 | 1 |
| 14 | Ревизија на научен труд: Alginate-chitosan microparticles prepared by ionotropic gelation process: development and effect on phenytoin release. J Microencapsulation MS 08.348R1 | 1 |
| 15 | Рецензент на научен труд: Chitosan/pectin polyelectrolyte complexes: selection of suitable conditions for colon-specific delivery of vancomycin. Eur J Pharm Sci EJPS-D-08-00345 | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 16 | Ревизија на научен труд: Chitosan/pectin polyelectrolyte complexes: selection of suitable conditions for colon-specific delivery of vancomycin. Eur J Pharm Sci EJPS-D-08-00345R2 | 1 |
| 17 | Рецензент на научен труд: Chitosan/alginate microparticles stabilized by poloxamer for controlled release of 5-FU. Int J Pharm IJP-D-08-00980 | 1 |
| 18 | Ревизија на научен труд: Chitosan/alginate microparticles stabilized by poloxamer for controlled release of 5-FU. Int J Pharm IJP-D-08-00980R | 1 |
| 19 | Рецензент на научен труд: Targeted delivery of 5-ASA to colon using chitosan hydrogel microspheres for the effective treatment of inflammatory bowel diseases. AAPS Journal AAPS-D-07-00131. | 1 |
| 20 | Ревизија на научен труд: Targeted delivery of 5-ASA to colon using chitosan hydrogel microspheres for the effective treatment of inflammatory bowel diseases. AAPS Journal AAPS-D-07-00131R | 1 |
| 21 | Рецензент на научен труд: Development and in vitro characterization of Ca-alginate beads of oxytetracycline hydrochloride for oral use. Effect of certain variables. PDA Journal of Pharmaceutical Science &Technology | 1 |
| 22 | Ревизија на научен труд: Development and in vitro characterization of Ca-alginate beads of oxytetracycline hydrochloride for oral use. Effect of certain variables. PDA Journal of Pharmaceutical Science &Technology. | 1 |
| 23 | Рецензент на научен труд: Physicochemical and preclinical evaluation of LK-423 a new phthalimido-desmuramyl-dipeptide derivative with immunomodulating activity. Drug Development and Industrial Pharmacy. ID LDDi-2008-0381 | 1 |
| 24 | Ревизија на научен труд: Physicochemical and preclinical evaluation of LK-423 a new phthalimido-desmuramyl-dipeptide derivative with immunomodulating activity. Drug Development and Industrial Pharmacy. ID LDDi-2008-0381R | 1 |
| 25 | Рецензент на научен труд: Novel milk based oral formulations: proof of concept. Int J Pharm IJP-D-09-01455 | 1 |
| 26 | Ревизија на научен труд: Novel milk based oral formulations: proof of concept. Int J Pharm IJP-D-09-01455R | 1 |
| 27 | Рецензент на научен труд: Recent patents on chitosan and alginate microparticles: An overview of modified release mefenamic acid microparticles. Drug Delivery & Formulation | 1 |
| 28 | Ревизија на научен труд: Recent patents on chitosan and alginate microparticles: An overview of modified release mefenamic acid microparticles. Drug Delivery & Formulation | 1 |
| 29 | Рецензент на научен труд: Preparation and characterization of the nanometer magnetic composite microspheres. Journal of Biomaterials Applications. ID-JBA-08-0166. | 1 |
| 30 | Ревизија на научен труд: Preparation and characterization of the nanometer magnetic composite microspheres. Journal of Biomaterials Applications. ID-JBA-08-0166R. | 1 |
| 31 | Рецензент на научен труд: IR Spectroscopy to follow liposomal gene delivery formulations. Prilozi | 1 |
| 32 | Ревизија на научен труд: IR Spectroscopy to follow liposomal gene delivery formulations. Prilozi | 1 |
| 33 | Рецензент на научен труд: A novel potential microflora-activated carrier for the colon-specific delivery system and its characteristics. Industrial & engineering Chemistry research. ID: ie-2008-01295y | 1 |
| 34 | Ревизија на научен труд: A novel potential microflora-activated carrier for the colon-specific delivery system and its characteristics. Industrial & engineering Chemistry research. ID: ie-2008-01295y | 1 |
| 35 | Рецензент на научен труд: Sustained release of Diltiazem Hydrochloride from Chitosan Microcapsules. Current drug delivery. 173263 | 1 |
| 36 | Ревизија на научен труд: Sustained release of Diltiazem Hydrochloride from Chitosan Microcapsules. Current drug delivery. 173263 | 1 |
| 37 | Рецензент на научен труд: Preliminary in vitro and in vivo anticoagulant activity of synthesized 4-hidroxy-chromene-2-one derivatives. JSCS Ref. No.: 4734. Journal of the Serbian Chemical Society | 1 |
| 38 | Ревизија на научен труд: Preliminary in vitro and in vivo anticoagulant activity of synthesized 4-hidroxy-chromene-2-one derivatives. JSCS Ref. No.: 4734R. Journal of the Serbian Chemical Society | 1 |
| | | |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1. | Член на уредувачки одбор Macedonian Pharmaceutical Bulletin | 0,5 |
| 2. | Член на организационен одбор на Конгресот на фармацевти со меѓународно | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | учество (2007) | |
| 3 | Студиски престој во странство - Институт за наука и медицински истражувања, INSERM ERIT-M 0104, „Ingénierie de la Vectorisation Particulaire' Batiment IBT и Фармацевтски факултет, Универзитет Ангерс, Ангерс, Франција, во рамките на проектот НАТО, Програма за мир (2002-2006) | 0,5 |
| 4 | Студиски престој во странство - Бугарска академија за науки и уметности (Софија, мај 2010) | 0,5 |
| 5 | Студиски престој во странство - Факултет за фармацевтски науки во Копенхаген, Данска, како дел од ТЕМПУС-проектот „Реорганизација на фармацевтската едукација во Република Македонија (2004-2007 г.); | 0,5 |
| 6 | Студиски престој во странство - Универзитетските клинички центри и Фармацевтски факултети во Хамбург и Лајпциг, Германија, ДААД (октомври 2010). | 0,5 |
| 7 | Изготвување и пријавување на научен национален проект (носител) x 4 | 4 |
| 8 | Изготвување и пријавување на научен / образовен меѓународен проект (соработник) x 4 – 2 од програмата ФП7 + 2 од ТЕМПУС програмата | 4 |
| 10 | Член на универзитетска комисија (Комисија за информациска технологија) | 1 |
| 11 | Координатор на Центарот за континуирана едукација | 3 |
| 12 | Еразмус - координатор | 3 |
| 13 | Претседател на стручно-научна комисија | 0,5 |
| 14 | Член на етичка комисија | 0,5 |
| 15 | Член на комисија за прием на студенти (2 мандата) | 1 |
| 16 | Член на тендерска комисија | 0,5 |
| 17 | Член на комисија за избор во звање – 1 избор во доцент, 7 избори во асистент | 1,6 |
| 18 | Член на Комисијата за акредитација на стручни облици на континуирана едукација и професионален развој (Фармацевтска комора на Македонија) | 1 |
| 19 | Член на Комисијата за етички и правни прашања (Фармацевтска комора на Македонија) | 1 |
| 20 | Член на Комисија за државен испит | 1 |
| 21 | Член на техничка комисија за ревизија на преводи на директиви на ЕУ од областа на хемиски и медицински производи при Секретаријатот за европски прашања на Р. Македонија. | 1 |
| 22 | Член на Извршниот одбор на Македонската асоцијација на болнички фармацевти. | 1 |
| 23 | Член на Собранието на Здружението на фармацевти на Македонија | 1 |
| 24 | Подготовка на стратегија за ефикасен, безбеден и правичен здравствен систем 2012 | 2 |
| 25 | Делегат на Република Македонија на Глобалната конференција за иднината на болничката фармација, Базел, Швајцарија, 2009 год | 2 |
| 26 | Комисија за подготвка на академска програма од 2 циклус Фармацевтска регулатива | 1 |
| 27 | Комисија за подготвка на академска програма од 3 циклус докторски студии | 1 |
| | | |
| | **Вкупно** | 81,9 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 164,325 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 148,417 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 81,9 |
| **Вкупно** | 394,642 |

**Членови на Комисијата**

1. Проф. д-р Катерина Горачинова, претседател, с.р.
2. Проф. д-р Љубица Шутуркова, член, с.р.
3. Проф. д-р Емил Поповски, член, с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ПО ПРЕДМЕТИТЕ ДРЖАВНО СМЕТКОВОДСТВО И СМЕТКОВОДСТВО НА НЕПРОФИТНИ ОРГАНИЗАЦИИ И АНАЛИЗА НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на објавениот конкурс за избор на наставник по предметите државно сметководство и сметководство на непрофитни организации и анализа на финансиски извештаи во дневниот весник „Дневник" од 29.9.2010 година и одлуката на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје од седницата одржана на 29.10.2010 година, како Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Блажо Недев, проф. д-р Зорица Божиновска-Лазаревска и проф. д-р Љубомир Кекеновски, по проучувањето на пријавата и на другите конкурсни материјали го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс во весникот „Дневник" од 29.9 2010 година за избор на наставник по предметите ***државно сметководство и сметководство на непрофитни организации*** и ***анализа на финансиски извештаи***, се пријави само кандидатот д-р Зоран Миновски, вонреден професор на Економскиот факултет во Скопје.

## БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Д-р Зоран Миновски е роден на 11.V 1962 година во с. Сопиште, Скопје. Основно и средно образование завршил во Скопје. Во учебната 1982/83 година се запишал на Економскиот факултет во Скопје и го завршил во 1986 година. По завршувањето на факултетот во учебната 1986/87 година бил демонстратор по предметот контрола и ревизија на работењето. Почнувајќи од 1987 година, тој е избран за помлад асистент по група предмети од областа на сметководството на Економскиот факултет во Скопје. Во текот на учебната 1988/89 година се запишал на постдипломски студии по деловна економија на насоката за финансиско - сметководствена анализа на Економскиот факултет во Белград. Со звањето магистер на економски науки се стекнал во 1993 година со одбрана на магистерскиот труд под наслов „Современи проблеми на општите трошоци" („Савремени проблеми општих трошкова") на Економскиот факултет во Белград. Во 1994 година е избран за асистент по група предмети од областа на сметководството на Економскиот факултет во Скопје. Во 1994 година го посетувал Семинарот за обука на кандидати за проценка на вредноста на претпријатијата, организиран од страна на Агенцијата на Р.Македонија за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, кој успешно го завршил, со што се стекнал со лиценца за проценител со општо

овластување. Со одбраната на докторската дисертација под наслов „Управување со трошоците во системот на пресметка врз основа на активностите", во 2000 година, на Економскиот факултет во Скопје, д-р Зоран Миновски се стекнал со академски степен доктор на економски науки. Во 2000 година е избран за доцент на Економскиот факултет во Скопје по предметот државно сметководство и сметководство на непрофитни организации.

За вонреден професор е избран во 2005 година на Економскиот факултет во Скопје по предметите: државно сметководство и сметководство на непрофитни организации и анализа на финансиски извештаи. Бил ангажиран и на постдипломските студии по сметководство и ревизија. Тој, исто така, од 2009 година ги извршува активностите и по доверениот предмет финансиско сметководство 2, а од 2010 година и по предметот корпоративно финансиско известување. Учествувал во неколку комисии за оцена и одбрана на магистерски трудови и во комисии за оцена и одбрана на докторски трудови, бил член на рецензентски комисии за избор во звање, рецензент на универзитетски учебници, рецензент на трудови во Годишникот на Економскиот факултет во Скопје, како и бил ангажиран во други активности на Факултетот.

Учествувал во неколку научноистражувачки проекти, како и во проекти за проценка на вредноста на општествениот капитал од страна на Економскиот факултет во Скопје. Бил предавач на курсот на Школата за сметководители на тема „Компаративни студии за сметководствените стандарди и македонската практика," Економски факултет, Скопје, 1997/98 година, како и предавач на семинарот на Школата за сметководители на тема „Ревизија, финансиско сметководство и управувачко сметководство", на Економскиот факултет во Скопје, 1999 година.

Д-р Зоран Миновски бил предавач на Семинарот за финансиски менаџери и сметководители во јавен сектор на тема „Современите трендови во сметководството на државните и непрофитни организации", заедно со проф. Џеси Хјуз од САД, организиран од страна на Економскиот факултет во Скопје, во 2003 и 2004 година. Учесник е во изработката на Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, како и на Законот за сметководството за непрофитните организации. Бил член на организационен одбор на 13. Симпозиум: „Сметководствената, финансиската и ревизорската професија во услови на глобализација и стандардизација", ССФР, Струга, 2002 година. Учествувал во проектот на FARE под наслов: "Eurodimension of accounting education in FY Republic of Macedonia", Tempus Phare, Joint European Project, меѓународен проект, апликативен, 1999-2001, во рамките на кој има реализирано студиски престој во Гент, Белгија, како и во научноистражувачкиот проект „Изградба на ревизорска професија во Република Македонија во контекст на нејзиното интегрирање во процесот на глобализација – компаративен приод со развиените економии и економиите во транзиција", Економски факултет, Скопје, како соработник-истражувач, 2001-2003 година. Исто така, д-р Зоран Миновски има посетувано семинар во организација на USAID/IBTCI – Проект за развој на сметководството во Република Македонија на тема

„Подобро сметководство и ревизија поголема одговорност", во октомври 2000, учество на семинар „Имплементација на кредит-трансфер систем во високото образование во Република Македонија", учество на семинари за обука на државни ревизори, проект на Светска банка, одржан 2005 година во Државниот завод за ревизија.

Има објавено повеќе од 70 научни и стручни трудови и 4 книги, од кои една самостојно и три во коавторство. Исто така, учествувал во други проекти, симпозиуми, конференции, научни собири, семинари и др. Има реализирано учество со предавање на семинар за едукација на дипломирани правници и економисти на специјалистички семинар: „Финансијска анализа у функцији процене бонитета правних лица са аспекта домаћих и међународних правних и економских прописа и стандарда", во организација на ТАЗ Регионална организација за едукација, научна истраживања, унапређење рада правосудних, просветних и органа управе, Белград, кој се одржал во Скопје, 2007. Исто така учествувал со предавања за обука за финансиски советници во организација на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија, Скопје, 2007.

Во периодот 2007-2009 година е именуван за член на Управниот комитет за реформи во сметководството и институционално зајакнување-РЕПАРИС, во врска со имплементирањето на национална стратегија и акционен план за реформи во сметководството во Република Македонија.

Во текот на своето работење на Економскиот факултет во Скопје, д-р Зоран Миновски извршувал и други активности од делокругот на работењето на Факултетот. Бил секретар на Институтот за деловна економија, член на Дисциплинската комисија, член на Комисијата за попис на средствата на Факултетот, претседател на Комисијата за расходување и отуѓување на дел од средствата на Факултетот, секретар на Катедрата за сметководство и ревизија, член на Комисија за самоевалуација, член на Комисија за изработка на Правилник за организација и надлежности на катедрите на Економскиот факултет во Скопје, член на комисија за спроведување на анкета за оценување на наставниците на Факултетот, претседател на пописна комисија за вонреден попис на фактичката состојба на расположливиот материјал на Факултетот, член на комисија за располагање со недвижни и движни ствари на Факултетот, претседател на Комисијата за дисциплински мерки за студенти на Факултетот и член на други комисии на Факултетот. Исто така, д-р Зоран Миновски учествувал како член во неколку стручни тимови за супервештачење по судски спорови, во проект-процена на ЈЗО Градски аптеки „Скопје", претседател на Одборот за ревизија на Еуростандард банка АД-Скопје, член на уредувачкиот одбор на стручното списание „Информатор", ПРО-АГЕНС, Скопје и др.

Д-р Зоран Миновски се стекнал со лиценца за овластен ревизор во 2001 година. Бил ангажиран во комисија за полагање испит за стекнување на звањето овластен ревизор формирана при Министерството за финансии. Од 2006 година е член на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија, како и член на Комисијата за спроведување на испит за овластени ревизори на Република Македонија.

## НАСТАВНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ

Кандидатот д-р Зоран Миновски својата наставно-образовна дејност ја започнал како демонстратор, а потоа како помлад асистент и асистент, изведувал вежби по сите предмети од областа на сметководството, а повремено бил вклучуван во изведувањето на наставата од одредени предмети. Одржувал вежби по предметот сметководство и финансии на Машинскиот факултет во Скопје. Почнувајќи од учебната 2000/01 година, Зоран Миновски е назначен за координатор по предметот државно сметководство и сметководство на непрофитни организации (по нов наставен план) на Економскиот факултет во Скопје. Од 2005 година, како вонреден професор ги предава предметите државно сметководство и сметководство на непрофитни организации и анализа на финансиски извештаи, а од 2009 година му е доверен предметот финансиско сметководство 2, односно корпоративно финансиско известување. Исто така изведувал настава на дисперзираните студии во Штип.

Како доцент ги извршувал активностите во врска со предметот државно сметководство и сметководство на непрофитни организации. Тој, исто така, ги извршувал активностите и по доверените предмети по стара наставна програма, и тоа анализа на работењето и теорија на трошоци. Исто така, д-р Миновски редовно одржувал консултации со студентите и се ангажирал на подрачјето на одобрувањето и прифаќањето на семинарски и дипломски работи на студентите по предметите по кои изведувал настава и вежби.

Предметот државно сметководство и сметководство на непрофитни организации, како нов предмет од тогашниот наставен план, кандидатот го има успешно развиено. Како плод на повеќегодишна научноистражувачка работа, кандидатот го објавил учебникот „Државно сметководство и сметководство на непрофитни организации" во 2004 година, како и две други книги во коавторство со останатите професори од Катедрата за сметководство и ревизија. Овие книги имаат теоретска и практична вредност и, се разбира, мошне значаен придонес во развојот на сметководствената теорија и практика кај нас.

Д-р Зоран Миновски учествува во наставата и испитите на постдипломските студии по сметководство и ревизија, учествувал во комисии за одбрана на дипломски и магистерски трудови и докторски дисертации на Економскиот факултет во Скопје, како и бил ангажиран во други активности од наставно-образовната дејност на Факултетот.

Својот ангажман во работата на Факултетот и во наставата по предметите државно сметководство и сметководство на непрофитни организации и анализа на финансиски извештаи, кандидатот го вршел сосема одговорно и со забележителен успех, во менувањето на наставната програма по предметите што ги предава како и со внесување на нови содржини со цел збогатување на материјата и нивно поголемо афирмирање. Во таа смисла е и изработката на неколку учебници и учебни помагала. Материјалот од авторизираните предавања по предметот анализа на

финансиски извештаи е во конечна фаза на обработка за печатење во учебник, а во конечна фаза за издавање е и второ изменето издание на учебникот по државно сметководство и сметководство на непрофитни организации.

Исто така, значајно е неговото активно учество во реализирањето на одлуката на Факултетот за организирање на предавања од практиката и запознавање на студентите со најновите состојби и промени во сферата на сметководството и финансиското известување во рамките на наставата по предметите кои ги предава да поканува гости-предавачи од соодветните институции на Република Македонија и приватни компании.

Во наставно-образовниот процес посебно се истакнува фактот за педагошкиот пристап на д-р Зоран Миновски при неговата работа со студентите за време на предавањата, вежбите, консултациите и во други активности. Во повеќегодишната работа како помлад асистент, асистент, доцент и вонреден професор, систематски се оспособувал за наставно-научна и педагошка работа. Сето тоа покажува дека кандидатот владее со материјата што ја предава и дека се здобил со соодветно наставно и педагошко методско искуство, и дека пројавува стручна компетентност и критички приод кон современите проблеми во своите истражувања, како и способност да предлага можности за нивно решавање.

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА И СТРУЧНА ДЕЈНОСТ

Во досегашниот период, кандидатот има објавено повеќе од 70 научни и стручни трудови и 4 книги, од кои една самостојно и три во коавторство. Со оглед на тоа што трудовите на кандидатот до изборот во звањето вонреден професор се рецензирани при досегашните избори, во Анексот од рецензентскиов извештај се презентирани само трудовите од изборот на кандидатот за вонреден професор во 2005 година до денес.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Д-р Зоран Миновски во својата досегашна наставно-образовна и научноистражувачка работа се истакнал со извонредно залагање и совесност во извршувањето на своите работни обврски, со смисла и афинитет за наставно-научна и стручна дејност. Посебно треба да се истакне неговата систематска работа на усовршување во стручен и научен поглед и трансферот на резултатите од истражувањата во сметководствената практика. Во наставната работа, д-р Зоран Миновски придонел за изучување на сметководствената проблематика на Факултетот, а со иновирање на наставните програми придонел тие да попримат содржина на ниво на оние од универзитетите во најразвиените земји.

Врз основа на презентираните податоци од активностите на кандидатот д-р Зоран Миновски, посебно го одбележуваме фактот за неговиот педагошки пристап при работата со студентите за време на предавањата, вежбите, консултациите и во други активности од наставно-образовниот процес. Кандидатот наставата ја извршува квалитетно и

успешно. Има правилен и одмерен став во однос на студентите. Во научно-стручната работа искажува високо познавање на теоретско-методолошките поставки, аналитичност во разработката и потребната сеопфатност во донесувањето на соодветни заклучоци. Со соработниците и колегите има коректен и принципиелен професионален однос.

Во досегашната научноистражувачка и стручна работа, д-р Зоран Миновски се формирал во квалитетен наставно-научен работник. Основна преокупација на теоретско емпириските истражувања на кандидатот претставува проблематиката на сметководството и, посебно, државно сметководство и сметководство на непрофитни организации и анализа на финансиски извештаи. Во своите трудови кандидатот на јасен и разбирлив начин ги изведува констатациите и заклучоците со настојување да придонесе во имплементацијата на современите теоретски модели и решенија во услови на конкретна деловна практика. Бројот и квалитетот на научните и стручни трудови објавени во домашни и меѓународни списанија, како и учеството на домашни и меѓународни конференции, симпозиуми и сл., го привлекле вниманието на научната и стручната јавност од сметководството. Научните резултати на кандидатот можат како цитати да се сретнат во трудовите на домашни автори, како и во поблиското регионално окружување. Одговорниот пристап кон исполнување на обврските е секако причина за неговото стручно ангажирање и во практиката.

Наставно-образовната и научноистражувачката работа на кандидатот д-р Зоран Миновски, за време на неговиот досегашен активен период на Економскиот факултет во Скопје, ја потврдуваат неговата трудољубивост, одговорност, трпеливост и истрајност, што е гаранција дека тој и во иднина ќе придонесува за изучувањето на проблемите од областа на сметководството и примената на знаењата во теоријата и практиката.

Врз основа на напред изнесеното, а во согласност со Законот за високото образование, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје да го избере кандидатот проф. д-р Зоран Миновски за наставник по предметите: **државно сметководство и сметководство на непрофитни организации** и **анализа на финансиски извештаи,** во звањето **редовен професор**.

Во Скопје, 3.11.2010 год.

**Членови на Рецензентската комисија**

Проф. д-р Блажо Недев, с.р.

Проф. д-р Зорица Божиновска-Лазаревска, с.р.

Проф. д-р Љубомир Кекеновски, с.р.

АНЕКС 2

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** д-р Зоран Симеон Миновски
(име, татково име и презиме)
**Институција:** Економски факултет - Скопје
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област:** сметководство и ревизија

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Одржување настава од прв циклус на студии<br>- Државно сметководство и сметководство на непрофитни организации (4x15x0,04x5)=12<br>- Анализа на финансиски извештаи (4x15x0.04x5)=12<br>- Финансиско сметководство 2 (4x15x0,04x1)=2,4<br>- Корпоративно финансиско известување (4x15x0,04x1)=2,4<br>- Државно сметководство и сметководство на непрофитни организации– Штип (6x15x0,04x2)=7,2<br>- Анализа на финансиски извештаи– Штип (6x15x0,04x2)=7,2 | 43,20 |
| 2. | Одржување настава – втор циклус на студии | 3,00 |
| 3. | Одржување на вежби<br>- Државно сметководство и сметководство на непрофитни организации (2x15x0,03x5)=4,5<br>- Анализа на финансиски извештаи (2x15x0,03x5)=4,5 | 9,00 |
| 4. | Консултации со студенти (600x0,002x5) | 6,00 |
| 5. | Ментор на дипломска работа (50x0,2) или (2x5) | 10,00 |
| 6. | Член на комисија за оцена или одбрана на докторат (1x0,5) | 0,50 |
| 7. | Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура (4x0,3) | 1,20 |
| 8. | Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа (80x0,1) | 8,00 |
| 9 | **Основи на сметководството-Збирка задачи**, второ издание, коавтор, Економски факултет, Скопје, 2007 | 3,00 |
| 10. | Рецензент на универзитетски учебник (1x1,00) | 1,00 |
| | **Вкупно** | 84,90 |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научно списание (4x1,00x4) + (9x0,90x4)=48,40<br>1. "Развој и улога управљачког рачуноводства у глобалном окружењу", часопис Рачуноводство бр. 05-06, СРРС, Београд, 2005 стр. 61-66 (1x1,00x4) | 4,00 |

| | | |
|---|---|---|
| | 2. "Анализа активности у систему управљања на основи активности", часопис Рачуноводство бр. 07-08, СРРС, Београд, 2005 стр. 51-59 (1x1,00x4) | 4,00 |
| | 3. "Циљеви и задаци проучавања трошкова са посебним освртом на опште трошкове", часопис Рачуноводство бр. 09, СРРС. Београд, 2005 стр. 52-60 (1x1,00x4) | 4,00 |
| | 4. "Аналитички третман диференцираних система за различите циљеве у оквиру рачуноводственог система", (Analytical treatment of differentiated systems for different purposes within accounting system), коаутор, часопис Рачуноводство бр. 01-02, СРРС, Београд, јануар-фебруар 2006, стр. 55-64 (1x0,90x4) | 3,60 |
| | 5. "Карактеристики и видови ревизија во јавен сектор", Билтен на Државниот завод за ревизија на Република Македонија, број 1, декември, 2005, Скопје, стр. 24-33 (1x1,00x4) | 4,00 |
| | 6. "Коришќење АБЦ технике у маркетингу", коаутор, часопис Рачуноводство бр. 05-06, СРРС, Београд, мај-јун 2006, стр. 104-112 (1x0,90x4) | 3,60 |
| | 7. "Рачуноводство и рачуноводствена струка у улози мерења пословних резултата", коаутор, часопис Рачуноводство бр. 07-08, СРРС, Београд, 2006 стр. 5-13 (1x0,90x4) | 3,60 |
| | 8. "Улога трошкова као фактор успешности у пословању предузећа", часопис Рачуноводство бр. 09-10, СРРС, Београд, 2007 стр. 33-42 (1x1,00x4) | 3,60 |
| | 9. "Особености јавног сектора и разлике између рачуноводства недобитних и добитних организација" ("Particularities of the public sector and difference between accountancy of profitable and non-profitable organizations"), коаутор, Рачуноводство бр. 1-2 јануари-фебруари, Београд, 2008, стр. 5-14 (1x0,90x4) | 3,60 |
| | 10. "Управљање квалитетом и ISO стандарди", ("Quality management and ISO standards"), коаутор, Рачуноводство бр. 9-10 септембар-октобар, Београд, 2008, стр. 72-79 (1x0,90x4) | 3,60 |
| | 11. "Банкротство и модели за предвиђање његовог настанка", ("Bankruptcy and models for predicting its emergence"), коаутор, Рачуноводство br. 11-12 новембар-децембар, Београд, 2008, стр. 88-98 (1x0,90x4) | 3,60 |
| | 12. "Рачуноводство и финансијско извештавање непрофитних организација у САД", ("Accounting and Financial reporting of Non-Profit Organizations in USA"), коаутор, Рачуноводство бр. 7-8, Београд, 2009 стр. 44-53 (1x0,90x4) | 3,60 |
| | 13. "Управљање трошковима засновано на рачуноводству активности и теорија ограничења", коауторство, Рачуноводство бр. 3-4, Београд, 2010 стр. 44-53 (1x0,90x4) | 3,60 |
| 2. | Труд со оригинални научно/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир (3x2,00)=6,00 | |

| | | |
|---|---|---|
| | -"Испуњења неких захтева од стране система финансијског менаџмента и контроле у јавном сектору као један од услова за интеграцију у Европи", International Scientific Conference на тема "Integration Processes in Europe", University of Nis, Faculty of Economics, Nis, October, 2005 (1x2,00) | 2,00 |
| | -"Улога финансијских извештаја код доношења пословних одлука у предвиђању и евалуацији пословања банака", 38 Симпозиум, мото тема "Изазови пословно-финансијског извештавања у функцији менаџмента предузећа и банака", Савез racunovodja и ревизора Србије, 24-26 мај 2007 год., Златибор стр. 110-124 (1x2,00) | 2,00 |
| | -"Финансијско извештавање у јавном сектору као основ међународног финансијског комуницирања", ("Public Sector Financial Reporting as a Basis of International Financial Communications"), 39 Симпозиум, мото тема "Улога и задаци финансијског извештавања у процесу придруживања Европској унији", Савез рачуновођа и ревизора Србије, 29-31 мај 2008 год., Златибор стр. 96-109 (1x2,00) | 2,00 |
| 3. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научно популарно списание (6x2,00)=12,00 | |
| | -„Разлики во сметководствените приоди на финансиското известување помеѓу непрофитни и профитни ентитети", *Годишник на Економскиот факултет*, Економски факултет, том 40, Скопје, 2005, стр. 411-418 (1x2,00) | 2,00 |
| | -„Современ пристап за управување со трошоците врз основа на активности", *Годишник на Економскиот факултет*, Економски факултет, том 41, Скопје, 2006, стр. 299-306 (1x2,00) | 2,00 |
| | -„Влијанието на финансискиот левериџ на приносот и вредноста на фирмата во фармацевтската индустрија", *Годишник на Економскиот факултет*, Економски факултет, том 42, Скопје, 2007, стр. 273-284 (1x2,00) | 2,00 |
| | -„Влијанието на финансиската положба на кредитниот бонитет на АД Македонски телекомуникации, Скопје" ("The significans of the financial position for the creditworthiness of A.D "Makedonski Telekomunikacii" Skopje), *Годишник на Економскиот факултет*, Економски факултет, том 43, Скопје, 2008, стр. 459-472 (1x2,00) | 2,00 |
| | -„Примена на "З" – моделот за предвидување на банкротство во компании", ("Z – Model implementation about bankruptcy forecasting in the companies") *Годишник на Економскиот факултет*, Економски факултет, том 44, Скопје, 2009, стр. 315-324 (1x2,00) | 2,00 |
| | -„Показатели на вреднување на фирми во поглед на исплатливоста на вложувањето", ("Ratios for Company Valuation in Terms of Return on Investment") *Годишник на Економскиот факултет*, Економски факултет, том 45, Скопје, 2010, стр. 395-406 (1x2,00) | 2,00 |
| 4. | Учество на научен/стручен собир со реферат (1x1,00)=1,00 | 1,00 |
| 5. | Труд со оригинални научно/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор (6x0,90x6,00)+(1x0,80x6,00)=37,20 | |

| | | |
|---|---|---|
| | 1. -"Standardization of Financial Reporting in Republic Macedonia". ("Стандардизација на финансиското известување во Република Македонија"), co-author, International Conference – Accounting and Management Information Systems – AMIS 2006, organized by Faculty of Accounting and Management Information Systems, November 24-25, 2006, Bucharest, Romania, стр.343-352 (1x0,90x6,00)<br>2. -"Harmonization of Accounting Education in Function of Greater Competitiveness of Companies", co-author, The Balkan Countries I. International Conference on Accounting and Auditing, organized by Trakya University and Association of Accounting and Finance Academicians (AAFA), 8-9 March 2007 Edirne, Turkey (1x0,90x6,00)<br>3. -"Certain specifics of the historical development of public sector accountining", co-author, 12 th World Congress of Accounting Historians, Marmara University Mufad, 20-24 july 2008, Istanbul Turkey (1x0,90x6,00)<br>4. -"The role of the financial statements analysis in improving company's performance, determining solvency and forecasting bankruptcy" ("Улогата на анализата на финансиските извештаи во подобрувањето на работењето, утврдувањето на бонитетот и предвидување на банкротство"), co-author, 3 International Conference IBFR, The Institute for Business and Finance Research, Global Conference on Business and Finance, San Hoze, Costa Rika, may 27-30, 2009 (1x0,90x6,00)<br>5. -"Harmonization of financial reporting in Republic of Macedonia and European Union in function of regional collaboration and economic integration" International Conference – "Regional Cooperation and Economic Integration – Challenges and Opportunities", The Conference is organized in cooperation with the World Customs Organization and CEFTA Secretariat in Brussels, Faculty of Economics, Ss.Cyril and Methodies University Skopje, Republic of Macedonia, co-author, October 15 – 16, 2009 (1x0,90x6,00)<br>6. -"Historical Development of the Public Sector Accounting in Republic of Macedonia", co-authorship, The Balkans and the Middle East Countries 2nd International Conference on Auditing and Accounting History University Mufad, 15-18 september 2010, Istanbul, Turkey(1x0,80x6,00)<br>7. "The Implications of the World Financial Crisis for the Quality of Financial Reporting Or Vice-Versa?", co-authorship , International Conference, "The Challenges to Economic Theory and Policy in the Aftermath of the Global Economic Crisis", 60 years Faculty of Economics, Ss.Cyril and Methodics University Skopje, Republic of Macedonia, november 12 – 13, 2010, Skopje(1x0,90x6,00) | 5,40<br>5,40<br>5,40<br>5,40<br>5,40<br>4,80<br>5,40 |
| 6. | Одржано предавање на семинар (2x1,00)=2,00<br>- Учество со предавања за обука за финансиски советници во организација на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија, Скопје, 2007 (1x1,00)<br>-Учество со предавање на семинар за едукација на | <br><br>1,00 |

| | | |
|---|---|---|
| | дипломирани правници и економисти на специјалистички семинар "Finansijska analiza u funkciji procene boniteta pravnih lica sa aspekta domacih i medjunarodnih pravnih i ekonomskih propisa i standarda" на тема 1. „Финансиска анализа, проценка на вредноста на имотот и капиталот и бонитет на правното лице", тема 2. „Консолидација на финансиски извештаи", семинар во организација на ТАЗ Регионална организација за едукација, научна истраживања, унапређење рада правосудних, просветних и органа управе, Белград, кој се одржа во Скопје, 2007 (1x1,00) | 1,00 |
| | **Вкупно** | 106,60 |

## СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | **Вкупно** | |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија (4x1,00)<br>- член на стручен тим за супервештачење по спор и писмо бр. 821/96 добиено од Стопанскиот суд, Охрид, од 2006 година (1 x1,00)<br>- член во стручен тим за супервештачење по спор по предмет III ПС. бр. 561/99, Основен суд Скопје II, 2006 година (1 x1,00)<br>- член во стручен тим за супервештачење по спор по предмет П бр. 1922/03, Основен суд Велес, 2007 година (1 x1,00)<br>- член во стручен тим за супервештачење по спор по предмет П бр. 39/2001-1 , Основен суд Гостивар, 2007 година (1 x1,00) | 4,00 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1. | Член на уредувачкиот одбор на стручното списание „Информатор", ПРО-АГЕНС, Скопје (1x0,50) | 0,50 |
| 2. | Член на факултетска комисија (8x0,50)<br>- член на Комисијата за самоевалуација на Економскиот факултет во Скопје;<br>- член на Комисијата за изработка на Правилник за организација и надлежности на катедрите на Економскиот факултет во Скопје;<br>- член на комисија за спроведување на анкета за оценување на наставниците на Факултетот;<br>- претседател на Комисијата за расходување и отуѓување на дел од средствата на Факултетот; | 4,00 |

| | | |
|---|---|---|
| | - член на Комисијата за изработка на Правилник за издавачка дејност на Економскиот факултет во Скопје;<br>- претседател на пописна комисија за вонреден попис на фактичката состојба на расположливиот материјал на Факултетот;<br>- член на комисија за располагање со недвижни и движни ствари на Факултетот;<br>- претседател на Комисијата за дисциплински мерки за студенти на Факултетот. | |
| 3. | Член на комисија за избор во звање (1x0,20) | 0,20 |
| 4. | Учество во комисии и тела на државни и други органи (3x1,00)<br>- член на Управен комитет за реформи во сметководството и институционалното зајакнување – РЕПАРИС, Министерство за финансии;<br>- член на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија;<br>- член на Комисијата за спроведување на испит за овластени ревизори на Република Македонија;<br>- претседател на Одборот за ревизија на Еуростандард банка АД-Скопје. | 3,00 |
| **Спортска дејност** | | |
| | | |
| | **Вкупно** | 11,70 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 84,90 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 106,60 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 11,70 |
| **Вкупно** | 203,20 |

**Членови на Комисијата**

1. Проф. д-р Блажо Недев, претседател, с.р.

2. Проф. д-р Зорица Б. Лазаревска, член, с.р.

3. Проф. д-р Љубомир Кекеновски, член, с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ГРУПАТА ПРЕДМЕТИ: **ВОВЕД ВО ХЕМИСКО ИНЖЕНЕРСТВО, ПРОЦЕСЕН МЕНАЏМЕНТ, ИНДУСТРИСКИ МЕНАЏМЕНТ И ДИЗАЈН НА ПРОЦЕСНА ОПРЕМА** НА ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, донесена на 45. седница одржана на 1.XI 2010 година, именувани сме за членови на Рецензентската комисија за избор на еден ***наставник во сите наставно-научни звања*** по групата предмети: ***вовед во хемиско инженерство, процесен менаџмент, индустриски менаџмент и дизајн на процесна опрема*** по конкурсот објавен во весникот „Дневник" од 15.X 2010 година, во состав:

- ***д-р Костадин Николовски,*** ред. проф.-претседател,
- ***д-р Кирил Лисичков,*** вонр. проф.-член,
- ***д-р Милосав Милошевски,*** ред. проф.-член.

Врз основа на пријавата и поднесената документација, Рецензентската комисија има чест да го поднесе следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот објавен во весникот „Дневник" од 15.X 2010 година за избор на ***наставник во сите наставно-научни звања*** по групата предмети: ***вовед во хемиско инженерство, процесен менаџмент, индустриски менаџмент и дизајн на процесна опрема*** се пријави кандидатот д-р Дејан Димитровски, дипл. инж. тех.

### 1. Биографски податоци

Име: *Дејан Димитровски*
Датум и место на раѓање: 12.XII 1972 год., Скопје, Македонија.
E-mail: *dejan@ tmf.ukim.edu.mk*

### 2. Образование

2007-2010 Докторска дисертација: ***Отстранување на никел со атсорпција на природни и синтетизирани зеолити од води со различно потекло,***
Технолошко-металуршки факултет,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Македонија.

2001-2007 Магистерска работа: ***Влијанието на течењето врз структурата и фазното однесување на полимерните бленди,***
Технолошко-металуршки факултет,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Македонија.

1991- 1997 Дипломска работа: ***Креирање бази на податоци за процесни шеми на постројка за прочистување на отпадни води,***
насока: хемиско инженерство-петрохемија,
Технолошко-металуршки факултет,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Македонија.

1987-1991 Средно образование: УСО „Никола Карев"-Скопје, Македонија.

## *3. Работно искуство*

2007-2010 Асистент-*технолошки операции 1, технолошки операции 2, вовед во хемиско инженерство, процесен менаџмент, индустриски менаџмент, машини и апарати и процесни шеми,*
Технолошко-металуршки факултет,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Македонија.

2001-2007 Помлад асистент-*технолошки операции,*
Технолошко-металуршки факултет,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Македонија.

2004-0007 Помлад асистент-*вовед во хемиско инженерство*
(доделен предмет),
Технолошко-металуршки факултет,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Македонија.

2004-2005 Помлад асистент-*дизајн на процесна опрема*
(доделен предмет),
Технолошко-металуршки факултет,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Македонија.

2003-2004 Помлад асистент-операции и процеси
(доделен предмет),
интердисциплинарни студии за заштита на животната средина,
Машински факултет,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Македонија.

2001-2003 Помлад асистент-*технолошки операции за текстил,*
Технолошко-металуршки факултет,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Македонија.

1998-2001 Процесен инженер-ОХИС „Наум Наумовски-Борче”
а.д.-Скопје, Македонија.

## 4. *Наставно-образовна активност*

Од вработувањето на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје во 2001 година, кандидатот работи, најнапред како помлад асистент, по предметите *технолошки операции и технолошки операции за текстил* кои ги слушаат студентите од сите насоки на Технолошко-металуршкиот факултет. Од 2006 година работи како помлад асистент по предметите *технолошки операции 1, технолошки операции 2,* кои ги слушаат студентите од сите насоки на Технолошко-металуршкиот факултет, како и по предметот *вовед во хемиско инженерство* кој го слушаат студентите од насоката дизајн и менаџмент на Технолошко-металуршкиот факултет. Во учебната 2003/2004 година учествува во изведувањето на вежбите по предметот *операции и процеси* за студентите на интердисциплинарните студии за заштита на животната средина - Машински факултет, додека во учебната 2004/2005 година ги изведува и вежбите по предметот *дизајн на процесна опрема* (доделен предмет) за студентите од насоката дизајн и менаџмент на Технолошко-металуршкиот факултет. Учествувал во изведувањето на колоквиумите и лабораториските вежби, консултациите со студентите за подготовка на испитите и во организирањето и изведувањето на експерименталниот дел на повеќе дипломски работи, како и во пишувањето на два учебника. Во 2007 година е избран за асистент по групата предмети: *технолошки операции 1, технолошки операции 2, вовед во хемиско инженерство, процесен менаџмент, индустриски менаџмент, машини и апарати и процесни шеми.*

## 5. *Научноистражувачка дејност*

Научната активност на д-р Дејан Димитровски се одвива пошироко во подрачјето на феномените на пренос на количество движење, на топлина и на маса; во операциите и процесите за добивање нови материјали врз база на полимерни смеси, со посебен акцент на изучувањето на механизмите на мешање (физичко и реактивно), како и реологијата на растопи, раствори, суспензии, емулзии и дифузијата на нискомолекуларни соединенија во полимери. Во поново време, неговата активност е насочена кон заштита на човековата околина и подготовка на води за пиење и минерални води како и третман на отпадни води. За таа цел, применува современи инструментални методи и навлегува во теоретските сознанија на феномените на пренос изучувајќи ги механизмите за хемиски и физички третман на водата и сето тоа проследено со употреба на компјутерски програми.

Има објавено 2 оригинални научни труда, 8 труда печатени во зборници на меѓународни и домашни конгреси, конференции и симпозиуми во вид на пошироки апстракти и 5 труда презентирани како соопштенија на меѓународни и домашни конгреси, советувања и симпозиуми. Учествувал во изработката на 4 научноистражувачки проекти и на 2 проекта за заштита на животната средина како соработник-истражувач.

***Печатени научни трудови:***

1. S. Kuvendziev, K. Lisichkov, **D. Dimitrovski**: *Optimization of the biological treatment process of rural wastewater by application of surface method*, Journal of Natura Montenegrina, 9 (3), 2010, 731-738.

2. **Д. Димитровски**: *Отстранување на никел со атсорпција на природни и синтетизирани зеолити од води со различно потекло,* докторска дисертација, Технолошко-металуршки факултет, Скопје, 2010.

***Трудови печатени во зборници на меѓународни и домашни конгреси, конференции и симпозиуми:***

1. **Dimitrovski D**., Bozinovski Z., Nikolovski K.: *Uklanjanje nikla iz vodenih otopina adsorpcijom na prirodnom zeolitu u kontinuiranim uvjetima,* XIV Znanstveno-strucni skup „Voda i javna vodoopskrba", Baska-otok Krk, 4-7 listopad, 2010, 155-161.

2. **Dimitrovski D.**, Bozinovski Z., Nikolovski K.: *Kinetika uklanjanja nikla iz vodenih otopina adsorpcijom na prirodnom zeolitu u diskontinuiranim uvjetima,* XIII Znanstveno-strucni skup „Voda i javna vodoopskrba", Gradac, 30 rujan-3 listopad, 2009, 231-238.

3. Bozinovski Z., **Dimitrovski D.,** Nikolovski K.: *Kinetika uklanjanja arsena iz voda upotrebom otpadnog taloga ferihidroksida dobivenog iz konvencionalnog tretmana prirodnih mineralnih voda u kontinuiranim uvjetima,* XIII Znanstveno-strucni skup „Voda i javna vodoopskrba", Gradac, 30 rujan-3 listopad, 2009, 239-248.

4. З. Божиновски, **Д. Димитровски**, К. Николовски: *Отстранување на арсен од води за пиење со употреба на коагуланти и флокуланти на база на железо,* XX конгрес на хемичарите и технолозите на Македонија, Книга на проширени апстракти-CHE-05-E, Охрид, 17-20 септември 2008.

5. **Д. Димитровски**, З. Божиновски, К. Николовски: *Отстранување на никел од води со атсорпција врз природни зеолити,* XX конгрес на хемичарите и технолозите на Македонија, Книга на проширени апстракти-CHE-08-E, Охрид, 17-20 септември 2008.

6. Z. Bozinovski, **D. Dimitrovski**, K. Nikolovski: *Uklanjanje arsena iz vode za pice upotrebom koagulanta I flokulanata na bazi zeljeza,* XII Znanstveno-strucni skup „Voda i javna vodoopskrba", Jakisnica, 1-4 listopad, 2008, 129-135.

7. **Д. Димитровски**, Л. Васиљевиќ, Т. Гаврилов, О. Кардалева-Тимофејева, Ф. Поповска-Павловска: *Влијание на страничната алкилметакрилатна група врз реолошкото однесување на PVC/PAMA бленди,* XVIII конгрес на хемичарите и технолозите на Македонија, Книга на проширени апстракти-PPM-26, Охрид, 23-25 септември 2004.

8. О. Кардалева-Тимофејева, А. Васиљевиќ, М. Тимофејева, **Д. Димитровски**, Ф. Поповска-Павловска: *Компаративна анализа на елм и слм процесите со имобилизирана уреаза,* XVIII конгрес на хемичарите и технолозите на Македонија, Книга на проширени апстракти-PPM-27, Охрид, 23-25 септември 2004.

***Трудови презентирани на меѓународни и домашни конгреси, советувања и симпозиуми:***

1. V. Dimova, V. Rafajlovska, J. Klopceska, **D. Dimitrovski**: *Solvent effects on the ultraviolet absorption spectra of the extracted capsanthin from hot red paprika,* 8th Symposium "Novel Technologies and economic development", Leskovac, October 23-24, 2009.

2. V. Rafajlovska, J. Klopceska, V. Dimova, **D. Dimitrovski**: *Influence of organic solvents on the quantity of capsaicin and carotenoids extracted from hot red paprika,* 8th Symposium "Novel Technologies and economic development", Leskovac, October 23-24, 2009.

3. Aneta Vasiljevic, **Dejan Dimitrovski**, Luljeta Raka, Olga Kardaleva-Timofejeva, Frederika Popovska-Pavlovska: *Rheological Behaviour and Processability of PVC/Poly(alkylmethacrylate) Blends,* 4th International Conference of the Chemical Scieties of the South-East European Countries on Chemical Sciences in Changing Times: Vision, Challenges and Solutions, AP-40, Belgrade, July 18-21, 2004.

4. Љ. Рака, **Д. Димитровски**, А. Васиљевиќ: *Влијание на растворувачот врз одредувањето на интеракцискиот полимер-полимер параметар, добиен со IGC мерења,* XVII конгрес на хемичарите и технолозите на Македонија, Скопје, 18-20 април 2002.

5. И. Киров, **Д. Димитровски**, Љ. Рака: *Разделување на мултикомпонентна смеса: компјутерска симулација со користење на MATLAB,* XVII конгрес на хемичарите и технолозите на Македонија, Скопје, 18-20 април 2002.

***Учество во научноистражувачки проекти***

1. *Development of Environmental and Resources Engineering Curriculum* (DEREC), (2008), TEMPUS CD_JEP-19028-2004, project coordinator: d-r Atanasko Tuneski.

2. *Можности за екстракција и примена на капсаицин од пиперка (Capsicum annum L),* (2006-2009), раководител: д-р Весна Рафајловска-финансиран од Министерството за образование и наука на Р. Македонија.

3. *Развој на микроструктури во полимерните бленди со смолкнувачко течење (струјно индуцирани микроструктури во полимерните смеси),* (2003-2006), раководител: д-р Фредерика Поповска-Павловска - финансиран од Министерството за образование и наука на Р. Македонија.

4. *Нови материјали на база на полимерни смеси (студија на корелацијата процесирање-структура-својства на полимерните смеси),* (1999-2002), раководител: д-р Фредерика Поповска-Павловска - финансиран од Министерството за образование и наука на Р. Македонија.

***Учество во проекти од областа на заштитата на човековата околина***

1. *Студија за дефинирање на причините на појава и решение за елиминирање на штетните метали од подземните и површинските води во гевгелискиот регион и определување на нивните заштитни зони,* (2006), раководител: д-р Костадин Николовски - финансиран од Министерството за животна средина и просторно планирање на Р. Македонија.

2. *Можности за примена на водата од акумулациите Калиманци и Гратче, Кочанско, како вода за пиење,* (2005), раководител: д-р Костадин Николовски - финансиран од Министерството за животна средина и просторно планирање на Р. Македонија.

***Коавтор на учебни помагала***:

1. K. Nikolovski, **D. Dimitrovski**, *Environmental process engineering*, edited within the tempus project no: TEMPUS CD_JEP-19028-2004, Development of Environmental and Resources Engineering Curriculum (DEREC), 2008.

2. К. Николовски, **Д. Димитровски**, *Индустриски менаџмент*, интерна скрипта за студентите на 4 - годишни додипломски студии, Технолошко-металуршки факултет, Скопје, 2010.

***Учество во подготовка на учебник:***

1. *Принципи и пресметка на основните технолошки операции,* трето издание, автор: д-р Фредерика Поповска-Павловска, печатен од Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" и Заводот за испитување на материјали и развој на нови технологии "Скопје"-Скопје, ISBN 9989-43-206-6, Скопје, 2003.

***Други активности:***

1. Член на Технички комитет за законски мерни единици при Институтот за акредитација на Р. Македонија, 2006.

2. Член на Технички комитет за квалитет на вода при Институтот за стандардизација на Р. Македонија, 2007-денес.

## *ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ*

Врз основа на изнесените податоци за наставно-образовната и научноистражувачката работа на кандидатот д-р Дејан Димитровски, може да се заклучи дека се работи за кандидат кој постепено и темелно се оформува во педагошки, научен и стручен работник кој може да одговори на барањата на современ универзитетски работник.

Од дипломирањето и вработувањето како помлад асистент на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје во 2001 година, кандидатот д-р Дејан Димитровски континуирано работи на неговото усовршување како научен работник, магистрирал, докторирал, објавил оригинални научни трудови и презентирал трудови на меѓународни и домашни конгреси, советувања и симпозиуми. Кандидатот својот научноистражувачки потенцијал го покажал учествувајќи во 1 меѓународен и 3 национални научноистражувачки проекти, како и во 2 проекта од областа на заштитата на човековата околина финансирани од Министерството за животна средина и просторно планирање на Р. Македонија.

Особено треба да се истакне неговата работа, вложениот труд и постигнатите резултати при работата со голем број студенти при изведувањето на вежбите по предметите вовед во хемиско инженерство, процесен менаџмент, индустриски менаџмент, дизајн на процесна опрема и технолошки операции, како и при консултациите со студентите за подготвување на испитите и изработката на дипломските работи. Обврските како асистент, кандидатот ги извршува покажувајќи самоиницијативност, одговорност, дисциплинираност и успешност во комуникациите со студентите.

Севкупната дејност на кандидатот истовремено ги исполнува и новите критериуми од Универзитетскиот правилник за избор во звања, односно квотите на поени во трите сегменти: наставно-образовна дејност (НО)-17,3 поени, научноистражувачка дејност (НИ)-51,8 поени и стручно-апликативна дејност (СА)-8 поени, односно вкупниот број на поени изнесува 77,1.

Имајќи го тоа предвид, како и нашата повеќегодишна заемна соработка со кандидатот, нашата позитивна оцена за неговата научна и педагошка активност, како и задоволувањето на пропишаните законски критериуми, членовите на Рецензентската комисија со задоволство му предлагаат на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, кандидатот д-р Дејан Димитровски да биде избран во звањето доцент по групата предмети: вовед во хемиско инженерство, процесен менаџмент, индустриски менаџмент и дизајн на процесна опрема.

**Рецензентска комисија**

***Д-р Костадин Николовски,*** ред. проф. во пензија, с.р.
Технолошко-металуршки факултет, Скопје

***Д-р Кирил Лисичков,*** вонр. проф., с.р.
Технолошко-металуршки факултет, Скопје

***Д-р Милосав Милошевски,*** ред. проф., с.р.
Технолошко-металуршки факултет, Скопје

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Дејан Димитровски
**Институција:** Технолошко-металуршки факултет
**Научна област:** технологија

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Одржување на вежби-прв циклус студии** | |
| | Вовед во хемиско инженерство (3 часа) | 1,35 |
| | Процесен менаџмент (3 часа) | 1,35 |
| | Индустриски менаџмент (1 час) | 0,45 |
| | Дизајн на процесна опрема (2 часа) | 0,9 |
| | Операции и процеси (2 часа) | 0,9 |
| | Технолошки операции 1 (3 часа) | 1,35 |
| | Технолошки операции 2 (3 часа) | 1,35 |
| | Технолошки операции за текстил (3 часа) | 1,35 |
| 2. | **Консултации со студенти** | 0,3 |
| 3. | **Интерна скрипта од предавања** | |
| | K. Nikolovski, **D. Dimitrovski**, *Environmental Process Engineering*, Edited Within The Tempus Project No: Tempus Cd_Jep-19028-2004, Development Of Environmental And Resources Engineering Curriculum (DEREC), 2008 | 4 |
| | К. Николовски, **Д. Димитровски**, *Индустриски менаџмент*, интерна скрипта за студентите на 4 - годишни додипломски студии, Технолошко-металуршки факултет во Скопје, 2010. | 4 |
| | **Вкупно** | **17,3** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Одбранета докторска теза** | 8 |
| 2. | **Одбранета магистерска работа** | 4 |

| | | |
|---|---|---|
| **3.** | **Учесник во национален научен проект** | |
| | *Можности за екстракција и примена на капсаицин од пиперка (Capsicum annum L),* (2006-2009), раководител: д-р Весна Рафајловска - финансиран од Министерството за образование и наука на Р. Македонија. | 3 |
| | *Развој на микроструктури во полимерните бленди со смолкнувачко течење (струјно индуцирани микроструктури во полимерните смеси),* (2003-2006), раководител: д-р Фредерика Поповска-Павловска - финансиран од Министерството за образование и наука на Р. Македонија. | 3 |
| | *Нови материјали на база на полимерни смеси (студија на корелацијата процесирање-структура-својства на полимерните смеси),* (1999-2002), раководител: д-р Фредерика Поповска-Павловска - финансиран од Министерството за образование и наука на Р. Македонија. | 3 |
| **4.** | **Учесник во меѓународен научен проект** | |
| | *Development Of Environmental And Resources Engineering Curriculum* (DEREC), (2008), Tempus Cd_Jep-19028-2004, Project Coordinator-Prof. Atanasko Tuneski | 5 |
| **5.** | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор** | |
| | S. Kuvendziev, K. Lisichkov, **D. Dimitrovski**: *Optimization of the biological treatment process of rural wastewater by application of surface method*, Journal of Natura Montenegrina, Podgorica, 9 (3), 2010, 731-738. | 4,8 |
| **6.** | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир** | |
| | **Dimitrovski D.**, Bozinovski Z., Nikolovski K.: *Uklanjanje nikla iz vodenih otopina adsorpcijom na prirodnom zeolitu u kontinuiranim uvjetima,* XIV Znanstveno-strucni skup „Voda i javna vodoopskrba", Baska-otok Krk, 4-7 listopad, 2010, 155-161. | 2 |
| | **Dimitrovski D.**, Bozinovski Z, Nikolovski K.: *Kinetika uklanjanja nikla iz vodenih otopina adsorpcijom na prirodnom zeolitu u diskontinuiranim uvjetima,* XIII Znanstveno-strucni skup „Voda i javna vodoopskrba", Gradac, 30 rujan-3 listopad, 2009, 231-238. | 2 |
| | Bozinovski Z., **Dimitrovski D.**, Nikolovski K.: *Kinetika uklanjanja arsena iz voda upotrebom otpadnog taloga ferihidroksida dobivenog iz konvencionalnog tretmana prirodnih mineralnih voda u kontinuiranim uvjetima,* XIII Znanstveno-strucni skup „Voda i javna vodoopskrba", Gradac, 30 rujan-3 listopad, 2009, 239-248. | 2 |
| | З. Божиновски, **Д. Димитровски**, К. Николовски: *Отстранување на арсен од води за пиење со употреба на коагуланти и флокуланти на база на железо,* XX конгрес на хемичарите и технолозите на Македонија, Книга на проширени апстракти-CHE-05-E, Охрид, 17-20 септември 2008. | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | **Д. Димитровски**, З. Божиновски, К. Николовски: *Отстранување на никел од води со атсорпција врз природни зеолити,* XX конгрес на хемичарите и технолозите на Македонија, Книга на проширени апстракти-CHE-08-E, Охрид, 17-20 септември 2008. | 2 |
| | Z. Bozinovski, **D. Dimitrovski**, K. Nikolovski, *Uklanjanje arsena iz vode za pice upotrebom koagulanta I flokulanata na bazi zeljeza,* XII Znanstveno-strucni skup „Voda i javna vodoopskrba", Jakisnica, 1-4 listopad, 2008, 129-135. | 2 |
| | **Д. Димитровски**, А. Васиљевиќ, Т. Гаврилов, О. Кардалева-Тимофејева, Ф. Поповска-Павловска, *Влијание на страничната алкилметакрилатна група врз реолошкото однесување на PVC/PAMA бленди,* XVIII конгрес на хемичарите и технолозите на Македонија, Книга на проширени апстракти-PPM-26, Охрид, 23-25 септември 2004. | 2 |
| | О. Кардалева-Тимофејева, А. Васиљевиќ, М. Тимофејева, **Д. Димитровски**, Ф. Поповска-Павловска, *Компаративна анализа на елм и слм процесите со имобилизирана уреаза,* XVIII конгрес на хемичарите и технолозите на Македонија, Книга на проширени апстракти- PPM-27, Охрид, 23-25 септември 2004. | 2 |
| 7. | **Учество на научен/стручен собир со реферат** | |
| | V. Dimova, V. Rafajlovska, J. Klopceska, **D. Dimitrovski**, *Solvent effects on the ultraviolet absorption spectra of the extracted capsanthin from hot red paprika,* 8th Symposium "Novel Technologies and economic development" Leskovac, October 23-24, 2009. | 1 |
| | V. Rafajlovska, J. Klopceska, V. Dimova, **D. Dimitrovski**, *Influence of organic solvents on the quantity of capsaicin and carotenoids extracted from hot red paprika,* 8th Symposium "Novel Technologies and economic development", Leskovac, October 23-24, 2009. | 1 |
| | Aneta Vasiljevic, **Dejan Dimitrovski**, Luljeta Raka, Olga Kardaleva-Timofejeva, Frederika Popovska-Pavlovska, *Rheological Behaviour and Processability of PVC/Poly(alkylmethacrylate) Blends,* 4th International Conference of the Chemical Scieties of the South-East European Countries on Chemical Sciences in Changing Times: Vision, Challenges and Solutions, AP-40, Belgrade, July 18-21, 2004. | 1 |
| | Љ. Рака, **Д. Димитровски**, А. Васиљевиќ, *Влијание на растворувачот врз одредувањето на интеракцискиот полимер-полимер параметар, добиен со IGC мерења,* XVII конгрес на хемичарите и технолозите на Македонија, Скопје, 18-20 април 2002. | 1 |
| | И. Киров, **Д. Димитровски**, Љ. Рака, *Разделување на мултикомпонентна смеса: компјутерска симулација со користење на MATLAB,* XVII конгрес на хемичарите и технолозите на Македонија, Скопје, 18-20 април 2002. | 1 |
| | **Вкупно** | **51,8** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Учесник во експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија** | |
| | *Испитување на хидрантската мрежа за противпожарна заштита на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје* (2005), раководител: д-р Костадин Николовски - финансиран од ТМФ. | 1 |
| | *Дефинирање на причините на појава и решение за елиминирање на штетните метали од подземните и површинските води во гевгелискиот регион и определување на нивните заштитни зони,* (2006), раководител: д-р Костадин Николовски - финансиран од Министерството за животна средина и просторно планирање на Р. Македонија. | 1 |
| | *Можности за примена на водата од акумулациите Калиманци и Гратче, Кочанско, како вода за пиење* (2005), раководител: д-р Костадин Николовски - финансиран од Министерството за животна средина и просторно планирање на Р. Македонија | 1 |
| 2. | **Учество во промотивни активности на факултетот** | |
| | Презентација на програмата на ТМФ во Штип, Струмица, Виница, Кочани, 2006 | 0,5 |
| | Презентација на програмата на ТМФ во Штип, Струмица, Виница, Кочани, 2007 | 0,5 |
| | Презентација на програмата на ТМФ во Штип, Струмица, Виница, Кочани, Берово, Делчево, 2008 | 0,5 |
| | Презентација на програмата на ТМФ во Берово, Делчево, Струмица, Кочани, Виница, Штип, 2009 | 0,5 |
| | Презентација на програмата на ТМФ во Штип, Струмица, Гевгелија, 2010 | 0,5 |

## ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Учество во комисии и тела на државни и други органи** | |
| | Член на Технички комитет за законски мерни единици при Институтот за акредитација на Р. Македонија, 2006 | 1 |
| | Член на Технички комитет за квалитет на вода при Институтот за стандардизација на Р. Македонија, 2007-денес | 1 |
| 2. | **Член на факултетска комисија** | |
| | Дисциплинска комисија | 0,5 |
| | **Вкупно** | **8** |

| | ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|---|
| | НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ: | 17,3 |
| | НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ: | 51,8 |
| | СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС: | 8 |
| | **Вкупно бодови:** | 77,1 |

**Членови на Комисијата**

1. ***Д-р Костадин Николовски,*** ред. проф. во пензија-претседател, с.р.
2. ***Д-р Кирил Лисичков,*** вонр. проф.-член, с.р.
3. ***Д-р Милосав Милошевски,*** ред. проф.-член. с.р.

# РЕФЕРАТ

## *ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН АСИСТЕНТ ПО ПРЕДМЕТОТ БИОЛОГИЈА НА КЛЕТКА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА ВО СКОПЈЕ*

Наставно-научниот совет на својата седница одржана на 22. 9. 2010 година ја донесе одлуката број 0201-3021/4, за формирање на Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Велимир Стојковски, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, проф. д-р Сашо Панов, вонреден професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје и проф. д-р Владимир Петков, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, а во врска со објавениот конкурс во весникот „Нова Македонија" од 14. 09. 2010 година и весникот „Коха" од 14. 9. 2010 година за преизбор на еден асистент по предметот биологија на клетка, на кој се пријавија м-р Игор Есмеров, доктор по ветеринарна медицина и Сузана Николовска, дипломиран инженер по биологија.

Откако ги разгледа сите поднесени документи и приложените трудови, Рецензентската комисија го доставува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### *1.Биографски податоци за кандидатите*

***Есмеров Игор***

Кандидатот м-р Игор Есмеров е роден на 4. 8. 1974 година во Скопје, каде што го завршил основното и средното образование. Во академската 1993/1994 година се запишал на Ветеринарниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, а дипломирал во 2000 година. Во 2009 година, Есмеров ги завршил постдипломските студии по молекуларна биологија на Природно-математичкиот факултет во Скопје и магистрирал со одбрана на трудот: „Компаративна варијабилност на микросателитската ДНА кај изворен и изворно селектиран сој на шарпланинецот". Со свои трудови има учествувано на повеќе конгреси во земјата и во странство, а е автор и коавтор на повеќе стручни и научни трудови од областа на генетиката и ветерината.

Во доставените биографски податоци се наведуваат следниве активности:

- првото работно искуство го стекнал во Ветеринарната амбуланта "Труст-Вет", веднаш по дипломирањето;

- во 2001 година се вработил во Владата на Република Македонија;

- во 2002 година се вработил во Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор, на местото советник за кадровски прашања;

- од 2004 до 2006 година работел во Истражувачкиот центар за генетско инженерство и биотехнологија при МАНУ како помлад истражувач;

-во периодот 2006-2008 се вработил како национален координатор на ФАО за птичји грип;

-во периодот 2008-2009 година е вработен како помлад асистент по зоологија и генетика на Земјоделскиот факултет во Штип;

-кон средината на 2009 година е вработен во Истражувачкиот тим на Ветеринарниот факултет во Скопје, а воедно ги одржува и вежбите по предметот биологија на клетка.

За сите претходно наведени активности, кандидатот има доставено соодветна документација.

Воедно одлично го познава англискиот јазик, како и работата со компјутери.

Во текот на своето работење, кандидатот има учествувано на повеќе меѓународни научни собири и стручни обуки:

**(25-26 June, 2007). The Inception Workshop Emergency assistance for early detection, prevention and control of avian influenza in the Balkan region Sarajevo, Bosnia and Herzegovina**

**(17-20 July, 2007). Workshop on Surveillance and Control of Highly Pathogenic Avian Influenza in Balkan Region, Tirana, Albania**

**(25-27 September, 2007). Workshop on Wild birds and Avian Influenza: Current Knowledge and Approach to Surveillance in the Balkan Region, Belgrade, Serbia**

**(27-29 November, 2007) Emergency assistance for early detection, prevention and control of avian influenza in the Balkan region, Kraljevo, Serbia**

**(22 June – 1 July, 2008) Similation Exercises fo Avian Influenza Preparedness**

**Roma, Italy**

***Николовска Сузана***

Кандидатката Николовска Сузана е родена на 18. 2.1985 година во Скопје, Република Македонија. Средното образование го завршила во Државното средно медицинско училиште „Д-р Панче Караѓозов“, отсек: медицински лаборантски техничар, со одличен успех. Во 2004 година се запишала на Природно- математичкиот факултет во Скопје, биохемиско-физиолошка насока, а веќе во 2008 година го завршила факултетското

образование и се здобила со право на стручен назив дипломиран инженер по биологија.

Во доставените биографски податоци се наведуваат следниве активности:

-2005-2009 год., работа во Маркетинг агенцијата СТРАТУМ;

-2008-2009 год., волонтерска работа во Пивара- Скопје;

-2008 год., работа во консултантските куќи „Еко Груп“ и ОЦП, како консултант за ХАССП и предусловвни програми;

-2009-2010 год., работа во контролно и сертификациско тело за органско земјоделско производство - ПРО ЦЕРТ како менаџер за квалитет;

-2009-2010 год., работа во Интернационалната гимназија НОВА, како професор по биологија и хемија.

Во текот на своето работење кандидатката има учествувано на повеќе меѓународни научни собири и стручни обуки:

- сертификат за вовед и внатрешен аудит на ХАССП, издаден од ИСА ЦЕРТ

- сертификат за вовед и внатрешен аудит на ХАССП/практичен курс, издаден од ИСА ЦЕРТ

- обука за системи за управување со квалитет и изведување инспекција на органско производство од страна на сертификациското тело ЦЕРЕС- Германија, во винарија ГРКОВ, Кавадарци

- обука за ИСО 22000 од страна на БСИ;

- сертификат за спроведена обука за управување со пестициди, Струмица;

- работилница за генетски модифицирана храна, организирана од TAIEX, Европска комисија;

- работилница за микробиолошки критериуми за храна, организирана од TAIEX, Европска комисија;

- работилница за земање на примероци од храна, организирана од TAIEX, Европска комисија;

- работилница за професионално раководење со класови, предавач Роберт Стеинбречер, САД;

- работилница за интегрирана наставна програма, предавач Роберт Стеинбречер, САД.

Одлично го познава англискиот јазик, како и работата со компјутери.

***2.Наставно образовна дејност***

М-р Есмеров Игор во изминатиов период успешно ги изведува активностите поврзани со практичниот дел од наставата по предметот Биологија на клетка.

Покажува големо залагање и посветеност во организирањето и изведувањето на практичните вежби по предметот, а исто така активно е вклучен и во научно-истражувачката работа на Факултетот. Со своите методи на работа го има подигнато нивото и квалитетот на содржините кои се обработуваат и совладуваат со практичниот дел од наставата по соодветниот предмет и им овозможува на студентите да се стекнат со квалитетни практични знаења и вештини кои понатаму ќе ги искористат во своето професионално работење.

Кандидатот м-р Есмеров Игор покажува особен интерес и отвореност за воведување на нови, современи методи на учење и работа, кои ќе придонесат кон понатамошно подобрување на квалитетот на практичната настава која треба да ги следи најновите светски трендови од оваа област.

### *3.Научни и стручни трудови*

Кон својата пријава магистар Есмеров Игор ги поднесе следниве објавени трудови:

Трудови за рецензирање:

1. Гацовски Живко, Јовановски Цветан, **Есмеров Игор**: **Испитување на својствата на генетскиот потенцијал за родност, должина на периодот на вегетација и можност за воведување на израелски генотипови хибридна пченка во производство во битолскиот дел на Пелагонија - Р. Македонија.** Универзитет „Гоце Делчев", Штип, Земјоделски факултет, Годишен зборник 2006, (111-119 вол-VI).

2. Гацовски Живко, Јовановски Цветан, **Есмеров Игор: Испитување на генетскиот потенцијал за родност и можности за воведување на генотиповите хибридна пченка (создадени во Институтот за житни култури - Солун, Р.Грција) во битолскиот дел на Пелагонија - Р. Македонија.** Универзитет „Гоце Делчев, Штип, Земјоделски факултет, Годишен зборник 2007, (117-126 вол-VII).

3. Кузелов Ацо, **Есмеров Игор: Можности за производство на храна за домашните миленици:** Македонско научно друштво, Прилози 7, бр.12/1, Битола, 2009.

4. **Есмеров Игор**., Панов Сашо., Стојковски Велимир, Славковска Адријана: **Компаративна варијабилност на микросателитска ДНА кај изворен и изворно селектиран сој на шарпланинското овчарско куче.** Универзитет „Св. Кирил и Методиј"-Факултет за ветеринарна медицина, Катедра за биохемија, Македонски ветеринарен преглед, вол.32, бр. 1, 2009, Скопје.

Кон својата пријава, Николовска Сузана го поднесе следниов објавен труд:

1. Ицко Ѓоргоски, Снежана Пешевска, Никола Хаџи-Петрушев, Митко Младенов, Билјана Атанасовска, **Сузана Николовска: Одредување на ефикасноста на различни тераписки третмани кај пациенти со генерализирана парадентопатија преку следење на концентрацијата на PGE2 во забна пулпа.** Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Природно-математички факултет, Biol. Macedonica, No.61, 2008, Скопје.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

По разгледувањето на севкупната приложена документација, земајќи ја предвид и севкупната досегашна активност на кандидатите, научно-истражувачката и педагошката работа, како и досегашното искуство, Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно- научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, да го избере кандидатот м-р Есмеров Игор во звањето асистент по предметот биологија на клетка.

ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА

1.Проф. д-р Велимир Стојковски, с.р.

2.Проф. д-р Сашо Панов, с.р.

3.Проф. д-р Владимир Петков, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ИНТЕГРАЛЕН ПРИСТАП КОН ОЦЕНАТА НА АТРИБУТИТЕ И ИНДИКАТОРИТЕ НА ВОЗНАТА ПОВРШИНА" , ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ГОРАН МИЈОСКИ, ДИПЛОМИРАН ГРАДЕЖЕН ИНЖЕНЕР, ПРИЈАВЕНА НА ГРАДЕЖНИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, на својата 366. седница одржана на 16. 9. 2010 година, нè именува за членови на Комисијата за преглед и оцена на докторската дисертација под наслов: ИНТЕГРАЛЕН ПРИСТАП КОН ОЦЕНАТА НА АТРИБУТИТЕ И ИНДИКАТОРИТЕ НА ВОЗНАТА ПОВРШИНА од кандидатот м-р Горан Мијоски, дипломиран градежен инженер, асистент на Факултетот за природни и технички науки - насока: градежно инженерство при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, Република Македонија. По прегледот на докторската дисертација, Комисијата го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

## 1. ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Предмет на истражувањето во дисертацијата се површинските карактеристики на патните коловози, односно површинските атрибути на возните површини, и тоа: коефициент на отпорот против лизгање (триењето), микро и макротекстурата, рамноста (надолжна и напречна рамност), оптичко-рефлективните, односно фотометриските особини на возните површини, нивната бучавос на истите, како и нивните последични влијанија на транспортот. Аналитички и синтезно се третираат индикаторите за квалитетната структура и состојба на возните површини. Врз основа на релевантни податоци, мерења и идникатори, се дефинираат праговите на интервенција и потребните мерки за одржување и рехабилитација на коловозите.

Основното и директно влијание на стабилноста, конфорот на возење, забрзување, кочење (сопирање) и вкупната безбедност на транспортот имаат микро и макротекстурата и рамност на возната површина, како и нивната просторна распределба и зачестеност, кои претставуваат еден комплекс од: планиметриски, физикални, структурни, динамички, оптички, психофизички и психофизиолошки параметри и взаемни влијанија со техничките и конструктивни перформанси на возилата.

Како фундаментално прашање во дисертацијата, опстојно се анализира коефициентот на отпорот на триење против лизгање (f), во контекст на микро и макротекстурата на возната површина и појавата на „аквапланинг" како најризичен фактор за безбедноста на сообраќајот. Во однос на ова прашање, дисертацијата претставува продолжување и продлабочување на истражувањето од магистерскиот труд на кандидатот, од аспект на одржливост на коефициентот „f". Денес и во иднина посебно важен и актуелен е вкупниот квалитет и неговата одржливост во експлоатацијата на коловозите, што има директно влијание на „сообраќајниот сервис".

Коловозната конструкција со своите структурни и конструктивни елементи (слоеви), како и со површинските атрибути, претставува комплексен систем што

функционира во мошне сложени експлоатациони услови и е поврзан и зависен од видот и условите на оптоварување (постојана и циклична промена на интензитетот и структурата на сообраќајот), актуелната сопствена состојба во различни периоди од експлоатација и во различни временско-климатски услови, па според тоа и нејзините површински својства во однос на просторната распределба секогаш се хетерогени и нехомогено рамни – нерамни. Заради ваквата комплексност на анализите и истражувањата, методолошкиот концепт главно се темели на интегралниот концепт.

Целта на темата е да се истражат и утврдат нормативни показатели за површинските карактеристики на возните површини, имајќи го предвид нивното мошне изразеното влијание на безбедноста, брзината, конфорот и економичноста на транспортот.

Мошне комплексна проблематика, која интегрално и синтезно се анализира, се и влијателните чинители и процеси за настанување на оштетување и деградација на површинската структура и планиметриски промени на возните површини, како и индикаторите како показатели за состојбата на коловозите, кои лежат во основата на одржлив квалитет.

Непобитен е фактот дека коловозната планиметрија со својата просторна форма и со своите механичко-физички карактеристики и надолжни и напречни профилни својства, како фактори за реализација на динамиката на возењето и друго, може да се каже дека и покрај бројните и перманентни мерења и истражувања, сè уште не е сосема егзактно и експлицитно, како и прецизно квантифицирана. Во светот сè уште се применуваат различни нормативни и референтни вредности, како од аспект на просторното-конструктивно оформување, така и од аспект на површинските експлоатациони атрибути. Постојат сè уште недоволно теоретски проучени феномени и постојат доста разлики во хипотезите на коишто се базираат теоретските основи. Во последно време се тежнее кон синхронизација на одредени стандарди и технологии.

Покрај аналитичкото синтезно третирање на актуелните површински атрибути на коловозите интегрално се третираат и мерните техники, мерните уреди и технологии за квантифицирање на потребните показатели и индикатори. Се потенцира потребата од систематско и методолошко следење - мерење со софистицирана мерна опрема за оцена на состојбата и формирање на целосно автоматизирана банка на податоци за параметрите и индикаторите на возната површина, како актуелна и приоритетна задача за нивна рехабилитација и одржливост.

За што попрецизно дефинирање на влијанието и констатирање на површинската состојба на коловозите, неопходни се и експериментални истражувања, снимања и мерења на повеќе меродавни параметри со нумеричка и графичка презентација на резултатите во дигитална форма. Во рамките на дисертацијата извршена е експериментална апликација на конкретен патен правец.

Исто така, една од целите е да се создадат критериуми за избор на коловозна покривка , која е од пресудно значење за условите на возење, реализација на силите за влечење, кочење, стабилност, конфор, како и елиминирање на појавата „аквапланинг". Тоа особено е важно бидејќи се однесува на најценетите и најскапите сантиметри од коловозните слоеви и односот квалитет-вредност зазема посебно место. При тоа, компромис во однос на површинските квалитативни показатели не смее да се прави!

## 2. СОДРЖИНА НА ДИСЕРТАЦИЈАТА

Докторската дисертација под наслов „Интегрален пристап кон оцената на атрибутите и индикаторите на возната површина", презентирана е на 328 страници, се состои од 7 поглавја со список на користена литература и резиме на македонски и англиски јазик, и содржи: 250 слики, 54 фотографии, 100 табели, 60 дијаграми, како и библиографија со повеќе од 100 наслови.

Содржинската целина на дисертацијата е синтетизирана врз основа на теориски, експериментални изворни податоци, како и одредени нормативни документи и мерна техника.

Кон **првото поглавје** дадени се предговор со вовед и и основи на проблемите и значење, предмет и цел на истражувањето, содржина на дисертацијата, методологија на истражувањето и дефинирани се општите и основните карактеристики и атрибути на возните површини. Во воведот примарно се потенцира коловозната конструкција како специфична инженерска конструкција од повеќе аспекти (функционални, материјал, димензии, економски, технолошки и др.). Таквите конструкции се изложени многукратно и директно на голем збир сложени и мошне променливи оптоварувања и влијанија. Возните површини со своите карактеристики се директни фактори за реализација на транспортните процеси и примарен фактор за безбедноста на сообраќајот. При тоа, како општ заклучок е дека површинските карактеристики на коловозите се основен фактор за безбедноста и конфорот на транспортот.

Во **второто поглавје**, мошне синтезно, аналитички и квантитативно се презентираат испитувањата и резултатите на еден од најдоминантните по значење и функција атрибути на возните површини, а тоа е отпорот од триење против лизгање, изразен, односно вреднуван преку коефициентот на триење, односно изразен како специфична (единечна) сила на отпорот против лизгање, со своите векторски компоненти. Ова поглавје во извесна мера претставува продолжување и продлабочување на испитувањата на магистерската работа на кандидатот, но и поради својата евидентна доминантност, мултифункционалност и заемност, коефициентот „f" се третира интегрално со актуелните површински атрибути на возните површини.

Кандидатот во своите анализи и испитувања, како приоритетно барање на возните површини кои денес се наметнуваат ја истакнува потребата за премин од диференцијално, кон интегрално испитување на нивните карактеристики.

Коефициентот на триење „f" има мултифункционално значење и првостепено лежи во основата на проектирање на патиштата, односно димензионирање на просторната геометрија на патот и обликување на возните површини.

Отпорот од триење е променлива големина и зависи од мноштво директни и индиректни чинители. Една или друга усвоена вредност за „f" при проектирањето води до различна геометриска големина и обликовни форми на коловозните ленти, што се одразува и на чинењето на патот и стабилноста на возењето, односно сигурноста на транспортот. Според тоа, проблемот на рапавоста на коловозите не е само експлоатациона, туку и патна карактеристика во поширока смисла, со примарно значење. При различни геометриски и други елементи по должината на патот потребни се различни

големини на коефициентот „f", но тоа при градењето и одржувањето на коловозот практично не може да се постигне.

Мерењата и определувањето на коефициентот „f" се извршуваат заради следниве цели:

- за определување на потребата за пресвлека на коловозната покривка, заради планирање на рехабилитација на коловозот;
- за експериментални испитувања и проучувања;
- за тековно мерење на коефициентот „f" за актуелен дел на патната мрежа;
- за периодична контрола на коефициентот „f" на избрани патни делници;
- за проучување на местата на концентрација на сообраќајни незгоди и др.

Во дисертацијата посебно место е посветено на мерењата и мерните уреди и опрема за коефициентот „f". Илустрирани се голема „гама" на фиксни и подвижни мерни апаратури, како за лабораториски услови, така и за мерења „in citu", со своите технички перформанси, меѓу кои и најсофистицирани апарати. Се констатира дека концептите на опремата за мерење на „триењето" и самата техника и технологија на мерење се во перманентен развој. Ова произлегува од фактот дека коефициентот на отпор против лизгање „f" е како појдовен момент за нормирање и димензионирање на сите геометриско – конструктивни елементи на патот и е како основа скоро на целата норматива за проектирање и експлоатација на патиштата. Добиените резултати за коефициентот „f", според различни методи, уреди и услови, не може да се очекува да даваат точни вредности за него во условите на експлоатација на патот, ниту може да се користат за класификација на возните површини според степенот на безбедност при мокра покривка. Реалните услови значително се разликуваат од идеализираните услови при испитувањата, бидејќи големо влијание имаат и многу други фактори надвор од коефициентот „f". Еднозначна оцена на отпорот против лизгање на коловозот е неодржлива. Сигурното обезбедување на зададен коефициент „f" при сегашна состојба на технологиите, можностите за користење на материјали, сложеноста на проблематиката, а заради тоа и можностите за чести грешки при мерења на „f" и другите површински параметри, објективно во практиката како целина, не е можно за сите случаи во градежништвото. Во различните земји во светот, степенот на осигурување на одреден коефициент „f" и други атрибути не се исти. Во голем број европски држави таквите прашања може да се каже дека сè уште се во некоја од фазите на експериментирање. Тоа е една од главните причини, нормите за коефициентот „f" или за посредните негови определувачки фактори се само препорака. Со оглед на исклучителната сложеност и комплексност за дефинирањето, определувањето и одржливоста на коефициентот на отпорот против лизгање на коловозот, коешто има мултидисциплинарен карактер, се наметнува потреба за солидни и темелни анализи. Меѓутоа, директните мерења на терен („in situ"), на патиштата и на експерименталните делници, се најдобар приод кон проучувањето и квантифицирањето на овој фактор. Според тоа, може да се рече дека тоа е единствениот за сега можен начин, да се дојде до реални резултати кои што ќе послужат како основа за проверка и потврдување на теоретските анализи, наставки и дефинирање на нормативните вредности. Компромис по однос на коефициентот „f" не смее да се прави, бидејќи тој е основниот показател за потребата од рехабилитација на коловозните покривки!

Во рамките на ова поглавје опстојно е анализирана и презентирана појавата „аквапланинг" – како најризичен фактор во сообраќајот. Од тој аспект извршена е

класификација и оцена на микро и макротекстурата и дренажната способност на возните површини. Дефиниран е модел на хидродинамички притисок со илустрација - моделот на NASA за комбиниран вискозен и динамички аквапланинг.

Теоретските и практични истражувања во ова поглавје се поткрепени со голем број аналитички обрасци и соодветно се илустрирани со бројни слики, графикони и нумерички вредности, како и користена литература. На крајот на поглавјето, се даваат концизни заклучоци и препораки.

Во **третото поглавје** на предметната дисертација детално се третира рамноста на коловозот односно, на возната површина и една од најекспонираните и примарно забележливи карактеристики на патот, а истовремено и најрелевантен параметар и показател во управувањето со коловозите. Поради својата евидентна интегралност со останатите површински карактеристики на возната површина, според нивото на испитувања и обработка, рамноста претставува централно поглавје од содржинската целина на дисертацијата. Извршени се мошне опстојни синтезни, аналитички, теориски, практични и експериментални испитувања, користејќи голем фонд на научна и стручна литература и свои експериментални испитувања и снимања и многуфакторски анализи.

Според тоа, ова мошне актуелно поглавје се состои од теоретски и експериментален дел со бројни нумерички, графички и нормативни прилози. Во контекст на наведеното, детално и синтезно се изложени анализите од влијанието на нерамноста на коловозот на возилата и патниците, условите за појава на нерамнини и деформации, како и механизмите за создавање на деформации.

За учесниците во сообраќајот рамноста на коловозот е од посебен интерес и е една од првите карактеристики кои се забележуваат и чувствуваат, затоа што рамноста во зависност од брзината и карактеристиките на возилото предизвикува динамички колебања - осцилации, поради што се јавува дополнително зголемено динамичко оптоварување на коловозот, возилата и патниците и безбедноста на сообраќајот. Квалитетот на рамноста на возната површина е пред сè резултат на градењето. Планиметријата на површината на завршниот слој од коловозната конструкција, која е определена со проектните елементи, може да се каже дека теоретски ја дефинира рамноста. Меѓутоа, со востановената технологија на изградба на патиштата, реалната возна површина скоро никогаш не е идентична со теоретската, односно проектираната возна површина. Определувањето и класификацијата на нерамнините е во зависност од должината на брановите „λ“. Нерамноста на коловозната површина се манифестира, односно се апроксимира во форма на синусоидна брановидност и во форма на одделни нерамнини (периодични, случајни и поединечни). Сите наведени типови на нерамнини имаат свои специфичности. Всушност, сите нерамнини на возната површина може да се апроксимираат со еден бран, којшто се карактеризира со должина на бранот (λ) и неговата амплитуда (h). Меѓутоа, привидно не манифестираат некоја законитост, па возната површина од гледна точка на рамноста претставува нерегуларна периодична функција, која може да се опише со статистичка постапка.

Надолжната нерамност на коловозот и трупот на патот се карактеризира со испакнување и депресија (слегнување), кои што периодички се повторуваат по должината на патот (наречена брановидна, односно амплитудна нерамност), дефинирана со свои должина и амплитуда на брановите и со различни форми и големини. Возбудата (или фреквенција на осцилирање) од нерамноста на возните површини може аналитички да се

апроксимира и трансформира на различни начини во одредени дискретни системи. При тоа, возилата на различен начин ги прифаќаат микро и макронерамнините (посебно брановидните - надолжни правилни нерамнини), во зависност од нивните конструктивни перфоманси. Големо влијание на таквите инерцијални возбуди има брзината на возење. Формата на амплитудните нерамнини најчесто се апроксимира на синусоиди или косинусоиди.

Имајќи ја предвид состојбата на јавните патишта, постојат повеќе релевантни фактори од кои зависи рамноста на возната површина, и тоа: интензитетот и структурата на сообраќајот, различните конструктивни карактеристики на меродавните возила и брзината на движење. Планиметријата на коловозната површина може да се идеализира како рамнина дефинирана со проектната нивелација. Во реални услови, возната површина секогаш отстапува од проектираната нивелација и се карактеризира со помала или поголема нерамност.

Покрај општите дефиниции, карактеристиките и појавните форми на нерамнините на возните површини, кандидатот посебно внимание и простор посветува на нивниото мултипликативно влијание. Нерамноста на возната површина има многукратно влијание на транспортот, а воедно ги менува и условите на контактот помеѓу тркалото на возилото и коловозот, во толкава мера што поголеми неправилности можат да предизвикаат променети услови на движење. Тоа може да наведе до значително намалување на искористеноста на постојната способност на триење на коловозот, кое што дури и при сув коловоз може да резултира со последици поради намалена безбедност. Влијанието на нерамнините на возната површина врз возилото, преку осцилациите на тркалата, предизвикува промени во нивното оптоварување, кое за последица има побрза деградација на коловозната конструкција (структурни и површински оштетувања).
Влијанието на осцилациите на возачот го определува комфорот при возење, односно може да предизвика замор, со што се намалуваат психомоторните способности на возачот како фактор на системот возач - возило - пат.

При движењето на возилата по нерамна коловозна површина се јавуваат колебливи инерцијални (вертикални) забрзувања на масите на возилата генерирани од динамичката (кинематичка) возбуда, предизвикана од нерамната возна површина. При тоа се јавуваат динамички оптоварувања кои битно се разликуваат од статичкото оптоварување и можат да бидат позитивни и негативни. Осцилирањето на возилото иницирано од нерамнините, според тоа, предизвикува:

- намалување или губење на контактот на пневматиците со возната површина, кое директно влијае на безбедноста на возење;
- пораст или дополнителни оптоварувања, кои влијаат на трајноста на коловозната конструкција и конструкцијата на возилата, т.е. влијаат на економичноста на коловозната конструкција;
- влијет на комфорот -удобноста на возење.

Од динамичките (инерцијални) влијанија најнеповолни по однос на безбедноста на транспортот се т.н. „негативни" инерцијални влијанија, кои што ја намалуваат силата на прилепување (прионливост). Вертикалното забрзување на масите на возилата го карактеризира степенот на комфор на возење. Како критериуми за конфор дефиниран е т.н. коефициент на осетливост, кој го карактеризира примањето на вибрациите од човекот

и според германските критериуми е во границите од 0,10 до 10. Сите овие влијанија зависат од просторната распределба и зачестеноста на нерамнините.

Во контекст на тоа, дефинирани се критични параметри на амплитудните нерамнините на возните површини во функција на брзината на возење, при што е воспоставена аналитичка врска помеѓу критичните должини на брановидните нерамнини и соодветната зачестеност во функција од брзината на движење. Најнеповолни (критични) се брановидните нерамнини при чија должина може да се појави резонанса.

Покрај детално третираните влијанија на нерамнините на возната површина, концизно се изложени условите и механизмите за појава и создавање на нерамнините и деформациите на возните површини. Механичкото однесување на коловозната конструкција се објаснува според теоријата на рационалната механика и теоријата на еластичност. Факторот кој најмногу влијае за создавање деформации и оштетување на коловозната конструкција е сообраќајното оптоварување со својата големина и интензитет. Прикажан е механички модел на повеќеслојна коловозна конструкција со оптоварување за пресметување на напрегањето и деформациите.

Брановидноста е основен вид на деформации, кои што се појавуваат како кај новите, така и кај патиштата кои се во експлоатација. Причините кои условуваат брановидни нерамнини на коловозната површина се многубројни и разновидни, и тоа:

- нерамномерна збиеност на постелката, односно долниот строј на патот;
- недоволна и нерамномерна збиеност на слоевите на коловозната конструкција;
- недоволната носивост на долниот строј на патот;
- нехомогената структура на материјалите;
- неправилно валирање (компресирање),
- пречекорување на меродавното сообраќајно оптоварување и др.

Според местото на создавање се разликуваат два случаја на деформации:

- деформација поради слегнување на тлото во постелката;
- деформации како резултат на трајните деформации во асфалтните слоеви.

Напрегањата кои се јавуваат во асфалтните слоеви, поради појавата на пластично течење, е зависна од напрегањата кои се јавуваат и развиваат во асфалтните слоеви, така што порастот на напрегање секогаш значи и пораст на трајните пластични деформации. За предизвикувањето на ваквите деформации значително влијае и чинителот „време“, односно времетраењето.

Како мошне актуелен сегмент од предметното поглавје претставува мерењето, квантифицирањето и нормирањето на нерамнините. Овој сегмент е мошне опстојно, аналитички, синтезно, нумерички, графички и илустративно презентиран како целина, вклучувајќи напредни технологии и најсофостицирани мерни уреди и мерна технологија за мерење на надолжната и напречната рамност; за современата технологија на следење на состојбата на патиштата- коловозите и соодветно организирање и одржување во рамките на системот за управување со патиштата, како и моменталната состојба и употребливоста на коловозите. Денес евидентно сè повеќе се наложува примена на нови методи, уреди и технологии за мерење, интегрална оцена и квантификација на актуелните индикатори и параметри, како за време на градење, така и во процесот на експлоатација на патот.

Методите за мерење на рамноста на возните површини користени во светската пракса се состојат во мерења на:

- геометрискиот профил на нерамнините;
- закривеноста на кривините;
- наклоните на геометрискиот профил;
- инерцијалните (вертикални) забрзувања на возилото;
- вертикалните колебања на мерниот уред (инерцијален метод).

По однос на методите и уредите за мерење на површинските карактеристики на коловозите денес постои голема „гама“ на уреди и апаратури со различни концепти кои имаат свои предности и недостатоци. Тие главно се сведуваат на геометриски принцип, инерцијален принцип, импулсен принцип и ласерски апарати, и тие детално се елаборирани и илустрирани во дисертацијата.

За унифицирање и хармонизирање за мерење на надолжната рамност на коловозите, денес во повеќето земји во светот се користи меѓународниот индекс на рамност (IRI), како показател на рамноста. Врз основа на IRI индексот дадени се корисни критериуми за рамноста на коловозите на јавните патишта. Прикажани се графичко-табеларни прегледи на граничните критериуми за рамност на возните површини во зависност од класата на патот. Во контекст на тоа, прикажани се критериуми за евалуација на рамноста на коловозите за повеќе земји и извршени одредени споредувања.

Во експерименталниот дел на ова поглавје детално се презентирани резултатите од извршените мерења на магистралниот пат М3 (Петровец-Скопје-Блаце) во должина од околу 38 км. Мерењата се извршени со мерниот апарат од типот на високобрзински инерцијален профилер (The Dynatest Road Surface Profilometar 5051 Mark II). Извршени се мерања на надолжната рамност (индекс IRI) и напречната рамност (длабочина на колотрази). Резултатите се мошне детално илустрирани и презентирани табеларно и графички, а воедно е извршена и компаративна анализа за состојбата на делниците од патот М3 при што се добива детална слика за неговата надолжна и напречна рамност.

На крајот на ова поглавје се дадени препораки за прописи и стандарди за мерење, како и квантифицирање на рамноста на коловозните површини на патната мрежа во Република Македонија, а претставена е и користената литература која се состои од 61 наслов.

Во **четвртото поглавје** се третирани рефлектирачките, односно оптичките и фотометриски карактеристики на возните површини и презентирана е нивната меѓународна класификација, според која коловозните покривки се поделени на 5 класи. Даден е табеларен преглед според интензитетот на рефлектирање за различни видови коловози.

Рефлектирачките својства на коловозните површини поврзани се со хроматските особини на минералните агрегати, микротекстурата, како и технологијата на вградување на мешавините. При тоа, дадени се одредени заклучоци и препораки, а презентирана е и користената литература.

Во **петтото поглавје е** презентирана бучавоста на возните површини според интензитетот, спектарот и временските промени. Бучавоста на возните површини произлегува од заемното дејство на пневматиците од возилата и коловозот и се рефлектира внатре во возилото и на самата околина. Таа претежно зависи од останатите површински атрибути на коловозите, како и од временско - метеоролошките услови.

Специфицирани се коловозите според својата бучавост и прикажана е пресметка на индикаторите на бучавата.

На крајот на ова поглавје дадени се одредени заклучоци и препораки, како и користена литература.

**Шестото поглавје** се состои од согледувања, мошне значајни критериуми за избор на коловозни покривки, заклучоци и препораки. При тоа, посебно се нагласува значењето, функцијата и потребата за одржливоста на површинските атрибути на коловозите. Со тоа се прави едно сублимирање на резултатите од истражувањата во дисертацијата и се даваат финалните согледување и заклучоци.

**Седмото поглавје** на овој труд го сочинуваат прилозите, кои што се состојат од прегледни патни карти, фотографии за рамноста на возната површина на магистралниот пат М3. Посебен дел претставуваат нумеричките и табеларни прилози за извршените мерења на магистралниот пат М3 со пресметките за меѓународниот индекс на рамност IRI, како и пресметките за длабочина на колотразите.

## 3. ПРИДОНЕС НА ДИСЕРТАЦИЈАТА

Предметната докторска дисертација методолошки и систематски истражува и обработува една мошне актуелна и карактеристична проблематика, која се очекува да има евидентен научен, теориски, практичен и нормативен придонес, во квантифицирањето, одржливоста, во современото следење и управување со состојбата на површинските атрибути на возните површини, како повеќефункционални фактори за реализација, стабилноста, безбедноста, економичноста и комфорот на патниот транспорт.

Денес и во иднина посебно важен и актуелен е вкупниот квалитет, односно неговата одржливост во експлоатација на коловозите. Реално е да се очекува дека иднината ќе донесе поголем прогрес во систематското и редовно испитување и мониторинг на возните површини со помош на софистицирани апаратури, а добиените резултати меморирани во автоматизирана банка на податоци за површинските параметри на коловозите кои ќе им бидат на располагање на надлежните администрации и служби за управување на патиштата, но и воопшто на сите инженери за патишта, како значајна алатка за создавање на хомогени површински експлоатациони својства на коловозите.

Во контекст на површинските атрибути каде што со својата мултипликативност и адитивност секако доминираат коефициентот на отпорот против лизгање и рамноста на коловозните покривки, посебно се потенцирани состојбите, достигнувањата, тенденциите и насоките на развој на методиката и технологијата на мерење, квантифицирање и презентирање на меродавните показатели за актуелните карактеристики на возните површини, како фактори за реализација на сообраќајните процеси, стабилноста и сигурноста на возењето.

Еден од важните аспекти на придонесот на дисертацијата е и детерминирањето на критериумите за избор на коловозни покривки од аспект на површинските атрибути со оптимални карактеристики и најдобри перфоманси, што претставува мошне комплексна задача за градежните инженери за патишта.

Евидентен придонес на трудот има и експерименталниот сегмент аплициран на конкретен патен правец, пресметувањето и евалуацијата на меѓународниот индекс на рамноста IRI и длабочината на колотразите, како и конректните показатели и заклучоци за експлоатационата состојба на возната површина.

Дисертацијата ќе послужи и како основа за проширување на истражувањата и изработка на одделни теми од актуелната област, користење од стручни и научни кадри, а особено при изработка на актуелна регулатива и стандарди.

## 4. ЗАКЛУЧОК

Врз основа на напред изложеното, може да се заклучи дека докторската дисертација под наслов: ИНТЕГРАЛЕН ПРИСТАП КОН ОЦЕНАТА НА АТРИБУТИТЕ И ИНДИКАТОРИТЕ НА ВОЗНАТА ПОВРШИНА, изработена од кандидатот м-р Горан Мијоски, дипломиран градежен инженер, третира една исклучително актуелна и во извесна мера се уште недоволно истражена област од коловозните конструкции на патиштата.

Предметната дисертација претставува комплексен научноистражувачки труд со евидентен научен, практичен и нормативен придонес во областа на актуелните површински експлоатациони карактеристики на возните површини на коловозите.

Освен тоа, оваа дисертација претставува единствен труд кај нас кој методолошки интегрално ја третира оваа проблематика и овозможува придонес во теоретското и практичното имплементирање на резултатите од истражувањата.

Согласно со гореизнесеното мислење, ни претставува чест и задоволство да му предложиме на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, да ја прифати позитивната оцена на Рецезентската комисија за поднесената докторска дисертација на кандидатот м-р Горан Мијоски, дипл.град. инж., и согласно со законските одредби за докторирање на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, да определи термин за јавна одбрана.

ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА,

Проф. Павле Стоименов с.р

Проф. Орхан Авдовиќ с.р

Доц. д-р Вулнет Палоши с.р

Проф. д-р Спасен Ѓорѓевски с.р

Вонр. проф. д-р Милорад Јовановски с.р

# РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА, "КАНОНИЧКИ ОДНОС НА АНТРОПОЛОШКИТЕ ДИМЕНЗИИ, СИТУАЦИОНО-МОТОРИЧКИТЕ СПОСОБНОСТИ, ПСИХОЛОШКИТЕ ОСОБИНИ И НАТПРЕВАРУВАЧКАТА ЕФИКАСНОСТ КАЈ КАРАТИСТИТЕ ЈУНИОРИ И СЕНИОРИ ВО БиХ", ИЗРАБОТЕНА ОД КАНДИДАТОТ М-Р ЈАСМИН МЕХИНОВИЌ, ПРИЈАВЕНА НА ФФК ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно - научниот совет на Факултетот за физичка култура во Скопје бр. 0201760/3, донесена на седницата од 4 ноември 2010 година, формирана е Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација од м-р Јасмин Мехиновиќ, во состав:

1. проф. д-р Жарко Костовски - ментор
2. проф. д-р Гино Стрезовски - претседател
3. проф. д-р Бранимир Микиќ - член
4. проф. д-р Ленче Алексовска Величковска - член
5. проф. д-р Роберт Христовски - член

По прегледот и анализата на пишаниот текст на докторската дисертација, Рецензентската комисија на Наставно-научниот совет на Факултетот му го поднесува следниов,

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. Содржина на дисертацијата

Проектот за изработка на докторската дисертација од м-р Јасмин Мехиновиќ, под наслов КАНОНИЧКИ ОДНОС НА АНТРОПОЛОШКИТЕ ДИМЕНЗИИ, СИТУАЦИОНО-МОТОРИЧКИТЕ СПОСОБНОСТИ, ПСИХОЛОШКИТЕ ОСОБИНИ И НАТПРЕВАРУВАЧКАТА ЕФИКАСНОСТ КАЈ КАРАТИСТИТЕ ЈУНИОРИ И СЕНИОРИ ВО БиХ, во обем од 192 страници пишан текст, структурирана е во 9 глави и 71 подглава, вклучувајќи го и пописот на користената литература.

Во првата глава „Вовед" (во која е инкорпорирана и една подглава *Пристапни разгледувања*), презентирана е потребата од научни истражувања за оцена на антрополошките димензии кај карате-спортисти од различна хронолошка возраст. Истражувачките концепции на кои се базира трудот произлегуваат од теоријата за интегрален развој на личноста.

Авторот успешно ја разложува комплексноста на третираниот проблем и методолошките насоки за нејзиното истражување, со што го оправдува мотивот за изработка на оваа дисертација.

Втората глава „Досегашни истражувања", авторот ја дели на седум подглави според истражуваните простори.

Во првата подглава, *Истражувања во просторот на базичните моторички способности*, авторот дава преглед на позначајните истражувачки трудови, од еминентни автори, кои обработуваат и разјаснуваат проблеми

значајни за оваа дисертација. Значајно место заземаат истражувањата на релациите меѓу мерките, како во манифестниот така и во латентниот простор. Наведени се, покрај имињата на авторите, резултатите од овие истражувања и заклучоците.

Втората подглава, *Истражување на ситуационо-моторичките способности,* ги содржи истражувањата на специфичните моторички способности кај каратистите и го прецизира нивниот почеток со примена на основните, просторно-временските карактеристики на одделни карате-техники. Во презентирањето на овие истражувања хронолошки се претставени истражувањата кои се направени со примена на кинематографски методи и биомеханичка анализа. Во понатамошното претставување, авторот прави осврт на истражувањата поврзани за мерните карактеристики на тестовите за оцена на специфичните карате-способности, како и досегашни истражувања поврзани за натпреварувачката ефикасност во карате-спортот.

Во третата подглава, *Истражување во просторот на когнитивните способности,* авторот се задржува на истражувањата од овој тип и го објаснува нивното значење за вакви и слични истражувања (Malacko, J., Radzo, I. и др. Когнитивните способности се способности кои овозможуваат прием, пренос и преработка на информација што се остварува во контакт на личноста со околината.

Четвртата подглава, *Истражувања во просторот на конативните карактеристики,* содржи голем број на истражувања врзани за оваа проблематика од еминентни светски признати имиња. Преку конкретните истражувања на Cattell, Eysenck, Momirovic, Spilberg, Martenz, Gould, Mikic и други, јасно е претставена појавата на нормални и патолошки конативни фактори.

Во петата подглава, *Истражувања на морфолошките карактеристики,* авторот се задржува на истражувањата поврзани со морфолошките карактеристики на спортистите. Со наведените истражувања на еминентни автори, на адекватен начин прави ретроспектива и хронологија на резултатите кои се добиени од 1971 год. Kurelic, pa Lukac 1988, Mikic 1991, до Jasarevic 2004 и Avdibasic- Vukadinovic 2005.

Шестата подглава, *Истражувања во просторот на мотивација,* авторот ја посветува во целост на објаснување и јасно претставување на мотивацијата, како фактор, Преку истражувањата на Rot 1988, Hul 1943, на јасен начин се презентирани термините на возбудување и активација. Како битно истражување за дефинирање на активацијата, авторот исто така го наведува истражувањето на Dufu 1975. Истражувањата насочени на мотивот на достигнувања ги спровеле Vanek I Svoboda 1970 Usher 1975 Birrel 1977 Dunlevy i Rees 1979 Falle I Beck 1979, Lefebre 1979 и др.

Во седмата подглава, *Истражување во просторот на натпреварувачката ефикасност кај каратистите,* авторот цитира истражувања чија цел е утврдување на поврзаноста на брзината на едноставните движења со успехот во карате-борбите. Исто така, застапени се и истражувања на ефикасноста при изведување на натпреварувачките техники

и техники во каратето кои можат да се сметаат како селектиран примерок. Во овие истражувања се применуваат лабараториско моторички задачи составени од ситуационо-моторички манифестациии на слободниот спаринг ( Jiu Kumite) и кати кои во најголема мера се слични или еднакви на ситуациите на натпреварите. Во оваа глава авторот прикажува најнови истражувања со следење на ситуациската и натпреварувачката активност кај каратистите со цел подобрување на квалитетот на тренингот и постигнување на врвни резултати во каратето.

Третата глава, *Предмет проблем и цели на истражувањето,* е структурирана од три подглави каде што авторот јасно го дефинира предметот, а тоа се карате-спортисти јуниори и сениори, односно нивните антрополошки димензии, ситуационо-моторичките способности и натпреварувачката ефикасност. Како проблем на истражувањето авторот ги поставил релациите помеѓу истражуваните простори, кои во суштина даваат одговор на поставените хипотези. Основна цел на ова истражување, авторот ја претставил преку утврдување на каноничкиот однос помеѓу антрополошките димензии и влијание на антрополошките димензии на успешноста за реализација на ситуационо-моторичките способности и натпреварувачката ефикасност кај каратистите. Од самата поставена проблематика авторот наведува уште 16 (шеснаесет) можни задачи кои ги реализира во ова истражување.

Поаѓајќи од резултатите на досегашните истражувања во поставките на теориските постапки на овој труд поткрепени со предметот, проблемот и целите на истражувањето, четвртата глава авторот ја посветува на теориските поставки, односно на хипотезите на истражувањето. Авторот поставува една основна (нулта) хипотеза од која произлегуваат уште 8 (осум) хипотези. Овие хипотези се операционализираат на начин кој овозможува нивна проверка со стандардни постапки за униваријантна и мултиваријантна анализа на податоците.

Во петтата глава, *Методологија на работењето,* раслоена во 6 (шест) подглави, објаснети се: примерокот на испитаници, примерокот на варијабли, условите на мерењето, потребните инструменти за реализирањето на истражувањето, потоа даден е опис на тестовите и начинот на нивна реализација и применетите статистички методи за обработка на податоците, при што кандидатот јасно ги претставува статистичките методи за обработка на податоците, со кои ја реализира целокупната работа.

Шестата глава, *Резултати и дискусија,* која и по обем е најголема, раслоена е во три подглави според методолошката поставеност на докторскиот труд, а во рамките на секоја подглава уште по повеќе подподглави. Добиените резултати од истражувањето со интерпретација и дискусија презентирани се табеларно. Со адекватни табели (68 табели) претставени се резултатите од статистичката обработка за секоја хронолошка возраст посебно. Во овој контекст, прикажани се и интерпретирани основните дескриптивни параметри, корелационите односи презентирани во форма на матрици на интеркорелации, каноничката корелациона анализа и регресиската анализа. Добиените и презентирани резултати во табелите текстуално се објаснети.

Во седмата глава, *Теоретско и практично значење на истражувањето*, прикажана е утилитарната вредност на овој труд, преку утврдувањето на релацијата помеѓу истражуваниот антрополошки простор (моторички, ситуационо-моторички, конативни, мотивациони, когнитивен и морфолошки), и изнаоѓање на конкретно влијание на моторичките способности. Практичното значање на овој труд, авторот го посочува, во добиените резултати од ова истражување, кои што ќе овозможат пообјективен и посеопфатен начин при селектирањето и правилното насочување на каратистите за потребата на квалитетен или во одреден број на случаи и врвен спорт.

Во осмата глава, авторот по логичен редослед кој произлегува од поставената цел и од задачите на истражувањето, во серија точки ги сумира резултатите од истражувањето значајни за одговор на поставената цел и хипотези. Овие заклучоци даваат сознанија значајни за каноничкиот однос помеѓу антрополошките димензии и влијание на антрополошките димензии на успешноста за реализација на ситуационо-моторичките способности и натпреварувачката ефикасност кај каратистите.

Во десеттата глава, *Литература*, даден е попис на библиографските единици (73), тесно врзани за проблемот и целта на истражувањето, претставени по абецеден редослед. Презентирани се трудови од еминентни автори од земјава и од странство, значајни за оваа студија.

**2. Заклучни констатации**

Ова истражување е спроведено на примерок од 120 карате-натпреварувачи јуниори и сениори од БиХ. Основната цел на ова истражување е утврдување на каноничкиот однос помеѓу антрополошките димензии (како предиктори) на успешната реализација на ситуационо-моторичките способности и натпреварувачката ефикасност (успешност) на каратистите (како критериум). Во истражувањето е применета батерија на тестови од вкупно 51 тест, и тоа: дванаесет (12) варијабли за морфолошките карактеристики, петнаесет (15) варијабли за процена на моторичките способности, осум (8) варијабли за процена на ситуационо-моторичките способности, три (3) варијабли за процена на когнитивните способности, шест (6) варијабли за процена на натпреварувачка ефикасност (успешност) и седум (7) варијабли за процена на конативните особини. Со оглед на целта и задачата на истражувањето, за поставените хипотези одбрани се адекватни методи за обработка на податоците, почнувајќи од основните централни и дисперзиони параметри, канонички корелациони анализи и регресиска анализа.

Врз основа на обработката на добиените податоци, како значајни можат да се подвлечат сегментите:

Со применетата корелациона анализа утврдени се релации помеѓу истражуваните простори, и тоа: моторичките способности и морфолошките карактеристики, моторичките способности и конативните особини, моторичките и когнитивните способности, моторичките и ситуационо-моторичките способности, моторичките способности и натпреварувачката ефикасност (успешност) на каратистите.

Една од основните цели е утврдување на влијанието на системот на антрополошки варијабли (морфолошки карактеристики-состав на телото, моторички способности, когнитивни способности, конативни особини, мотив

за спортско постигнување) како предикторски систем на критериумските варијабли во просторот на ситуационо-моторичките способности, и натпреварувачката ефикасност (успешност) на каратистите со применета регресиска анализа.

Утврдено е статистички значајно влијание на системот на антрополошки варијабли како предиктори на критериумските варијабли, ситуационо-моторичките способности и натпреварувачката ефикасност (успешност) на карате-спортистите.

### 3. Заклучок со предлог

Од методолошки аспект, дисертацијата на м-р Јасмин Мехиновиќ ги задоволува критериумите и стандардите за проектирање и реализирање на ваков тип истражувања, и овозможува да се решат целите на истражувањето. Така, на пример, во таа смисла може да се истакне дека методите за обработка на податоците се прецизно избрани, а нивната примена овозможи да се решат целите на истражувањето и овозможија извлекување на научни заклучоци во врска со предметот на истражувањето.

Според концепцијата на трудот, обемот, интерпретацијата со дискусијата на резултатите и заклучоците, во дисертацијата успешно се презентирани информации значајни за карате-спортот, односно карате-спортистите. Со добиените резултати од истражувањето се придонесува за унапредување на теоретската мисла и практика во технологијата на спортскиот тренинг кај карате-спортистите.

Тргнувајќи од сето она што е изнесено, може да се констатира дека докторската дисертација претставува научен придонес во развојот на научната мисла во областа на кинезиологијата и дека кандидатот има способности и одговори на поставените цели во проектот.

Имајќи го предвид погоре изнесеното, Комисијата позитивно ја оценува докторската дисертација на м-р Јасмин Мехиновиќ, под наслов КАНОНИЧКИ ОДНОС НА АНТРОПОЛОШКИТЕ ДИМЕНЗИИ, СИТУАЦИОНО-МОТОРИЧКИТЕ СПОСОБНОСТИ, ПСИХОЛОШКИТЕ ОСОБИНИ И НАТПРЕВАРУВАЧКАТА ЕФИКАСНОСТ КАЈ КАРАТИСТИТЕ ЈУНИОРИ И СЕНИОРИ ВО БиХ, и му предлага на Наставно - научниот совет на Факултетот за физичка култура при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, да ја прифати докторската дисертација на м-р Јасмин Мехиновиќ и да овозможи нејзина јавна одбрана.

КОМИСИЈА

1. Проф д-р Жарко Костовски – ментор с.р.
2. Проф д-р Гино Стрезовски – претседател с.р.
3. Проф д-р Бранимир Микиќ - член с.р.
4. Проф д-р Ленче Алексовска Величковска - член с.р.
5. Проф д-р Роберт Христовски - член с.р.

# РЕФЕРАТ

*ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО - НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПАТОЛОШКА ФИЗИОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ВЕТЕРИНАРЊА МЕДИЦИНА ВО СКОПЈЕ*

Наставно - научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, на својата прва седница одржана на 13. IX 2010 година, донесе одлука број 0201-2782/4, за формирање Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Оливија Васкова - редовен професор на Медицинскиот факултет во Скопје, проф. д-р Светлана Мицева-Ристевска - редовен професор на Медицинскиот факултет во Скопје и проф. д-р Дине Митров - вонреден професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, а во врска со објавениот конкурс во весниците „Нова Македонија" и „Коха" од 21. VII 2010 година, за избор на еден наставник во сите наставно - научни звања во научната област патолошка физиологија, на кој се пријави кандидатот доц. д-р Игор Улчар.

Откако ги разгледа сите документи и приложените трудови, Комисијата го доставува следниов

# ИЗВЕШТАЈ

## *1. Биографски податоци*

Доц. д-р Игор Улчар е роден на 23. X 1966 год. во Скопје, кадешто има завршено основно и средно образование (гимназија). На Ветеринарниот факултет во Загреб (Хрватска) се запишал во учебната 1986/87 година, а го завршил во 1993 година со просечен успех 4,33 (еквивалент 9,19). Од 1994 год. е вработен на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје како помлад асистент по предметот патолошка физиологија на домашните животни, а во 1995 год. бил назначен за помлад асистент и по предметот физиологија на домашните животни. На двата предмета ги одржувал вежбите и колоквиумот. Во 1995 год. се запишал на постдипломски студии на Медицинскиот факултет во Скопје, каде што на 11. IV 2001 год. го одбранил магистерскиот труд „Тироиден статус кај прасиња со вродена зостанатост во растот", со што се стекнал со звањето магистер на ветеринарни науки од областа на патолошката физиологија. Во звање асистент бил избран на 9. VII 2001 година.

На 20. X 2005 год. го одбранил докторскиот труд „Утврдување на концентрациите на серумското железо и на серумскиот бакар, како и на нивните транспортни протеини кај различни категории прасиња од предгојна фаза", со што се стекнал со степен доктор на науки од ветеринарната медицина.

На 25. I 2006 год. со одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје бр. 0201-155/4 е избран во наставно-научното звање доцент по предметот патолошка физиологија, и оттогаш ја изведува теориската настава по овој предмет при Катедрата за патолошка физиологија во V семестар. Од учебната 2007/2008 година е вклучен и во наставата на постдипломските студии на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје од областа клиничка физиологија, биохемија и патофизиологија, на предметите клиничка физиологија, биохемија и патофизиологија и основи на клиничка имунологија.

Од 2006 до 2009 год. со одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје бр. 0201-2027/8 од 6. VI 2006 год. бил член на Комисијата за евалуација на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје. Во 2006

година, со решение од 8. VIII 2006 год. на директорот на Управата за ветеринарство при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство бил избран за член на стручната комисија за вршење симултана туберкулинизација и читање на резултатите од симултанта туберкулинизација. Исто така, во 2006 година, со одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје бр. 0202-3316 од 13. IX 2006 год. бил дел од стручниот тим за изработка на документацијата за имплементирање на барањата од стандардот ISO 17025. Од 2009 година, со одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје бр. 0201-4984/13-2 од 7. XII 2009 год. е назначен за координатор на кредит-трансфер системот (КТС) на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

Со одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје бр. 0201-4577/5 од 2. XII 2006 год. бил избран за член на Комисијата за одбрана на магистерскиот труд под наслов „Употреба на екстрактот од растението Helleborus odorus при вакцинацијата на прасиња против актинобацилозната плевропневмонија".

Со одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје бр. 0201-3564/3-2 од 9. VII 2007 год. бил избран за претседател на Рецензентската комисија за избор на еден помлад асистент по предметот патолошка физиологија.

Со одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје бр. 0201-3932/5 од 7. XI 2008 год. бил избран за член на Комисијата за одбрана на докторската дисертација под наслов „Ниво на олово и кадмиум кај кучиња од урбани и рурални средини во Република Македонија".

Со одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје бр. 0201-1027/9 од 16. III 2009 год. бил избран за ментор на помл. ас. Ирена Целеска за изработка на нејзиниот магистерски труд „Влијание на лактацијата врз енергетскиот метаболизам и тироидниот статус кај молзни крави од различни категории", а со одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје бр. 0201-1542/10 од 3. V 2010 год. бил избран за член на Комисијата за негова одбрана.

Со одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје бр. 0201-1542/4 од 3. V 2010 год. бил избран за претседател на Рецензентската комисија за избор/преизбор во соработничко звање помлад асистент по предметот патолошка физиологија.

Со одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје бр. 0201-2071/10 од 16. VI 2010 год. бил избран за член на Комисијата за одбрана на магистерскиот труд под наслов „Протеини на акутна фаза - индикатори на патолошки процеси на акроподиумот кај млечни крави".

Член е на издавачкиот совет на списанието „Македонски ветеринарен преглед", потоа на стручниот одбор на Ветеринарната комора на Република Македонија. Исто така, член е на организациското одбор на научно-стручниот собир „Денови на ветеринарна медицина 2010" (одлука на Наставно-научен совет бр. 0201-1542/3 од 3. V 2010 год.).

Во периодот од 31. X 2005 до 31. XII 2008 год. бил претседател на Комисијата за јавни набавки (одлуки на Наставно-научен совет бр. 0202-5596/4 од 31 X 2005 год. и бр. 0201-1360/4 од 19. IV 2006 год.). Исто така, бил и претседател на Комисијата за попис на основните средства, основното стадо, залихата на материјалите, ситниот инвентар, побарувањата и обврските, во 2007 (одлука на Деканатската управа на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје бр. 0202-8737/2, донесена на 12. XII 2007 год.) и во 2008 година (одлука на Деканатската управа на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје бр. 0202-4575/2, донесена на 12. XII 2008 год.), како и претседател на

Комисијата за вонреден попис на средствата и на изворите на средства во 2009 година (одлука на Деканатската управа на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје бр. 0202-568/3-2, донесена на 20. II 2009 год.).

## *2. Наставно-образовна дејност*

Доц. д-р Игор Улчар во изминатиов период успешно ја изведува теоретската настава по предметот патолошка физиологија. Истовремено ги изведува и континуираните проверки и консултации со студентите. Исто така, вклучен е и во наставата на постдипломските студии на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје од областа клиничка физиологија, биохемија и патофизиологија, на предметите клиничка физиологија, биохемија и патофизиологија и основи на клиничка имунологија.

Во претходниот период има остварено исклучителни активности кои придонесуваат за квалитетно извршување на наставно-образовниот процес. Особена активност доц. д-р Игор Улчар има покажано во развивањето и реализирањето на наставно-образовната дејност на факултетско, универзитетско и меѓународно ниво, што се гледа од следниве активности:

- во периодот од 15. IX до 15. XI 1998 год. бил стипендист на Темпус-ФАРЕ програмата на Европската унија и во тој период го посетил Институтот за физиологија при Универзитетот за ветеринарна медицина во Виена (Австрија);
- во периодот 2002-2003 година учествувал во проектот на Темпус-ФАРЕ за унапредување на ветеринарните студии, и притоа остварил стручни посети на Ветеринарниот факултет во Гисен (Германија) во 2002 година, како и на Кралскиот „Дик“ ветеринарен колеџ во Единбург (Шкотска - В. Британија) во 2003 година, а истата година во рамките на овој проект учествувал како предавач на Семинарот за континуирано образование во Охрид;
- во 2008 год. бил учесник во ЦЕЕПУС-програмата за размена и остварил посета на Факултетот за ветеринарна медицина при Универзитетот „Св. Иштван“ во Будимпешта (Унгарија), каде што има одржано неколку предавања;
- во 2006 год., доц. д-р Игор Улчар има активно учство во креирањето на новиот наставен план и програма на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје. Исто така, доц. д-р Игор Улчар бил и ментор на единаесет дипломски работи.

## *3. Научни и стручни трудови*

Кон својата пријава, кандидатот д-р Игор Улчар ги поднесе следниве објавени трудови:

- до реизборот на кандидатот во звањето помлад асистент, тој изработил 4 труда кои се рецензирани во Билтенот бр. 698 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ од 29. XII 1997 год.;
- до изборот во звањето асистент, кандидатот изработил други 2 труда кои се рецензирани во Билтенот бр. 778 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ од 3. V 2001 год.;
- до изборот во звањето доцент, кандидатот изработил 13 труда кои се рецензирани и објавени во Билтенот бр. 889 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ од 13. I 2006 год.

Трудови за рецензирање:

1. **Метаболички профил кај млечни крави од различни категории.** ***Улчар И.***, *Целеска Ирена,, Илиевска Ксенија, Митров Д., Џаџовски И.* Мак. вет. прег. 2008; 31 (1):13-18.

Во овој труд авторите ја потенцираат важноста за познавање на вредностите на метаболичкиот профил за превенирање на т.н. „продукциски заболувања", кои можат да предизвикаат големи штети во продукцијата на млеко. Вредностите добиени од овие испитувања се споредувани со референтните вредности. Резултатите укажуваат дека кравите опфатени со овие испитувања се со добар метаболички профил, чии вредности донекаде се различни од референтните.

2. **Особености на хемограм, еритрограм и леукограм кај кучиња со хемангиосарком на слезината.** *Целеска Ирена,* ***Улчар И.*** Мак. вет. прег. 2008; 31 (1): 59-69.

Целта на овој труд е да се анализира хемограмот на кучињата кај кои се јавува хемангиосарком на слезината. Во дискусијата се презентирани вредностите на параметрите кои би можеле да претставуваат индикатор на ова заболување. Кај кучињата кај кои е извршена спленектомија на руптурирана слезина, заболувањето во голем процент добива негативен исход. За време од 8 до 12 месеци доаѓа до слаба леукоцитоза, субфебрилна состојба и егзацербација на самото заболување со појава на генерализирани метастатски контактни творби на различни делови на телото, најчесто локално.

3. **Citloška dijagnostika i biokemijska analiza adenokarcinoma kuje.** *Celeska Irena, Ilievska Ksenija,* ***Ulčar I.*** Znanstveno-stručni sastanak "Veterinarska znanost i struka" Zbornik sažetaka, 1-2.10.2009, Zagreb, 136-137.

Во овој труд е обработен клинички случај на кучка стара 12 години, од расата англиски кокер шпаниел. Кучката имала наод на туморски творби на мамарните комплекси. Опишани се биохемиските и цитолошките испитувања, како и третманот на животното до оздравувањето.

4. **Koncentracija glukoze i mineralni status u serumu mliječnih krava u različitim fazama laktacije.** ***Ulčar I.***, *Celeska Irena, Mitrov D., Džadžovski I.* Znanstveno-stručni sastanak "Veterinarska znanost i struka" Zbornik sažetaka, 1-2.10.2009, Zagreb, 160-161.

Во овој труд се изнесени резултатите за концентрацијата на глукозата и минералниот статус во серумот кај различни категории на млечни крави. Од добиените резултати може да се заклучи дека добиените вредности се доста хетерогени во рамките на секоја од испитуваните групи на крави. Кај млечните крави во различни фази на лактација минералниот статус е релативно стабилен, додека глукозата отстапува од референтните вредности.

5. **Интерпретација биохемијског профила и хемограма код паса са серолошки дијагностикованом лајшманијозом - симптоматском и асимптоматском.** *Целеска Ирена, Ралић М., Стефановска Јована,* ***Улчар***

*И.* Зборник апстракта Симпозијума ветеринара мале праксе „СИВЕМАП 2009", 23-25. X 2009, Београд, 309.

Целта на овој труд е анализа на биохемискиот профил и на хемограмот кај кучињата со дијагноза на лајшманиоза. Заболувањето е дијагностицирано имунолошки со методите ELISA, IFAT и PCR. Според добиените резултати, кучињата без симптоми на заболувањето, а кои биле позитивни на лајшманиоза не покажувале никакви отстапувања во биохемискиот наод во однос на серонегативните кучиња. На хемограмот била карактеристична нормоцитна нормохромна анемија. Утврдена е негативна корелација помеѓу MCH и бројот на еритроцитите кај асимптоматските и кај здравите кучиња, додека кај кучињата со клиничка слика ова не било случај. Кај кучињата со изразена клиничка слика на лајшманиоза имало отстапувања од биохемиските параметри, особоено на алкалната фосфатаза, како и на бројот на леукоцитите.

6. **Серолошка дијагностика на Мејди-Висна (MVV) кај овци и артритис и енцафалитис (CAEV) кај кози во Република Македонија.** *Митров Д., Налетоски И., Ацевски С., Џаџовски И., Крстевси К.,* ***Улчар И.****, Целеска Ирена* Мак. вет. прег. 2009; 32 (2): 5-10.

Во овој труд за првпат е серолошки докажано присуството на болестите Мејди-Висна (MVV) кај овците и артритис и енцефалитис (CAEV) кај козите во Република Македонија. Испитувањата покажале дека овие две болести биле присутни во голем процент кај испитуваните стада. Преваленцијата била 60,3% кај Мејди-Висна, односно 55,8% кај CAEV. Покрај присутните клинички знаци на болестите, морталитетот бил низок, што се поврзува со присуството на причинителите на теренот, однсно со ендемскиот карактер на заболувањата.

7. **Важност на цитолошка дијагностика при појава на поткожни отоци кај мачки.** *Целеска Ирена,* ***Улчар И.*** Мак. вет. прег. 2009; 32 (2): 59-67.

Во овој труд се разгледува важноста на цитолошкото испитување како дијагностичка метода при појавата на кожни отоци кај мачките, а дадени се и резултатите од цитолошки испитувања кај мачки од различни возрасти, раса и пол. Од испитуваните цитолошки примероци, биле дијагностицирани апсцеси, хематоми, хигроми, липоми и фибросарком. Трудот содржи 8 оригинални фотографии на цитолошки препарати.

8. **Blood serum concentracion od NEFA, BHB, glucose and triglycerides in diary cows with different reproductive status during summer heat stress.** *Dovenski T., Celeska Irena, Trojacanec P., Atanasov B.,* ***Ulcar I.****, Jasari B., Trojacanec Snjezana* Book of Proceedings - 14th International conference on production diseases in farm animals (ICPD), 20-24 June 2010, De Aula - Ghent University, Ghent, Belgium, 77.

Во овој труд е испитувано влијанието на негативниот енергетски баланс (НЕБ) врз репродуктивните својства на млечните крави во текот на летниот топлински стрес. Биле испитувани 111 холштајн-фризиски крави на кои најпрво со ултразвук им е одреден репродуктивниот статус. Според овој преглед, кравите биле поделени на седум групи: крави во рана гравидност, гравидни крави пред телење, крави во фоликуларна фаза, крави во лутеална фаза, крави со оваријални нарушувања (цисти, статични оvarиуми), крави со утерини нарушувања (ендометритис) и крави во пуерпериум. По ултрасонографскиот преглед, биле земени крвни мостри за фотометриско испитување на неестерифицираните масни киселини (NEFA), на β-хидрокси-бутератот (BHB), на гликозата и на триглицеридите. Исто така, бил одреден и THI (Temperature Humidity Index) индексот за периодот јуни-јули. Дадена е опширна статистичка анализа на

вредностите на одделни параметри споредени помеѓу различните испитувани групи. Се заклучува дека топлинскиот стрес има негативен ефект врз репродуктивноста на млечните крави со тоа што предизвикува намалено внесување суви материи, а како последица на тоа, и негативен енергетски баланс.

### *3. Оцена на научната дејност на кандидатот*

Откако ги проучи примените трудови за избор во наставно - научно звање, Рецензентската комисија оценува дека доц. д-р Игор Улчар ги исполнува условите и поседува квалитети да биде избран во звањето ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР. Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно - научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје да го избере во звањето ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР.

**ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА**

1. Проф д-р Оливија Васкова, редовен професор, с.р.
2. Проф. д-р Светлана Мицева-Ристевска, вонреден професор, с.р.
3. Проф. д-р Дине Митров, вонреден професор, с.р.

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: Игор Улчар

Институција: Факултет за ветеринарна медицина во Скопје

Научна област: патолошка физиологија

НАСТАВНО - ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред.бр. | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Патолошка физиологија (2+2), летен 2006/2007 | 1,2 |
| 2 | Патолошка физиологија (2+2), зимски 2007/2008 | 1,2 |
| 3 | Патолошка физиологија (4+4), зимски 2008/2009 | 2,4 |
| 4 | Патолошка физиологија (4+4), зимски 2009/2010 | 2,4 |
| 5 | Консултации со студенти 2006/2007 (33 студенти) | 0,066 |
| 6 | Консултации со студенти 2007/2008 (33 студенти) | 0,066 |
| 7 | Консултации со студенти 2008/2009 (48 студенти) | 0,096 |
| 8 | Консултации со студенти 2009/2010 (46 студенти) | 0,092 |
| 9 | Ментор за дипломска работа (11 студенти) | 2,2 |
| 10 | Член на комисија за оцена или одбрана на докторат (1) | 0,5 |
| 11 | Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура (3) | 0,9 |
| 12 | Пакет материјали за патолошка физиологија | 1,0 |
| | ВКУПНО: | 12,12 |

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Ментор на магистерска работа (1) | 1,0 |
| 2 | **Улчар И.**, Целеска Ирена, Илиевска Ксенија, Митров Д., Џацовски И. **Метаболички профил кај млечни крави од различни категории.** Мак. вет. прег. 2008; 31 (1):13-18. | 2,4 |
| 3 | Целеска Ирена, **Улчар И. Особености на хемограм, еритрограм и леукограм кај кучиња со хемангиосарком на слезината.** Мак. вет. прег. 2008; 31 (1): 59-69. | 3,6 |
| 4 | Celeska Irena, Ilievska Ksenija, **Ulčar I. Citloška dijagnostika i biokemijska analiza adenokarcinoma kuje.** Znanstveno-stručni sastanak "Veterinarska znanost i struka" Zbornik sažetaka, 1-2.10.2009, Zagreb, 136-137. | 1,8 |
| 5 | **Ulčar I.**, Celeska Irena, Mitrov D., Džadžovski I. **Koncentracija glukoze i mineralni status u serumu mliječnih krava u različitim fazama laktacije.** Znanstveno-stručni sastanak "Veterinarska znanost i struka" Zbornik sažetaka, 1-2.10.2009, Zagreb, 160-161. | 1,8 |
| 6 | Целеска Ирена, Ралић М., Стефановска Јована, **Улчар И. Интерпретација биохемијског профила и хемограма код паса са серолошки дијагностикованом лајшманијозом - симптоматском и асимптоматском.** Зборник апстракта Симпозијума ветеринара мале праксе „СИВЕМАП 2009", 23-25 X 2009, Београд, 309. | 1,8 |
| 7 | Митров Д., Налетоски И., Ацевски С., Џацовски И., Крстевси К., **Улчар И.**, Целеска Ирена **Серолошка дијагностика на Мејди-Висна (MVV) кај овци и артритис и енцафалитис (CAEV) кај кози во Република Македонија.** Мак. вет. прег. 2009; 32 (2): 5-10. | 2,4 |
| 8 | Целеска Ирена, **Улчар И. Важност на цитолошка дијагностика при појава на поткожни отоци кај мачки.** Мак. вет. прег. 2009; 32 (2): 59-67. | 3,6 |
| 9 | Dovenski T., Celeska Irena, Trojacanec P., Atanasov B., **Ulcar I.**, Jasari B., Trojacanec Snjezana **Blood serum concentracion od NEFA, BHB, glucose and triglycerides in diary cows with different reproductive status during summer heat stress.** Book of Proceedings - 14th International conference on production diseases in farm animals (ICPD), 20-24 June 2010, De Aula - Ghent | 1,8 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | University, Ghent, Belgium, 77. | | |
| | | ВКУПНО: | 20,2 |

СТРУЧНО - АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Дејности од поширок интерес (стручно апликативна дејност)

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Член на издавачкиот совет на списанието „Македонски ветеринарен преглед" | 0,5 |
| 2 | Член на организациски одбор на научно-стручниот собир „Денови на ветеринарна медицина 2010" | 1,0 |
| 3 | Учество во CEEPUS-програмата за размена и остварена посета на Факултетот за ветеринарна медицина при Универзитетот „Св. Иштван" во Будимпешта (Унгарија) | 0,5 |
| 3 | Член на Комисијата за евалуација на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје | 0,5 |
| 4 | Претседател на Комисијата за јавни набавки (2004-2008) | 0,5 |
| 5 | Претседател на Комисијата за попис на основните средства, основното стадо, залихата на материјалите, ситниот инвентар, побарувањата и обврските (2007) | 0,5 |
| 6 | Претседател на Комисијата за попис на основните средства, основното стадо, залихата на материјалите, ситниот инвентар, побарувањата и обврските (2008) | 0,5 |
| 7 | Претседател на Комисијата за вонреден попис на средствата и на изворите на средства (2009) | 0,5 |
| 8 | Координатор за кредит-трансфер систем (ЕКТС) | 0,5 |
| 9 | Член на стручниот тим за изработката на документацијата за имплементирање на барањата од стандардот ISO 17025 | 0,5 |
| 10 | Член на Стручната комисија за вршење симултана туберкулинизација и читање на резултатите од симултаната туберкулинизација при МЗШВ - Управа за ветеринарство | 1,0 |
| 11 | Член на Стручниот одбор на Ветеринарната комора на Република Македонија | 1,0 |
| 12 | Член на комисија за избор во звање (2) | 0,4 |
| | ВКУПНО: | 7,9 |

| Професионални референци на кандидатот за избор во звање | Поени |
|---|---|
| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | 12,12 |
| НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 20,2 |
| СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ | 7,9 |
| ВКУПНО: | 40,22 |

Членови на Комисијата

1. Проф. д-р Оливија Васкова, претседател, с.р.
2. Проф. д-р Светлана Мицева-Ристевска, член, с.р.
3. Проф. д-р Дине Митров, член, с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА ИНФОРМАТИКАТА НА ИНСТИТУТОТ ЗА ИНФОРМАТИКА ПРИ ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Свети Кирил и Методиј" во Скопје, на својата редовна седница одржана на 28.10.2010 година, нè определи за рецензенти во врска со пријавата на Горан Велинов, доктор на информатички науки, за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања од група предмети од областа на информатиката на Институтот за информатика при Природно-математичкиот факултет во Скопје, а во врска со конкурсот објавен во весниците „Дневник" и „Коха"од 19.10.2010 година. По прегледот на пријавата и приложената документација и по еден примерок од трудовите, чест ни е на Наставно-научниот совет на ПМФ да му го поднесеме следниов

ИЗВЕШТАЈ

**1. Биографски податоци**

Горан Велинов е роден на 01 август 1972 година. Во 1992 година се запишал на Природно-математичкиот факултет во Скопје, на Институтот за информатика, каде што дипломирал во 1997 година, на тема „Диститрибуирани бази на податоци" со имплементација во информационен систем за пријавување на испити, со одлична оценка.

По дипломирањето, д-р Горан Велинов работел во повеќе комерцијални фирми (T-Mobile Macedonia, EVN Macedonia и TechnoLogica Macedonia) на развој на автоматизирани информациони системи и софтверски решенија од областа на бази на податоци, при што се стекнал со богато практично искуство.

Со цел да ги прошири своите теоретски знаења, се запишал на постдипломски студии на Институтот за информатика, насока: програмско инженерство. Својот интерес кон базите на податоци и информационите системи го продолжил во текот на постдипломските студии. Се посветил на проучување на складовите на податоци, нивна организација, оптимизација и имплементација. Својата магистрска тема ја одбранил на 10.6.2005 година, под наслов „Оптимален дизајн на складови на податоци и имплементација".

По завршувањето на постдипломските студии, интензивно работел на докомплетирањето и проширувањето на теоретската рамка, разработена во неговата магистерска работа, како и на систематизација и надградување на експерименталните резултати дадени во неа. Во јуни 2007 поднесол барање за изработка на докторска дисертација на тема „Обопштување и подобрување на оптимизациските процеси кај релационите податочни складови". Во септември 2008 година, на истата тема, ја пријавил својата докторска дисертација за

оценување и на 19.12.2008 година успешно ја одбранил, со што се стекнал со научен степен Доктор по информатички науки.

**2. Наставна, педагошка и стручна дејност**

Ангажманот и соработката на д-р Горан Велинов со Институтот за информатика започна на 01.10.1998 и трае непрекинато до денес. Во март 2006 година е избран за асистент, а во јуни 2009 година за насловен доцент на Институтот за информатика при ПМФ во Скопје. Во јануари 2009 година беше избран и за доцент на Факултетот за информатика на Европскиот унивезитет на Република Македонија во Скопје, каде беше ангажиран за извршување настава по предметот бази на податоци во летниот семестар на учебната 2008/2009 година. Во рамките на Институтот за информатика има извршувано вежби по повеќе наставни предмети, бази на податоци и бази на податоци 2, (напредни бази на податоци), на Институтот за информатика, Информатика за студенти по дефендологија , социологија, како и социјална политика и социјална работа на Филозофски факултет. Во текот на летниот семестар во учебната 2007/2008 година ја извршувал настава, под менторство на проф. д-р Маргита Кон Поповска, по предметот бази на податоци 2,, а по избор за насловен доцент ангажиран е како наставник на тој предмет во учебната 2010/2011. Во 2009 година му беше доверен предметот софтверско инженерство на бази податоци, на Институтот за информатика, на постдипломските студии по софтверско инженерство. Активно учествуваше и во изработка на наставни планови и програми на новоакредитираните постдипломски студии по компјутерски науки на Институтот за информатика, на кои заедно со проф Маргита Кон-Поповска е предложен за наставник на неколку предмети. Како член на комисија, има учествувано во изработката и одбраната на десетици дипломски работи. Активно работи на промоција на Институтот за информатика и кандидатите што дипломираат на него. Тој е и соработник кој по потреба ја одржува софтверската програма за упис на студенти и делови од информациониот систем за студентски прашања на ПМФ.

**3. Научноистражувачка дејност**

По завршувањето на постдипломските студии, интензивно работи на докомплетирањето и проширувањето на теоретската рамка, разработена во неговата магистерска работа, како и на систематизација и надградување на експерименталните резултати дадени во неа. Од наведената област, во периодот 2001 – 2010, има објавено вкупно 20 научни трудови во зборници на меѓународни конференции и во научни списанија. Три од нив се печатени во изданието Lecture Notes in Computer Sciences на Springer и два во изданијата IEEE Xplore на IEEE Computer Society. Во 2010 година е избран за член на програмски комитет на реномирана меѓународна конференција во областа на бази податоци - 14th Conference on Advances in Databases and Information Systems (ADBIS), одржана во Нови Сад, Србија.

Област на интерес на д-р Горан Велинов се податочните складови (*Data Warehouses*), нивна оптимизација, дизајн и имплементација. Трудовите под реден

број [1]-[5], изработени во периодот до изборот за асистент, се претставени во Билтенот број 892, од 1.3.2006 година:

[1] G. Velinov, M. Kon-Popovska, Physical Database Design for Data Warehouses, *In proceeding of the Second Conference of Informatics and Information Technologies, CIIT*, 18-22.12.2001, pp. 318-334.

[2] G. Velinov, M. Kon-Popovska, Multidimensional Data Model for Data Warehouses, *In proceeding of the Third Conference of Informatics and Information Technologies, CIIT*, 12-15.12.2002.

[3] Горан Велинов, Оптимален дизајн на складови на податоци и имплементација, *магистерски труд, Институт за информатика при ПМФ*, јуни 2005, pp. 1-87.

[4] G. Velinov, M. Kon-Popovska, Solving View and Index Selection Problem Using Genetic Algorithm, *Proceedings of the Second Balkan Conference in Informatics, BCI'05*, Ohrid, Macedonia, Nov. 17-19, 2005, pp.180-192.

[5] G. Velinov, M. Kon-Popovska, Data Warehouse Design Implementation, *Proceedings of the Second Balkan Conference in Informatics, BCI'05*, Ohrid, Macedonia, Nov. 17-19, 2005, pp. 134-141.

Трудовите под реден број [6]-[17], се изработени во периодот до неговиот избор за насловен доцент во јануари 2009 година и се претставени во Билтенот број 964, од 15.5.2009 година. 8 од овие трудови се објавени во зборници на меѓународни конференции, 1 во научно списание, сите рецензирани од анонимни рецензенти, а трудовите [13] и [14] се печатени исто така и во Lecture Notes in Computer Sciences, Springer Berlin/Heidelberg, во изданијата Computer Science, Volume 5103/2008 pp. 463-470 и Advances in Databases and Information Systems, Volume 5207/2008 pp. 295-304.

[6] G. Velinov, M. Kon-Popovska, D. Gligoroski, Vertical Fragmentation in Relational Data Warehouses, *Proceedings of the Database Theory and Practice in the context of (Semantic) Web Technologies, ROSYCS 2006*, Iasi, Romania, Sept. 19-20, 2006, pp.109-122.

[7] G. Velinov, M. Kon-Popovska, D. Gligoroski, Optimization of Relational Data Warehouses, *Proceedings of the 4th European Conference on Advances in Intelligent Systems and Technologies, ECIT2006*, Iasi, Romania, Sept. 21-23, 2006.

[8] G. Velinov, D. Gligoroski, M. Kon-Popovska, Recessive Bits in Genetic Algorithm for Some Optimization Problems in Relational Data Warehouses, *Proceedings of the Third International Conference - Computer Science'06*, Istanbul, Turkey, October 12-15, 2006, pp.101-106.

[9] G. Velinov, M. Kon-Popovska, D. Gligoroski, A Framework of Static Algorithms for Data Warehouse Optimization, *Proceedings of the Computational Intelligence and Information Technologies CIIT'07*, Molika, Macedonia, Jan. 21-25, 2007.

[10] G. Velinov, D. Gligoroski, and M. Kon-Popovska, Hybrid Greedy and Genetic Algorithms for Optimization of Relational Data Warehouses, *Proceedings of the Artificial Intelligence and Applications - AIA 2007, Proc. of 25th IASTED International Multi-Conference on APPLIED INFORMATICS*, Innsbruck, Austria, February 12–14, 2007, pp.470-475.

[11] G. Velinov, M. Kon-Popovska and D. Gligoroski, Generalization and Improvement of the System of Relational Data Warehouses, *Proceedings of the Third Balkan Conference in Informatics, BCI'07*, Sofia, Bulgaria, Sept. 27-29, 2007, pp.229-240.

[12] G. Velinov, M. Kon-Popovska, D. Gligoroski, Framework for Generalization and Improvement of Relational Data Warehouses, *IJCSNS International Journal of Computer Science and Network Security*, VOL.8 No.3, March 2008, pp.32-40.

[13] B. Jakimovski, D. Cerepnalkoski, G. Velinov, Framework for Workflow Gridication of Genetic Algorithms in Java, *In proceeding of the International Conference on Computational Science, ICCS 2008*, Kraków, Poland 2008**, LNCS** vol. 5103, June 23–25, pp. 463-470.

[14] Goran Velinov, Boro Jakimovski, Darko Cerepnalkoski, Margita Kon-Popovska, "Framework for Improvement of Data Warehouse Optimization Process by Workflow Gridification", in *Proceedings of the 12th Conference on Advances in Databases and Information Systems (ADBIS)*, Pori, Finland, 5 – 9 September, 2008, Springer **LNCS 5207,** pp. 295-304.

[15] G. Velinov, Generalization and Improvement of Relational Data Warehouse Optimization Processes (Обопштување и подобрување на оптимизациските процеси кај релационите податочни складови), *PhD Dissertation, Institute of Informatics, University Ss Cyril and Methodius University*, Skopje, 19.12.2008.

[16] G. Velinov, M. Kon-Popovska, D. Gligoroski, A Generalized Approach to Optimization of Relational Data Warehouses Using Hybrid Greedy and Genetic Algorithms, *International Scientific Annals in Computer Science, Alexandru Ioan Cuza, University of Iasi*, Vol. 19., 2009, 22-55.

[17] Dragan Sahpaski, Goran Velinov, Boro Jakimovski, Margita Kon-Popovska, "Dynamic Evolution and Improvement of Data Warehouse Design" in *Proceedings of the 4th Balkan Conference in Informatics (IEEE BCI'09)*, Thessaloniki, Greece, September 2009 , IEEE Computer Society **IEEE Xplore**, pp.107-112.

По изборот во звањето насловен доцент на Институтот за информатика при ПМФ, ги има објавено следните трудови:

[18] Boro Jakimovski, Dragan Sahpaski, Goran Velinov, "Performance Improvement of Genetic Algorithms by Adaptive Grid Workflows" in *Proceedings of the 11th*

*International Symposium on Symbolic and Numeric Algorithms for Scientific Computing, SYNASC'09,* Timisoara, Romania, September 2009, IEEE Computer Society **IEEE Xplore**, pp. 221-228.

Во овој труд е претставено подобрувањето на перформансите на генетски алгоритми на Grid Direct Acyclic Graph (DAG) workflow со искористување на моќта на High Level Petri - Nets workflow моделот. Генетските алгоритми се многу моќна техника за оптимизација што лесно се паралелизира со користење на различни пристапи што ги прави идеални за грид. High Level Petri - Nets workflow моделот во голема мера е супериорен во однос на DAG workflow моделот достапен во gLite middleware. Со користење на флексибилноста на High Level Petri - Nets workflow се проектирани адаптивни workflows што ја надминуваат хетерогеноста и непредвидливоста на грид инфраструктурата, со што е овозможено на корисниците подобро и постабилно време на извршување од претходно користените DAG workflows. Експерименталните резултати добиени од оптимизацијата на дизајнот на податочните складови со користење на генетските алгоритми ги потврдуваат предностите на новиот пристап со скратување на времето за оптимизација до 50% за исто процесорско време. Друга предност е зголемената стабилност на варијансата на времето на извршување на околу 30 минути за различни оптоварувања на гридот.

[19] Boro Jakimovski, Dragan Sahpaski, Goran Velinov. "Optimization of Adaptive Petri-Net Grid Genetic Algorithm Workflows", in *Proceedings of the ICT Innovations 2009,* Ohord, Masedonia, September 2009, Springer Signals, pp.401-410.

Во овој труд е претставена методологијата за анализа на можните подобрувања на ефикасноста на Adaptive Petri-Net Grid Genetic Algorithm workflow. Перформансите се анализирани со помош на неколку параметри кои влијаат врз однесувањето на оптимизацијата. Перформансите се мерат преку намалување на времето на извршување на процесот на потрага по решение со соодветен квалитет. Во текот на анализата дефинирани се стабилна мерки на квалитетот на решенијата што се користат во експериментите. Експерименталните резултати добиени во процесот на оптимизација на дизајнот на складовите на податоци со генетски алгоритам покажуваат исклучително интересно влијание на некои параметри врз времето на оптимизацијата за добивање на исто ниво на квалитет.

[20] Aleksandar Dimovski, Goran Velinov, Dragan Sahpaski, "Horizontal Partitioning by Predicate Abstraction and its Application to Data Warehouse Design", in *Proceedings of the 14$^{th}$ Conference on Advances in Databases and Information Systems (ADBIS),* Novi Sad, Serbia, 20-24 September, 2010, Springer **LNCS 6295,** pp.164-175.

Во овој труд е предложен нов метод за хоризонтално партиционирање на релации базиран на предикатната апстракција со користење конечно множество предикати дефинирани над целиот домен на релациите. Овој метод е формален и

композициски: произволни фрагменти на релациите може да се поделат со произволен број на предикати. Овој метод на партиционирање е применет за решавање на проблемот за наоѓање соодветен дизајн за релациони податочни складови со користење на шема ѕвездичка така што перформансите за одреден обем на работа се оптимизирани. Се користи генетски алгоритам за наоѓање на соодветно решение за овој оптимизациски проблем. Експерименталните резултати ја потврдуваат ефективноста на приодот.

Исто така има активно учествувано во следниве меѓународни проекти на Институтот за информатика:

1. Distributing Information Technologies - New Curricula and Flexible Education, TEMPUS AC_JEP-14440-1999, 2000-2001

Во рамките на овој проект престојувал еден месец на стручно усовршување во Солун, Грција, каде што со тимот од Институтот за информатика работел на изградба на динамичен универзитетски веб портал, како и на својата магистерска работа.

2. ELISA (e-learning for improving access to Information Society for SMEs in the SEE Area), INTERREG IIIB CADSES, 2006-2008

Во рамките на овој проект учествуваше во формирање материјали за учење на далечина приспособени за водење на електронски претпријатија, како и во соодветни обуки.

3. SEE-GRID (South East European GRID), 6FP IST project, 2004-2006.

Истражувањата на д-р Горан Велинов во рамките на овој проект се насочени кон можности за гридификација на алгоритми за оптимизација на складови податоци имплементирани на инсталирани грид платфоми на Југоисточна Европа, изградени во рамките на проектот. Како член на тимот на проектот присуствувал на работилница: SEE-GRID Workshop, Istanbul, Turkey, 9 - 10 December, 2004.

4. SEE-GRID2 (South East European GRID), 7FP IST project, 2006-2008

Истражувањата на д-р Горан Велинов во рамките на овој проект се насочени кон можности за гридификација на алгоритми за оптимизација на складови податоци имплементирани на инсталирани грид платфоми на Југоисточна Европа, изградени во рамките на проектот.

**4. Стручно-апликативна дејност**

Кандидатот д-р Горан Велинов работел во повеќе комерцијални фирми (T-Mobile Macedonia, EVN Macedonia, TechnoLogica Macednia) на развој на автоматизирани информациони системи и софтверски решенија од областа на базите на податоци, при што се стекнал со богато практично искуство. Тој има голем број на професионални сертификати, меѓу кои Oracle Certified Trainer (2009) и Oracle Certified Professional – OCP (2008).

Во продолжение е дадена кратка листа на стручно-апликативни проекти на кандидатот:

1. проект: Консултант за поддршка и одржување на системот Е-Катастар во Агенцијата за катастар на недвижности на РМ; позиција: консултант; период: март 2010.
2. проект: Имплементација на информациски систем за човечки ресурси во Министерството за транспорт и врски на РМ; позиција: раководител на проектот; период: август 2009 – декември 2009.
3. проект: Ревизија, редизајнирање и оптимизација на информациони системи, EVN Македонија; позиција: ИТ-консултант; период: јануари 2005 – октомври 2006.
4. проект: Развој на модул за материјално работење, EVN Макеоднија; позиција: раководител на проектот; период: јануари 2003 – декември 2004.
5. проект: Ревизија на информациони системи, T-home Македонија; позиција: надворешен ИТ-консултант; период: јануари 2003 – декември 2003.
6. проект: Анализа, проектирање и развој на информациски систем за лојалност на корисниците 360 клуб – Т-Мобиле Македонија; позиција: раководител на проектот, дизајнер на системот; Период: јануари 2002 – септември 2002.
7. проект: Анализа, проектирање и развој на информациски систем за потребите на правниот сектор – Т-Мобиле Македонија; позиција: раководител на проектот, дизајнер на системот и програмер; период: јануари 2001 – декември 2001.
8. проект: Развој на финансиски модули за интеграција на Billing system BSCS и ERP system SAP: Анализа, проектирање и развој на информациски систем автоматско книжење на сите видови уплати – Т-Мобиле Македонија; позиција: раководител на проектот, дизајнер на системот; период: јануари 2000 – декември 2000.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од погоре изнесеното, а врз база на приложениот материјал и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија заклучува дека кандидатот д-р Горан Велинов покажал забележителни активности и резултати како на наставно така и на стручно и научно поле. Со својот професионален, сериозен и одговорен пристап кон обврските, како и коректниот однос кон колегите и студентите, тој е ценет на Институтот за информатика. Тој е одличен предавач, кој ги стимулира студентите да се зафаќаат со решавање реални проблеми од областа на базите на податоци. Д-р Горан Велинов во изминатите години од неговото дипломирање се оформува во сериозен научен работник во поширока област на информационите системи, базите податоци и складовите податоци, за што сведочат бројни објавени трудови, одбранети на специјализирани конференции и објавени во реномирани списанија. Неговото повеќегодишно практично искуство во проектирањето и реализацијата на базите и складовите на податоци од поголеми размери (бази податоци во мобилна

телефонија и електростопанство) му овозможиле да се зафати со теориски проучувања и решавање на реални оптимизациски проблеми кои обезбедуваат поефикасни и побрзи анализи во системи од поголеми размери.
Затоа, ни претставува особена чест на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет да му предложиме, докторот по информатички науки, д-р Горан Велинов, доктор на информатички науки, да биде избран за доцент од група предмети по информатика на Институтот за информатика при Природно-математичкиот факултет.

Рецензентска комисија

1. Д-р Маргита Кон-Поповска, редовен професор на ПМФ во Скопје
   с.р.

2. Д-р Данило Глигороски, насловен вонреден професор на ПМФ во Скопје и професор на Норвешкиот универзитет на науки и технологии, Трондхеим, Норвешка,
   с.р.

3. Д-р Катерина Здравкова, редовен професор на ПМФ во Скопје
   с.р.

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

Кандидат:
**Горан Ристе Велинов**
Институција:
**Природно-математички факултет, Институт за информатика**
Научна област:
**информатика**

**Научноистражувачка дејност**

| Ред.бр. | Назив активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1 | G. Velinov, M. Kon-Popovska, D. Gligoroski, Vertical Fragmentation in Relational Data Warehouses, *Proceedings of the Database Theory and Practice in the context of (Semantic) Web Technologies, ROSYCS 2006*, Iasi, Romania, Sept. 19-20, 2006, pp.109-122. Труд со оригинални-научно стручни резултати, објавен во зборник на меѓународен собир со меѓународен уредувачки одбор – 3 автори [3 x 80%] | 2,4 |
| 2 | G. Velinov, M. Kon-Popovska, D. Gligoroski, Optimization of Relational Data Warehouses, *Proceedings of the 4th European Conference on Advances in Intelligent Systems and Technologies, ECIT2006*, Iasi, Romania, Sept. 21-23, 2006. Труд со оригинални-научно стручни резултати, објавен во зборник на меѓународен собир со меѓународен уредувачки одбор - 3 автори [3 x 80%]. | 2,4 |
| 3 | G. Velinov, D. Gligoroski, M. Kon-Popovska, Recessive Bits in Genetic Algorithm for Some Optimization Problems in Relational Data Warehouses, *Proceedings of the Third International Conference - Computer Science'06*, Istanbul, Turkey, October 12-15, 2006, pp.101-106. Труд со оригинални-научно стручни резултати, објавен во зборник на меѓународен собир со меѓународен уредувачки одбор - 3 автори [3 x 80%] | 2,4 |
| 4 | G. Velinov, M. Kon-Popovska, D. Gligoroski, A Framework of Static Algorithms for Data Warehouse Optimization, *Proceedings of the Computational Intelligence and Information Technologies CIIT'07*, Molika, | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | Macedonia, Jan. 21-25. 2007. Секциско предавање на научен стручен собир. | |
| 5 | G. Velinov, D. Gligoroski, and M. Kon-Popovska, Hybrid Greedy and Genetic Algorithms for Optimization of Relational Data Warehouses, *Proceedings of the Artificial Intelligence and Applications - AIA 2007, Proc. of 25th IASTED International Multi-Conference on APPLIED INFORMATICS*, Innsbruck, Austria, February 12–14, 2007, pp.470-475. Труд со оригинални-научно стручни резултати, објавен во зборник на меѓународен собир со меѓународен уредувачки одбор - 3 автори [3 x 80%] | 2,4 |
| 6 | G. Velinov, M. Kon-Popovska and D. Gligoroski, Generalization and Improvement of the System of Relational Data Warehouses, *Proceedings of the Third Balkan Conference in Informatics, BCI'07*, Sofia, Bulgaria, Sept. 27-29, 2007, pp.229-240. Труд со оригинални-научно стручни резултати, објавен во зборник на меѓународен собир со меѓународен уредувачки одбор - 3 автори [3 x 80%] | 2,4 |
| 7 | G. Velinov, M. Kon-Popovska, D. Gligoroski, Framework for Generalization and Improvement of Relational Data Warehouses, *IJCSNS International Journal of Computer Science and Network Security*, VOL.8 No.3, March 2008, pp.32-40. Трудо со оригинални-научно стручни резултати, објавен во меѓународно научно списание - 3 автори [4 x 80%]. | 3,2 |
| 8 | B. Jakimovski, D. Cerepnalkoski, G. Velinov, Framework for Workflow Gridication of Genetic Algorithms in Java, *In proceeding of the International Conference on Computational Science, ICCS 2008,* Kraków, Poland 2008, **LNCS** vol. 5103, June 23–25, pp. 463-470. Труд со оригинални-научно стручни резултати, објавен во зборник на меѓународен собир со меѓународен уредувачки одбор - 3 автори [3 x 80%] | 2,4 |
| 9 | Goran Velinov, Boro Jakimovski, Darko Cerepnalkoski, Margita Kon-Popovska, "Framework for Improvement of Data Warehouse Optimization Process by Workflow Gridification", in *Proceedings of the 12th Conference on Advances in Databases and Information Systems (ADBIS)*, Pori, Finland, 5 – 9 September, 2008, Springer **LNCS 5207,** pp. 295-304. Труд со оригинални-научно стручни резултати, објавен во зборник на меѓународен собир со меѓународен уредувачки одбор - 4 автори [3 x 60%] | 1,8 |
| 10 | Докторска дисертација: G. Velinov, Generalization and Improvement of Relational Data Warehouse Optimization Processes (Обопштување и подобрување на оптимизациските процеси кај релационите податочни складови), *PhD Dissertation, Institute of Informatics, University Ss Cyril and Methodius University*, Skopje, 19.12.2008. | 8 |
| 11 | G. Velinov, M. Kon-Popovska, D. Gligoroski, A Generalized Approach to Optimization of Relational Data Warehouses Using Hybrid Greedy and Genetic Algorithms, *International Scientific Annals in Computer Science, Alexandru Ioan Cuza, University of Iasi*, Vol. 19., 2009, 22-55. Трудо со оригинални-научно стручни резултати, објавен во меѓународно научно списание - 3 автори [4 x 80%]. | 3,2 |
| 12 | Dragan Sahpaski, Goran Velinov, Boro Jakimovski, Margita Kon-Popovska, "Dynamic Evolution and Improvement of Data Warehouse Design" in | 1,8 |

| | | |
|---|---|---|
| | *Proceedings of the 4th Balkan Conference in Informatics (IEEE BCI'09)*, Thessaloniki, Greece, September 2009 , IEEE Computer Society **IEEE Xplore**, pp.107-112. Труд со оригинални-научно стручни резултати, објавен во зборник на меѓународен собир со меѓународен уредувачки одбор - 4 автори [3 x 60%] | |
| 13 | Boro Jakimovski, Dragan Sahpaski, Goran Velinov, "Performance Improvement of Genetic Algorithms by Adaptive Grid Workflows" in *Proceedings of the 11th International Symposium on Symbolic and Numeric Algorithms for Scientific Computing, SYNASC'09*, Timisoara, Romania, September 2009, IEEE Computer Society **IEEE Xplore**, pp. 221-228. Труд со оригинални-научно стручни резултати, објавен во зборник на меѓународен собир со меѓународен уредувачки одбор - 3 автори [3 x 80%]. | 2,4 |
| 14 | Boro Jakimovski, Dragan Sahpaski, Goran Velinov. "Optimization of Adaptive Petri-Net Grid Genetic Algorithm Workflows", in *Proceedings of the ICT Innovations 2009*, Ohord, Masedonia, September 2009, Springer Signals, pp.401-410. Труд со оригинални-научно стручни резултати, објавен во зборник на меѓународен собир со меѓународен уредувачки одбор - 3 автори [3 x 80%]. | 2,4 |
| 15 | Aleksandar Dimovski, Goran Velinov, Dragan Sahpaski, "Horizontal Partitioning by Predicate Abstraction and its Application to Data Warehouse Design", in *Proceedings of the 14th Conference on Advances in Databases and Information Systems (ADBIS)*, Novi Sad, Serbia, 20-24 September, 2010, Springer **LNCS 6295**, pp.164-175. Труд со оригинални-научно стручни резултати, објавен во зборник на меѓународен собир со меѓународен уредувачки одбор - 3 автори [3 x 80%]. | 2,4 |
| 16 | Distributing Information Technologies - New Curricula and Flexible Education, TEMPUS AC JEP-14440-1999, 2000-2001. Учесник во меѓународен проект. | 5 |
| 17 | ELISA (e-learning for improving access to Information Society for SMEs in the SEE Area), INTERREG IIIB CADSES, 2006-2008. Учесник во меѓународен проект. | 5 |
| 18 | SEE-GRID (South East European GRID), 6FP IST project, 2004-2006. Учесник во меѓународен проект. | 5 |
| 19 | SEE-GRID2 (South East European GRID), 7FP IST project, 2006-2008. Учесник во меѓународен проект. | 5 |
| | Вкупно | 60,6 |

**Наставно-образовна дејност**

| Ред.бр. | Назив активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Настава по предметот бази на податоци 2, за студентите по информатика во учебната 2010/11, зимски семестар, [1група x 2 часа x 15 недели x 0,04 | 1,24 |

| | | |
|---|---|---|
| | + 0,002 (консултации) x број на студенти (18)] | |
| 2 | Настава по предметот бази на податоци 2, за студентите по информатика во учебната 2009/10, зимски семестар [1група x 2 часа x 15 недели x 0,04 + 0,002 (консултации) x број на студенти (33)] | 1,27 |
| 3 | Аудиториски вежби по предметот бази на податоци 2, за студентите по информатика во учебната 2008/09, зимски семестар [1група x 1 час x 15 недели x 0,03 + 0,002 (консултации) x број на студенти (21)] | 0,49 |
| 4 | Лабораториски вежби по предметот бази на податоци 2, за студентите по информатика во учебната 2008/09, зимски семестар [1група x 2 часа x 15 недели x 0,03 + 0,002 (консултации) x број на студенти (21)] | 0,94 |
| 5 | Настава по предметот напредни бази податоци, на постдипломски студии на насоката софтверско инженерство во учебната 2008/09, летен семестар [1група x 2 часа x 15 недели x 0,05 + 0,002 (консултации) x број на студенти (32)] | 1,56 |
| 6 | Настава (под ментроство) по предметот бази на податоци 2, за студентите по информатика во учебната 2007/08, летен семестар [1група x 2 часа x 15 недели x 0,04 + 0,002 (консултации) x број на студенти (43)] | 1,29 |
| 7 | Аудиториски вежби по предметот бази на податоци 2, за студентите по информатика во учебната 2007/08, летен семестар [2 групи x 1 час x 15 недели x 0,03 + 0,002 (консултации) x број на студенти (43)] | 0,54 |
| 8 | Лабораториски вежби по предметот бази на податоци 2, за студентите по информатика во учебната 2008/09, летен семестар, [2 групи x 2 часа x 15 недели x 0,03 + 0,002 (консултации) x број на студенти (43)] | 1,89 |
| 9 | Аудиториски вежби по предметот бази на податоци 2, за студентите по информатика во учебната 2007/08, зимски семестар [1група x 1 час x 15 недели x 0,03 + 0,002 (консултации) x број на студенти (11)] | 0,47 |
| 10 | Лабораториски вежби по предметот бази на податоци 2, за студентите по информатика во учебната 2007/08, зимски семестар, [1група x 2 часа x 15 недели x 0,03 + 0,002 (консултации) x број на студенти (11)] | 0,92 |
| 11 | Лабораториски вежби по предметот Тимска работа за студентите по информатика во учебната 2007/08, зимски семестар [1 група x 2 часа x 15 недели x 0,03 + 0,002 (консултации) x број на студенти (18)] | 0,94 |
| 12 | Аудиториски вежби по предметот бази на податоци 2, за студентите по информатика во учебната 2006/07, летен семестар, [2 групи x 1 час x 15 недели x 0,03 + 0,002 (консултации) x број на студенти (45)] | 0,54 |
| 13 | Лабораториски вежби по предметот бази на податоци 2, за студентите по информатика во учебната 2006/07, летен семестар, [2 групи x 2 часа x 15 недели x 0,03 + 0,002 (консултации) x број на студенти (45)] | 1,89 |
| 14 | Лабораториски вежби по предметот Бази на податоци за студентите по информатика во учебната 2006/07 (ЕКТС систем), летен семестар, [2 групи x 2 часа x 15 недели x 0,03 + 0,002 (консултации) x број на студенти (38)] | 1,88 |
| 15 | Лабораториски вежби по предметот Бази на податоци за студентите по информатика во учебната 2006/07, зимски семестар, [2 групи x 2 часа x 15 недели x 0,03 + 0,002 (консултации) x број на студенти (45)] | 1,89 |
| | Вкупно | 17,73 |

**Стручно-апликативна работа**

| Ред. Број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Консултант за поддршка и одржување на системот Е-Катастар во Агенцијата за катастар на недвижности на РМ; позиција: консултант. | 1 |
| 2 | Имплементација на информациски систем за човечки ресурси во министерството за Транспорт и врски на РМ; позиција: раководител на проектот. | 4 |
| 3 | Ревизија, редизајнирање и оптимизација на информациони системи, EVN Македонија; позиција: ИТ-консултант. | 1 |
| 4 | Развој на модул за материјално работење, EVN Макеоднија; позиција: раководител на проектот. | 2 |
| 5 | Ревизија на информациони системи, T-home Македонија; позиција: надворешен ИТ консултант. | 1 |
| 6 | Анализа, проектирање и развој на информациски систем за лојалност на корисниците 360 клуб – Т-Мобиле Македонија; позиција: раководител на проектот, дизајнер на системот. | 1 |
| 7 | Анализа, проектирање и развој на информациски систем за потребите на правниот сектор – Т-Мобиле Македонија; позиција: раководител на проектот, дизајнер на системот и програмер. | 1 |
| 8 | Развој на финансиски модули за интеграција на Billing system BSCS и ERP system SAP: Анализа, проектирање и развој на информациски систем автоматско книжење на сите видови уплати – Т-Мобиле Македонија; позиција: раководител на проектот; | 4 |
| | Вкупно | 15 |

**Дејност од поширок интерес**

| Ред. Број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Член на програмски одбор на меѓунар.научен собир ADBIS 2010 | 1 |
| 2 | Член на програмски одбор на меѓунар.научен собир ICT Inovations 2010 | 1 |
| | | |
| | | |
| | Вкупно | 2 |

Рецензентска комисија

4. Д-р Маргита Кон-Поповска, редовен професор на ПМФ во Скопје
   с.р.

5. Д-р Данило Глигороски, насловен вонреден професор на ПМФ во Скопје и професор на Норвешкиот универзитет на науки и технологии, Трондхеим, Норвешка.
   с.р.

6. Д-р Катерина Здравкова, редовен професор на ПМФ во Скопје
   с.р.

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА НА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ГРАЃАНСКО МАТЕРИЈАЛНО ПРАВО НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, донесена на седницата одржана на 24.9.2010 година, избрани сме за членови на Рецензентската комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област граѓанско материјално право на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, за време од пет години.

На распишаниот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област граѓанско материјално право за време од 5 (пет) години, објавен во дневниот весник „Дневник“ на 3.9.2010 година, се пријави еден кандидат, д-р Тина Пржеска, асистент на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

Кон пријавата кандидатката достави: кратка биографија (CV), список на објавени научни и стручни трудови и по еден примерок од трудовите со напомена дека останатите документи во оригинал се наоѓаат во нејзиното персонално досие на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

По разгледувањето на пријавата и другите приложени документи, Рецензентската комисија во состав: д-р Арсен Јаневски, редовен професор, д-р Родна Живковска, редовен професор и д-р Јадранка Дабовиќ – Анастасовска, редовен професор, до Наставно-научниот совет го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### *I. Библиографски податоци*

Кандидатката д-р Тина Пржеска е родена на 4.5.1983 година во Скопје, каде што завршила основно и средно образование. Се запишала на Правниот факултет во Скопје, во учебната 2001/2002 година, а дипломирала за три и пол години со просек 8,6.

На постдипломските студии по граѓанско право на Правниот факултет во Скопје се запишала во учебната 2005/2006 година, а предвидените испити ги завршила во рок од една и пол година со просек 9.85. Истовремено со посетувањето на постдипломските студи по граѓанско право, кандидатката д-р Тина Пржеска го завршила и своето волонтирање како приправник во адвокатска канцеларија, во времетраење од две години.

Кандидатката била избрана за демонстратор по предметите општ дел на граѓанското право и стварно право, за студиската 2007/2008 година, на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, каде што поставените задачи совесно и успешно ги извршувала.

Во јули 2007 година пријавила магистерска теза од областа на општиот дел на граѓанското право.

На 12.5.2008 година мошне успешно го одбранила магистерскиот труд под наслов **Правната природа и значењето на атрибутите на физичките лица во граѓанскоправните односи**, со што се стекнала со титулата магистер на правни науки од областа на граѓанското материјално право.

На 4.12.2008, со одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, кандидатката е избрана во звањето помлад асистент на научната област граѓанско материјално право.

Кандидатката на 11.6.2008 година пријавила докторска дисертација под наслов **Правото на договорен залог како граѓанско субјективно право.**

Со одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје од 4.6.2009 година, кандидатката д-р Тина Пржеска е избрана во соработничко звање - асистент на научната област граѓанско материјално право.

На 5 јули 2010 година, кандидатката д-р Тина Пржеска успешно ја одбранила докторската дисертација под наслов **Правото на договорен залог како граѓанско субјективно право.**

Денес кандидатката д-р Тина Пржеска е секретар на Институтот по граѓанско право и секретар на Колегиумот на магистерските студии по граѓанско материјално право и граѓанско процесно право на Правниот факултет „Јустинијан Први во Скопје.

Има одлично познавање на англискиот јазик (активно и пасивно), како и пасивно познавање на италијанскиот и шпанскиот јазик. Исто така, кандидатката одлично ја познава работата со компјутери.

*II. Учество на семинари и конференции*

1. Пријава за учество на ПРВАТА РЕГИОНАЛНА КОНФЕРЕНЦИЈА НА ФОРУМОТ ЗА ГРАЃАНСКОТО ПРАВО НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА, закажана за 28-29 октомври 2010 година, Цавтат, Република Хрватска.
2. Учество на 58 Средба на правниците од стопанството, одржана во март 2008 година во Охрид, Р. Македонија.
3. Учество на научната расправа КОДИФИКАЦИЈА НА МАКЕДОНСКОТО ГРАЃАНСКО И ТРГОВСКО ПРАВО, организирана од Македонската академија на науките и уметностите одржана во јуни 2008 година во Скопје, Р. Македонија.
4. ЗАКОНСКА РАМКА НА ТЕКОВНАТА СУДИСКА РЕФОРМА, Научна расправа во рамките на проектот ЕВРОИНТЕРГРАЦИЈАТА НА ОПШТЕСТВЕНИОТ, ПРАВНИОТ И ПОЛИТИЧКИОТ СИСТЕМ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, Правен факултет „Јустинијан Први", 2006 година.

*III. Објавени научни и стручни трудови*

Кандидатката д-р Тина Пржеска е автор/коавтор на повеќе научни и стручни трудови од областа на граѓанското материјално право:

1. **Лексикон на облигационото право (превод)**, семинарска работа на постдипломските студии по граѓанско право на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, под менторство на проф. д-р Јадранка Дабовиќ – Анастасовска, Скопје, 2006;
2. **Застапување на странките во парничната постапка**, семинарска работа на постдипломските студии по граѓанско право на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, под менторство на проф. д-р Арсен Јаневски, Скопје 2006;
3. **Правни извори за запишување на правата на недвижностите,** научно- истражувачка работа, под менторство на проф. д-р Родна Живковска, 2007;
4. **Атрибути на физичките лица** (во коавторство со професор д-р Родна Живковска), труд за Зборникот на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје во чест на Фрањо Бачиќ, Скопје, 2007;
5. **Атрибутите на физичките лица во правата на земјите - членки на ЕУ** (во коавторство со професор д-р Родна Живковска), Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје во чест на Борислав Благоев, Скопје, 2007;
6. **Правната природа и значењето на атрибутите на физичките лица во граѓанскоправните односи,** магистерски труд, мај 2008;
7. **Процесноправното значење на живеалиштето и престојувалиштето во правниот систем на Република Македонија** (во коавторство со проф. д-р Родна Живковска), Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, во чест на Панта Марина, Скопје, 2007;
8. **Експропријацијата во правниот систем на Р. Македонија,** труд за Зборникот на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, 2008;
9. **Карактеристики на заложното право како стварноправно средство за обезбедување на побарувањата** (во коавторство со проф. д-р Родна Живковска), претходен труд за монографијата ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПОБАРУВАЊАТА во издание на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, 2008;

10. **Предмет на залогот како стварноправно средство за обезбедување на побарувањата** (во коавторство со проф. д-р Родна Живковска), предложен труд за монографијата ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПОБАРУВАЊАТА во издание на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје 2008;
11. **Досегашни и идни активности врз планот за кодификација на стварноправните односи во Република Македонија** (во коавторство со проф. д-р Родна Живковска) „Кодификација на македонското граѓанско и трговско право", Зборник од научната расправа одржана во Скопје на 18 јуни 2008, МАНУ, Скопје, 2008;
12. **Способностите како содржина на субјективитетот на физичките лица,** Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје во чест на Стефан Георгиевски, Скопје, 2009;
13. **Значењето на државјанството на физичките лица во граѓанскоправните односи низ историјата,** Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје во чест на Тодор Џунов, Скопје, 2009;
14. **Влијанието на правните факти - на субјективитетот на физичките лица** (во коавторство со проф. д-р Родна Живковска), Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје во чест на Тодор Џунов, Скопје, 2009;
15. **Заштита на граѓанските субјективни права од страна на државните органи во правниот систем на Р. Македонија** (во коавторство со проф. д-р Родна Живковска), Судиска ревија, Скопје, 2009;
16. **Застапништво,** труд за Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје во чест на Тодор Рушков, Скопје 2009;
17. **Вршење на граѓанските субјективни права, Воведни теми 3,** (во коавторство со професор д-р Родна Живковска), монографија, Европа 92, Скопје, 2009;
18. **Заштита на граѓанските субјективни права од страна на државните органи во уставноправниот систем на Р. Македонија,** (во коавторство со проф. д-р Родна Живковска), Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје во чест на Владимир Митоков, Скопје, 2010;
19. **Национализацијата и денационализацијата како оригинерни начини на стекнување на правото на сопственост,** Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје во чест на Владимир Митоков, Скопје, 2010.

Од изборот за асистент на научната област граѓанско материјално право до денес кандидатката д-р Тина Пржеска како автор, односно коавтор ги има напишано следниве трудови:

1. **Стварноправни средства за обезбедување на побарувањата на недвижностите,** во коавторство со проф. д-р Родна Живковска е изработен труд за Првата регионална конференција на форумот за граѓанско право во Југоисточна Европа во организација на GTZ, октомври 2010.

Во трудот авторите ги претставуваат стварноправните средства за обезбедување на побарувањата на недвижни ствари во правниот систем на Р. Македонија. Во центарот на разгледувањето се стварноправните средства за обезбедување на побарувањата на недвижни ствари, т.е. правото на залог и фидуцијарниот пренос на правото на сопственост.

Авторите во трудот посебно се задржуваат на правото на договорен залог на недвижни ствари – хипотеката. Во трудот авторите подвлекуваат дека предмет на хипотеката можат да бидат само недвижните ствари кои се во сопственост на заложниот должник и кои се во правен промет. Поради ова, авторите објаснуваат дека предмет на договорна хипотека можат да бидат и: недвижна ствар, повеќе недвижни ствари заедно (симултана хипотека), идеален дел од недвижната ствар, недвижна ствар во сосопственост или во заедничка сопственост и идна недвижна ствар. Авторите во трудот наведуваат дека предмет на хипотеката се и бродовите и воздухопловите кои, иако се движат, Законот ги изедначува со недвижните ствари.

Во трудот авторите ја одбележуваат и новината на Законот за катастар на недвижности, според која договорната хипотека во катастарот на недвижности повеќе не се запишува како товар на недвижностите, туку се укнижува како стварно субјективно право.

Авторите во трудот се задржуваат и на реализација на правото на договорна хипотека до која доаѓа доколку се исполнат два услова: должникот да паднал во задоцнување и договорот за залог да има својство на извршна исправа. Авторите укажуваат дека во правниот живот на Р. Македонија постапките за реализација на договорната хипотека ги спроведуваат нотарите и извршителите.

Во поглед на фидуцијарниот пренос на правото на сопственост, како стварноправно средство за обезбедување на побарувањата, авторите го претставуваат неговото доброволно востановување врз основа на спогодба склучена во судска постапка или пред нотар.

Авторите ги изразуваат и поделените мислења на цивилната доктрина во поглед на прашањето дали правото на фидуцијарен пренос на правото на сопственост е акцесорно или неакцесорно средство за обезбедување на побарувањата. Според, нив ова средство за обезбедување има акцесорен карактер.

2. **Трансформација на правото на трајно користење на градежното земјиште во државна сопственост во правниот систем на Р. Македонија** (во коавторство со проф. д-р Родна Живковска), труд даден за печат во списанието „Судиска ревија", Скопје, 2010.

Во трудот авторите ја претставуваат трансформацијата на правото на трајно користење во право на сопственост или право на долготраен закуп, во правниот систем на Р. Македонија. Трудот покажува дека трансформацијата се одвивала во три фази. Според авторите, првата фаза започнува со Законот за градежно земјиште од 2001 година со кој, според авторите, на сеопфатен начин била уредена трансформацијата на правото на трајно користење во право на сопственост или во право на долготраен закуп. Втората фаза, според авторите, започнува со Уредбата за начинот и постапката за отуѓување на градежното изградено земјиште - сопственост на Р. Македонија, која го уредувала само отуѓувањето на градежното изградено земјиште - сопственост на Р. Македонија на домашни физички и правни лица. Третата фаза, според авторите, започнува со донесувањето на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост од 2005 година со кој се уредува приватизацијата на градежното изградено и неизградено земјиште во државна сопственост на кое постои корисничко право.

Од трудот се гледа дека Законот за градежно земјиште од 2001 година разликувал четири категории на лица кои биле носители на правото на користење, па според тоа имале и право на трансформација на градежното земјиште што го користеле. Станува збор за поранешните сопственици, за лицата кои купиле станбен или друг објект на градежното земјиште во општествена сопственост, за лицата на кои градежното земјиште им е доделено заради изградба и за сопствениците на станови или други објекти, кои не се стекнале со корисничко право.

Трудот покажува дека Уредбата за начинот и постапката за отуѓување на градежното изградено земјиште - сопственост на Р. Македонија од 2003 година го уредува начинот на трансформација на правото на трајно користење во право на сопственост за оние корисници кои не платиле надомест за правото на користење на градежното земјиште, па според тоа со право, авторите заклучуваат дека оваа постапка наликува на отуѓување, а не на трансформација.

Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост од 2005 година, според авторите, неспорно е дека ја уредува приватизацијата на градежното земјиште и стекнувањето на правото на долготраен закуп. Авторите укажуваат дека законодавецот приватизацијата ја уредува на два начина, т.е. како *приватизација без надомест* и *приватизација со надомест*.

3. **Правото на договорен залог како граѓанско субјективно право,** докторска дисертација, март 2010.

Докторската дисертација ПРАВОТО НА ДОГОВОРЕН ЗАЛОГ КАКО ГРАЃАНСКО СУБЈЕКТИВНО ПРАВО, на кандидатката д-р Тина Пржеска, е составена од ПРЕДГОВОР, ВОВЕД, ТРИ ДЕЛА и ЗАКЛУЧОК.

ПРЕДГОВОРОТ е напишан од д-р Родна Живковска, ментор на кандидатката. Во него менторката укажува дека предмет на докторската дисертација е правото на договорен залог како граѓанскоправен институт, кој авторката го разгледува прво во својата историска димензија, т.е. од периодот на римското право – па се до современото (модерното) право, а притоа го објаснува сестрано, како од позитивноправен аспект, така и од компаративен аспект. Позитивното право на Р. Македонија е претставено како преку генералниот Закон за сопственост и други стварни права, така и преку специјалниот Закон за договорен залог. Со помош на компаративниот аспект на разгледување, авторката се осврнува на правото на договорен залог во земјите - членки на Европската унија (Р. Франција, Р. Германија, Р. Италија, Р. Словенија и Р.Бугарија) и земјите - кандидати за членство во Европската унија (Р. Србија и Р. Хрватска).

Во ВОВЕДОТ кандидатката мошне јасно ја поставува целта на изработка на докторската дисертација која се темели на поставеното прашање: Дали правото на договорен залог е стварно или облигационо субјективно право? Во остварувањето на оваа задача кандидатката поаѓа од тезата дека институтот право на договорен залог треба да се разгледа од аспект на позитивното право, компаративното право и во неговата историска димензија, па дури потоа да се објасни каква е правната природа на правото на договорен залог.

ПРВИОТ ДЕЛ од дисертацијата насловен како: **ПРАВОТО НА ДОГОВОРЕН ЗАЛОГ НИЗ ИСТОРИЈАТА** е составен од пет глави: *Прва глава* - ПРАВОТО НА ДОГОВОРЕН ЗАЛОГ ВО РОБОВЛАДЕТЕЛСКОТО ОПШТЕСТВО (РИМСКАТА ДРЖАВА И ПРАВО); *Втора глава* - ПРАВОТО НА ДОГОВОРЕН ЗАЛОГ ВО ФЕУДАЛНОТО ОПШТЕСТВО; *Трета глава* - ПРАВОТО НА ДОГОВОРЕН ЗАЛОГ ВО КАПИТАЛИСТИЧКОТО ОПШТЕСТВО; *Четврта глава* - ПРАВОТО НА ДОГОВОРЕН ЗАЛОГ ВО СОЦИЈАЛИСТИЧКОТО ОПШТЕСТВО (НА СФР ЈУГОСЛАВИЈА) и *Петта глава* - ПРАВОТО НА ДОГОВОРЕН ЗАЛОГ ВО ПРАВНИОТ СИСТЕМ НА Р. МАКЕДОНИЈА ДО ДОНЕСУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ЗА ДОГОВОРЕН ЗАЛОГ ОД 2003 ГОДИНА.

Во Првата глава - ПРАВОТО НА ДОГОВОРЕН ЗАЛОГ ВО РОБОВЛАДЕТЕЛСКОТО ОПШТЕСТВО (РИМСКАТА ДРЖАВА И ПРАВО), кандидатката, со примена на историскиот и аналитичкиот метод на истражување, го претставува правото на договорен залог во робовладетелското општество, т.е. во римската држава и право.

Во Втората глава - ПРАВОТО НА ДОГОВОРЕН ЗАЛОГ ВО ФЕУДАЛНОТО ОПШТЕСТВО, кандидатката, врз основа на историско-правниот и аналитичкиот метод на истражување, ги претставува спецификите на правото на договорен залог во феудалното општество.

Поаѓајќи од мошне голем број на правни извори, кандидатката го претставува правото на договорен залог, како од аспект на обичајното право во Р. Македонија, така и од аспект на одделни (посебни) правни прописи (Законот на Сулејман Хан и др.).

Во Третата глава - ПРАВОТО НА ДОГОВОРЕН ЗАЛОГ ВО КАПИТАЛИСТИЧКОТО ОПШТЕСТВО, кандидатката ги анализира карактеристиките и содржината на правото на договорен залог во периодот на капиталистичкото општество и тоа преку Францускиот граѓански законик, Германскиот граѓански законик, Австрискиот граѓански законик, Италијанскиот граѓански законик и други, кои доведуваат до модернизација на правото на договорен залог.

Во Четвртата глава - ПРАВОТО НА ДОГОВОРЕН ЗАЛОГ ВО СОЦИЈАЛИСТИЧКОТО ОПШТЕСТВО (НА СФР ЈУГОСЛАВИЈА), кандидатката служејќи се со историско-правниот, аналитичко-правниот и компаративниот метод на истражување, ја претставува и ја анализира правната регулатива на правото на договорен залог во периодот на социјализмот, т.е. во ФНР Југославија и во СФР Југославија, во рамките на кои влегува и НР Македонија, односно СР Македонија.

Во Петтата глава - ПРАВОТО НА ДОГОВОРЕН ЗАЛОГ ВО ПРАВНИОТ СИСТЕМ НА Р. МАКЕДОНИЈА ДО ДОНЕСУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ЗА ДОГОВОРЕН ЗАЛОГ ОД 2003 ГОДИНА, кандидатката го претставува и го анализира правото на договорен залог во

правниот систем на Р. Македонија во периодот од 1991 година (од донесувањето на Уставот на Р. Македонија) до 2003 година (до донесувањето на Законот за договорен залог на Р. Македонија).

Кандидатката, врз основа на историскиот и аналитичкиот метод на истражување, укажува дека во периодот од 1991 година до 2003 година биле донесени два специјални закона кои го уредувале правото на договорен залог во Р. Македонија – Законот за залог на подвижни предмети и права од 1998 година и Законот за договорна хипотека од 2000 година. Првиот го уредувал рачниот залог, како заложно право на подвижни ствари и права, додека вториот ја уредувал хипотеката како заложно право на недвижни ствари.

ВТОРИОТ централениот дел од дисертацијата, насловен како: **ПРАВОТО НА ДОГОВОРЕН ЗАЛОГ КАКО ГРАЃАНСКО СУБЈЕКТИВНО ПРАВО ВО ПРАВНИОТ СИСТЕМ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ВО КОМПАРАТИВНОТО ПРАВО.** Тој е составен од три глави: *Прва глава* - ПРЕТПОСТАВКИ ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ДОГОВОРЕН ЗАЛОГ, *Втора глава* - УСЛОВИ ЗА ЗАСНОВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ДОГОВОРЕН ЗАЛОГ и *Трета глава* - ПРЕСТАНОК НА ПРАВОТО НА ДОГОВОРЕН ЗАЛОГ.

Во Првата глава - ПРЕТПОСТАВКИ ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ДОГОВОРЕН ЗАЛОГ, кандидатката врз основа на позитивноправниот, аналитичкиот и компаративниот метод ги претставува, ги анализира и ги коментира претпоставките за заснование на правото на договорен залог во позитивното право на Р. Македонија и во компаративното право.

Во оваа глава од дисертацијата кандидатката покажува дека претпоставки за востановување на правото на договорен залог се субјектите на правото на договорен залог (заложен доверител и заложен должник), предметот на правото на договорен залог и побарувањето на заложниот доверител. Преку компаративната анализа, кандидатката покажува дека и компаративното право за претпоставки за востановување на заложно право ги третира субјектите, предметот и побарувањето на заложниот доверител.

Во Втората глава - УСЛОВИ ЗА ЗАСНОВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ДОГОВОРЕН ЗАЛОГ, кандидатката ги претставува, ги анализира и ги коментира условите за востановување на правото на договорен залог во позитивното право на Р. Македонија и во компаративното право.

Според кандидатката, услови за востановување на правото на договорен залог се правниот основ и законскиот начин на стекнување на правото на договорен залог. Во поглед на правниот основ, кандидатката подвлекува дека во позитивното право на Р. Македонија тоа е договорот за залог. Во поглед на законските начини на востановување на правото на договорен залог таа ги претставува двата законски начина: првиот - со предавање на стварта во владение на заложниот доверител, односно со пренос на хартиите од вредност или со отстапување или пренесување на побарувањата и другите права и вториот, кој според кандидатката е запишувањето на правото на залог во јавни книги и други видови на регистри.

Во Третата глава - ПРЕСТАНОК НА ПРАВОТО НА ДОГОВОРЕН ЗАЛОГ, кандидатката го образложува прецизно, јасно и со правнички вокабулар секој од начините на престанок на правото на договорен залог, а посебно се задржува на реализацијата на правото на договорен залог како начин на престанок на правото на залог.

Третиот дел од дисетацијата насловен како: **ПРАВОТО НА ДОГОВОРЕН ЗАЛОГ КАКО ГРАЃАНСКО СУБЈЕКТИВНО ПРАВО**, е составен од три глави: *Прва глава* – ПРАВНА ПРИРОДА И КАРАКТЕРИСТИКИ НА СТВАРНИТЕ СУБЈЕКТИВНИ ПРАВА; *Втора глава* – ПРАВНА ПРИРОДА И КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОБЛИГАЦИОНИТЕ СУБЈЕКТИВНИ ПРАВА и *Трета глава* – ПРАВНА ПРИРОДА И КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПРАВОТО НА ДОГОВОРЕН ЗАЛОГ.

Во третиот дел од трудот, кандидатката ги анализира карактеристиките на стварните и облигационите права, како и карактеристиките на правото на договорен залог, а сè со цел да даде одговор на поставеното прашање: Дали правото на договорен залог е стварно или облигационо субјективно право?

Во Првата глава – ПРАВНА ПРИРОДА И КАРАКТЕРИСТИКИ НА СТВАРНИТЕ СУБЈЕКТИВНИ ПРАВА, кандидатката посебно ги претставува и ги анализира карактеристиките на стварните субјективни права.

Во Втората глава – ПРАВНА ПРИРОДА И КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОБЛИГАЦИОНИТЕ СУБЈЕКТИВНИ ПРАВА, кандидатката посебно ги претставува и ги анализира карактеристиките на облигационите субјективни права.

Во Третата глава – ПРАВНА ПРИРОДА И КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПРАВОТО НА ДОГОВОРЕН ЗАЛОГ, кандидатката ги претставува и ги анализира карактеристиките на правото на договорен залог.

Преку анализата на позитивните прописи во Р. Македонија, кандидатката заклучува дека правото на договорен залог во претежност ги има карактеристиките на стварните субјективни права - стварноправност, апсолутност, законска определеност, специјалност, трајност, јавност и право на првенство, а има и свои специфични карактеристики - акцесорност, неделивост и официјалност. Тргнувајќи од овие карактеристики, кандидатката со право заклучува дека правото на договорен залог во правниот систем на Р. Македонија, по својата правна природа претставува стварно субјективно право.

Во ЗАКЛУЧОКОТ, кандидатката ги изнесува своите заклучоци и ставови кои произлегуваат од целокупниот текст на дисертацијата.

4. **Субјектите (заложниот доверител и заложниот должник) како претпоставка за востановување на правото на договорен залог,** труд за Зборникот во чест на проф. д-р Петар Манговски, Правен факултет „Јустинијан Први"- Скопје, Скопје, 2010.

Предмет на овој труд се субјектите на правото на договорен залог кои, покрај објектот и побарувањето, претставуваат претпоставка за стекнување на правото на договорен залог.

Во трудот се претставени субјектите на заложното право во позитивното право на Р. Македонија, т.е. заложниот доверител и заложниот должник.

Кандидатката укажува дека заложен доверител може да биде секое физичко и правно лице кое има определено парично побарување или побарување чија вредност е изразлива во пари во однос на својот должник. Покрај ова, кандидатката истакнува дека заложен должник може да биде и секое физичко и правно лице кое има определен паричен долг или долг чија вредност е изразлива во пари во однос на заложниот доверител, како и трето лице кое нема долг спрема заложниот доверител, а е согласно да одговора за туѓ долг со засновање на залог врз свој предмет.

Кандидатката во трудот забележува дека законодавецот не предвидува определени ограничувања во поглед на страните на правото на договорен залог, што значи дека заложен доверител и заложен должник може да биде секое физичко или правно лице. Кандидатката исто така забележува дека во Законот за договорен залог не се содржани специјални одредби за способностите на физичкото или правното лице за засновање на правото на договорен залог, што според кандидатката значи дека на ова прашање треба да се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи.

Кандидатката во трудот на мошне јасен и концизен начин го прикажува законското определување на правата и обврските на заложниот доверител и заложниот должник. Притоа кандидатката подвлекува дека треба да се прави јасна дистинкција помеѓу овластувањата кои произлегуваат од содржината на заложното право и правата и обврските кои произлегуваат од содржината на договорот за залог.

5. **Things that may be object of contractual pledge in the legal system of Republic of Macedonia**, труд за списанието Law Review, Правен факултет „Јустинијан Први" – Скопје, Скопје, 2010 (во печат).

Трудот „Things that may be object of contractual pledge in the legal system of Republic of Macedonia" е пишуван на англиски јазик. Во трудот кандидатката се осврнува на прашањето за видовите ствари кои можат да бидат предмет на правото на договорен залог во правниот

систем на Р. Македонија. Од трудот се гледа дека станува збор за подвижните и недвижните ствари кои притоа може да претставуваат цела ствар, идеален дел од ствар или повеќе ствари заедно.

Кандидатката покажува дека во правниот систем на Р. Македонија стварите можат да бидат предмет на правото на договорен залог доколку се исполнети два услова: стварта да биде во сопственост на заложниот должник и да биде во правен промет. Притоа, кандидатката подвлекува дека оваа констатација подеднакво важи и за подвижните и за недвижните ствари, како предмет на договорно заложно право.

Кога предмет на правото на договорен залог е идеален сосопственички дел од стварта, кандидатката објаснува дека правото на договорен залог се заснова на идеалниот дел кој му припаѓа на заложниот должник, што е во согласност со генералниот Закон за сопственост и други стварни права. Доколку стварта е во заедничка сопственост, кандидатката објаснува дека се заложува само во согласност со сите заедничари. Во спротивно, кандидатката со право заклучува дека Законот предвидува залогот да се востановува само на делот од заедничката сопственост, кој би му припадал на заложниот должник.

6. **Законски начин на востановување на правото на договорен залог во македонското и компаративното право,** труд за Зборникот во чест на проф. д-р Никола Матовски, Правен факултет „Јустинијан Први"- Скопје, Скопје, 2010.

Предмет на овој труд на кандидатката е разгледувањето на законските начини за полноважно востановување на договорното заложно право.

Во трудот се објаснува дека постојат два законски начина на востановување на правото на договорен залог - со предавање на стварта во владение на заложниот доверител, односно со пренос на хартиите од вредност или со отстапување или пренесување на побарувањата и другите права и со запишување на правото на залог во јавни книги и други видови на регистри.

Од трудот се гледа дека законски начин на стекнување на договорното заложно како невладетелски залог претставува запишувањето на залогот во јавни книги и во друг вид на регистри (Катастарот на недвижности и Заложниот регистар). Притоа, кандидатката објаснува дека заложното право на недвижни ствари се запишува во катастарот на недвижности, а заложното право на подвижни ствари се запишува во Заложниот регистар на Р. Македонија.

Кандидатката во трудот мошне јасно објаснува дека, со начинот на запишување на правото на залог во јавните книги, од една страна се остварува начелото на јавност во поглед на вршење на правото на залог, а од друга страна истовремено се одразува и апсолутноста, односно дејството erga-omnes на правото на залог, како стварно субјективно право.

7. **Договорот за залог како правен основ (iustus titulus) за востановување на правото на договорен залог во македонското и компаративното право,** труд за Зборникот во чест на проф. д-р Наум Гризо, Правен факултет „Јустинијан Први" - Скопје, Скопје 2010.

Предмет на овој труд на кандидатката е договорот за залог како правен основ за востановување на правото на договорен залог во правниот систем на Р. Македонија, но и во компаративното право. Кандидатката укажува дека ваквата позиција на договорот за залог произлегува и од одредбите на Законот за сопственост и други стварни права како генерален закон и од Законот за договорен залог како специјален закон кој детално го уредува договорното заложно право во правниот систем на Р. Македонија.

Имајќи ја предвид условеноста од постоење на договор за залог заради засновање на заложното право, кандидатката во овој труд бара одговор на прашањето: *Каква е правната природа на договорот за залог?*

Кандидатката во давањето на одговорот се осврнува на преовладувачко становиште во правната теорија според кое договорот за залог, како правен основ за засновање на договорното заложно право, претставува консенсуално и строго формално правно дело (со исклучок на договорот за владетелски залог).

Во поглед на содржината на договорот за залог, кандидатката анализира дека важи начелото на слободна диспозиција, но дека притоа постојат и задолжителни елементи кои мора да ги содржи договорот за залог (определување на договорните страни, предмет на залогот и побарување обезбедно со заложното право итн.).

Од особено значење е и тоа што кандидатката ја анализира содржината на договорот за залог во компаративното право и притоа покажува дека најчести ограничувања кои законодавците ги предвидуваат како т.н. забранети клаузули се: договарање на lex comissoria; склучување на спогодба според која заложниот должник никогаш не би можел да го откупи предметот на залогот; спогодбата дека заложниот доверител не би можел да бара реализација на правото на договорен залог и по задоцнувањето на должникот и други.

8. **Постапка за реализација на правото на договорен залог пред нотар во правниот систем на Република Македонија;** труд за Зборникот во чест на проф. д-р Ѓорѓи Марјановиќ, Правен факултет „Јустинијан Први" - Скопје, Скопје, 2010.

Предмет на овој труд е реализацијата на правото на договорен залог пред нотар.

Поаѓајки од правната регулатива кандидатката образложува дека заложниот доверител има право да бара реализација на залогот пред нотар доколку се исполнети две законски претпоставки: 1. должникот да паднал во задоцнување и 2. договорот за залог да има својство на извршна исправа.

Во поглед на постапката за реализација, кандидатката подвлекува дека Законот за договорен залог разликува неколку начини на реализација на залогот кои поаѓаат од околноста дали предметот на правото на договорен залог е ствар, хартија од вредност или побарување.

Кандидатката во трудот констатира дека постапката за реализација на правото на договорен залог која ја спроведуваат нотарите (кога предмет на правото е ствар) е поделена на два стадиума. Првиот стадиум на постапката трае најмногу до 60 дена, од денот кога нотарот бил овластен од страна на заложниот доверител да изврши продажба на стварта, по кој период заложниот доверител има право да избира дали ќе се стекне со правото на сопственост на стварта или ќе бара продолжување на постапката. Доколку заложниот доверител побара продолжување на постапката, започнува вториот стадиум од постапката за реализација на правото на договорен залог.

Во трудот се објаснува дека реализацијата на договорното заложно право на хартии од вредност и побарувања се врши со аналогна примена на одредбите за реализација на договорното заложно право на ствари.

Во трудот, исто така, е претставен и начинот на намирувањето на заложните доверители од вредноста на предметот на залог врз основа на законски утврдениот приоритет за намирување на побарувањата - qui prior est tempore, potior est jure.

9. **Збирка на прописи од стварното право, Практикум** (во коавторство со проф. д-р Родна Живковска), Европа 92, Скопје, 2009.

Во Практикумот авторите извршиле систематизација на голем број нови законски прописи, како и пречистени текстови на закони од областа на стварното право. Прописите во оваа збирка се систематизирани врз основа на општоприфатениот став на цивилната доктрина според кој стварното објективно право како гранка на семејството наречено граѓанско право го сочинуваат три дела: стварно право 1, стварно право 2 и стварно право 3.

Во првиот дел – Стварно право 1, авторите ги систематизираат правните прописи кои се однесуваат на правниот режим на стварите (оддел 1) и на владението (оддел 2). Правните прописи во овој дел се групирани во пет отсеци: I. Определување на поимот ствари, II. Ствари од општ интерес за Република Македонија, III. Делови од човековото тело како ствари, IV. Станбените објекти како ствари и V. Хартиите од вредност како ствари.

Во вториот дел – Стварно право 2, авторите го претставуваат настапувањето на правото на сопственост кое според Законот за сопственост и други стварни права може да биде врз основа на: закон, правно дело, наследување и со одлука на државен орган. Притоа, се прикажани специјалните закони кои го уредуваат стекнувањето на правото на сопственост со одлука на државен орган, во случаи определени со закон (Законот за експропријација од 1995 година, Закон за денационализација од 1998 година, Закон за приватизација и закуп на градежното земјиште во државна сопственост од 2005 година и други).

Во третиот дел – Стварно право 3, авторите го претставуваат Законот за катастар на недвижности од 2008 година, кој како специјален закон содржи и одредби според кои правото на сопственост и другите стварни права се стекнуваат во моментот на нивното запишување во катастарот на недвижности, како јавна книга за запишување на правата на недвижностите во Р. Македонија.

**10. Збирка на прописи од стварното право, Практикум, второ изменето и дополнето издание** (во коавторство со проф. д-р Родна Живковска), Европа 92, Скопје 2010.

Практикумот претставува изменет и дополнет систематизиран преглед на важечките прописи од областа на стварното право, извршен врз основа на преовладувачкото становиште во науката според кое стварното право е составено од три дела: стварно право 1, стварно право 2 и стварно право 3.

Во делот Стварно право 1, авторите ги систематизираат законските текстови во две глави: Ствари и Владение, изразувајќи ги притоа двата основни института кои го сочинуваат Стварно право 1 (ствари и владение). Пред претставување на институтите ствари и владение д-р Родна Живковска се осврнува на уставната и законската рамка на сопственоста во правниот систем на Република Македонија и притоа дава осврт на севкупното стварноправно законодавство кое го уредува правниот режим на стварите од општ интерес.

Во делот Стварно право 2, кој ги опфаќа институтот право на сопственост како главно стварно право и сложениот институт „други стварни права", авторите ги класифицираат стекнувањето, промената и престанокот на стварните права „во други случаи определени со закон", согласно со ставот 1 на членот 113 на Законот за сопственост и други стварни права. Станува збор за стекнување право на сопственост со одлука на надлежен државен орган во случаи определни со специјални закони кои притоа ги воведуваат следниве институти: денационализацијата, експропријацијата, приватизацијата на градежното земјиште во државна сопственост, градењето, конфискацијата, реквизицијата, аграрните мерки и други. Исто така, во овој втор дел од Практикумот, авторите ги претставуваат и одредбите за стекнувањето, промената и престанокот на стварните права на странските физички и правни лица.

Во делот Стварно право 3 (кој се однесува на регистрацијата на стварните права), авторите го претставуваат Законот за катастар на недвижности од 2008 година. Пред да се пристапи кон претставување на Законот, д-р Родна Живковска дава свои видувања за толкувањето и значењето на геодетско-катастарскиот информационен систем – како еден од моделите за запишување (регистрација) на стварните права на недвижностите.

### *IV. Заклучни согледувања и предлог*

Рецензентската комисија со интерес и внимание ги проучи документите поднесени со пријавата на д-р Тина Пржеска и оцени дека во случајов се работи за кандидат, млад научен работник кој своето образование и научно усовршување го остварува во еден нормален процес минувајќи од фаза во фаза, во своето формирање како иден наставник, истражувач и научен работник, но и како докторанд на кој од страна на Институтот му е доверена задача да изведува настава по предметите општ дел на граѓанското право и стварно право.

По изборот за асистент, како магистер, а подоцна и како докторанд, кандидатката д-р Тина Пржеска се вклучува во наставниот процес успешно извршувајќи ги своите задолженија како асистент.

Во периодот додека ги извршува работните задачи како асистент, кандидатката мошне успешно одбранува и докторска дисертација на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје со наслов **Правото на договорен залог како граѓанско субјективно право** и се стекнува со звањето доктор на правни науки од областа на граѓанското материјално право.

Кандидатката д-р Тина Пржеска објавува повеќе научни и стручни трудови преку кои покажува дека сериозно навлегува во научната област во која работи. Притоа, кандидатката покажува дека има познавање на научната методологија што се применува во областа на граѓанското материјално право.

Од приложената документација се гледа дека кандидатката д-р Тина Пржеска активно учествува во научноистражувачката дејност, со што несомнено вложува напори за унапредување, усовршување и збогатување на теоретските и научните познавања од областа на граѓанското материјално право.

На подрачјето на наставната дејност од приложениот образец кон извештајот за нејзината работа на Правниот факултет „Јустинијан Први се гледа дека кандидатката д-р Тина Пржеска успешно ја извршува својата работа како асистент преку одржување на вежби, консултации со студентите, оцена на семинарски работи, есеи и други облици на работа со студентите. Таа во својата наставна работа напредува кон повисоки степени на оваа дејност, учествувајќи на семинари и советувања од областа на граѓанското материјално право. На тој начин таа ги покажува и потврдува своите одлични способности за наставно-научна работа.

Во согласност со сè што е погоре наведено во рецензентскиот извештај, Рецензентската комисија во состав: д-р Арсен Јаневски, редовен професор, д-р Родна Живковска, редовен професор и д-р Јадранка Дабовиќ-Анастасовска, редовен професор, со задоволство му предлагаат на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, кандидатката д-р Тина Пржеска, асистент на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, да биде избрана во наставно-научното звање доцент на научната област граѓанско материјално право и да и довери извршување на наставно-научна дејност по предметите од оваа научна област.

Скопје, 25.10.2010 година

**Рецензентска комисија**

Д-р Арсен Јаневски, редовен професор, с.р.

Д-р Родна Живковска, редовен професор, с.р.

Д-р Јадранка Дабовиќ – Анастасовска, редовен професор, с.р.

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** д-р Тина Пржеска

**Институција:** Правен факултет „Јустинијан Први" - Скопје

**Научна област:** граѓанско материјално право

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. Број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Одржување настава[1]/вежби[2] | |
| 2. | од прв циклус студии<br>- по предметот општ дел на граѓанското право<br>2008/2009 – 37,5 x0,04= **1,48** – настава; 66 x 0.03 = **1,98**<br>2009/2010 – 22.5 x0,04 = **0,9** – настава; 112,5 x 0,03= **3,38** - вежби<br>- по предметот стварно право<br>2007/2008 - 112 x 0,03 = **3,36**<br>2008/2009 -37,5 x0,04= **1,48** – настава; 66 x 0.03 = **1,98** - вежби<br>2009/2010 – 112,5 x 0,03 = **3,38** - вежби<br>- по предметот институти на јавното и приватното право<br>2008/2009 – 4 x 0,03 = **0,12** – вежби<br>2009/2010 – 4x 0.03 = **0,12** - вежби<br>2010/2011 - 12 x 0,03 = **0,36** - вежби | **18,54** |
| 3. | консултации со студенти[3]<br>2007/2008 – 818 x 0.002 = **1,64**<br>2008/2009 - 615 x 0.002 = **1,23**<br>2009/2010 – 683 x0.002 = **1,37** | **4,24** |
| 4. | **Позитивно рецензиран универзитетски учебник** | |
| | **Вршење на граѓанските субјективни права, Воведни теми 3** (во коавторство со проф. д-р Родна Живковска), монографија, Европа 92, Скопје, 2009. | 6 |
| | **Збирка на прописи од стварното право, Практикум** (во коавторство со проф. д-р Родна Живковска), Европа 92, Скопје 2009. | 6 |
| | **Збирка на прописи од стварното право, Практикум, второ изменето и дополнето издание** (во коавторство со проф. д-р Родна Живковска), Европа 92, Скопје, 2010. | 6 |
| | **ВКУПНО** | **40,78** |

[1] Вкупниот број на поени во семестар се добива на следниов начин: неделен број на часови* бр. на работни недели во семестар (15) по бодување (0.04/0.05/0.06). Пример: 3 (часа неделно)* 15 (недели)* 0,04 (за одржување настава од прв циклус студии) = поени.

[2] Вкупниот број на поени во семестар се добива на следниов начин: недeлн број на часови* бр. на работни недели во семестар (15)* бодување (0.03). Пример 3 (часа неделно)* 15 (недели)* 0,03 (поени за часови вежби) = поени

[3] Вкупниот број на поени во семестар се добива на следниов начин: број на студенти* бодување. Пример: 100 студенти (во семестар)*0,002 (бодување) = 0,2 поени

## НАУЧНО - ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. Број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | *Одбранета докторска теза:*<br>**Правото на договорен залог како граѓанско субјективно право** (5 јули 2010). | 8 |
| 2. | Одбранета магистерска работа:<br>**Правната природа и значењето на атрибутите на физичките лица во граѓанскоправните односи** (12 мај 2008). | 4 |
| 3. | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно-стручно списание**[4] | |
| | **Лексикон на облигационото право (превод)**, семинарска работа на постдипломските студии по граѓанско право на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, под менторство на проф. д-р Јадранка Дабовиќ – Анастасовска, Скопје, 2006. | 2 |
| | **Застапување на странките во парничната постапка**, семинарска работа на постдипломските студии по граѓанско право на Правниот факултет „Јустинијан Први" - Скопје, под менторство на проф. д-р Арсен Јаневски, Скопје 2006. | 2 |
| | **Правни извори за запишување на правата на недвижностите"**, научно-истражувачка работа, под менторство на проф. д-р Родна Живковска, 2007. | 2 |
| | **Атрибути на физичките лица** (во коавторство со проф. д-р Родна Живковска), труд за Зборникот на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје во чест на Фрањо Бачиќ, Скопје, 2007. | 1,6 |
| | **Атрибутите на физичките лица во правата на земјите членки на ЕУ** (во коавторство со проф. д-р Родна Живковска), Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје во чест на Борислав Благоев, Скопје, 2007. | 1,6 |
| | **Процесноправното значење на живеалиштето и престојувалиштето во правниот систем на Република Македонија** (во коавторство со проф. д-р Родна Живковска), Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, во чест на Панта Марина, Скопје, 2007. | 1,6 |
| | **Експропријацијата во правниот систем на Р. Македонија,** труд за Зборникот на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, 2008. | 2 |
| | **Процесноправното значење на живеалиштето и престојувалиштето во правниот систем на Република Македонија** (во коавторство со проф. д-р Родна Живковска), Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, во чест на Панта Марина, Скопје, 2007. | 1,6 |

[4] Во случај кога еден научен стручен, односно апликативен труд има повеќе автори, кога се два автора – секој добива по 90% од бодивите, кога се три автори – секој добива по 80% од бодивите, кога се четири и повеќе автори – секој добива по 60% од бодивите

| | | |
|---|---|---|
| | **Карактеристики на заложното право како стварноправно средство за обезбедување на побарувањата** (во коавторство со проф. д-р Родна Живковска), предложен труд за монографијата ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПОБАРУВАЊАТА во издание на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје. 2008. | 1,6 |
| | **Предмет на залогот како стварноправно средство за обезбедување на побарувањата** (во коавторство со проф. д-р Родна Живковска), предложен труд за монографијата ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПОБАРУВАЊАТА во издание на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје. 2008. | 1,6 |
| | **Досегашни и идни активности врз планот за кодификација на стварноправните односи во Република Македонија** (во коавторство со проф. д-р Родна Живковска), „ Кодификација на македонското граѓанско и трговско право", Зборник од научната расправа одржана во Скопје на 18 јуни 2008. МАНУ. Скопје. 2008. | 1,6 |
| | **Способностите како содржина на субјективитетот на физичките лица.** Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје во чест на Стефан Георгиевски. Скопје, 2009; | 2 |
| | **Значењето на државјанството на физичките лица во граѓанскоправните односи низ историјата,** Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје во чест на Тодор Џунов, Скопје, 2009. | 2 |
| | **Влијанието на правните факти - на субјективитетот на физичките лица** (во коавторство со проф. д-р Родна Живковска), Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје во чест на Тодор Џунов, Скопје. 2009. | 1,6 |
| | **Заштита на граѓанските субјективни права од страна на државните органи во правниот систем на Р. Македонија** (во коавторство со проф. д-р Родна Живковска). Судиска ревија. Скопје. 2009. | 1,6 |
| | **Застапништво,** труд за Зборник на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје во чест на Тодор Рушков, Скопје. 2009; | 2 |
| | **Заштита на граѓанските субјективни права од страна на државните органи во уставноправниот систем на Р. Македонија** (во коавторство со проф. д-р Родна Живковска). Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје во чест на Владимир Митоков, Скопје, 2010. | 1,6 |
| | **Национализацијата и денационализацијата како оригинерни начини на стекнување на правото на сопственост,** Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје во чест на Владимир Митоков, Скопје. 2010. | 2 |
| | **Стварноправни средства за обезбедување на побарувањата на недвижностите,** во коавторство со проф. д-р Родна Живковска, е изработен труд за Првата регионална конференција на Форумот за граѓанско право во Југоисточна Европа во организација на GTZ, октомври 2010. | 1,6 |

| | | |
|---|---|---|
| | **Трансформација на правото на трајно користење на градежното земјиште во државна сопственост во правниот систем на Р. Македонија** (во коавторство со проф. д-р Родна Живковска), труд даден за печат во списанието „Судиска ревија", Скопје, 2010. | 1,6 |
| | **Субјектите (заложниот доверител и заложниот должник) како претпоставка за востановување на правото на договорен залог,** труд за Зборникот во чест на проф. д-р Петар Мангoвски, Правен факултет „Јустинијан Први"- Скопје, Скопје, 2010. | 2 |
| | **Things that may be object of contractual pledge in the legal system of Republic of Macedonia**, труд за списанието Law Review, Правен факултет „Јустинијан Први" – Скопје, Скопје, 2010 (во печат). | 2 |
| | **Законски начин на востановување на правото на договорен залог во македонското и компаративното право,** труд за Зборникот во чест на проф. д-р Никола Матовски, Правен факултет „Јустинијан Први"во Скопје, Скопје, 2010. | 2 |
| | **Договорот за залог како правен основ (iustus titulus) за востановување на правото на договорен залог во македонското и компаративното право,** труд за Зборникот во чест на проф. д-р Наум Гризо, Правен факултет „Јустинијан Први" - Скопје, Скопје, 2010. | 2 |
| | **Постапка за реализација на правото на договорен залог пред нотар во правниот систем на Република Македонија;** труд за Зборникот во чест на проф. д-р Ѓорѓи Марјановиќ, Правен факултет „Јустинијан Први" во Скопје, Скопје, 2010. | 2 |
| | **Труд со оригинални научни резулати, објавен во научно/стручно популарно списание** | |
| | **Стварноправни средства за обезбедување на побарувањата на недвижностите,** во коавторство со професор д-р Родна Живковска, е изработен труд за Првата регионална конференција на Форумот за граѓанско право во Југоисточна Европа во организација на GTZ, октомври 2010. | 4 |
| | ВКУПНО | 61,2 |

## СТРУЧНО - АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Учество на семинари и конференции** | |
| | Учество на ПРВАТА РЕГИОНАЛНА КОНФЕРЕНЦИЈА НА ФОРУМОТ ЗА ГРАЃАНСКОТО ПРАВО НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА, закажана за 28-29 октомври 2010 година, Цавтат, Република Хрватска. | 0,5 |
| | Учество на 58 Средба на правниците од стопанството, одржана во март 2008 година во Охрид, Р. Македонија. | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | Учество на научната расправа КОДИФИКАЦИЈА НА МАКЕДОНСКОТО ГРАЃАНСКО И ТРГОВСКО ПРАВО, организирана од Македонската академија на науките и уметностите одржана во јуни 2008 година во Скопје, Р. Македонија. | 0,5 |
| | ЗАКОНСКА РАМКА НА ТЕКОВНАТА СУДИСКА РЕФОРМА, Научна расправа во рамките на проектот ЕВРОИНТЕРГРАЦИЈАТА НА ОПШТЕСТВЕНИОТ, ПРАВНИОТ И ПОЛИТИЧКИОТ СИСТЕМ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, Правен факултет „Јустинијан Први", 2006 година. | 0,5 |
| 2. | **Дејности од поширок интерес** | |
| | Секретар на Институтот за граѓанско право (2008-2010) | 0,5 |
| | Секретар на Колегиумот на магистерските студии по граѓанско материјално и граѓанско процесно право (2009-2010) | 0,5 |
| | **ВКУПНО** | 3 |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | **ПОЕНИ** |
|---|---|
| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | 40,78 |
| НАУЧНО - ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 61,2 |
| СТРУЧНО - АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ | 3 |
| **ВКУПНО** | 104,98 |

**Комисија**

Д-р Арсен Јаневски, редовен професор, с.р.
Д-р Родна Живковска, редовен професор, с.р.
Д-р Јадранка Дабовиќ – Анастасовска редовен професор, с.р.

617

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО ЗВАЊЕ ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА ФИЛМСКА И ТВ-МОНТАЖА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ ВО СКОПЈЕ

На конкурсот објавен во дневните весници „Дневник" и „Факти" од 21 јуни 2010 година, за избор на еден наставник во сите звања по наставните дисциплини дигитална постпродукција и филмска и ТВ-монтажа, на Факултетот за драмски уметности, како единствен кандидат се пријави досегашниот наставник доц. м-р Лазар Секуловски.

Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за драмски уметности во Скопје, на 10. седница одржана на 22.9.2010 година, со одлука број 0202-478/2-13 одреди Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања по наставната дисциплина филмска и ТВ-монтажа, во состав:

1. **проф. Димитар Грбевски**
2. **проф. Столе Попов**
3. **проф. Владимир Блажевски**

Врз основа на приложената документација на кандидатот, Рецензентската комисија го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ
## БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ ЗА КАНДИДАТОТ
## м-р Лазар Секуловски

Роден е на 4 април 1965 год. во Скопје. Во 1996 дипломирал на Факултетот за драмски уметности во Скопје, на Одделот за филмска и ТВ-монтажа во класата на проф. Димитар Грбевски. Од 1985 год. работи во Македонската телевизија, каде што е редовно вработен до 1996 год.
Од 1996 до денес е во редовен работен однос на Факултетот за драмски уметности во Скопје. Примен како помлад асистент по ФИЛМСКА И ТВ-МОНТАЖА, понатаму напредува во звањата асистент и доцент. Денес работи на Факултетот за драмски уметности во Скопје како доцент по предметот ДИГИТАЛНА ПОСТПРОДУКЦИЈА.
Во текот на својот работен век работел на голем број филмски и телевизиски проекти, како монтажер, а честопати и како комплетен автор. Добитник е на повеќе награди и признанија за телевизиски и играни остварувања. Со својот креативен и иновативен пристап во едукативниот процес, придонел во унапредување на наставниот процес, партиципирал во имплементација на ЕКТС и потврдување на досегашниот концепт на конзистентен квалитет на Факултетот за драмски уметности во Скопје.

## УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

Од големиот број монтирани и реализирани филмски и телевизиски проекти се издвојуваат следниве:

- *Пардон, како ќе почнеме* (документарен филм) - сценарио, монтажа и режија: Л.Секуловски (МТВ);

- *Армен и безимени* (документарен филм) - сценарио, монтажа и режија: Л.Секуловски (МТВ);
- *Лов на црвениот* (документарен филм) - сценарио, монтажа и режија: Л.Секуловски (ФДУ);
- *Каменот* (документарен филм) - монтажа и режија: Л.Секуловски, сценарио: Драган Михајловски (МТВ);
- *Почеток на крајот* - (документарен филм), монтажа и режија: Л.Секуловски, сценарио: Тања Битуљану - Плавшиќ (МТВ) - награда C.O.PE.A.M (Conférence Permanente de l'Audiovisuel Méditerranéen);
- *Влатко Стефановски - Кандилце* (музички спот) - монтажа Л.Секуловски, режија: Александар Поповски (МТВ);
- *Влатко Стефановски - Open road* (музички спот) – монтажа: Л.Секуловски, режија: Срѓан Јанаќиевиќ (МТВ);
- *Влатко Стефановски - Кисело весело* (музички спот) – монтажа: Л.Секуловски, режија: Дарко Митревски (МТВ);
- *To be or not to bidė* (музички спот) - сценарио, монтажа и режија: Л.Секуловски (ФДУ);
- *Каролина Гочева eurosong* (музички спот) – монтажа: Л.Секуловски (МТВ);
- *Владо Јаневски eurosong* (музички спот) – монтажа: Л.Секуловски;
- *Шмиргла* (серија) - продукција, сценарио, монтажа и режија: Л.Секуловски (ДаАн продукција);
- *CanDoCo-dance company* (документарен филм) - продукција, сценарио, монтажа и режија: Л.Секуловски (ДаАн продукција);
- *Светска здравствена организација и центрите во Македонија* (документарен филм) - продукција, монтажа и режија: Л.Секуловски (WHO и ДаАн продукција);
- *The people next door* (документарен филм) - продукција, сценарио, монтажа и режија: Л.Секуловски (BRITISH COUNCIL);
- *Eurosong 2004. видео-дизајн* - продукција, сценарио, монтажа и режија: Л.Секуловски (ДаАн продукција);
- Инсомниа (видео арт) – монтажа: Л.Секуловски, режија и сценарио: Дијана Т. Радевска;
- Drama of gesture (видео арт) – монтажа: Л.Секуловски, режија и сценарио: Дијана Т. Радевска;
- Моцарт - музички медаљони (серија) - монтажа и режија: Л.Секуловски, сценарио Снежана: Чадиковска (ДаАн продукција);
- Песната на одкорнатите" (документарен филм) - монтажа, сценарио, режија: Л.Секуловски (ДаАн продукција);
- Euthanazia - De Facto & De Jure (документарен) - монтажа, режија: Л.Секуловски, сценарио: Бобан Попоски (ДаАн продукција);
- *Пикасо* (телевизиски филм) – монтажа: Л.Секуловски, режија: А.Симјановски (МТВ);
- *Ципси Мецик* (игран филм) - прв асистент на монтажа: Л.Секуловски, режија: С.Попов (ВАРДАР ФИЛМ & TRIANGLE);
- *Времето икс* (експериментален филм)- монтажа: Л.Секуловски, режија и сценарио: С.Стојаноски (МТВ);
- *Љубовта е живот, животот е љубов (играна етида)* - сценарио, монтажа и режија: Л.Секуловски (ФДУ);
- *Траги* (краток игран филм) - сценарио, монтажа и режија: Л.Секуловски (ДаАн продукција) / Совет за радиодифузија;
- *Облици (анимиран филм)* – продуцент: Л.Секуловски, режија и сценарио: Страхил Темов ((ДаАн продукција/Министерство за култура на Р.Македонија);

- *Ресет* (анимирана серија) - продукција, сценарио, монтажа и режија: Л.Секуловски (Прва клапа продукција)/Совет за радиодифузија);
- *Антистигма - Не можам сѐ, но можам многу* (рекламен спот) - монтажа, сценарио, режија и анимација: Л.Секуловски (Helenic rescue team);
- *Горска вода* (рекламен спот) - монтажа, сценарио, режија и анимација: Л.Секуловски (ДаАн продукција);
- *Ино Спектар сокови* (рекламен спот) - монтажа, сценарио, режија и анимација: Л.Секуловски (ДаАн продукција);
- *Јазикот македонски* (серија) - монтажа, сценарио, режија и анимација: Л.Секуловски (ДаАн продукција/МТВ);
- *Скомрахи 2009* (рекламен спот) - монтажа, сценарио и анимација: Л.Секуловски (ФДУ);
- Company Case Show (корпоративно видео) – монтажа: Л.Секуловски (ESTIEM LG SKOPJE);
- *Fatum* - монтажа и анимација: Л.Секуловски (ФДУ);
- *40 години ФДУ* (рекламен спот* и документарен филм) - монтажа, сценарио и *анимација: Л.Секуловски (ФДУ);

## ПЕДАГОШКА ДЕЈНОСТ

Во неговата посветена педагошка дејност од 1996 до денес излегле бројни генерации на филмски и телевизиски монтажери, кои успешно работат на значајни филмски и телевизиски проекти од македонската и светската продукција, и биле високо вреднувани и наградувани на домашни и меѓународни фестивали. Кандидатот особено се истакнува со неговиот иновативен и современ методолошки пристап во педагошката дејност. Во 2005 год. беше избран во звањето доцент по предметот дигитална постпродукција.

## ЗАКЛУЧОК

Земајќи ги предвид успешните ангажмани, во уметничката, научната и педагошката сфера на кандидатот Лазар Секуловски, Комисијата високо ги вреднува постигнатите резултати и едногласно му препорачува на Наставно-научниот уметнички совет на Факултетот за драмски уметности, да го избере м-р Лазар Секуловски за наставник по дигитална постпродукција и филмска ТВ-монтажа во звањето вонреден професор.

**Членови на Комисијата**

**1. Проф. Димитар Грбевски с.р.**

**2. Проф. Столе Попов с.р.**

**3. Проф. Владимир Блажевски с.р.**

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат: м-р Лазар Т. Секуловски**
(име, татково име и презиме)

**Институција: Факултет за драмски уметности - Скопје**
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област: филмска и ТВ монтажа**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Дигитална постпродукција 2 (летен семестар 2005), часа 7 *15 * 0,04 | 4,20 |
| 2 | Дигитална постпродукција 3 (зимски семестар 2006), часа 7 *15 * 0,04 | 4,20 |
| 3 | Дигитална постпродукција 4 (летен семестар 2007), часа 7 *15 * 0,04 | 4,20 |
| 4 | Дигитална постпродукција 5 (зимски семестар 2007), часа 2 *15 * 0,04 | 1,20 |
| 5 | Дигитална постпродукција 6 (летен семестар 2008), часа 2 *15 * 0,04 | 1,20 |
| 6 | Дигитална постпродукција 1 (зимски семестар 2009), часа 7 *15 * 0,04 | 4,20 |
| 7 | Дигитална постпродукција 2 (летен семестар 2010), часа 7 *15 * 0,04 | 4,20 |
| 8 | Филмската монтажа во сцена и секвенца (лет. сем. вежби 2005), часа 8 *15 * 0,03 | 3,60 |
| 9 | Драматурш. облици на филм. монтажа ( зим. сем. вежби 2005), часа 10*15*0,03 | 4,50 |
| 10 | Слика и тон-различни видови на меѓузависност ( лет. сем. вежби 2006), часа 10*15*0,03 | 4,50 |
| 11 | Креативни форми на филмската монтажа (зим. сем. вежби 2006), часа 8 *15 * 0,03 | 4,50 |
| 12 | Базични постулати на ТВ-монтажа (лет. сем. вежби 2007), часа 8 *15 * 0,03 | 4,50 |
| 13 | Видови нелин. дигит. монтаж. постапки (зим. сем. вежби 2007), часа 15 *15 * 0,03 | 6,75 |

| | | |
|---|---|---|
| 14 | Субли. креат. техн. проц. во завршен труд (лет. сем. вежби 2008), часа 15 *15 * 0,03 | 6,75 |
| 15 | Основи на филмската монтажа (зим. сем. вежби 2008), часа 8 *15 * 0,03 | 3,60 |
| 16 | Филмската монтажа во сцена и секвенца (лет. сем. вежби 2009), часа 8 *15 * 0,03 | 3,60 |
| 17 | Драматурш. облици на филм. монтажа ( зим. сем. вежби 2009), часа 10*15*0,03 | 4,50 |
| 18 | Слика и тон-различни видови на меѓузависност ( лет. сем. вежби 2010), часа 10*15*0,03 | 4,50 |
| | **Вкупно** | 74,70 |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Одбранета магистерска работа:<br>Институт за социолошки и политичко - правни истражувања-Скопје,2010.<br>Тема: „Филмското творештво како практичен когнитивизам". | 4 |
| | **Вкупно** | 4 |

## СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста:<br>Јавно изведено или претставено уметничко дело во облик познат во јавноста-играни и документарни филмови, музички и рекламни спотови, експериментални филмови ( 2005 до 2010) | Поени |
|---|---|---|
| 1 | 2004- *Eurosong (видео дизајн)* - сценарио, монтажа и режија | 3 |
| 2 | *2005- Траги* – (краткометражен игран филм) - ко-сценарист, монтажер и режисер | 5 |
| 3 | 2006- *Моцарт - музички медаљони* (телевизиска серија од 6 епизоди) - монтажа и режија - 6 x 2 | 12 |
| 4 | 2009- Drama of gesture (видео арт) - монтажа | 2 |
| 5 | 2009- *Скомрахи 2009* (рекламен спот) - монтажа, сценарио и анимација | 1 |
| 6 | 2009- Euthanazia - De Facto & De Jure (краткометражен документарен филм) - монтажа, режија | 4 |
| 7 | 2010- *Јазикот македонски* (телевизиска серија) - монтажа, сценарио, режија и анимација | 2 |
| 8 | 2010- Company Case Show (корпоративно видео) - монтажа | 2 |
| | **Вкупно** | 31 |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Реализирана промотивна активност за 40-годишен јубилеј на Факултетот за драмски уметности во Скопје - 2009 | 0,5 |
| 2 | Одговорен учесник (проектант) за воведување на вториот циклус универзитетски студии на Факултетот за драмски уметности во Скопје - 2009 | 4 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1 | 2007- член на Комисијата за евалуација на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје за периодот 2002/03 - 2005/06. | 1 |
| 2 | 2008- раководител на Катедрата за филмска и ТВ-монтажа на Факултетот за драмски уметности во Скопје | 3 |
| | **Вкупно** | 8,5 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 74,70 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 4,00 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | 31,00 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 8,50 |
| **Вкупно** | 118,20 |

**Членови на Комисијата**

1. **Проф. Димитар Грбевски с.р.**

2. **Проф. Столе Попов с.р.**

3. **Проф. Владимир Блажевски с.р.**

610

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН АСИСТЕНТ ПО ПРЕДМЕТОТ ФИЛМСКА И ТВ-МОНТАЖА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ ВО СКОПЈЕ

На конкурсот објавен во дневните весници „Дневник" и „Факти" од 19 октомври 2010 година, за избор на еден асистент по наставната дисциплина филмска и ТВ-монтажа, на Факултетот за драмски уметности, како единствен кандидат се пријави м-р Владимир Павловски.

Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за драмски уметности во Скопје, на 11. седница одржана на 28.10.2010 година, со одлука број 0202-593/2-5 одреди Рецензентска комисија за избор на еден асистент по наставната дисциплина филмска и ТВ-монтажа, во состав:

1. **проф. Димитар Грбевски**
2. **проф.Јорданчо Чевревски**
3. **доц.м-р Лазар Секуловски.**

Врз основа на приложената документација на кандидатот, Рецензентската комисија го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ
## БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ ЗА КАНДИДАТОТ
## м-р Владимир Павловски

Роден е на 2 март 1974 год. во Скопје. Во 1996 дипломирал на Факултетот за драмски уметности во Скопје, на Одделот за филмска и ТВ-монтажа во класата на проф. Димитар Грбевски. По дипломирањето, во 1996 и 1997 год. работел како асистент на монтажа, и монтажа на звук на филмот "Gipsy Magic". По завршувањето на работата на филмот "Gipsy Magic", од 2003 започнал да работи во „А1 телевизија" како монтажер и режисер. „А1 телевизија" ја напушта во 2009, за да започне да работи како режисер и монтажер во ТМЕ студио. Паралелно, во 2001 работел како монтажер на играната серија "Наше маало" и како монтажер во Видеолаб студио. Во 2009 преминал во телевизија „ЕРА" како монтажер и режисер.

Од 1996 до денес, освен редовната работа, редовно работи на разни филмски и телевизиски проекти како монтажер и режисер.

Во 2010 го одбранил магистерскиот труд „Ритамот во македонскиот игран и документарен филм, како експресија на филмската монтажа" на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје, Оддел за комуникации.

## УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

Од неговото дипломирање во 1996 год. до денес, кандидатот работи како филмски и ТВ-монтажер и режисер.

Монтирани филмови и ТВ-серии ( селектирана листа):

- „Gipsy Magic“, филм на Столе Попов – „Вардар филм“, Триангл (асистент на монтажа и монтажер на звук);
- „Прашина“, филм на Милчо Манчевски (асистент на монтажа);
- „Тунел“, филм на Борјан Зафировски – „Вардар филм“, „Пегаз филм“;
- „Егзит“, филм на Огнен Димитровски – „Вардар филм“, „Пегаз филм“;
- 4 сезони по 5 епизоди монтажа на играната серија „Наше маало“ – продукција „Наше маало“;
- „Оаза на мирот“, документарен филм на Огнен Димитровски – ZDF Arte;
- „Балкански реалности“, филм на Игор Тошевски – Prohelvetia;
- монтажа на 6 епизоди од играната серија „Патувања со Рабробил“ – продукција „Аурипигмент“;
- „Искушение“, филм на Бранко Костески – продукција „Гејзер“;
- „Розе Танга Четврток“, филм на Софија Теодор – МТВ, ФДУ-Скопје.

Режирани и монтирани ТВ-емисии, музички и рекламни спотови (селектирана листа):

- „Креатор“, режисер и монтажер на ТВ-емисијата 100% - А1 ТВ;
- „КУЛ“, ТВ-емисија – ТМЕ Студио;
- „1001-ви“, спот на Д'Далтонс;
- „Град“, спот на Д'Далтонс;
- „Она и Таа“, спот на Д'Далтонс;
- „Кама сутра“, спот на Д'Далтонс;
- „Руски рулет“, спот на Д'Далтонс;
- „Лили ли ду ду“, спот на Ребека и Д'Далтонс;
- „Шефе“, спот на Last Expedition;
- „Пред да заспијам“, спот на Врчак;
- „Твоите 6 броја“, спот на Угро;
- „Знам дека си ти..“, спот на Угро;
- „Ти златно сонце“, спот на Златко Ориѓански;
- „Латино ЦД“, спот на Александар Митевски;
- „Почесна стрелба“, спот на Ребека;
- сценарио, режија и монтажа на 10 рекламни спота за „Вардар осигурување“;
- сценарио, режија и монтажа на 3 рекламни спота за Лек, Сандоз.

## ПЕДАГОШКА ДЕЈНОСТ

Во текот на 2005, 2006 и 2007 година кандидатот вршел педагошка дејност во Македонскиот институт за медиуми како инструктор за телевизиска монтажа на студентите по телевизиско новинарство.

Во текот на 2007 е инструктор по основи на филмска монтажа, софтвер и режија на курсисти во Британски совет, Скопје.

## ЗАКЛУЧОК

Земајќи ги предвид успешните ангажмани, во уметничката сфера на кандидатот Владимир Павловски, Комисијата високо ги вреднува постигнатите резултати и едногласно му препорачува на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за драмски уметности, да го избере м-р Владимир Павловски, за соработник по филмска и ТВ-монтажа во звањето асистент.

**Членови на Комисијата**

**1. Проф.Димитар Грбевски с.р.**

**2. Проф. Јорданчо Чеврески с.р.**

**3. Доц. м-р Лазар Секуловски с.р.**

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЕКОНОМИКА НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РАЗВОЈ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје од XXI седница и решение бр. 02-1967/3 од 5.X 2010 год. формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Миле Пешевски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, д-р Емил Ерјавец, редовен професор на Биотехничкиот факултет на Универзитетот во Љубљана – Република Словенија, и д-р Драган Ѓошевски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, со задача да изврши преглед и оцена на наставно-образовните, научно-стручните и другите остварувања на кандидатот кој се пријави за избор во звањето редовен професор.

Комисијата, откако ги прегледа поднесените документи во врска со конкурсот на ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, објавен во дневните весници „Дневник" од 29. IX 2010 и „Koha" од 1. X 2010 год., констатира дека за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во научната област економика на земјоделството и развој се пријавил само кандидатот д-р Драги Димитриевски, вонреден професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

По прегледот на доставената документација и другите податоци, релевантни за избор на кандидатот, Комисијата го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатот д-р Драги Димитриевски, вонреден професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, е роден на 7.VIII 1962 год. во Скопје. Основно и средно образование завршил во Скопје. На Земјоделскиот факултет во Скопје се запишал во учебната 1981/82 год. на сточарската насока, по што заминал на отслужување на воената обврска. Студирањето го започнал во учебната 1982/83 год., а дипломирал во 1987 год., со среден успех 8,16.

По дипломирањето се вработил во живинарската фарма „Белимбегово" во Скопје. На Земјоделскиот факултет во Скопје се вработил во 1988 год. како помлад асистент по предметот организација на земјоделските стопанства. Во учебната 1987/88 год. се запишал на постдипломските студии на групата агроекономика. Предвидените испити од постдипломските студии ги положил со среден успех 9,62, а магистерскиот труд со наслов „Можности за зголемување на економичноста на производството во живинарската фарма Белимбегово - Скопје" го одбранил на 12.II 1993 год.

Во докторската дисертација кандидатот ги продолжил истражувањата во областа на агроекономиката од што произлегла неговата докторската дисертација со наслов „Динамички калкулации во функција на донесување менаџмент-одлуки во земјоделските стопанства", која ја одбранил на Земјоделскиот факултет во Скопје на 20. IV 2001 год.

Во наставно-научното звање доцент на Земјоделскиот факултет во Скопје, кандидатот е избран на 1.X 2001 год., додека во наставно-научното звање вонреден професор е избран на 20.VI 2006 год.

Кандидатот остварил повеќе кратки престои на неколку странски универзитети (Земјоделски универзитет во Упсала – Шведска, Универзитетот

Хохенхајм во Германија, Земјоделскиот универзитет – БОКУ во Виена, Земјоделскиот универзитет во Нитра – Словачка, Земјоделскиот универзитет во Прага – Чешка, Биотехничкиот факултет во Љубљана – Словенија и др.), а во насока на негово усовршување и размена на наставните и научно-стручните знаења. Кандидатот учествувал и на повеќе научни и стручни конференции, симпозиуми и други собири во земјата и во странство. Кандидатот е член на: Европската асоцијација на агроекономисти, Балканската асоцијација на агроекономисти и на Здружението на агроекономистите на Република Македонија.

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик. Ја користи компјутерската техника и владее со оперативниот систем MS Windows и со програмски пакети, за агроекономски истражувања.

## 2. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА И ПЕДАГОШКА ДЕЈНОСТ

Кандидатот д-р Драги Димитриевски во досегашниот период успешно ја изведува наставата на додипломските студии на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, на повеќе наставни дисциплини:

- развој на хумани ресурси, на сите студиски програми;
- агроменаџмент, математичко-статистички методи (дел од предметот), агробизнис-менаџмент, организација на трудот во земјоделството и планирање и проектирање во земјоделството, на студиската програма агроекономика;
- менаџмент на сточарското производство, на студиската програма сточарство.

Кандидатот д-р Драги Димитриевски со успех учествува и во реализација на наставата на постдипломските студии на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, на студиската програма агроекономика, каде што ја изведува наставата по предметните програми: планирање и проектирање во земјоделството и организација и економика на земјоделските стопанства. Од учебната 2009/2010 година, по акредитацијата на меѓународните постдипломски студии на студиската програма агробизнис, кандидатот ги предава предметните програми: стратешки менаџмент и производствена економија.

Во периодот од изборот во наставно-научното звање вонреден професор, кандидатот бил ментор на повеќе дипломски работи и член во комисии за одбрана на повеќе дипломски работи. Во овој период кандидатот остварил голем број консултации со студенти на додипломските и постдипломските студии. Во соработка со други автори, во овој период кандидатот изготвил еден универзитетски учебник и една интерна скрипта за предавања. Кандидатот бил и рецензент на три универзитетски учебници.

Кандидатот д-р Драги Димитриевски бил ментор на еден специјалистички труд и член на комисија на еден специјалистички труд.

Кандидатот д-р Драги Димитриевски бил ментор на три магистерски труда и член во комисија за одбрана на 8 магистерски труда.

Наставно-образовниот процес на додипломските и постдипломските студии, кандидатот д-р Драги Димитриевски го релизира на завидно педагошко рамниште. Во наставно-образовниот процес вклучува интерактивна настава, семинарски работи, како и внесување на позитивни искуства во наставниот процес стекнати со бројните контакти што ги остварил во земјата и во странство. Исто така, во наставно-образовниот процес кандидатот внесува искуства стекнати со научноистражувачката и апликативната работа, како и практични искуства стекнати од соработката остварена со стопанските субјекти и институциите во Р. Македонија.

## 3. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Во периодот од изборот во наставно-научното звање вонреден професор, кандидатот д-р Драги Димитриевски во соработка со други автори има изготвено 17 научни труда. Дел од трудовите се публикувани во домашни и странски научни и стручни списанија, а дел се презентирани на домашни и странски конференции и симпозиуми. Во овој период, кандидатот раководел со еден меѓународен научноистражувачки проект и бил национален координатор на еден проект од VII рамковна програма на ЕУ. Бил учесник во четири меѓународни проекти, како и учесник во еден национален проект финансиран од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Врз основа на приложената документација се забележува дека во научноистражувачката работа кандидатот се занимава со истражување на проблемите од научната област економика на земјоделството и развој.

Својата научноистражувачка работа кандидатот ја презентирал во различни списанија во земјата и во странство, како и на различни конференции и симпозиуми, со цел да ја запознае домашната и меѓународната стручна јавност со постигнатите резултати од истражувањата.

Научноистражувачка работа кандидатот ја пренесува и на помладите генерации преку менторство на докторски дисертации (една одбранета и две во изработка), како и членство во комисии за оцена и одбрана на две докторски дисертации (една одбранета, една во тек).

## 4. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ДЕЈНОСТ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

Од изборот во наставно-научното звање вонреден професор, кандидатот самостојно или во соработка со други автори има изготвено 8 стручни труда, како и повеќе обуки, предавања и јавни настапи од областа на агроекономиката.

Во периодот по изборот во наставно-научното звање вонреден професор, кандидатот вршел различни дејности од поширок интерес. Кандидатот учествувал во работата на различни комисии и тела на Универзитетот и на Факултетот. Исто така, кандидатот бил член на различни комисии и тела во други институции во земјата и во странство. Кандидатот од 1.IV 2009 год. ја извршува функцијата декан на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје.

## 5. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕДЛОГ

Кандидатот д-р Драги Димитриевски во периодот од неговиот избор во наставно-научното звање вонреден професор, ги продолжил и натаму ги развивал активностите во наставно-образовната дејност и ја интензивирал научноистражувачката и стручно-апликативната работа. За тоа најдобро зборува фактот што кандидатот успешно ја изведува наставата на повеќе предмети на додипломските и постдипломските студии на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, и во интерната евалуација високо е оценет од страна на студентите. Исто така, публикуваните научни и стручни трудови, раководењето и учеството во меѓународните и домашните научноистражувачки проекти, менторството и оценките на докторските дисертации го претставуваат како солиден научен работник кој со сигурност владее со методите на научно-истражувачката работа во научната област економика на земјоделството и развој.

Врз основа на изнесеното во извештајот, посебно на оцените за наставно-образовната и педагошката дејност, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и другите активности од поширок интерес, сметаме дека кандидатот достигнал зрелост по сите компоненти и барања за повисоко универзитетско звање. Во досегашното работење, кандидатот покажал забележителни резултати, што дава основа за претпоставка дека и понатаму успешно ќе твори во полето на биотехничките науки. Солидното познавање на проблематиката од областа на економиката на земјоделството и развој, бројните публикации, настапите на научни конференции и симпозиуми во земјата и надвор од неа, укажуваат дека д-р Драги Димитриевски, досегашен вонреден професор, поседува квалитети кои гарантираат дека со успех ќе ги извршува сите задачи што произлегуваат од работното место.

Поаѓајќи од изложеното и оцената на активностите од последниот избор, а според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, имаме чест и задоволство да му предложиме на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, д-р Драги Димитриевски, вонреден професор на истиот Факултет, да биде избран за наставник во научната област економика на земјоделството и развој, во звањето редовен професор.

Рецензентска комисија

1. Д-р Миле Пешевски, редовен професор
   на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, с.р.

2. Д-р Емил Ерјавец, редовен професор
   на Биотехничкиот факултет во Љубљана, с.р.

3. Д-р Драган Ѓошевски, редовен професор
   на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, с.р.

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

Кандидат: **Драги Трифун Димитриевски**
(име, татково име и презиме)

Институција: **Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје**
(назив на факултетот/институтот)

Научна област: **економика на земјоделството и развој**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред.број | Назив на активностите | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Развој на хумани ресурси (2+0), зимски 2005/2006, група 1 | 1.2 |
| 2 | Развој на хумани ресурси (2+0), зимски 2005/2006, група 2 | 1,2 |
| 3 | Развој на хумани ресурси (2+0), зимски 2005/2006, дисперзирани студии во Струмица | 1,2 |
| 4 | Агроменаџмент (2+2), летен 2005/2006 | 1,2 |
| 5 | Математичко-статистички методи (5+3), летен 2006/2007 | 1 |
| 6 | Агробизнис менаџмент (3+2), летен 2005/2007 | 1,8 |
| 7 | Развој на хумани резурси (2+0), зимски 2006/2007, група 1 | 1,2 |
| 8 | Развој на хумани резурси (2+0), зимски 2006/2007, група 2 | 1,2 |
| 9 | Развој на хумани ресурси (2+0), зимски 2006/2007, дисперзирани студии во Струмица | 1,2 |
| 10 | Агроменаџмент (2+2), летен 2006/2007 | 1,2 |
| 11 | Математичко-статистички методи (5+3), летен 2006/2007 | 1 |
| 12 | Агробизнис менаџмент (3+2), летен 2006/2007 | 1,8 |
| 13 | Развој на хумани ресурси (2+0), зимски 2007/2008, група 1 | 1,2 |
| 14 | Развој на хумани ресурси (2+0), зимски 2007/2008, група 2 | 1,2 |
| 15 | Развој на хумани ресурси (2+0), зимски 2007/2008, дисперзирани студии во Струмица | 1,2 |
| 16 | Агроменаџмент (2+2), летен 2007/2008 | 1,2 |
| 17 | Математичко-статистички методи (5+3), летен 2007/2008 | 1 |
| 18 | Агробизнис менаџмент (3+2), летен 2007/2008 | 1,8 |
| 19 | Развој на хумани ресурси (2+0), зимски 2008/2009, група 1 | 1,2 |
| 20 | Развој на хумани ресурси (2+0), зимски 2008/2009, група 2 | 1,2 |
| 21 | Развој на хумани ресурси (2+0), зимски 2008/2009, дисперзирани студии во Струмица | 1,2 |
| 22 | Агроменаџмент (2+2), летен 2008/2009 | 0,9 |
| 23 | Математичко-статистички методи (5+3), летен 2008/2009 | 1 |
| 24 | Агробизнис менаџмент (3+2), летен 2008/2009 | 1,8 |
| 25 | Развој на хумани ресурси (2+0), зимски 2009/2010, група 1 | 1,2 |
| 26 | Развој на хумани ресурси (2+0), зимски 2009/2010, група 2 | 1,2 |
| 27 | Развој на хумани ресурси (2+0), зимски 2009/2010, дисперзирани студии во Струмица | 1,2 |
| 28 | Развој на хумани ресурси (2+0), зимски 2009/2010, дисперзирани студии во Прилеп | 1,2 |
| 29 | Агроменаџмент (2+2), летен 2009/2010 | 1,2 |
| 30 | Математичко-статистички методи (5+3), летен 2009/2010 | 1 |
| 31 | Организација на трудот во земј. (2+2), зимски 2009/2010 | 1,2 |
| 32 | Планирање и проектирање во земј. (3+3), летен 2009/2010 | 1,8 |
| 33 | Менаџмент во сточарското производство (3+2), летен 2009/2010 | 1,8 |
| 34 | Економика и организација на земјоделските стопанства постдипломски студии (3+0), зимски семестар 2005/2006 | 2,25 |
| 35 | Економика и организација на земјоделските стопанства - постдипломски студии (3+0), зимски семестар 2006/2007 | 2,25 |
| 36 | Економика и организација на земјоделските стопанства - постдипломски студии (3+0), зимски семестар 2006/2007 | 2,25 |

| | | |
|---|---|---|
| 37 | Економика и организација на земјоделските стопанства - постдипломски студии (3+0), зимски семестар 2006/2007 | 2,25 |
| 38 | Економика и организација на земјоделските стопанства - постдипломски студии (3+0), зимски семестар 2006/2007 | 2,25 |
| 39 | Планирање и проектирање во земј. (3+0), летен 2008/2009 - постдипломски студии | 2,25 |
| 40 | Планирање и проектирање во земј. (3+0), летен 2009/2010 - постдипломски студии | 2,25 |
| 41 | Стратешки менаџмент (меѓународни постдипломски студии по Агробизнис) (3+0), зимски 2009/2010 | 2,3 |
| 42 | Производствена економија (меѓународни постдипломски студии по Агробизнис) (3+0), зимски 2009/2011 | 2,3 |
| 43 | Консултации со студенти, 2005/2006 (378 студенти) | 0,8 |
| 44 | Консултации со студенти, 2006/2007 (493 студенти) | 1,0 |
| 45 | Консултации со студенти, 2007/2008 (491 студенти) | 1,0 |
| 46 | Консултации со студенти, 2008/2009 (469 студенти) | 0,9 |
| 47 | Консултации со студенти, 2009/2010 (569 студенти) | 1,1 |
| 48 | Ментор на дипломска работа (x9) | 1,8 |
| 49 | Ментор на специјалистички труд под наслов „Примена на информациските системи во советодавните услуги во земјоделството", изработен од Весна Илиевска, пријавен на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, одбранет на 8.4.2008. | 1 |
| 50 | Член на комисија за оцена или одбрана на докторска дисертација под наслов „Трошоците и калкулациите во функција на сметководствениот и информациониот систем на индивидуалните земјоделски стопанства" изработен од Александра Мартиновска Стојческа, пријавен на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, одбранет на 29.6.2007 | 0,5 |
| 51 | Член на комисија за оцена и одбрана на докторска дисертација под наслов „Efficiency analysis of the commercial grape growing family farms in Republic of Macedonia – Efficiency coefficients and determinants mapping" изработен од Гордана Маневска Тасевска пријавен на Department of Economics, SLU Uppsala. | 0,5 |
| 52 | Член на комисија за оцена и одбрана на магистерски труд под наслов „Методолошка постапка за примена на статички и динамички методи во оценување на инвестиционите програми на „ИПАРД"", изработен од Драган Ѓ. Чунгурски, пријавен на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, одбранет на 16.1.2009. | 0,3 |
| 53 | Член на комисија за оцена и одбрана на магистерски труд под наслов „Можности за намалување на увозната зависност на сточарскиот комплекс во Република Македонија" изработен од Серафим А. Анастасовски, пријавен на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, одбранет на 4.12.2009. | 0,3 |
| 54 | Член на комисија за оцена и одбрана на магистерски труд под наслов „Значење на маркетингот на земјоделско-прехранбените производи во системот на продавници Мерџик", изработен од Снежана К. Велјановска, пријавен на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, одбранет на 18.12.2008. | 0,3 |
| 55 | Член на комисија за оцена и одбрана на магистерски труд под наслов „Производни и економски резултати на два система на искористување на овци Аваси и нивни мелези" изработен од Елена Ефтимова, пријавен на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, одбранет на 11.7.2007. | 0,3 |
| 56 | Член на комисија за оцена и одбрана на магистерски труд под наслов „Диференцирање на цените на пазарот на живиот добиток во Република Македонија", изработен од Константин К. Коцев, пријавен на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, одбранет на 27. 4. 2006. | 0,3 |
| 57 | Член на комисија за оцена и одбрана на магистерски труд под наслов „Влијание на транзицијата врз земјоделството во Република Македонија", изработен од Бранко Ајдерски, пријавен на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, одбранет на 29.4.2010 | 0,3 |

| | | |
|---|---|---|
| 58 | Член на комисија за оцена и одбрана на магистерски труд под наслов „Менаџмент на ризици на пласманите и користењето на инвестициите." изработен од Зоран Дончев, пријавен на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, одбранет на 4.5.2010. | 0,3 |
| 59 | Член на комисија за оцена и одбрана на специјалистичка работа под наслов „Утврдување на производните ефекти и економските резултати од работењето на земјоделската задруга „Габрово" село Нистрово", изработен од Слободан Серафимовски, пријавен на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, одбранет на 28.5.2008. | 0,2 |
| 60 | Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа (x5) | 0,5 |
| 61 | Белковски Н., Димитриевски Д.(): „Планирање и проектирање во земјоделството", Основен учебник, УКИМ-Скопје, Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје, позитивно рецензиран учебник, учебникот е отпечатен, коавтор. | 6 |
| 62 | Интерна скрипта од предавања: Развој на хумани ресурси | 4 |
| 63 | Член на рецензентска комисија на универзитетски учебник: „Трошоци и калкулации во земјоделството" | 1 |
| 64 | Член на рецензентска комисија на универзитетски учебник: „Таксации во земјоделството" | 1 |
| 65 | Член на рецензентска комисија на универзитетски учебник: „Меѓународна аграрна политика" | 1 |
| | **Вкупно** | **86,55** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| ред.број | Назив на активностите | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Ментор на докторска дисертација под наслов: „Модел за парцијална рамнотежа за екс-анте анализа на пазарот на одделни земјоделски производи во Република Македонија" изработена од Ана В. Котевска, пријавена на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, одбранета на 14.10.2010. | 3 |
| 2 | Ментор на докторска дисертација под наслов: „Менаџмент на каналите на дистрибуција на производството од семејните земјоделски стопанства до пазарот" изработена од Весела Ламбевска Домазетова, пријавена на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје (неодбранета). | 3 |
| 3 | Ментор на докторска дисертација под наслов: „Фактори кои влијаат на економско здружување на земјоделските производители во Република Македонија", изработена од Маргарита Делева, пријавена на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје (неодбранета). | 3 |
| 4 | Ментор на магистерска работа под наслов: „Модел за парцијална рамнотежа на пазарот на свинско месо во Република Македонија", изработена од Ана В. Христовска, пријавена на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, одбранета на 21. 12. 2005. | 1 |
| 5 | Ментор на магистерска работа под наслов: „Производно – економски ефекти од микрокредитирањето на овчарството во Република Македонија", изработена од Весела Ламбевска Домазетова, пријавена на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, одбранета на 27. 12. 2006. | 1 |
| 6 | Ментор на магистерска работа под наслов: „Влијание на кредитната политика во земјоделството врз комерцијализацијата и специјализацијата на семејните земјоделски стопанства во Република Македонија", изработена од Лазо Димитров, пријавена на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, одбранета на 30.12.2009. | 1 |
| 7 | Ментор на магистерска работа под наслов: „Мерките на аграрната политика како фактор за зголемување на конкурентноста на македонскиот земјоделски сектор", изработена од Ацо Спасеновски, пријавена на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје (неодбранета) | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 8 | Раководител на меѓународен научен проект „Building capacity for Macedonian Policy Formulation and Economic Analysis Related to the Agricultural Sector", финансиран од СИДА (2004-2010). | 9 |
| 9 | Национален координатор на меѓународен научен проект: „AgriPolicy: Enlargement Network for Agripolicy Analysis", финансиран од Европската комисија, (2006- 2008). | 6 |
| 10 | Учесник во меѓународен научен проект: *„Agricultural Member State Modelling for the EU and Eastern European Countries (AGMEMOD 2020)"*, финансиран од Европската комисија, (2006- 2008). | 5 |
| 11 | Учесник во меѓународен научен проект: *„Balkan Agri-Sector Initiative for Capacity Building"*, финансиран од Европската комисија во рамките на програмата Темпус (IB_JEP 19027-2004). (2004- 2008). | 5 |
| 12 | Учесник во меѓународен научен проект: *„DG-AGRI: Study on the state of the Agriculture in Five Applicant Countries"*, финансиран од Европската комисија. | 5 |
| 13 | Учесник во билатерален македонско-бугарски проект: „Пазарно вуправување со земјоделските стопанства", финансиран од МОН, бр. 14-1083 од 22. V 2009 год. | 3 |
| 14 | Аждерски Ј., Ѓошевски Д., Пешевски М., Ѓорѓевски Ѓ., Димитриевски Д., Усалевски В., Георгиев Н., Белковски Н., Мартиновска-Стојчевска, Александра, Христовска, Ана, 2005: Можности за зголемување на конкурентноста на земјоделско-прехранбените производи. XXX средба „Факултет – стопанство", Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје, 2005. | 1,2 |
| 15 | Пешевски М., Димитриевски Д., Геогиев Н., Филиповски Б. (2008): Промените во економските показатели при производството на ароматичен тутун (2000-2008). Годишен зборник на Факултетот за земјоделски науки и храна. Година 53. Скопје. | 1,2 |
| 16 | Gjosevski D., Dimitrievski D. Agricultural Education in Republic of Macedonia. Proceedings of XL Croatian Symposium on Agriculture (15-18 February 2005). Opatija | 2,7 |
| 17 | Ана Христовска, Д. Димитриевски (2007): Можен ефект од ЕУ интеграцијата на секторот свињарство во Република Македонија.Зборник на трудови на Третиот симпозиум за сточарство со меѓународно учество, стр. 291-296, 12-14.9. 2007, Охрид, Македонија. | 2,7 |
| 18 | Dragi Dimitrievski, Ana Kotevska (2008): Challenges faced by the agro-food sector in the Republic of Macedonia as regards its integration with the EU markets. Agriculutre in Western Balkans and EU integration. pg. 47-67. DAES. Ljubljana. | 3,6 |
| 19 | Ефтимова Е., Димитриевски Д., Џабирски В., Козаровски Н. (2007): Цена на чинење на овчи сирење добиено од чисторасни аваси, мелези F1 генерација и овци од домашна популација. Зборник на трудови на Третиот симпозиум за сточарство со меѓународно учество, стр. 285-289 12-14.9. 2007, Охрид, Македонија. | 1,8 |
| 20 | Драги Димитриевски, Весела Ламбевска Домазетова (2008): Identifying the effects from micro crediting ih sheep breeding in the Republic of Macedonia – *Симпозиум за сточарство- Херцег Нови.* | 3,6 |
| 21 | Ерјавец Е., Д. Димитриевски (2008): Заедничката земјоделска политика на ЕУ и задачи за пристапување за земјите од Западен Балкан. Земјоделството на западниот Балкан и европски интеграции, стр. 1-10. Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје. | 1,8 |
| 22 | Мартиновска Стојческа, А., Димитриевски, Д., Олмер, Б, Карлсон, Т. (2008): Модел за деловно планирање на фарма Agriwise Македонија – примена на краварска фарма. Годишен зборник на Факултетот за земјоделски науки и храна, Скопје, Година 53, 109-121. | 2,4 |
| 23 | Martinovska-Stojčeska A., Dimitrievski D., Erjavec E. (2009): Costs and incomes of family farms in Macedonia in a FADN Compatible accounting and information system. Agricultura tropica et subtropica. Vol. 41 (3) 2009, 126-133. | 4,8 |

| | | |
|---|---|---|
| 24 | Martinovska-Stojčeska, A. and Dimitrievski, D., (2009): Challenges of the Macedonian vegetable sub-sector towards EU-integration. Poster presentation. Green Week Scientific Conference 2009 Multi-Level Processes of Integration and Disintegration January, 14th and 15th, 2009, Berlin. | 2,7 |
| 25 | Martinovska-Stojcheska A., Dimitrievski D., Öhlmér B., Karlsson T. (2010): Agriwise Macedonia - A new decision support system for farm management in contrast to current practices. 5th DAES Conference, »Modern challenges of management in agri-food chain« Proceedings, Hoče, Slovenia, 18th - 19th March 2010. | 1,8 |
| 26 | Ana Kotevska, Dragi Dimitrievski (2010): Modelling agricultural policy and market development. in Agriculture in the process of adjustment to the common agricultural policy, pg 127-137, Skopje: University Ss Cyril and Methodius (UKIM), Faculty of Agricultural Sciences and Food – Skopje. | 2,7 |
| 27 | Martinovska-Stojčeska, A. Dimitrievski, D., (2010). The Farm Accountancy Data Network in the Republic of Macedonia with emphasis on data quality, in Agriculture in the process of adjustment to the common agricultural policy, pg 137-150, Skopje: University Ss Cyril and Methodius (UKIM), Faculty of Agricultural Sciences and Food – Skopje. | 2,7 |
| 28 | Dimitrievski D., Georgiev N., Simonovska A., Martinovska Stojceska A., Kotevska A. (2010): Review of agriculture and agricultural policy in FYR Macedonia. Chapter 6 in Agriculture in the Western Balkan Countries. IAMO. vol. 57. Halle, 2010. | 3,6 |
| | **Вкупно** | **81,7** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| ред.број | Назив на активностите | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Димитриевски Д, Ана Христовска., 2005: Улогата на Факултетот за земјоделски науки и храна во трансферот на знаења и технологии за развој на земјоделско – прехрамбениот сектор во периодот на приспособување кон ЕУ. XXX средба „Факултет – стопанство". Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје, 2005. | 1,8 |
| 2 | Ѓошевски Д. ... Д. Димитриевски, Ана Христовска .... (2005): Физибилити студија за потенцијалните можности и правци на развој на Еуроленд АД Петровец. Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје, јуни 2005, Скопје. | 1,2 |
| 3 | Димитриевски Д. (2006): Развојот на агрокомплексот во општините на Република Македонија. Зборник на трудови на трибината: Универзитетот во 21 век – науката во функција на стопанството, стр. 21-28. Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје. | 2 |
| 4 | Димитриевски Д., Мартиновска Стојческа А., Христовска А. (2006): Водење сметководствена евиденција на фарма (забележување на трошоците и приходите на индивидуални земјоделски стопанства). Прирачник за фармери. МААСП. 22. | 4,8 |
| 5 | Ѓошевски Д. ... Д. Димитриевски, Ана Христовска .... (2006): Физибилити студија за развој на АД Земјоделско сточарски комбинат Струмица во периодот 2006 – 2010 год. АД Земјоделско сточарски комбинат Струмица. Јуни 2006. Струмица. | 1,2 |
| 6 | *Аждерски Ј., ... Димитриевски Д., ... ( ). Физибилити студија за зголемување на конкурентноста на македонскиот агрокомплекс од аспект на намалување на цената на чинење на земјоделско–прехранбените производи"* за МЗШВ, Скопје. | 1,2 |
| 7 | Ѓошевски Д., Георгиев Н., Димитриевски Д., А. Мартиновска Стојческа (2007): Прирачник за изработка на инвестициони програми за вработените во АПРЗ | 3,6 |
| 8 | Dimitrievski, D., Martinovska-Stojceska, A. (2008): Effects of the existing policies and measures of the government of Republic of Macedonia in the sector of agriculture with a special focus of the fruits and vegetables sub-sector. Faculty of Agriculture and Food - Skopje, studija za SNV (Netherlands Development Organisation) | 1,8 |
| 9 | Dimitrievski D., Kotevska A. (2009): Analysis of renewable energy and its impact on rural development in Republic OF Macedonia. AgriPolicy - | 1,8 |

| | | |
|---|---|---|
| | Enlargement Network for Agripolicy Analysis. (достапно на http://www.euroqualityfiles.net/AgriPolicy/) | |
| 10 | Учесник во меѓународен проект: „Support for decision making process in the Ministry of Agriculture, Forestry and Water Economy", финансиран од СИДА. | 3 |
| 11 | Учесник во меѓународен проект: „Support Network for Improvement of the Strategic Planning SuNISP Tempus JEP 41143 | 3 |
| 12 | Обука „Водење сметководствена евиденција на фарма" (МААСП) | 0,5 |
| 13 | Обука за изработка и оцена на бизнис-план за АПРЗ | 0,5 |
| 14 | Предавање „Macedonian agriculture: situation, prospects, and new challenges at the food market", во рамките на „Enhancing Agricultural competitiveness to face global challenges", организирано од Федерацијата на фармери во Република Македонија (20.5.2008). | 0,5 |
| 15 | Предавање: „Карактеристики на земјоделското производство во Република Македонија и неговиот потенцијал за задоволување на домашната и странската побарувачка", во рамките на „Цените на храната и инфлацијата" организирана од Народна банка на Република Македонија (24.4.2008). | 0,5 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1 | Декан (2009-) | 6 |
| 2 | Раководител на постдипломски студии, група агроекономика | 2 |
| 3 | Член на универзитетска комисија за развој и инвестиции | 1 |
| 4 | Факултетска комисија за втор циклус студии | 0,5 |
| 5 | Член во комисија за избор во звање (2) | 0,4 |
| 6 | Член на работна група за изработка на Закон за земјоделство и рурален развој | 2 |
| 7 | Член на работна група за изработка на Закон за земјоделско земјиште | 2 |
| 8 | Член на работна група за подготовска на ИПАРД - програмата | 2 |
| 9 | Член на работна група за евроинтеграција | 1 |
| 10 | Член во Комисија за избор на најдобар производ од прехранбената индустрија | 1 |
| 11 | Член во Комисија за разгледување на предлозите на наградата „13 Ноември" на град Скопје за 2009 година од областа на науката. | 1 |
| 12 | Член на ИПАРД Мониторинг - комитет | 1 |
| 13 | Член во 1st Steering Committee Meeting | 1 |
| | **Вкупно** | 44,5 |

**ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**

| | |
|---|---|
| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | 86,55 |
| НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 81,70 |
| СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ | / |
| СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ | 44,50 |
| **Вкупно** | **212,75** |

## Членови на комисијата

1. Д-р Миле Пешевски, редовен професор
   на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, с.р.

2. Д-р Емил Ерјавец, редовен професор
   на Биотехничкиот факултет во Љубљана, с.р.

3. Д-р Драган Ѓошевски, редовен професор
   на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, с.р.

До Наставно-научниот совет
на Стоматолошки факултет во Скопје
– Рецензентска комисија

# ПРИГОВОР

од насл. доцент **д-р Златко Георгиев**, вработен во Клиниката за детска и превентивна стоматологија при ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон" во Скопје, како наставна база на Стоматолошкиот факултет на рефератот за избор на наставник во сите наставно-научни звања на Стоматолошкиот факултет во Скопје, објавен во Билтен бр. 995, стр. 289-320,.

Предложениот реферат објавен во Билтен бр. 995 содржи неколку круцијални недостатоци кои суштински ја компромитираат неговата валидност, а имено:

1.

**Ниту еден од пријавените кандидати никогаш не бил избран во редовно звање** – наставник во сите наставно-научни звања – доцент по предметот детска и превентивна стоматологија на Стоматолошкиот факултет во Скопје. Тоа недвосмислено сугерира дека Рецензентската комисија требало да ги бодира **СИТЕ активности** на кандидатите од изборот за помлад асистент, а не само на некои 2-годишен, а на други 5-годишен период. **Тоа е во спротивност со Правилникот**, стр. 5, табела 2.

Напротив, од сите пријавени кандидати само д-р Ана Сотировска Ивковска и д-р Златко Георгиев се избрани во звање наставник во сите наставно-научни звања по предметот Детска и превентивна стоматологија, на Стоматолошкиот факултет во Скопје, но во насловно звање – доцент. Логично, според тоа, би требало само тие двајца кандидати да бидат предложени во повисоко звање.

Поради неправилностите што произлегуваат од тоа, неминовна е потребата да се следи примерот на Медицинскиот факултет во Скопје – и на Стоматолошкиот факултет да се усвојат дополнителни критериуми за избор

во редовно звање, цитирам: **„Доколку на конкурс за избор на наставник во сите звања, а распишан по основ на реизбор на лица во повисоко звање, се јават и лица кои се избираат по прв пат и на кои според Правилникот треба да им се бодира целиот претходен период, заради несоодветствување на периодите кои се компарираат меѓу кандидатите, потребно е и на лицата кои имаат реизбор во повисоко звање да им се бодира целокупниот опус на научно-истражувачка, наставно-образовна и стручно-апликативна дејност, а не само последните 5 години."**

2.

Неминовност е потребата во рецензентските комисии на Катедрата за детска и превентивна стоматологија да се вклучуваат сите пензионирани професори од таа област , а не само проф. Мирчева: тогаш сите пет члена би биле од истата област. Тројца активни и двајца пензионирани, најмладиот е на 63 години, а не избрале ниеден доцент. Иако кандидати со одбранета докторска дисертација чекаат конкурс за наставник над една деценија. Иако има 4 насловни доценти на главниот предмет и два доцента на странични предмети.

3.

Со тоа што за избор во повисоко звање – вонреден професор, предлага кандидати кои се избрани во звање доцент на рендгенологија... или забоздравство..., Рецензентската комисија ги руши когентните норми на законодавецот за постапност во изборот во наставно-научни звања, искажани во Законот за високото образование (чл. 131) и Правилникот. Небулозите на Рецензентската комисија одат дотаму што се конструира постоење на равенство помеѓу доцент на предметот: рендгенологија и забоздравство, и детска и превентивна, па макар биле сите тие предмети во склоп на Катедрата за детска и превентивна стоматологија. Ако е така, зошто доцентот на рендгенологија не е автоматски (а без решение за тоа) доцент на сите предмети во односната катедра? Следователно зошто не би се вршело избор на наставник во сите наставно-научни звања на цела група предмети? И како би гласело звањето? Вонреден професор на група предмети? Вонреден

професор на група предмети без одбранета докторска дисертација посебно за секој предмет? И сето тоа во согласност со Законот за високото образование?

4.

Д-р Златко Георгиев бил **првенец на генерација (среден успех на студии 9,375)**, со најдолг асистентски стаж (два избора млад асистент, два избора асистент, **два избори асистент со докторат**, и еден избор насловен доцент). Средниот успех на **постдипломски студии му изнесува 9,9**; прв докторирал во 2000 год. и реално има најголем број печатени публикации – **102**.

Од друга страна, тенденциозно **не му се рецензирани четири труда** од Балкански конгрес во Истанбул, 2007 година, ниту сега (Билтен бр. 995), ниту во референтот од Билтен бр. 987. Се работи за трудови кои се посочени за рецензирање во пријавата по конкурсот во декември 2009 г., и со пријавата се приложени сепарати – фотокопии од апстрактите и корицата на Зборникот апстракти, исто како што е направено и на конкурсот од септември 2010 г. Тоа е наведено во приговорот на д-р Златко Георгиев од 21. 6. 2010 г., кој Рецензентската комисија **не го објави во Билтенот** на Универзитетот...

Во Анексот (стр. 310) на д-р Златко Георгиев **тенденциозно му се намалени бодовите**: трудовите со реден број 3, 7 и 8, наместо со **1,8**, се бодирани само со 1,2 бода, а трудот со реден број 9, наместо со **1,6** е бодиран со 1,2 бода.

5.

Д-р Мира Јанкуловска има среден успех на студии **8,09** (Билтен бр. 667 0д 1996 г., стр. 146 и Билтен бр. 866), иако **според тогашниот Закон за високото образование за запишување на магистерски студии беше потребно да е над 8,50.**

Таа досега има објавено максимум 85 печатени труда, иако според сприговор на рефератот од Билтен бр. 866, стр. 302-304, некои публикации биле земани предвид по неколку пати. Трудовите за рецензија под ред. Бр. 2 и 5 се веќе рецензирани во Билтен бр. 908 (реден број 2 и 5 на стр. 294).

**Бодовите на кандидатката Мира Јанкуловска се пореално зголемени,** имајќи предвид дека еднаш е бодирана за сите продекански активности на Факултетот, а не и плус за секоја активност во Деканатот засебно. Тоа буди сомнение дека бодирањето е фалсификувано.

За да успее изборот на д-р Мира Јанкуловска, на овој конкурс, извршена е измена на Комисијата во нејзин интерес, бидејќи **на претходниот конкурс за избор во истото звање не беше подржана од сите членови на Рецензентската комисија (издвоено мислење за избор во сите наставно-научни звања потпишано од проф. д-р Бона Бајрактарова, редовен прпфесор на Катедрата за детска и превентивна стоматологија – Билтен на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј", бр. 987).**

Д-р Марија Стевановиќ не успеа да ја апсолвира двосеместралната настава од магистерските студии (испитите), и за да не изгуби право, трипати беше избрана во звање помлад асистент – во спротивност со Законот за високото образование, кој дозволува само два избора (поради непотизам); други коментари не се потребни.

Доц. д-р Златко Георгиев, d-r sci. stom.

До Наставно-научниот совет
на Стоматолошкиот факултет во Скопје

**Предмет:** Одговор на приговорот од насл. доц. д-р Златко Георгиев, вработен на Клиниката за детска и превентивна стоматологија при ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон" во Скопје, на рефератот за избор на наставник во сите наставно-научни звања на Стоматолошкиот факултет во Скопје, во Билтен бр. 995, стр. 289-320, ноември 2010 година.

Рецензентската комисија во состав : проф. д-р Снежана Иљовска *д-р сци,* проф. д-р Миле Царчев *д-р сци,* проф. д-р Мила Мирчева *д-р сци,* проф. д-р Марија Накова *д-р сци* и проф. д-р Марија Зужелова *д-р сци,* редовни професори на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, го поднесуваат следниов одговор на приговор од насл. доц. д-р Златко Ѓеорѓиев:

Рецензентската комисија по разгледувањето на приговорот од д-р Златко Ѓеоргиев констатира дека тој е неоснован по сите точки, и тоа:

**Во врска со првата точка од приговорот, Рецензентската комисија се повикува на Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје со вреднување на активностите по изборот во звањето доцент, односно насловен доцент (член 12 од Правилникот), кој вели: „За вонреден професор може да биде избрано лице кое има научен степен доктор на науки од научната област во која се избира, самостојни научни и стручни трудови објавени одделно или во публикации, учество во научно-истражувачки проекти, односно значајни достигнувања во примената на научно-истражувачки резултати, придонес во оспособувањето на соработници и помлади наставници и кое покажало способност за изведување на разни видови високообразовна дејност. Минималниот број поени што**

треба да ги оствари лицето за да може да биде избрано во звањето вонреден професор се прикажани во Табела 1". Исто така, го цитираме и член 282, став 3 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, каде што се вели: „Наставниците во наставно-научни звања се избираат во наставно-научни области утврдени со Класификацијата на научни подрачја, полиња и области (дисциплини) според стандардите на ОЕЦД."

Сите кандидати на кои се однесува референтот објавен во Билтен бр. 995, стр. 289-320, во ноември 2010 година, имаат докторирано од исто научно подрачје и област (стоматологија, детска и превентивна стоматологија). Исто така, нивните последни избори во наставно-научно звање доцент, пред три години и седум месеци, а не пред пет години и насловен доцент пред две години, се извршени на група предмети од соодветната научна област на Катедрата за детска и превентивна стоматологија (а не, како што стои во приговорот дека само д-р Златко Ѓеоргиев и д-р Ана Сотировска-Ивковска се избрани за насловни доценти по предметот детска и превентивна стоматологија). Во тој контекст ја цитираме и Одлуката број 10-33 од 9. 1. 2008 година, на Наставно-научниот совет на Факултетот, со која се утврдуваат групите на стручните стоматолошки предмети кои се предаваат на одредени катедри согласно со соодветниве научни области на Стоматолошкиот факултет во Скопје. Конкретно, според оваа Одлука, на Катедрата за детска и превентивна стоматологија се предаваат следните стручни стоматолошки предмети: детска стоматологија, превентивна стоматологија, дентална рендгенологија, забоздравство во заедницата, превентива на оралните заболувања, исхрана и орално здравје и детска и превентивна стоматологија, а се однесуваат на трите студиски програми на Стоматолошкиот факултет, и тоа: студиска програма за доктори по стоматологија, студиска програма за стручни забни техничари и студиска програма за стручни стоматолошки сестри.

Страница 5, Таб. 2 од Правилникот, на кои се повикува д-р Златко Ѓеоргиев во приговорот, сметаме дека се несоодветни. Имено, тој

најверојатно се повикува на стр. 5, Таб. 1а од Правилнико, на што е одговорено во претходниот пасус. Имено, Таб. 2 од Правилникот се наоѓа на стр. 6 и се однесува на минимален број поени за избор во наставно-научно звање од стручно-уметничка област. Доколку неговиот приговор се однесува на втората табела од стр. 5 (Таб. 1а), таа се однесува на минимален кумулативен број поени за избор во повисоко наставно-научно звање од наставно-научна област, кои критериуми се применуваат во случаи кога на конкурси се пријавуваат кандидати кои претходно биле избрани во наставно-научни односно научни звања на други универзитети, односно високообразовни установи надвор од рамките на УКИМ.

Рецензентската комисија на овој реферат, при Стоматолошкиот факултет во Скопје, се повикува исклучиво на Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, објавен во Универзитетски гласник бр. 138, Законот за високото образование и другите важечки акти на Универзитетот и Факултетот, а не може да следи и да се повикува на примери од други факултети, во случајов, на Медицинскиот факултет во Скопје.

Во врска со втората точка од приговорот повторно ќе се повикаме на Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во делот кој се однесува на Рецензентската комисија член 42, став 5 (...Членови на рецензентската комисија можат да бидат и пензионирани лица во наставно-научно звање редовен професор...) и член 43, став 1 (Повеќе од половината од членовите на рецензентската комисија ја сочинуваат лица во наставно-научни звања од истото наставно-научно подрачје...).

Одговорот на третата точка од приговорот на д-р Златко Георгиев е содржан во објаснувањето и одговорот на Рецензентската комисија на точката 1.

**Точките 4, 5, и 6-од приговорот се неосновани поради фактот дека немаат значење за мислењето изнесено во рефератот и како такви не би требало да бидат ни коментирани.**

Колку за појаснување можеме само таксативно да наброиме :

- во секое ново конкурирање за повисоко звање се приложуваат и рецензираат само активностите по последниот избор (во случајов само оние по неговиот избор во насловен доцент - по септември 2008 год.);
- право на рецензентите е соодветно да ги вреднуваат придонесите на авторите кои се наоѓаат на некое 5-6 место во приложените трудови кои и не се во некоја тесна корелација со специјалностите на авторите;
- средниот успех се евалуира при првото конкурирање, обично за асистентско место;
- во однос на пресметката на бодовите на трудовите 3, 7, 8 и 9 на д-р Златко Ѓеоргиев, најверојатно е дека станува збор исклучиво само за техничка грешка којашто се поткраднала во текот на лекторирањето и печукувањето на самиот рефератот, и не влијае на мислењето на Рецензентската комисија;
- наводите на д-р Златко Георгиев од точката пет на приговорот, а кои се однесуваат на бодирањето на доц. д-р Мира Јанкуловска, рецензентската комисија смета дека не се точни, односно бодирањето е извршено според Анексот 2 и никако поинаку;
- во однос на мислењето на д-р Златко Георгиев за составот на Рецензентската комисија, можеме само да потврдиме дека таа е избрана на законски начин пропишан согласно со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Статутот на Универзитетот и Законот за високото образование. Имено, станува збор за конкурс за кој по предлог на Кадровскиот одбор на Факултетот, Наставно-научниот совет на Факултетот со мнозинство гласови ја усвои предложената Рецензентска комисија во наведениот состав;

- наводите на д-р Златко Георгиев кои се однесуваат на доц. д-р Марија Стевановиќ се неточни и Рецензентската комисија смета дека се ирелевантни за одлуката на Комисијата и не заслужуваат коментар и одговор.

**Правилникот за избор во наставно-научни звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" и неговиот Анекс, недвосмислено ги одредуваат областите по кои кандидатите треба да освојат минимум поени за влез во изборот на распишаните конкурси. Од содржините на приложените табели точно се добива претстава за квалитетното авансирање на кандидатите од нивното докторирање па се до конкурирањата за повисоки звања.**

**Исто така, рецензентите кои се непосредни членови и соработници во заедничките наставно-научни институции имаат право и можност дури и при еднаков број поени да го дадат својот глас за избор на некој од кандидатите следејќи ги сите останати особини кои треба да ги поседува еден наставно-научен работник. Значи, личното познавање и мнение за напредувањето и надградувањето на кандидатите низ секојдневните залагања во наставата и науката, особено во услови на евидентни разлики во бодовите, многу го олеснуваат изборот и предлогот на рецензентите во однос на кандидатите.**

Сметаме дека приговорот е неоснован и го навредува достоинството на учесниците во оваа конкурсна постапка.

**Членови на Рецензентската комисија**

Проф. д-р Снежана Иљовска, *д-р сци,* *с.р.*

Проф. д-р. Миле Царчев, *д-р сци,* *с.р.*

Проф. д-р Мила Мирчева, *д-р сци,* *с.р.*

Проф. д-р. Марија Накова, *д-р сци,* *с.р.*

Проф. д-р. Марија Зужелова, *д-р сци,* *с.р.*

До
Рецензентската комисија и
Декантот на Стоматолошки факултет-Скопје

# ПРИГОВОР

на рефератот и на заклучокот на рецензентската комисија за избор на два наставника во сите наставно-научни звања од областа детска и превентивна стоматологија на Катедрата за детска и превентивна стоматологија на Стоматолошкиот факултет во Скопје (Билтен бр. 995, стр. 289-320, објавен на 1. 11. 2010 година на веб страната на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје

Од насл доц. Ана Сотировска Ивковска, вработена на Клиниката за детска и превентивна стоматологија при ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон" во Скопје

Приговорот се однесува на необјективноста, пристрасноста и тенденциозноста на членовите на Рецензентската комисија во постапката на рецензирање на доставените материјали на четирите кандидати.

Комисијата непринципиелно посрапила при пополнување на Анексот 2 за четирите кандидати, покажувајќи пристрасност, наклонетости фаворизирање на кандидатите доц. Мира Јанкуловска и доц. Марија Стевановиќ на кои им е извршено бодирање за период од пет години, додека на д-р.сци Ана Сотировска Ивковска и д-р сци. Златко Георгиев не е извршено бодирање само за две години (од изборот во звањето насловен доцент).

Доц. Мира Јанкуловска е промовирана во звањето доцент на конкурс објавен на 29. 11. 2006 година по предметот забоздравство во заедницата. Оттогаш таа ја изведува наставата по наведениот предмет, во која не е

вклучен никој друг од постојните наставници на Катедрата за детска и превентивна стоматологија (има три редовни професори). Настава на предметот детска и превентивна стоматологија таа никогаш не изведувала, ниту пак некогаш е избрана за наставник по тој предмет.

Доц. Марија Стевановиќ, на истиот конкурс, истата година е избрана во звањето доцент на предметот стоматолошка рендгенологија. И кај неа случајот е ист. Имено, само таа ја држи наставата по наведениот предмет и нокогаш не држела настава од предметот детска и превентивна стоматологија.

Единствено д-р Златко Ѓеоргиев и д-р Ана Сотировска Ивковска на конкурсот објавен на 21. 03. 2008 година се избрани во звањето насловен доцент по предметот детска и превентивна стоматологија на Стоматолошкиот факултет- Билтен бр. 945.

Согласно со податоците изнесени погоре произлегува и нелогичноста на конкурсот за избор на два наставника во сите наставно научни звања од областа детската и превентивната стоматологија на Катедрата за детска и превентивна стоматологија. Имено, двете кандидатки треба да бидат избрани во повисоко звање, а всушност не биле избрани за наставници на соодветниот предмет.

Секако дека со начинот на вака извршеното бодирање девете кандидатки ќе имаат предност, бидејќи е земен предвид подолг период за оценување во однос на другите два кандидата (на кандидатите накои им е дадена предност, за оценување е земен период од 5 години, додека на вторите два кандидата на кои не им е дадена предност, за оценување е земен период од само последните две години).

Согласно со тоа, укажувам дека заради несоодветствување на периодите кои се компарираат меѓу кандидатите, потребно е да се бодира целокупниот опус на научноистражувачка, наставно-научна и стручно-апликативна дејност на сите кандидати!!!.

Наставно-образовна дејност

Во изведувањето на теоретската настава по предметот детска и превентивна стоматологија во учебните 2008/2010, единствено јас имам држено предавања на студенти по предметот детска и превентивна стоматологија, од сите пријавени кандидата. Другите два кандидати кои се предлагаат за избор во повисоко звање никогас не ја држеле теоретската настава по наведениот предмет.

Во склоп на Рецензентската комисија е вклучен пензиониран редовен професор кој не е присутен на Клиниката цели 7 години, а е исклучен редовен професор кој е присутен во секојдневната работа на кандидатите. Седум години е долг период за да се следи активноста на кандидатите, со што се доведува во прашање објективноста на изборот.

На предметот детска и превентивна стоматологија има 3 редовни професори, од кои едниот е на возраст од 65, другиот има 64 и третиот има 62 години, а нема ниту еден редовно избран доцент. На Катедрата има четири насловни доценти со одбранета докторска дисертација од соодветната област. Доцент избран на соодветен предмет не мозе да биде доцент на сите предмети на соодветната катедра.

Д-р Ана Сотировска Ивковска ги има завршено студиите со највисок просек од сите пријавени кандидати: 9,48 и ја има одбрането својата докторска дисертација во 2002 година. Во анексот тенденциозно ми се намалени бодовите како за наставата така и за вежбите. Апстракти со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание-Caries Research (редовен број) кој има импактфактор 2,4 со меѓународен уредувачки одбор ми се бодувани како обични апстракти од научен собир.

Д-р Мира Јанкуловска има среден успех на студии 8,09 и има објавено 85 трудови. Според приговор на рефератот од Билтен бр. 866 стр. 302-304, во кој е дадена табела, укажувам на тоа дека предавања и трудови со ист наслов се

бодувани неколку пати. Ова секако ја доведува во прашање вкупната бројка на трудови. Трудовите за рецензија под реден бр. 14 и 15 не се со меѓународен уредувачки одбор (Билтен бр. 995).
Овие податоци ја доведуваат во прашање реалната слика на бодирањето и споредување на кандидатите.

Д-р. Марија Стевановиќ има среден успех на студии 9,47 и е единствен кандидат кој бил три пати реизбран во звањето помлад асиситент-спротивно од законот за високото образование, кој дозволува два избора. Докторската дисертација ја има одбрането 2004 година, две години по мене.

Скопје
08. 11. 2010

насл. доц. д-р
Ана Сотировска Ивковска

До Наставно-научниот совет
на Стоматолошкиот факултет во Скопје

**Предмет:** Одговор на приговорот од насл. доц. д-р Ана Сотировска Ивковска, вработена на Клиниката за детска и превентивна стоматологија при ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон" во Скопје, на рефератот за избор наставник во сите наставно-научни звања на Стоматолошкиот факултет во Скопје, во Билтен бр. 995, стр. 289-320, ноември 2010 година.

Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Снежана Иљовска *д-р сци,* проф. д-р Миле Царчев *д-р сци,* проф. д-р Мила Мирчева *д-р сци,* проф. д-р Марија Накова *д-р сци* и проф. д-р Марија Зужелова *др -сци,* редовни професори на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје го поднесуваат следниов одговор на приговорот од насл. доц. д-р Ана Сотировска Ивковска:

Рецензентската комисија по разгледувањето на приговорот од д-р Ана Сотировска-Ивковска констатира дека тој е неоснован по сите точки и тоа:

**Во однос на првиот дел од приговорот на д-р Ана Сотировска Ивковска, Рецензентската комисија се повикува на Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје со вреднување на активностите по изборот во звањето доцент, односно насловен доцент (член 12 од Правилникот), кој вели: „За вонреден професор може да биде избрано лице кое има научен степен доктор на науки од научната област во која се избира, самостојни научни и стручни трудови објавени одделно или во побликации, учество во научноистражувачки проекти, односно значајни достигнувања во примената на научноистражувачки резултати, придонес во**

оспособуавњето на соработници и помлади наставници и кое покажало способност за изведување на разни видови високообразовна дејност. Минималниот број поени што треба да ги оствари лицето за да може да биде избрано во звањето вонреден професор се прикажани во Табела 1." Исто така, го цитираме и член 282 став 3 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, каде што се вели: „Наставниците во наставно-научни звања се избираат во наставно-научни области утврдени со Класификацијата на научни подрачја, полиња и области (дисциплини) според стандардите на ОЕЦД."

Сите кандидати на кои се однесува Референтот објавен Билтен бр. 995, стр. 289-320, ноември 2010 година, имаат докторирано од исто научно подрачје и област (стоматологија, детска и превентивна стоматологија). Исто така, нивните последни избори во наствно-научното звање доцент, пред три години и седум месеци, а не пред пет години и насловен доцент пред две години, се извршени на група предмети од соодветната научна област на Катедрата за детска и превентивна стоматологија (а не, како што стои во приговорот дека само д-р Златко Ѓеоргиев и д-р Ана Сотировска-Ивковска се избрани во насловни доценти за предметот детска и превентивна стоматологија). Во тој контекст ја цитираме и Одлуката број 10-33 од 9. 1. 2008 година, на Наставно-научниот совет на Факултетот, со која се утврдуваат групите на стручните стоматолошки предмети кои се предаваат на одредени катедри согласно со соодветните научни области на Стоматолошкиот факултет во Скопје. Конкретно, според оваа Одлука, на Катедрата за детска и превентивна стоматологија се предаваат следниве стручни стоматолошки предмети: детска стоматологија, превентивна стоматологија, дентална рендгенологија, забоздравство во заедницата, превентивна на оралните заболувања, исхрана и орално здравје и детска и превентивна стоматологија, а се однесуваат на трите студиски програми на Стоматолошкиот факултет, и тоа: студиска програма за доктори по

**стоматологија, студиска програма за стручни забни техничари и студиска програма за стручни стоматолошки сестри.**

**За да одговориме на делот од приговорот кој се однесува на составот на Рецензентската комисија и вклучувањето на пензиониран редовен професор на Стоматолошкиот факултет во Скопје, повторно ќе се повикаме на Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во делот кој се однесува на Рецензентската комисија, член 42, став 5 (...Членови на рецензентската комисија можат да бидат и пензионирани лица во наставно-научно звање редовен професор...) и член 43, став 1 (Повеќе од половината од членовите на рецензентската комисја ја сочинуваат лица во наставно-научни звања од истото наставно-научно подрачје...).**

**Останатите делови од приговорот на д-р Ана Сотировска Ивковска се неосновани поради фактот дека немаат значење за мислењето изнесено во рефератот и како такви не би требало да бидат ни коментирани.**

Колку за појаснување можеме само таксативно да наброиме:

- во секое ново конкурирање за повисоко звање се приложуваат и рецензираат само активностите по последниот избор (во случајов само оние по нејзиниот избор во насловен доцент - по септември 2008 год.);
- право на рецензентите е соодветно да ги вреднуваат придонесите на авторите кои се наоѓаат на некое 5-6 место во приложените трудови кои и не се во некоја тесна корелација со специјалностите на авторите;
- средниот успех се евалуира при првото конкурирање, обично за асистентско место;
- во однос на мислењето на д-р Ана Сотировска Ивковска, за составот на Рецензентската комисија, можеме само да потврдиме дека таа е избрана на законски начин пропишан согласно со Правилникот за критериумите и

постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Статутот на Универзитетот и Законот за високото образование. Имено, станува збор за конкурс за кој по предлог на Кадровскиот одбор на Факултетот, Наставно-научниот совет на Факултетот со мнозинство гласови ја усвои предложената Рецензентска комисија во наведениот состав;

- наводите на д-р Ана Сотировска-Ивковска во приговорот, а кои се однесуваат на бодирањето на доц. д-р Мира Јанкуловска, Рецензентската комисија смета дека не се точни, односно бодирањето е извршено според Анексот 2 и никако поинаку;

- наводите на д-р Ана Сотировска-Ивковска кои се однесуваат на доц. д-р Марија Стевановиќ се неточни и Рецензтентската комисија смета дека се нерелевантни за одлуката на Комисијата.

**Правилникот за избор во наставно-научни звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" и неговиот Анекс, недвосмислено ги одредуваат областите по кои кандидатите треба да освојат минимум поени за влез во изборот на распишаните конкурси. Од содржините на приложените табели точно се добива претстава за квалитетното авансирање на кандидатите од нивното докторирање па сé до конкурирањата за повисоки звања.**

**Исто така, рецензентите, кои се непосредни членови и соработници во заедничките наставно-научни институции, имаат право и можност дури и при еднаков број поени да го дадат својот глас за избор на некој од кандидатите следејќи ги сите останати особини кои треба да ги поседува еден наставно-научен работник. Значи, личното познавање и мнение за напредувањето и надградувањето на кандидатите низ секојдневните залагања во наставата и науката, особено во услови на евидентни разлики во бодовите, многу го олеснуваат изборот и предлогот на рецензентите во однос на кандидатите.**

Сметаме дека приговорот е неоснован и го навредува достоинството на учесниците во оваа конкурсна постапка.

**Членови на Рецензентската комисија**

Проф. д-р Снежана Иљовска, *д-р сци,* ср

Проф. д-р Миле Царчев, *д-р сци,* ср

Проф. д-р Мила Мирчева, *д-р сци,* ср

Проф. д-р Марија Накова, *д-р сци,* ср

Проф. д-р Марија Зужелова, *д-р сци* ср

# РЕЦЕНЗИЈА
## НА КНИГАТА НА Д-Р ДЕЈАН ДОНЕВ, *ЕТИКА ВО НОВИНАРСТВОТО*
(ракопис)

И покрај тоа што е замислен и напишан како универзитетски учебник, во однос на неговиот претходно објавен труд - *Невладиниот сектор како етички коректив на општеството (2008)* - ова дело на д-р Дејан Донев, со својата далеку повисока дискурзивност и интердисциплинарност, значително го надминува претходно постигнатото теориско ниво, како и нивото неопходно за еден универзитетски учебник.

Имено, овој филозофски и научен труд на Донев претставува една кратка теорија и историја на традиционалната, модерната и постмодерната етика, без разлика на тоа што се тие ставени во функција на современа тематизација на етичките и моралните дилеми, контроверзи и искушенија, што се јавуваат во современите електронски, дигитални и пишани медиуми, односно во етиката на новинарството. Сепак, скромно, како што доликува на еден научник, „не претендирајќи на логичка потполност, систематичност и синтетички поглед на проблемот на етиката во новинарството кај нас и во светот, туку само на проблемски увид во некои специфични гледишта од тематиката, основната интенција на оваа книга (универзитетски учебник) е да помогне во посистематско согледување, анализирање и совладување на наставните единици", (Донев).

Во своите воведни излагања, Донев ги нагласува главните духовни мотиви на својата книга: со оглед на длабоката морална криза на современите граѓански општества и нивната етичка рефлексија, станува ургентна нужноста и потребата од враќање на етиката во свеста и совеста на граѓанските субјекти, почнувајќи од сите степени на воспитно-образовниот процес, па завршувајќи со професионалната етика. Таа е дотолку поголема, констатира Донев, во одредени „носечки" гранки во модерното време и општество, каква што е новинарството, посебно во Македонија, каде што во последните години е повеќе од евидентна длабоката криза на новинарот како морален субјект. Сето ова само ја засилува потребата од „актуализација на етиката, но и укажува на насушната потреба од еден ваков учебник", (Донев).

Книгата (учебникот), всушност, е поделена на два дела: првиот, пократок (три поглавја), во кој Донев ги нотира темелните одредби на етиката и нејзините градбени елементи, ја изложува поделбата на етиката на гранки, и прави краток преглед на неколку главни современи етички теории (утилитаризмот, етиката на одговорноста, консеквенцијализмот и етиката на грижа); и вториот, пообемен дел (шест поглавја), во кој Донев разработува една цела етичка теорија за современите медиуми воопшто, и новинарството посебно.

Во почетното, Четврто поглавје на вториот дел, Донев прави терминолошко и предметно разграничување, како и основна поимна проблематизација на етиката на медиумите како филозофска рефлексија. Во следното, Петто поглавје, Донев гради конјунктивна платформа (етика и новинарство) за насочна спрега: новинарството за етиката и етиката за новинарството, за во следното, Шесто поглавје, да изврши интернализација на етиката во самото новинарство, почнувајќи од терминолошките и предметни проблеми, па завршувајќи со новинарот како морален субјект. Веќе во следното, Седмо поглавје, Донев преминува кон разработка на етичкиот инструментариум на етиката во новинарството, почнувајќи од значењето на начелата на новинарската професија, па завршувајќи со етичкиот кодекс во новинарството.

Во претпоследното, Осмо поглавје од својот труд, Донев ги нотира современите морални проблеми на етиката во новинарството, т.е. ги актуализира моралните контроверзи што настануваат и владеат во оваа важна и значајна област на модерното општество: моралните права и одговорности на новинарот; борбата за откривање и јавно соопштување на вистината, како темелен принцип на новинарската етика; долгот на слободата спрема слободата на печатот и потрагата по вистината; и најпосле, моралниот интегритет и raison d' etre на самото новинарство.

Во последното, Деветто поглавје, Донев етички го рефлектира статусот на новинарството во услови на современо, граѓанско општество, т.е. политички плурално, економски профитно и бизнис-претприемачко социјално опкружување во кое живее и работи современиот новинар, вклучително и македонскиот. Едновремено, Донев не заборава да извлече и соодветни „поуки" од, и за етиката во новинарството, како за денешното светско и македонско новинарство, така и уште повеќе - за нивната иднина.

Инаку, овој труд на Донев е напишан со јазик и стил, неопходен и карактеристичен за една филозофска, имено етичка расправа, проследена и дополнета со релевантна филозофска и научна литература (библиографија) на македонски и на неколку светски јазици, што дополнително го зголемува научното ниво на делото.

Приложувајќи го овој научен труд, Донев уште еднаш покажува и докажува дека суверено владее со релевантниот поимно-категоријален апарат на етиката, филозофијата и социјалната теорија воопшто, што му овозможува да креира едно успешно филозофско, научно и педагошко дело.

Оттука, со јасна свест и чиста совест, овој труд на д-р Дејан Донев со задоволство го препорачуваме за издавање и печатење.

Рецензент

Скопје, ноември 2010

Проф. д-р Денко Скаловски с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА РАКОПИСОТ НА КНИГАТА НА ДЕЈАН ДОНЕВ,
# „ЕТИКА ВО НОВИНАРСТВОТО"

1. **Датум на рецензијата:** 25. октомври 2010.

2. **Податоци за рецензентот**

Проф. д-р Стјепан Маловиќ
Број во Регистарот на научни работници: 177813
Редовен професор на Универзитетот во Задар
Стан: Бернардијева 6, 1000 Загреб

3. **Податоци за рецензираното дело**

Дејан Донев: Етика во новинарството
Обем на делото: 330 страници
Број на референци на цитирана и користена литература: 120

4. **Коментар на рецензентот**

Во денешни услови на општа тривијализација на медиумите, растечкиот сензационализам и сеприсутната таблоидизација и инфотаиментот, етиката на новинарството стана едно од клучните прашања во развојот на одговорното новинарство и квалитетните медиуми.

Без етиката, а со тоа и саморегулацијата на медиумите, тешко е новинарството да се задржи на општоприфатените професионални стандарди. Примената на етичките начела е condicio sine qua non на денешното масовно комуницирање.

За жал, етиката е релативно слабо позната дисциплина во целост, моралот е нешто што се припишува на религиските сфаќања, а етиката на професијата, како што е новинарската, целосно е занемарена како во струковите здруженија, така и во општеството во целината.

Меѓународната заедница, која, од една страна, константно надгледува, контролира и посматра што се случува со медиумите во одделни земји строго укажува на етичките пропусти, истовремено глобалните медиумски корпорации, кои доаѓаат од нивните земји применуваат најлош тип на новинарство во фирмите кои се во нивна сопственост.

Затоа сите дела, а особено универзитетските учебници, кои се занимаваат со етиката на новинарството се повеќе од добредојдени и тие во секој случај ќе придонесат за подобро разбирање на етиката во медиумите.

Книгата на Д. Донев е на трагата на поголемиот број рецентни учебници за етика во новинарството. Со цел студентите да добијат подобар увид во сложеноста на етичките норми и да го прифатат филозофското значење на етиката, најпрво се позиционира општата етика и моралот, а потоа подетално се занимава со етиката на професијата, како и етиката на новинарството како посебен интерес.

Книгата е добро структурирана, поаѓа од општото кон посебното и постапно го воведува читателот во етиката на новинарството. На крајот е и етичката анализа на состојбите во новинарството во Македонија, која силно укажува колку е потребно да се студира етиката во новинарството.

Посебно радува што му е посветено внимание и е разработен аспектот на саморегулација на медиумите, кој би требало да игра значајна улога во решавањето на акутното непочитување на етичките начела. Саморегулацијата не наиде на голем одек во земјите во

транзиција, но е општоприфатен модел, кој теориски го разработи Клод Жан Бернард, и успешно дејствува во повеќето европски земји.

**5. Вид на делото според категоризација**

Книгата ЕТИКА ВО НОВИНАРСТВОТО е научно дело, кое воедно ги има сите квалитети неопходни за универзитетски учебник за студентите на Универзитетот во Скопје.

**6. Конечен заклучок**

Книгата е длабоко научно втемелена. Користената литература спаѓа во самиот врв на светската актуелна научна библиографија, а разгледувањата на авторот се особено корисни за подобро разбирање на етиката на новинарството. Книгата има димензија на универзитетски учебник, но и прирачник за секој кој сака да дознае нешто повеќе за етиката на новинарството.

На мислење сум дека текстот на Дејан Донев „Етика во новинарството", заслужува објавување и тоа како универзитетски учебник.

Рецензент

Задар, 25 октомври 2010 Стјепан Маловиќ, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ЛИКОТ НА АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ КАКО ИНТЕРАКТИВЕН КОД НА КУЛТУРИТЕ ВО МАКЕДОНСКАТА КНИЖЕВНОСТ", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р РАНКО МЛАДЕНОВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ" ВО СКОПЈЕ

Заблагодарувајќи му се на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, што на својата 11. редовна седница одржана на 10.11.2010 година нè избра за членови на Рецензентската комисија за оцена на докторската дисертација под наслов „Ликот на Александар Македонски како интерактивен код на културите во македонската книжевност", изработена од м-р Ранко Младеновски, чест ни е, на Наставно-научниот совет да му го поднесеме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација „Ликот на Александар Македонски како интерактивен код на културите во македонската книжевност" од м-р Ранко Младеновски претставува студија во обем од 345 страници, поделена во четири раздели: „Историја", „еорија", „Македонска книжевност" (со заклучок за целата студија) и „Прилози" („Преглед на книжевните дела за Александар Македонски" и „Библиографија" – список на користената стручна литература).

Станува збор за капитална, екстензивна но и теориски одлично фундирана студија која го расветлува ликот на Александар Македонски од историски, теориски (наратолошки и културолошки) аспект, но дава и детален преглед на појавата на овој лик во македонската книжевност во дијахрониска смисла од македонската народна, преку македонската средновековна книжевност, македонскиот деветнаесетти книжевен век, сè до најновите литературни дела од дваесеттиот (дури и од дваесет и првиот!) книжевен век кај Македонците. Студијата е среќен спој на синхронијата и дијахронијата, на теоријата и историјата во најопшта смисла на зборот.

Во првиот, историски дел на студијата, на 111 страници, кандидатот м-р Ранко Младеновски дава исклучителен историски увид во фигурата на Александар Македонски во историјата, низ цела палета историски интерпретации, мистификации и дури, мета-интерпретации на историските податоци. Се цитираат светски историчари кои се изјасниле за оваа фигура, но и наши историчари, писатели и културни дејци. До сега во македонската наука ова е уникатен обид на едно место да се соберат „фрагментите" на историјата како дискурс посветен на оваа референтна точка (Александар), и тие да се поврзат во целина. Тие обиди за поврзување на фрагментите на историскиот дискурс во една кохерентна целина ги покажуваат мистификациите, „шевовите" на историските мисификации и сите видови „белетризирање" на историјата. Кандидатот секогаш од предострожност го подразбира дискурсот на историјата во духот на најновите интерпретации (на пример, ставовите на А. Хелер во прочуената книга *Теорија на историјата*), според кои историјата е во висок степен белетризиран и „фокализиран" дискурс, веќе субјективно

обоен, затоа што е упатен на самоконституција преку записи, сведоштва и материјални траги кои се веќе самите по себе херменевтички чинови, па според тоа – *субјективни дискурси* (оваа теориска тавтологија е неопходна во хоризонтот на овие теории). Дури и самиот избор на еден „објективен историчар" – на кој настан од животот на една историска личност ќе му даде предимство (пред некој друг), веќе претпоставува субјективизација на историјата. Самиот кандидат тоа јасно го кажува, на стр. 110: „Она што во овој труд го определуваме како 'интерактивен код на културите', а што се однесува на историската личност и книжевниот лик Александар Македонски, не задира во некакви лични определби, погледи или пак, намери (цели) на самиот македонски крал, зашто историјата нема и никогаш нема да има сигурни, автентични податоци за тоа."

Оттука, во првиот дел се цитираат Херодот, Демостен, Аријан, Плутарх, Куртиј Руф, Јустин, Диодор, Артур Вајгал, Џ.Р. Елис, Јуџин Борза, Блаже Ристовски, Христо Андоновски, Наде Проева, Бранко Панов, Митко Б. Панов, Ана Шукарова, Елеонора Петрова, Фанула Папазоглу, Васил Тупурковски, Џон Шеј, Улрих Вилкен..., но секогаш со нужната идеја дека историјата е голема нарација; таму каде што има нарација, има и наратор и се разбира – фокализација или гледна точка што го исклучува поимот на „објективноста".

Во таа палета на историски откршоци и нивни интерпретации, се појавува една можна слика на целината: кога станува збор за историската претстава за Александар Македонски, станува збор за културна единица „знак" која била конвертибилна во интеракцијата на различните култури и нивните семиотики; станува збор за палимпсестна единица од која некои "истории" бришеле, а други „натпишувале" свои значења, така што е невозможно да се утврди нејзин постојан идентитет. Во духот на најновите резултати на хуманистичката теорија, се зборува за „привремени" идентитети, за интеракција на културните кодови во чиј пресек треба да се бара она што се означува денес со етикетата „Александар Македонски". Младеновски се држи главно до постколонијалните ставови на Едвард Саид, но и на оној отсек на постколонијалната критика која се именува како „интеркултурна херменевтика". Сепак, на авторот му се чини недостатно да се служи со вокабуларот на таа критика (колонизатор/колонизиран; јас/Другиот), па не се откажува ниту од вокабуларот на класичната наратологија/семиотика, за кој смета дека е нужен при осветлувањето на ликот на Александар Македонски не само во книжевните дела, туку и во „историските" нарации – ако историјата е „приказна", тогаш не е можен влез во неа без овие „класични" методи.

Така, во вториот дел од својата студија, насловен како „Теорија", м-р Ранко Младеновски го утврдува својот минимален теориски вокабулар кој ќе му овозможи да се позанимава (во третиот) дел со КНИЖЕВНИОТ лик на Александар Македонски, во фондот на македонската книжевност, од фолклорот до постмодерната. „Во елаборацијата на книжевно-теориските прашања го следиме насловот на темата од кој експлицитно и имплицитно произлегуваат неколку суштински поими – ликот како знак, интеракција, код, култура, постколонијална критика, Другиот – Другоста, ориентализам, европоцентризам, дијалог – дијалогизам, мултикултурализам", вели кандидатот, наведувајќи ги практично клучните зборови за неговото натамошно истражување. Во овој дел тој се повикува на основните теориски премиси (за културата сфатена како текст) на Зигмунд Фројд, Едвард Саид, Јуриј Лотман, Ролан Барт, Цветан Тодоров,

Михаил Бахтин, Жак Дерида, Јулија Кристева... Тука се, се разбира, во заднина, како „наратолошка" логистика и класиците на наратологијата на ликот – Тодоров, Женет, Греимас, Барт, Амон... Така „опремен", кандидатот му пристапува на најобемниот дел од неговата студија – приказот и толкувањата на ликот на Александар Македонски во македонската книжевност од фолклорот, преку средновековието до постмодерната.

Во тие свои исцрпни и коректни анотации и интерпретации, кандидатот е упатен не само на делата кои како референција го земаат или само го споменуваат Александар Македонски, туку и на богатата критичко-историска граѓа од видни македонски авторитети, со кои кандидатот влегува во плодотворно спротивставување на ставовите. На пример, тој во македонската фолклористика забележува „скептичност на одредени автори по однос на автентичноста и изворноста на македонските народни умотворби, во кои директно или индиректно се појавува ликот на Александар Македонски, при што многу често фокусот на интерес излегува надвор од фолклорот и се преселува во историската наука", вели со полемичен тон на едно место кандидатот. Изводите на сите овие критички осврнувања на нашата фолкористика се дека е можно и нужно повторно исчитување на делата со етикета „Александар Македонски", но со понови, комбинирани научни методи: не само од историски, туку и од културолошки аспекти. Сите тие критички објекции (дури и кои извори со кои кандидатот се согласува макар и привремено), всушност укажуваат на заклучокот од првиот дел – историјата е премногу „несигурна" дискурсивна формација, за да може на неа да се повикуваме кога ги рангираме мотивите за Александар на „наши" и „туѓи" (што нашата фолклористика често го практикувала). „Историска вистина е дека постојат македонски народни умотворби за Александар Македонски. Ако, пак, синтагмата 'историска вистина' се однесува на тоа дали Македонците кои ги зачувале преданијата за Александар Македонски се негови потомци, тогаш ќе треба да се потенцира дека историјата сè уште не расчистила со 'историската вистина' во врска со тоа!", вели претпазливо кандидатот.

Така, кандидатот ги избегнува стапиците на „чистиот идентитет" во својата студија, затоа што на тоа го обврзуваат теориите за другоста, идентитетот како привремена самопроекција во Другиот и мултикултурализмот, што претходно ги усвоил. Симпатично во сето тоа е што кандидатот, сепак, не се согласува со безусловно „предавање" на знакот „Александар Македонски" во рацете на Другиот, без претходно да провери што тој точно значи во создавањето на сопствениот (денешен македонски) национално-културен идентитет. Оттаму, во текстот на студијата и една драгоцена реткост, невообичаена за нашите докторски дисертации: активната (академска) запрашана интонација/дијалог со сите гледишта со кои кандидатот не се согласува, а може да понуди спротивни аргументи!

Прегледот на сите споменувања на етикетата/ликот/културниот знак Александар Македонски и во средновековната, и во деветнаесеттовековната и во дваесеттовековната книжевност е – исцрпен и компетентно коментиран од книжевно-теориски и книжевно-историски аспект. Тоа важи и за најновата продукција, од тековниов век, во која се забележани дури 78 дела (од кои 6 романи) за Александар, за само едно десетлетие. Вкупно, кандидатот наброил (идентификувал) 176 дела од сите жанрови, во дијахрониски дијапазон од фолклорот до македонската

институт, мора да се покаже научен респект.
Во заклучокот, авторот, во духот на теориите кои ги усвоил уште во воведните делови на својот труд, наведува дека во речиси сите наведени дела се открива „симбиоза меѓу историската факција и книжевната фикција". Интеракцијата на овој палимпсестен знак со културите на Другиот е јасно покажана: "На пример, што го мотивирало анонимниот автор на преданието со наслов 'Александар Македонски' (...) да го поврзе Александар Македонски со турскиот султан Мурат и со тоа да го постави античко-македонскиот крал во улога на линк меѓу две култури коишто и просторно и временски се мошне оддалечени?", се прашува кандидатот, премолчено усвојувајќи ја општата методолошка теза на еден Луис Јелмслев, според кој во науката – добро поставено прашање значи многу повеќе од предвидлив одговор. Сепак, авторот, покрај прашања, нуди и интересни одговори – тези: „Со ликот на Александар Македонски во македонската литература се поврзани двата вида на интеркултурна комуникација што ги издеrange изделивме во книжевно-теорискиот дел од трудов, а коишто ги детерминиравме како: а) расистичка интеркултурна комуникација и б) толерантна интеркултурна комуникација." На планот на книжевната постапка, ликот на Александар е подложен или на мистификација/митологизација или на десакрализација/демитологизација.
Кон сите овие анализи, придодадени се и табели, графикони и дијаграми кои ги поткрепуваат тезите изнесени во текстовниот дел на студијата. На крајот е понуден и целосен преглед на сите дела во кои е споменат или тематизиран Александар Македонски, од фолклорот до постмодерната, како и обемна историска, критичко-теориска и белетристичка библиографија (229 единици) – сето она што било користено за изработка на овој исклучителен, маркантен докторски труд.

**Заклучок**

Од сето што досега се кажа, може да се заклучи дека докторската дисертација „Ликот на Александар Македонски како интерактивен код на културите во македонската книжевност", изработена од м-р Ранко Младеновски, ја заслужува оцената – исклучително. Тоа е редок, екстензивен, методолошки поткрепен труд, труд со огромна интелектуална енергија насочена кон преиспитување на „стабилните вистини", труд со кој Филолошкиот факултет треба да се гордее. Со задоволство му предлагаме на Наставно-научниот совет на Факултетот „Блаже Конески" да ја усвои оваа рецензија и да го повика кандидатот на усна одбрана на трудот.

Скопје, 15.11.2010

Рецензентска комисија

Проф. д-р Венко Андоновски, с.р.
Проф. д-р Добрила Миловска, с.р.
Проф. д-р Нина Анастасова – Шкрињариќ, с.р.
Проф. д-р Весна Мојсова -Чепишевска, с.р.
Проф. д-р Виолета Димова, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА РАКОПИСОТ "МЕНАЏМЕНТ НА МАЛИОТ БИЗНИС (ПЕТТО ИЗДАНИТЕ)" ОД АВТОРОТ ПРОФ. Д-Р БОБЕК ШУКЛЕВ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје број 12-777/2 од 1. 4. 2010 година, определен сум за рецензент на ракописот за учебник со наслов „Менаџмент на малиот бизнис (петто издание)" од проф. д-р Бобек Шуклев. По проучувањето на текстот на трудот го поднесувам рецензентскиот извештај кој ги содржи основните податоци предвидени во член 19 од Правилникот за организирање на издавачка дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Универзитетски гласник бр. 253, од 27 мај 2010 година.

## ИЗВЕШТАЈ

Петтото издание на трудот „Менаџмент на мал бизнис" од авторот проф. д-р Бобек Шуклев содржи 389 страници текст, 19 страници користена литература, 8 страници фусноти, 7 страници на индекс по предмет, 8 страници на индекс по автори и 8 страници на речник.

Проблематиката опфатена во трудот е систематизирана во следниве петнаесет глави, и тоа:

Предговор кон петтото издание

Вовед

Зошто треба да се користат примери ?

| | |
|---|---|
| Глава I | Глобални промени во малиот бизнис |
| Глава II | Карактерот на малиот бизнис |
| Глава III | Малите претпријатија и е-трговијата |
| Глава IV | Организација на малото претпријатие |
| Глава V | Приоди на започнување сопствен бизнис |
| Глава VI | Фамилијарен бизнис |
| Глава VII | Одборот на директори во фамилијарните бизниси |
| Глава VIII | Франшиза |
| Глава IX | Планирање во мало претпријатие |
| Глава X | Изработка на успешен бизнис-план |
| Глава XI | Успеси и неуспеси на малото претпријатие |
| Глава XII | Општествената одговорност, етиката и малите претпријатија |
| Глава XIII | Претприемништвото и малите претпријатија |
| Глава XIV | Жени-претприемачи |
| Глава XV | Етнички бизниси |

Литература

Речник

Фусноти

Индекс по автори

Индекс по предмети

**I Приказ на содржината на трудот**

Во модерното економско работење нема ниту еден така важен фактор каков што е менаџментот. Менаџментот ќе остане основна и доминантна карактеристика додека постои цивилизацијата. Менаџментот е универзален процес кој се спроведува рамномерно во сите видови претпријатија, независно од нивната големина, а менаџерите во нив извршуваат исти работи. Улогата на сопствениците на мали претпријатија е да креираат и да поддржуваат интерно окружување во кое работниците заедно работат кон остварување на личните цели и на целите на претпријатието.

Проблематиката на менаџментот на малиот бизнис во учебникот е систематизирана во петнаесет глави.

Во првата глава под наслов ***Глобални промени во малиот бизнис*** најпрво се дефинира малиот бизнис, а потоа се истражува моќта на малиот бизнис vis a vis големиот бизнис во САД, Европската унија, Велика Британија и во Македонија. Исто така, се елаборира улогата на малиот бизнис во вкупната економија, придонесот во креирањето нови работни места, улогата на малите претпријатија во создавањето на иновациите, учеството во создавањето на бруто - општествениот производ, можноста за самовработување, учеството во традиционалните сектори на работење и слично.

Втората глава е посветена на ***карактерот на малиот бизнис,*** со посебен акцент на определување на неговата природа, главните подрачја на дејствување на малите претпријатија, малите претпријатија и иновациите, карактеристиките на малите претпријатија, факторите за формирање и за опстанок на малите претпријатија, фазите на раст низ кои поминуваат малите претпријатија, утврдувањето на основните и дополнителните разлики помеѓу малиот и големиот бизнис, утврдувањето на факторите на конкурентност на малите претпријатија.

Проблематиката на ***малите претпријатија и е-трговијата*** е предмет на елаборирање во третата глава. Во рамките на оваа глава се истражува извршувањето на бизнисот во дигиталната економија, определување на карактерот на е-трговијата, е-бизнисот и м-трговијата, бизнис-можностите кои ги нуди интернетот, факторите од кои зависи експанзијата на е-трговијата, развојот на е-трговијата, користа од веб-от за малите претпријатија, факторите за прифаќање на е-трговијата, како и бенефициите и ограничувањата за прифаќање на е-трговијата од страна на малите претпријатија.

Четвртата глава, со наслов ***Организација на малото претпријатие,*** ги елаборира основните и другите форми на организација на малото претпријатие, како и факторите од кои зависи изборот на соодветна форма на организација. Во овие рамки, посебен акцент е ставен на единствениот сопственик, како најдоминантна форма на организација на малите претпријатија во западната економија, партнерството и основните модалитети на партнерството, корпорацијата и компанијата со ограничена одговорност. Преку споредување на основните форми на организација на малото претпријатие се утврдуваат предностите и слабостите на секоја форма на организација.

Петтата глава е посветена на ***приодите на започнување со мало претпријатие***. Во рамките на оваа глава, посебно се разработени двата доминантни природа на започнување со мал бизнис, и тоа: купување постојно претпријатие и основање ново претпријатие, аргументирани со сопствени истражувања кај 1883 мали претпријатија. Притоа, утврдена е суштината на приодот на купување постојно претпријатие, определена е содржината на оценката на бизнисот, како и предностите и слабостите на купувањето постојно претпријатие. Покрај претходното, утврдена е суштината на приодот за основање ново претпријатие, содржината на физибилити - студијата, предностите и слабостите на основањето ново претпријатие. На крајот од оваа глава е разработена постапката за започнување нов бизнис, а посебно изборот и факторите на локацијата кои пресудно влијаат врз рентабилноста на работењето на малото претпријатие.

Шестата глава ја разработува проблематиката на ***фамилијарниот бизнис*** истакнувајќи го како уникатна институција. Во овој дел се опфатени фазите во развојот на фамилијарното претпријатие, учесниците во фамилијарниот бизнис, видовите конфликти и причините за невклучување во фамилијарниот бизнис, ставовите на децата за невклучување во фамилијарниот бизнис, видовите култура во фамилијарниот бизнис, видовите фамилии и видовите фамилијарен бизнис, организационата структура, стратегискиот менаџмент. На крајот од оваа глава се елаборира одборот на директори во фамилијарниот бизнис, како и сукцесијата на основачот на фамилијарниот бизнис, ефектите од сукцесијата, успешното пренесување на сопственицштвото во фамилијарниот бизнис, како и ставовите кои дејствуваат против планирањето на сукцесијата.

Седмата глава е посветена на ***одборот на директори во фамилијарниот бизнис***, во која се истражува функционирањето на одборот на директори во мали корпорации, функциите и улогата на одборот на директори во фамилијарниот бизнис, улогата на фамилијарното повлекување и фамилијарниот совет наспроти одборот на директори, структурата на одборот на директори, улогата на надворешните директори и нивното претходно искуство, како и процесот на селекција на членови во одборот на директори во фамилијарниот бизнис.

Проблематиката на ***франшизата*** е предмет на елаборирање во осмата глава. Франшизата е најпопуларен начин на започнување со мал бизнис. Таа обезбедува брза експанзија на малото претпријатие. Во овој контекст, најпрво се дефинира франшизата од аспект на малото претпријатие, се прикажува еволуцијата и улогата на франшизата во економијата, се објаснуваат видовите франшиза и експанзијата на франшизата, како и можните подрачја на нејзина примена. Покрај претходните аспекти, се анализираат факторите кои придонесуваат за нејзина глобализација, се оценуваат франшизните можности кои ги нуди франшизата, се истражуваат и личните карактеристики потребни за успех на франшизата, процесот на селектирање на франшизата, како и утврдувањето на предностите и слабостите на франшизата од гледна точка на франшизерот и на франшизантот.

Деветтата глава ја разработува проблематиката на ***планирањето во мало претпријатие***, со посебен акцент на определувањето на користа од

планирањето, окружувањето на малите претпријатија, процесот на планирање, карактеристиките на планирањето во малите претпријатија. Во овој контекст, посебно внимание е посветено на стратегиското планирање и определување на користа, видовите стратегиски активности, причините за стратегиско непланирање, како и дефинирањето, важноста, видовите и содржината на бизнис-планот.

Десеттата глава е посветена на ***изработката на успешен бизнис-план.*** На почетокот се дефинира бизнис-планот како плански документ за работење, потоа се објаснува важноста и потребата од изработка на бизнис-план, се определуваат корисниците на бизнис-планот, се елаборираат методите за изработка на бизнис-планот, се објаснува потребата за пишување на бизнис-план, се истражуваат видовите бизнис-планови, се определува содржината на бизнис-планот и на водичот за изработка на бизнис-план.

Единаесеттата глава е посветена на ***успесите и неуспесите на малиот бизнис***, а во овие рамки посебен акцент е ставен на проблемите, замките, успесите и неуспесите на малиот бизнис, личните, менаџерските и сметководствените причини за неуспех на малите претпријатија, морталитетот на малите претпријатија, причините за деловен неуспех, можните патишта на неуспех, како и предностите и слабостите во функционирањето на малото претпријатие, аргументирани со сопствени емпириски истражувања. Исто така, елаборирани се предностите на малото претпријатие во однос на конкуренцијата и работните часови на сопственикот. На крајот од оваа глава, разработени се карактеристиките на сопствениците - менаџерите на малите претпријатија.

Дванаесеттата глава ги елаборира ***општествената одговорност, етиката и малите претпријатија***. Општествената одговорност претставува грижа на малото претпријатие за општествените проблеми. Таа наоѓа примена во различни подрачја, како на пример: заштита на здравјето на вработените, подобрување на условите за работа, одговорност спрема потрошувачите, одговорност спрема заедницата, остварување профит и друго. Во овој контекст, разработена е еволуцијата на општествената одговорност. Етиката станува актуелно подрачје во општеството во кое се случуваат фундаментални промени. Поради тоа, разработен е односот помеѓу етиката и малите претпријатија, етиката и претприемачите, приодите на етичко однесување, факторите кои влијаат врз етичкото однесување, рангирани се факторите за неетичко однесување и нагласена е важноста на стеикхолдерите за малите претпријатија.

Тринаесеттата глава, со наслов ***претприемништвото и малите претпријатија,*** ги разработува прашањата сврзани со: дефинирањето на претприемништвото и претприемачот, определувањето на суштината како предуслов за разбирање на претприемништвото, процесот на школата за претприемништво и фазите низ кои поминува оваа школа, еволуцијата на теоријата за претприемништво и моделот на претприемништво. Исто така, определена е суштината на Intrapreneurs, утврдени се карактеристиките на претприемачите и intrapreneurs, дефиниран е поимот intrapreneur и intrapreneurship, објаснети се климата и процесот на intrapreneurship.

Претпоследната четиринаесеттата глава е посветена на ***жените-претприемачи*** и нивната улога во малиот бизнис. Проблематиката на

женското претприемништво глобално се истражува во земјите на OECD, САД, Јапонија и Велика Британија. Понатаму, се анализираат бизнисите со кои започнуваат жените-претприемачи, се дефинираат проблемите со кои се среќаваат при започнувањето со сопствен бизнис, се анализираат факторите кои влијаат на прогресот на жената кон бизнис-сопственишто, се даваат карактеристиките на жените-претприемачи, причините поради кои започнуваат сопствен бизнис, видовите жени-претприемачи, како и менаџмент-способностите што треба да ги поседуваат жените претприемачи за успех на малиот бизнис.

Последната, петнаесеттата глава е посветена на ***етничките бизниси,*** во чии рамки се истражуваат: етничкото претприемништво, етничките бизниси и тенденциите во етничкото претприемништво во САД и во Велика Британија, се утврдуваат основните карактеристики на етничките претприемачи, се развиваат модели на етничко претприемништво, се определуваат бизнисите на малцинските жени-претприемачи, иднината на етничкото претриемништво, како и факторите од кои зависи развојот на етничкото прептриемништво.

На крајот во ***литературата*** се наведени 404 библиографски единици користени при пишувањето на трудот, објавени во најголем дел по 1990 година, значаен дел и по 2000 година, со исклучок на одделни капитални дела објавени пред таа година.

***Речникот*** се наоѓа на крајот на книгата. Секој клучен термин кој се среќава во одделните глави на учебникот е вклучен во поширок речник во кој се содржани 202 термина сврзани со менаџментот на малиот бизнис.

## II. Оценка на трудот

Во учебникот се присутни неколку важни карактеристики што го прават поволен за учење, предавање и примена. Извршена е конзистентна интеграција на теоријата со практиката низ главите во учебникот. Концептот на менаџментот на малиот бизнис е илустриран со примери од стварноста на познати претпријатија. Петтото издание на учебникот "Менаџмент на малиот бизнис" во однос на четвртото издание се разликува по обем повеќе од 60%.

**Нови карактеристики на ова издание.** Заради задржување на потврдените карактеристики и заради зголемување на педагошките вредности на овој учебник, извршени се неколку промени кои се корисни за конституентите, а се порепрезентативни за подрачјето на менаџментот на малиот бизнис кое се карактеризира со брз развој.

**Нови содржини во однос на претходното, четврто издание.** Најновите сознанија во науката за менаџментот на малиот бизнис ја наметнаа потребата од вклучување на нови две глави и на неколку нови содржини, на наслови, и тоа: бизнисот во дигиталната економија, дефинирање на е-бизнисот, е-трговијата и м-трговијата, бизнис-можности на интернетот, развојот на е-трговијата, корист од веб-от за малите претпријатија, фактори за прифаќање на е-трговијата, корист од примената на е-трговијата, ограничувања на е-трговијата, фамилијарниот бизнис-уникатна институција, учесници во фамилијарниот бизнис, конфликти во фамилијарниот бизнис, предвидување на конфликти во фамилијарниот бизнис, причини за невклучување во

фамилијарниот бизнис, ставови на децата за невклучување во фамилијарниот бизнис, уникатни предности на фамилијарниот бизнис, менаџмент-сукцесија во фамилијарниот бизнис, фази во процесот на сукцесија, ефекти од сукцесијата во фамилијарните бизниси, успешно пренесување на фамилијарниот бизнис, ставови кои дејствуваат против планирањето на сукцесијата, моќта на фамилијарните бизниси, одбор на директори во мали корпорации, функции на одборите во фамилијарните бизниси, улогата на одборот на директори во фамилијарните бизниси, класификација на одборот во фамилијарните бизниси, квазиодбори наспроти конвенционални одбори, квазиодбори и зголемување на довербата во малите претпријатија, фамилијарно повлекување, фамилијарен совет, модел за анализа и истражување на одборите на директори, структура на одборот во фамилијарните бизниси, одбори во кои главниот извршен директор не е член на фамилијата, надворешни директори во фамилијарните бизниси, искуството на надворешните директори, процес на селекција на членови во одборот на фамилијарните бизниси, историја на франшизата, улогата на франшизата во економијата, глобализација на франшизата, иднината на франшизата, франшизни можности, бизнис-подрачја во кои се применува франшизата, корисници на бизнис-планот, методи за изработка на бизнис-планот, суштина на Intrapreneurs, проблеми со кои се судруваат жените при започнување со мал бизнис, фактори кои влијаат на прогресот на жената кон бизнис-сопственништво, видови жени-претприемачи, бизниси на малцинските жени-претприемачи, модели на етничко претприемништво, бизниси на малцинските жени-претприемачи.

**Преработени содржини во однос на претходното четврто издание.** Во учебникот се преработени следниве наслови: видови франшиза, експанзија на франшизата, подрачја на примена на франшизата, селектирање на франшизата, карактеристики на жените-претприемачи, видови фамилијарни бизниси, моќта на малиот бизнис во САД, видови франшиза, слабости од сопственииштвото на франшиза, важност на бизнис - планот, приоди на етичко однесување, карактеристики на жените-претприемачи. Исто така, во новото издание на учебникот се изоставени следниве наслови: бариери за раст на малите претпријатија, предизвикот на е-трговијата, други форми на организација, одбор на директори во мали корпорации, изработка на бизнис – план, причини за франшиза и развој на теоријата за претприемништво.

Трудот "Менаџмент на малиот бизнис" е пишуван според предметната програма по предметот менаџмент на малиот бизнис со 60 часови настава и 8 ЕКТС, на студиските програми по менаџмент, финансиски менаџмент, сметководство и ревизија и е-бизнис, прифатена од страна на Наставно - научниот совет на Економскиот факултет во Скопје.

За унапредување на процесот на учење и подготвување на материјата од страна на студентите, вклучени се неколку дополнителни карактеристики кои претставуваат педагошка помош во разбирањето и примената на презентираниот концепт. Секоја глава во книгава ги има следниве карактеристики:

**Цели на учењето.** Тие го фокусираат вниманието при читањето, служат како сеопфатна проверка на совладаното и како мерка на способноста да се одговори на поставените прашања. Јасното остварување на целите на учењето е

дадено на почетокот на секоја глава. Исто така, целите на учењето се извлечени и на маргините во текстот, за полесна идентификација на одговорот. Во секоја глава студентот треба да дефинира, да опише, да дискутира, да наведе и да идентификува соодветни аспекти од проблематиката на менаџментот на малиот бизнис.

**Клучни термини.** Кога студентот за прв пат се среќава со ново подрачје, совладувањето на терминологијата претставува совладување на половината од патот до успехот. За таа цел, секоја глава завршува со клучни термини, кои во текстот се подвлечени со болд, при првото дефинирање, а се извлечени и на маргините во текстот на книгата. Со тоа е направена поголема транспарентност во совладувањето на материјата.

**Примери.** Во учебникот се презентирани тековни примери од претпријатија, во форма на табели или слики, за да се илустрира како новите сознанија за менаџментот на малиот бизнис се применуваат во секојдневното работење на малите претпријатија. Примерите претставуваат комбинација, која на конституентите им овозможува разбирање за тоа како концептот на менаџментот на малиот бизнис е применет во стварниот свет и како тие самите можат да го применуваат. Во одделни делови од учебникот се користени сопствените истражувања спроведени во 1883 мали претпријатија.

**Декоративен дизајн.** Текстот во учебникот е прикажан сликовито и живописно, со илустрации во боја, кои се важни аспекти на визуелната презентација на одделни прашања од менаџментот на малиот бизнис.

**Слики и табели.** Читателот ќе наиде на илустрации, слики и табели кои ги поврзуваат теоријата и практиката на менаџментот на малиот бизнис. Овие илустрации се преземени од вистински случаи објавени во книги или списанија, од истражувачки студии или од личното искуство на авторот. Со нив се зголемува транспарентноста на текстот и на заклучоците што произлегуваат од практичните истражувања.

**Индекс на автори.** Сеопфатниот индекс на автори им помага на корисниците на учебникот да ги лоцираат информациите поврзани со авторите.

**Индекс на предмети.** Деталниот предметен индекс им помага на корисниците на учебникот брзо да ги лоцираат информациите врзани со дадено тематско подрачје.

## III. Заклучок и предлог

Поаѓајќи од презентираната содржина и оцена на трудот „Менаџмент на малиот бизнис (петто издание)" од проф. д-р Бобек Шуклев, имам пријатно задоволство да му препорачам на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје да го одобри за користење од страна на студентите како учебник по предметот менаџмент на малиот бизнис. Истовремено го препорачувам за печатење.

Рецензент
Проф. д-р Љубомир Дракулевски,с.р.